# СДСМ

Програма на активности **2020 -2024**

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020**

sdsm.org.mk

**МОЖЕМЕ!** 3

УШТЕ **ПОВЕЌЕ.** УШТЕ **ПОДОБРО.**



Почитувани граѓани и граѓанки,

СДСМ ја предводи власта три години во кои државата и општеството напредуваат во секое поле.

Направивме пресврт на подобро, ја извадивме земјата на прав пат.

Ги насочивме парите кај граѓаните, ги намаливме трошоците, се посветивме на раст на сите плати и пензии. Македонската економска политика е успешна, препознаена и потврдена преку сите економски параметри, а стапката на невработеност ја донесовме на историски минимум.

Сето ова го постигнавме додека решававме деценписки, тешки прашања. Денес, нашата убава земја, Северна Македонија, е 30 земја членка на НАТО, а ги започнуваме и преговорите со ЕУ.

Денес успешно се справуваме и со здравствените и економските ефекти на коронавирусот. Донесовме навремени здравствени мерки, а со трите пакета економски мерки, како и постоечките субвенции и капитални инвестиции во јавната потрошувачка, со околу 1,1 милијарда евра, ја трансформираме македонската економија. Државата презеде одговорност да ги заштити сите граѓани и компании погодени од кризата, за да зачуваме што повеќе работни места и да создадеме услови за нови работни места.

Сега е време за нови иницијативи на кои се обврзуваме, пред граѓаните и пред себеси.

Ние знаеме дека заедно со вас, граѓаните, можеме да постигнеме уште повеќе и уште подобро.

И затоа, оваа криза ја видовме како нова можност. Можност за брза трансформација на нашата економија, зголемена конкурентност а со тоа и повеќе работни места за сите граѓани.

Можеме! Уште повеќе и уште подобро!

Можеме! Бидејќи знаеме и умееме.

Ова е понуда која обезбедува план за успешно справување со ефектите на корона кризата, уште посилен економски раст, уште поодговорни институции, уште понагласен напредок, ова се мерки кои обезбедуваат ред, правда и дисциплина.

Развиваме држава за достоинствен живот. Инвестираме во македонското здравство. Им помагаме на компаниите успешно да се справат со кризата. Преземаме храбри чекори за заштита на природата. Создаваме средина во која младите ќе го јакнат претприемачкиот дух, иновациите и креативноста. Држава која поттикнува користење таленти и вештини за подобрување на општеството. Тоа го знаеме и го можеме!

Влеговме во НАТО – можеме и во ЕУ! Тоа значи сигурна иднина за сите нас и за сите наши деца и гарантиран брз економски развој, затоа што добиваме пристап до нови европски пазари.

Ние го имаме ова - решенија за сите граѓани, решенија за иднината.

Ова се залозби и вредности за кои за прв пат се обединија сите етнички заедници. Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци и сите други застануваме ЗАЕДНО зад Програмата која носи уште повеќе и уште подобро за сите наши граѓани.

Ова е чесен, домаќински и одговорен пристап, препознаен, автентичен, македонски модел за напредок.

Имавме можност за помалку од три години да ја однесеме државата светлосни години напред. Ја искористивме!

Сега вие имате можност со вашиот глас да одлучите, одиме напред или се враќаме назад.

Ве охрабрувам да одберете можност за светла иднина. Убеден сум во вашата визија, затоа што заедно можеме!

Со почит,
Зоран Заев

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024

## ИМАМЕ ЈАСЕН ПЛАН ЗА СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

Нудиме нова македонска развојна економија, заснована на нови технологии, одржливост и човечки капитал. Модел што ќе ги штити работните места на граѓаните, ќе генерира повисоки плати и подобри работни места. Модел што дава нови и подобри шанси за сите. Модел што нуди стабилност за нашите деца и идните поколенија.
Создаваме земја на слободни и одговорни луѓе. Мажи и жени кои говорат различни јазици, веруваат во различни работи, живеат на различни начини, но се согласни дека државата ни припаѓа на сите подеднакво и дека е наша заедничка одговорност.
Нашата држава ги решава проблемите на ефикасен и праведен начин. Обезбедува почитување на законите и неселективна казнивост за криминалот. Правиме консензус за стратешките прашања кој е предизвик за ангажман и вклученост на младите.

## СТАБИЛНА ДРЖАВА СО РАЗВОЈНА И КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА

Кризата предизвикана од коронавирусот ја видовме како можност за брза трансформација на нашата економија. За граѓаните и за компаниите креиравме навремени мерки за справување со економските ефекти од кризата. Имаме држава која ги штити

работните места. Новата македонска економија креира нови работни места за сите граѓани. Ние сме држава со пристојна живеачка која се грижи за сите и во која сите заработуваме. Градиме систем кој ги штити работниците и во кој трудот на работниците се вреднува и се плаќа. Плата од која ни останува и за живот. Градиме држава во која младите остануваат, придонесуваат и напредуваат. Држава во која младите ја гледаат својата иднина. Држава која инвестира во младите и ги развива рамо до рамо со нивните врсници од Европа.

## ДРЖАВА СО ЕВРОПСКИ ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ ПОСВЕТЕН НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Вложуваме во здравството и затоа имаме здравствен систем во кој услугите се достапни за сите. Лекарите и медицинските лица се мотивирани да се грижат за здравјето на македонските граѓани, а здравствените услуги ги добива секој, подеднакво брзо и квалитетно. Капацитетите во здравството, клиничките центри, болниците, амбулантите се во постојан развој.

## ПРАВНА И ПРАВЕДНА ДРЖАВА

Расчистуваме целосно со груевизмот и неговите остатоци во судството. Сета сила и енергија ја вложуваме во воведувањето ред, еднаш и засекогаш. Правиме држава во која виновните се казнуваат, а праведните напредуваат.

## ЕВРОПСКА ЗЕМЈА, ЧЛЕНКА НА НАТО, РАМО ДО РАМО СО НАЈСИЛНИТЕ

Ние сме НАТО. Ја обезбедивме иднината на нашата татковина. Денес сме стабилни и безбедни. Не сме повеќе сами, дел сме од голем сојуз кој нè штити и во кој ни се слуша гласот. Европеизирањето ни носи ред, дисциплина, промена и иднина. Ја носиме Европа дома.

## ЗЕЛЕНА И ЕКОЛОШКА

Преземаме храбри чекори за заштита на природата. Си ги чистиме земјата, водата и воздухот од негрижата. Влогот во еколошка одржливост е влог во иднината. Го менуваме загадувањето со сончева енергија и гас.

## ДИГИТАЛИЗИРАНА ДРЖАВА

Балканската ѕвезда водилка на дигитализацијата. Градиме дигитална инфраструкура што ќе ни ја вивне државата меѓу конкурентните, модерните. Време е за нова револуција, за дигитална револуција. Ги штедиме времето и парите на граѓаните со тоа што ги праќаме шалтерите во историјата.

## ИНОВАТИВНА ДРЖАВА, ЗА МЛАДИТЕ

Создаваме средина во која младите ќе го јакнат претприемачкиот дух, иновациите и креативноста. Општество кое поттикнува користење на талентите и вештините за подобрување на општеството.

СДСМ

# НОВА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА – МК РЕСТАРТ

Креваме економија и во услови на глобална пандемија.  СДСМ успеа за неполни три години да ја извади државата од финансискиот пустош во којшто беше оставена. Ја кренавме на нозе економијата во време кога се обезбедуваше слободата во општеството и кога се решаваа клучните стратешки прашања за државата. Кревавме економија додека градевме систем и додека решававме горливи генерациски прашања.

Успешно се справивме и со економските ефекти на корона кризата. Само неколку дена по прогласување на пандемијата го донесовме првиот сет економски мерки за најпогодените сектори од кризата со корона вирусот. Веднаш потоа следуваа уште два сета економски мерки за заштита на работните места но и за креирање на една нова, развојна, македонска економија . Се бориме за секое работно место, за секоја компанија. Прогнозите на Светска банка потврдуваат дека нашата земја најдобро ќе се справи со економскиот удар на кризата предизвикана од коронавирусот, од сите земји во регионот.

Се одлучивме за брза трансформација и зголемување на конкурентноста на македонската економија. Со економските мерки ги зачувуваме работните места на нашите граѓани, креираме и нови. Целосно сме фокусирани на нашата главна цел – намалување на невработеноста и зголемувањето на минималната и просечната плата. Подобар стандард за сите граѓани.

Во новиот мандат уште повеќе ги поддржуваме домашните фирми, а со членството во НАТО носиме рекорден број странски инвестиции.

**До крајот на мандатот ќе ја вратиме нашата економија на солиден и одржлив раст од 4%.  Креираме нови работни мести преку брза трансформација на македонската економија. Поддршка за домашни и странски инвестиции во износ од 600 милиони евра: 300 милиони од домашни средства и дополнителни 300 милиони евра од европските фондови што се отвораат. Додека трае кризата, се обврзуваме да ја задржиме минималната плата во висина од 14.500 денари а по завршувањето на кризата, СДСМ ќе обезбеди раст на минимална плата до 40% до крајот на мандатот. Просечната плата до крајот на мандатот ќе порасне до 30%.**

- Ќе продолжат да растат платите во образованието и здравството.
- Субвенции за придонеси за сите компании што ќе ги зголемат платите од 600 до 6.000 денари по вработен.
- Вложуваме нови 2 милијарди денари во активните мерки за поддршка на вработување и самовработување.
- До 2023 година персоналниот данок во ИТ индустријата го намалуваме до 0%.
- Целосен поврат на персоналниот данок за обука, дообука и преквалификација.
- Субвенционирање од 49% на обуки за преквалификација и неформално образование.

- Неповратни средства од 5.000 до 15.000 евра за млади и жени за отворање сопствени бизниси во кои државата го презема поголемиот дел од ризикот при евентуален неуспех.
- Поврат на персонален данок за сите нововработени до 29 години во првите две години. Парите ќе одат директно на сметките на младите.
- Нова повисока минимална пензија од најмалку 10.700 денари за сите.
- За времетраењето на глобалната пандемија, сите работници со прекин на работен однос, ќе имаат право на паричен надоместок во висина од 50% од просечната месечна нето плата за последните 24 месеци.
- Бесплатна „зелена" нафта до 2024 година за сите земјоделци.
- Двојно повеќе пари за поврат на персоналниот данок за земјоделците.
- Изградба на 260 км автопатишта. Изградба на 300 км експресни патишта. Изградба на 950 км локални патишта. Рехабилитација на 1.500 км постоечки патни правци.
- Изградба на нови 500 километри водоводи и канализации, за што ќе обезбедиме 100 милиони евра за сите општини во Република Северна Македонија.

# STOP COVID-19

Пандемијата на COVID-19 беше најсериозниот тест за нашиот здравствен систем. Во услови на најтешка светска криза, покажавме како треба да се работи и како може да се создаде огромна доверба кај граѓаните во здравствените работници и здравствениот систем. Големо мнозинство од македонските граѓани се задоволни од начинот на кој се менаџираше оваа криза – резултат кој никој не го забележал од нашата независност.

Воведовме навремени здравствени мерки за заштита на здравјето на сите граѓани. Го зајакнавме капацитетот и координацијата на здравствениот систем преку изградба на монтажна болница, дигитализација на услуги, доопремување на Клиниката за инфективни болести, прераспределба на здравствениот кадар, зголемување на капацитети за тестирање и навремена едукација на здравствените работници.

**Здравствениот систем и работници се подготвени за евентуален следен бран на коронавирусот.**

Во наредниот период:

- Здравствениот систем и работници се подготвени за следниот бран на коронавирусот и вложуваме 33 милиони евра во одделенијата за интензивна нега..
- Времето на одговор на брзата помош го намалуваме на 10 минути во градски и 20 минути во рурални средини.
- Ќе продолжиме со вработувања во јавно-здравствените установи за да се јакнат капацитетите на здравствените установи.

- Обезбедуваме трипати повеќе специјализации.
- Со апликацијата „Здравје за сите" ќе се скуси времето и „шетањето" на пациентот од доктор до специјалист и аптека.
- Скопје добива нов клинички центар.
- Охрид, Тетово и Струмица добиваат модерни регионални здравствени центри.
- Ги реновираме влезовите и приемните одделенија на болниците.
- Ја прошируваме позитивната листа на лекови, лековите на рецепт се достапни во секој дел од месецот, во секое населено место.

# ГРИЖА ЗА СИТЕ!

Покажавме дека македонското општество и нашите граѓани можат да бидат и солидарни и грижливи. Покажавме дека може да се помогне на секоја индивидуа или заедница на која тоа ѝ е потребно. Сите погодени од корона кризата добиваат институционална и солидарна помош. Направивме пресврт и разлика, од општество во кое се гази врз достоинството на луѓето, станавме општество во кое се помага на сиромашните и ранливите, држава која се стреми сите да имаат и да уживаат еднакви права. Го скршивме синџирот на сиромаштијата. Се грижиме за здравјето, вложуваме во младите!

## МОЖЕМЕ УШТЕ ПОВЕЌЕ И УШТЕ ПОДОБРО!

### Социјалната помош продолжува да расте!

- Целта ни е 34.000 домаќинства да примаат гарантирана минимална помош, а 65.000 деца да примаат детски додаток. Ќе изградиме и 777 социјални станови.

### Надминување на пречките!

- Додатоците за попреченост ги зголемуваме за 15 % во 2021 година. До 2024 нема да има ниту една непристапна јавна институција за лицата со посебни потреби.

### Трудот да се цени и да се плати!

- Строга контрола на работното време и на работничките права. Целосно ќе го реформираме Државниот инспекторат на трудот за брзо и транспарентно решавање на кршењето на работничките права. Недела - неработен ден за сите што сакаат да бидат со своите семејства.

### 50/50!

- Еднакви права за жените и мажите. Еднакви плати за жените и мажите. Еднакви обврски за жените и мажите.

### Вложуваме во најмладите и во образованието

- Нови 7.500 места за деца во градинките, кои ќе бидат инклузивни и енергетски ефикасни. Бесплатна градинка за сите деца од семејства со ниски приходи!

- Поврзување на сите основни училишта со ултра брз интернет, интерактивни училници, дигитализација и трансформација на наставната програма.
- По примерот на студентскиот дом „Гоце Делчев", до 2024 година ќе ги реконструираме сите студентски домови и двојно ќе го подобриме квалитетот на исхраната.
- Воведуваме задолжителен здрав оброк со овошје и зеленчук во сите основни и средни училишта.
- Отвораме младински центри во сите 80 општини во државата.
- Преку младински финансиски додаток и преку промоција на дуално средно стручно образование, им отвораме врати на младите да работат во производство, таму каде што има реална потреба.
- Воведуваме медиумска писменост во училиштата.

# РЕД, ДИСЦИПЛИНА И ПРАВДА!

Нема веќе одложување. Правосудството мора да се прочисти од корумпираните судии и обвинители. Не беше лесно, но конечно се создадени сите услови, сите стеги од заробената држава се отстранети. Законот за јавно обвинителство гарантира дека политиката не може да се меша во судските одлуки, а сите предмети за висока корупција мора да имаат судска разрешница. Судиите и обвинителите имаат обврски да испорачаат владеење на правото во кое законот е еднаков за сите. Нема веќе монтирани случаи, нема нови жртви на режим.

### Следува прочистување во правосудството!

- Судиите кои застаруваат предмети ќе бидат разрешени по автоматизам.
- Започнува детална проверка на имотната состојба на сите судии и обвинители.
- Темелна ревизија на 5% од сите судски пресуди во последните 5 години, по случаен избор.

## РЕД И ДИСЦИПЛИНА ВО СИТЕ ИНСТИТУЦИИ!

### Тие што во име на граѓаните водат институции, мора да се отчетни, транспарентни и чесни.

- Воведуваме законска обврска за јавна објава на сите службени трошоци на сите функционери во извршната, локалната и судската власт.
- Санкции за раководители кај кои е утврдено нечесно работење.

## Корупцијата е непријател на граѓаните и на институциите, потребна е заедничка борба.

- Награди за граѓаните чии пријави за корупција ќе резултираат со наоди и отворање случаи.

- Електронско следење на предметите што произлегуваат од претставки за корупција.

## Гласот на граѓаните мора да се слуша.

- Секоја државна институција ќе воведе отворен ден за граѓаните, најмалку четирипати годишно.

- Казна за неодговорено, а основано барање.

- Воведуваме електронски петиции. Институциите мора да постапуваат кога ќе се здружи граѓанскиот глас.

## Администрацијата мора да им служи, а не да им биде товар на граѓаните.

- Ја намалуваме администрацијата за 20%. Во администрација ќе работат тие што се подготвени да им служат на граѓаните.

## Ги укинуваме патните трошоци за пратениците во Собранието.

- Системот на патни трошоци покажа можност за злоупотреби и сериозно ја намали довербата на граѓаните во своите претставници. Тоа мора да го промениме и, очигледно, на оваа тема политиката на постепени промени не го даде посакуваниот резултат. Затоа, системот ќе го промениме од корен. Ниту еден пратеник нема да добива патни трошоци за патување од Скопје до дома. Собранието ќе обезбеди станови од околу 50 м2 за секој пратеник да може да остане во главниот град во текот на неделата.

# СИТЕ ЗА ЕКОДРЖАВА!

Ги ангажираме сите капацитети, градиме екодржава. Сите институции, сите државни службеници, сите студенти и ученици, сите граѓани, сите се вклучуваме во чистење на татковината. Заедно се грижиме за заедничкиот воздух, за водите, за почвите.

## Строга контрола и високи казни за загадувачите!

- Комунална полиција во секоја општина и 24-часовен надзор на инспекциските служби.
- Тројно повеќе екоинспектори.
- Тројно повисоки казни за фабриките кои не ги исполнуваат еколошките стандарди.
- Двојно повисоки казни за граѓаните што загадуваат.
- Ригорозна контрола на центрите за технички сервис на возила.
- Дронска контрола за да се спречува создавање нови диви депонии или палење на депонии и стрништа.

## Екодомаќинства и екофабрики!

- 60.000 домаќинства ќе добијат бесплатен екоинвертер за да престанат со употребата на фосилни горива, а обезбедуваме и 100 милиони евра субвенции за поставување филтри на индустриските капацитети.
- Субвенции за приклучување на централно греење и за набавка на филтри на оџаците на домаќинствата.
- Гасот го носиме до домовите.
- Го укинуваме данокот за увоз на електрични и хидрогенски возила.

## Институции што не загадуваат!

- Сите државни институции ќе се поврзат на чисти извори на топлинска енергија до 2022 година.
- Етапна замена на возниот парк на институциите со ековозила.

### Сите сме одговорни за животната средина!

- Воведуваме задолжителни часови по хигиена во основното образование.
- Воведуваме задолжително сепарирање на отпадот за домаќинствата.
- Ја укинуваме употребата на пластични кеси и пластични цевки.
- Масовни акции за чистење и пошумување со ангажирање на институциите и граѓаните.

# ВЛЕГОВМЕ ВО НАТО, МОЖЕМЕ И ВО ЕУ!

Нашата национална безбедност и сигурност никогаш не биле на повисоко ниво. Сега сме членка на најмоќниот сојуз на светот - НАТО. Никогаш повеќе нема да сме сами и незаштитени. Тоа значи сигурна иднина за сите нас и за сите наши деца и гарантиран брз економски развој. Нови инвестиции, нови работни места и повисоки плати за сите.

Членството во НАТО е влезна карта за ЕУ.

### Почнуваме преговори, ја европеизираме земјата!

- До 2024 година ќе отвориме 80% од поглавјата за интеграција во ЕУ.
- Од европските фондови обезбедуваме 2,5 милијарди евра за Северна Македонија. Повеќе пари за справување со корона кризата, за новата македонска економија, за зелена агенда, енергија, конкурентност, капитални инвестиции, земјоделство, канализации, патишта, водовод. Европски пари за европски стандарди дома.
- Европски пари за развој на Преспа.
- Ја модернизираме Армијата по светски стандарди. Добиваме пристап до пазар од 4 милијарди евра.

# Содржина

**ИЗБОРНА ПРОГРАМА**
ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ
2020 ГОДИНА


1
НОВА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА - МК РЕСТАРТ

2
STOP COVID-19

3
ГРИЖА ЗА СИТЕ

СДСМ

| 4 | 5 | 6 |
| --- | --- | --- |
| РЕД, ДИСЦИПЛИНА, ПРАВДА | СИТЕ ЗА ЕКОДРЖАВА | ВЛЕГОВМЕ ВО НАТО, МОЖЕМЕ И ВО ЕУ |

# Изборна програма

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА**

1

НОВА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА - МК РЕСТАРТ

2

STOP COVID-19

# НОВА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА – МК РЕСТАРТ

НОВАТА МАКЕДО
КРЕИРА НОВИ РА
СИТЕ ГРАЃАНИ.

“

„

НСКА ЕКОНОМИЈА
БОТНИ МЕСТА ЗА

# 1.1 НОВА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА

Следните четири години наш главен фокус ќе биде целосно, динамично и ефективно спроведување на Планот за нова македонска економија 20-24.

Планот 20-24 го развивме по сериозни анализи и во соработка со бројни домашни и странски експерти. Целта ни беше да го понудиме досега најамбициозниот заокружен концепт за продолжување на започнатите позитивни политики и преземање храбри, координирани, преговарани и ефективни политики кои ја адаптираат нашата економија за новото време.

Во последните 3 години покажавме дека МОЖЕМЕ. Обезбедивме повисок економски раст (во 2019, БДП порасна за 3,6%) кој создава нови работни места (за две години се отворија нови 60.000 работни места) и повисоки плати (просечната плата порасна на историски највисоки 27.206 денари). Обезбедивме историски најниска невработеност (во 2019 невработеноста падна на 16,6%), зголемување на минималната плата од 9.000 денари на 14.500 денари за нецели три години.

Оваа голема економска промена беше возможна и поради повисокиот износ на домашни и странски инвестиции. Обезбедивме историски највисок износ од 950 милиони евра странски инвестиции во 2018 и 2019 година. Но, во исто време силно ги поддржавме и домашните инвеститори со над 100 милиони евра одобрена државна помош. Го стабилизиравме редовниот поврат на ДДВ и прекинавме со лошите пракси од минатото на дикриминација и притисоци при поврат или при плаќање на обврските на државата. Преку МојДДВ, укинатата радиодифузна такса, ефтината тарифа и укинатите непотребни трошоци обезбедивме повеќе пари за граѓаните.

Стабилниот економски раст во сите сектори, новите 60.000 работни места, највисокиот раст на платите и пензиите ни потврдија дека сме на прав пат. И дека треба да бидеме уште поамбициозни со нашата цел да ја развиваме економијата со мудри реформи и со фокус на нашите човеќки ресурси: да вложуваме и поддржуваме подобро платени работни места, иновативни бизниси и повеќе пари кај граѓаните.

Кризата предизвиката од COVID-19 силно ја погоди нашата и светската економија. Сите релевантни институции предвидуваат оваа година светот да влезе во рецесија и тоа е видливо и кај нашите традиционални економски и трговски партнери. Тоа значеше намалување на нарачките за нашите производители, потешкотии во превозот и снабдувањето со репроматеријалите, како и сериозно намалена потрошувачка на домашниот и на светскиот пазар. Рестриктивните мерки дополнително ги забавија или паузираа производните процеси и ги намалија приходите на нашите претпријатија.

## *Ефикасен и успешен одговор на ковид пандемијата*

Целата наша држава, сите наши граѓани, институции и вкупната економија беше и е ставена на најтешкиот тест досега.

Со обмислен, рационален и заеднички пристап успеавме да ја СТАБИЛИЗИРАМЕ економијата од најтешкиот надворешен шок досега. Овој удар силно ги погоди и најголемите и најразвиени економии. Најмоќните економии влегуваат во рецесија и пријавуваат значително зголемување на невработеноста и видливи притисоци на социјалните и здравствените

системи. Оваа светска криза не можеше да не одмине, но можевме и обезбедивме вистински и брз одговор.

Со напорна работа успеавме да изградиме интерен одговор на ЕКСТЕРНИОТ удар. Јасно кажавме дека нема да ги оставиме граѓаните и економијата на цедило. Ја споделивме големата жртва. Почнавме од нас, целосно и бескомпромисно да практикуваме вистинска СОЛИДАРНОСТ, со цел да помогнеме, да дадеме, да придонесеме, а НЕ да земеме.

Во сето време се водевме и се водиме од принципите на директна заштита на секое работно место, на секоја индустрија и бизнис, на секој наш граѓанин и бизнисмен. За нас во економијата сите се ЕДНАКВИ и РАМНОПРАВНИ.

Поставивме ефикасен и ефективен систем за ПОДДРШКА на ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА и директни ТРАНСФЕРИ за сите погодени.

Во најтешкиот период, НЕ ги намаливме платите и пензиите. Пензиите не задоцнија ниту еден ден. Напротив, пензионерите почнаа да ги добиваат своите пензии неколку дена порано, за да ги намалиме гужвите пред банките и опасноста за ширење на вирусот. КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ продолжија да се РЕАЛИЗИРААТ.

СОЦИЈАЛНИТЕ ТРАНСФЕРИ се исплаќаа навремено, а земјоделците ги добија своите заслужени и зголемени СУБВЕНЦИИ. ПОДДРШКАТА на зголемените ПЛАТИ продолжи, а СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ функционираат и понатаму, со целосна поддршка.

Најважно од се, ги поддржавме вработените во приватниот сектор со директни трансфери во висина од 14.500 денари. За компаниите обезбедуваме директни меки и поволни кредити за да бизнисот опстои и продолжи да функционира, за да понатаму расте и се развива.

Во исто време ЈАВНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ продолжуваат да се реализираат. ДАНОЦИТЕ не ги зголемивме, НОВИ не воведовме. Креиравме одржлива и вистинска РЕАЛОКАЦИЈА на јавните средства, со крајно внимание на интергенерациската солидарност и одржување на можностите на ИДНИТЕ генерации. Во нашиот план, составен од три сета на директни мерки, веќе спроведуваме директна помош од најмалку 550 милиони евра, директни трансфери кон граѓаните и корпоративниот сектор. Со постоечките субвенции, како и капиталните инвестиции во јавната потрошувачка, помошта за економијата и граѓаните во овој период достигнува 1,1 милијарди евра или речиси 10% од домашниот бруто производ.

На почетокот на COVID-19 кризата, веднаш одговоривме со директни мерки за поддршка на секое работно место и нарушен бизнис. Со првиот сет на мерки ги опфативме најпогодените сектори од кризата со корона-вирусот: угостителство, туризам и транспорт.

Со мерката финансиска поддршка од 14.500 денари по вработен, од вториот сет на економски мерки, само за месец април, доделивме директна помош и поддршка на 19.350 компании со 127.426 вработени и 5187 самостојни вршители на дејност, да ги ублажат последиците од економската криза. Мерките ги креиравме за да дадат финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати на работниците и да овозможат континуитет на работните процеси.

Ударот врз економијата е огромен, но ќе успееме да ги заштитиме работниците. Конкретно, овозможивме:

- 14.500 денари месечно по вработен за април, мај и јуни за компании погодени од кризата и/или 50% од трошоците за придонеси за секој вработен;
- Бескаматни кредити во вредност од 13,5 милиони евра од Развојна Банка на Република Северна Македонија;
- 50 милиони евра евтини кредити од Развојната Банка, пласирани преку комерцијалните банки;
- Финансиска поддршка до 14.500 за април и мај, за физичките лица кои вршат самостојна дејност.

Продолживме со ВИСТИНСКИ мерки со кои на сите граѓани, им овозможивме директна поддршка на личната потрошувачка, и преку одложување и пролонгирање на финансиските обврски по разни основи. На бизнисот му овозможивме решенија за подобрување на ликвидноста и заедничко, споделено прифаќање на товарот и проблемите. Конкретно, со вториот сет на мерки воведовме:

- Ослободување од плаќање на аконтации на данок;
- Замрзнување, пролонгирање и репрограмирање на кредитите за граѓаните и компаниите;
- Одложено плаќање на закупнина за социјалните станови;
- Запирање на Законот за извршување до крајот на јуни.

На дело покажавме што значи солидарност и грижа за секого. Покажавме како може да се помогне, без да се загрози ниту еден друг. За таа цел, покрај претходните мерки, успеваме да понудиме и решенија и за некои од најпогодените категории. За таа цел, реализиравме:

- Директна финансиска помош помош од 14.500 денари за април и мај за спортистите и спортските работници;
- Поддршка за плаќање на придонесите за сите медиумски работници;
- Директна финансиска помош за уметниците и културните работници;
- Грижа за граѓаните од неформалната економија;
- Паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа како последица на пандемијата.

Со третиот пакет економски мерки, за 730,000 корисници  во вредност од 355 милиони евра создаваме, нова, развојна македонска економија и зголемена конкурентност на нашата економија и во регионот и пошироко.

Ефектите од овој нов пакет економски мерки се на сите нивоа, ќе ги осетат сите граѓани и многу ресори во економијата. Ние сме социјална држава и солидарно општество и затоа во мерките може да се пронајде секој – зашто секој треба и секој ќе добие поддршка.

Овие мерки ќе придонесат за:

- Поттикнување на приватната потрошувачка на граѓаните, ќе може повеќе да се троши, за подобро да се живее и повеќе да се работи;
- Заштита на постоечките, и креирање и нови работни места, особено во секторите кои ќе ја употребат дигитализацијата;
- Зголемена конкурентност на нашите компании на домашно, регионално и глобално ниво;
- Интервентно активирање на домашниот туризам;
- Промоција на нови земјоделски култури и поддршка на земјоделците за уште поголем квалитет и обем на домашно производство;
- Развој на економските дејности со воведување ИТ и онлајн активности и алатки;
- Формализирање на дел од неформалната економија;
- Стимулирање и зголемување на безготовинските и онлајн плаќања, како инструмент за сузбивање на сива економија.

Овој пакет на мерки ги опфаќа:

- Граѓаните: невработените лица, социјално ранливите категории, младите (средношколци, студенти и млади до 29 години), домаќинствата со ниски примања, медицинските лица;
- Стопанството - економијата: погодените сектори од кризата, домашните компании (производствени, прехранбени и други капацитети), извозните компании, услужната дејност, земјоделството и туризмот.

Третиот сет на мерки вклучува :

- Платежна картичка за граѓаните - по 150 евра за македонски производи и услуги за сите невработени лица, баратели на работа кои немаат над 15.000 месечни приходи според Управата за јавни приходи, како и примателите на гарантирана минимална помош;
- Ваучер за домашен туризам од 100 евра и домашна платежна картичка од 50 евра за сите вработени граѓани што примаат плата помала од 15.000 нето месечно и немаат други приходи;
- Парична поддршка за млади од 100 евра и платежна домашна картичка од 50 евра;
- Мерката опфаќа ваучери од најмногу 100 евра за покривање на партиципација во Универзитет како и сместување во студентски, ученички домови и регистрирани сместувачки капацитети за студенти и средношколци. Мерката вклучува и платежна картичка за млади, во вредност од 50 евра за домашни производи и услуги;
- Ваучери за кофинансирање на обуки, тренинзи и курсеви за ИТ и дигитални вештини;
- Викенд без ДДВ за сите граѓани;
- Паричен надоместок за сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020;
- Бескаматни кредити за фирми преку Развојната Банка на Северна Македонија, во

вредност од 31 милион евра - поддршка за жените, младите и дигитализацијата во бизнисот;

- Државна гаранција за комерцијални кредити и за обезбедување на царинскиот долг;
- Нови 25 милиони евра за приватниот сектор - за нови пазари, конкурентност и модернизација;
- Дигитална платформа за нови пазари за текстилните компании;
- Поддршка за развој на домашни старт-ап продукти и услуги преку ФИТР;
- Кофинансирање на настани и конференции со 50% финансиска поддршка од државата најмногу до 30.000 денари;
- Поддршка на аграрниот сектор од 5 милиони евра преку Развојната Банка;
- Платежна картичка за субвенционирање на 50% од зелената нафта за земјоделците;
- Стимулирање на преработувачите на грозје за производство на нови продукти;
- Овозможуваме јавни приватни партнерства во лозарството и тутунскиот сектор;
- Окрупнување на земјоделско земјиште за поголема конкурентност на македонското земјоделство;
- Долгорочен закуп на пасишта;
- Програма за финансирање на микро земјоделски компании;
- Модернизација на земјоделство;
- Награда за докторите и медицинскиот персонал на инфективните клиники и одделенија, клиниката за инфективни болести, институтот за јавно здравје и центрите за јавно здравје, како сите членови на тимовите од итна медицинска помош, во износ од 40% од последната основа нето плата.

Нашата цел НЕ Е да бидеме само успешни менаџери во КРИЗА, туку брзо да ја пребродиме КРИЗАТА и да се вратиме на патот на растот и развојот, на спроведување на вистинските политики, за што пократко време.

Очекуваме веќе во 2021 година, нашата економија, со целосен капацитет да генерира високи и одржливи стапки на раст преку продолжување на здравите и проверени политики, со човечки капитал и трансформација на нашата економија. Затоа што сегашната криза, покажа дека можеме да бидеме отпорни, приспособливи, флексибилни и да изградиме национален капацитет и систем за функционална и растечка економија.

## *ПОСТ КОВИД ЕКОНОМИЈА - посилни, искусни, на здрави основи, одиме по патот на трансформација, раст и европска економија*

Конкретно, досега докажаните јасни визии, фокус и капацитет за донесување храбри, државотворни и одржливи одлуки, планираме целосно да ги насочиме во спроведувањето на клучниот процес: #ТРАНСФОРМАЦИЈА на македонската економија.

Со влезот во НАТО Алијансата и почетокот на преговори за членство во Европската Унија, конечно влегуваме во друштвото на најразвиените, најбогатите и најспособните. Влегуваме на заедничкиот европски пазар со нова сила и нови шанси!

Нам ни останува веднаш да ја трансформираме нашата економија за да биде поконкурентна, прво дома, а потоа и надвор. За таа цел, целокупниот систем го менуваме да биде базиран на националните ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ. Движењето на економијата ќе биде засновано на директни домашни и странски ИНВЕСТИЦИИ и најважно на ИНОВАЦИИ во сите сектори, со цел на сите три нивоа значително да сезголеми ПРОДУКТИВНОСТА и КВАЛИТЕТОТ на производите и услугите. ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА станува суштински процес за економијата да стане поефикасна, квалитетот на животот повисок, а резултатите ЕФЕКТИВНИ.

Клучен фактор мора да бидат ЗНАЕЊАТА на нашите ЗАДОВОЛНИ РАБОТНИЦИ. Квалификациите и вештините стануваат бизнис реалност и поддршка на растот, пред сè за младите луѓе кои мора да ги задржиме дома, како основа за развој на државата.

За да биде успешна ТРАНСФОРМАЦИЈАТА на нашата економија во динамична, отворена и конкурентна, нудиме СТАБИЛНА макроекономска рамка, во која даночниот систем ќе биде предвидлив, ефикасен, праведен и сериозно ќе ја намали сивата економија.

Значително ќе го зајакнеме капацитетот за реализација на јавните инвестиции. КАПИТАЛНИТЕ инвестиции ќе бидат генератор на јавната инвестициона потрошувачка за да се фокусираме целосно на огромниот ПОТЕНЦИЈАЛ на домашната потрошувачка и инвестиции.

Сакаме македонските граѓани да бидат реални ко-инвеститори на својата сегашност и иднина. Ќе овозможиме амбиент за да се намалат кредитните стапки за населението и корпоративниот сектор, за да расте директната поддршка на бизнисот и личните инвестиции, а банкарските провизии и надоместоци значително да се намалат. За тоа веќе имавме одличен старт. Одговорната, одржлива и интегрирачка политика овозможи значително намалување на ризикот на нашата економија, што резултираше со намалување на референтната стапка на Народната банка на рекордно ниско ниво од 1,5%.

Успешно се справуваме со најтешката криза во нашата историја. Изградивме економски и здравствен систем за одговор на можните идни предизвици. Работиме да продолжиме каде што застанавме пред кризата, со поуките и знаењето од овој период.

Во период на ПАНДЕМИЈА, најкредибилните економски институции ни предвидуваат најнизок пад од државите во регионот и најбрзо економско опоравување. Затоа што брзо, квалитетно, одмерено и со фокус на сите, со фокус кон иднината работиме да се вратиме на растот и развојот, преку целосна трансформација на нашата економија и изградба на силни национални економски, човечки и институционални капацитети.

Со влезот во НАТО Алијансата и со почетокот на преговорите со Европската Унија, ја зајакнавме нашата позиција. НИЕ не сме САМИ! Очекуваме сериозна и вистинска поддршка и најважен процес на усогласување на нашите политики и стандарди со најразвиените. За побрзо и вистински да растеме и да се развиваме!

Продолжуваме понатаму... Силно, посветено, со човечки капитал и капацитет, со знаење и добра верба...

## *Ја придвиживме економијата и директно ги поддржавме граѓаните и бизнисот:*

- Ја зголемивме минималната плата од **9.000** на **14. 500** денари;
- Ја зголемивме просечната плата на рекордно високо ниво од **27.206** денари, односно обезбедивме зголемување од **4.400** денари;
- Отворивме нови **60.000** работни места;
- Ја вративме евтината дневна тарифа на струјата;
- Ја укинавме радиодифузната такса;
- Ги зголемивме пензиите од **860** до **900** денари во **2020** година;
- Го намаливме ДДВ-то за парното;
- Го дигитализиравме работењето на Царината со воведување на Е-царина и безхартиена околина;
- Ја зголемивме до највисок можен степен употребата на поедноставените царински постапки за извоз и увоз;
- Укинавме непотребни дозволи, сертификати и одобренија за увоз на околу 250 различни видови на стоки и производи;
- Го воведовме концептот на Овластен економски оператор (ОЕО) за компаниите;
- Ги намаливме казните за прекршоци за физички и правни лица;
- Ги намаливме трошоците за катастар, нотари, извршители и адвокати;
- Ја исправививме неправдата кон стечајците;
- За ТРИПАТИ ја зголемивме социјалната помош;
- Го зголемивме прагот за ослободување од ДДВ обврската за компаниите од **1** милион денари на **2** милиони денари;
- Со **„Мој** ДДВ" веќе вративме **3** милиони евра на граѓаните за еден квартал;
- Поддржавме осумпати повеќе мали и средни претпријатија со четирипати поголем буџет;
- Со **100** милиони евра директна помош ги помогнавме нашите претпријатија;
- Обезбедивме историски највисок износ од **950** милиони евра странски инвестиции во **2018** и **2019** година.

Само од укинатата радиодифузна такса, годишно околу 2.000 денари остануваат повеќе во секое семејство. Ако на тоа се додаде уште 2.000 денари од намалувањето на ДДВ за топлинска енергија, (сметките за парно поевтинуваат во просек за 200 денари месечно, што е годишна семејна заштеда од над 2.000 денари годишно) тогаш само од овие две мерки имаме **4.000** денари повеќе кај граѓаните, како директна поддршка на нивната потрошувачка. Со мерката за враќање на евтината тарифа на струјата 11 милиони евра остануваат кај граѓаните.

**Минималната плата ја зголемивме двапати.** Прво на 12.000 денари, па потоа на 14.500 денари. **Тоа е за дури 5.500 денари** или 60 отсто повеќе од претходно, кога таа изнесуваше 9.000 денари.

СДСМ

Тоа значи дека **благодарение на политиките на СДСМ, кај работниците кои земаат минимална плата, годишно завршуваат дополнителни 66.000 денари.** Тоа е вистинска грижа и ценење на трудот на работникот.

Растот на минималната плата влијаеше и на растот на просечната плата. Просечната плата за само две години СДСМ ја зголеми за над **4.400** денари, па официјалните податоци покажуваат историски највисок износ од **27.206** денари во февруари 2020 година. Тоа е затоа што растат платите во сите сектори, вклучително и во приватниот, поради одржливите економски политики.

## *Следниве податоци го докажуваат тоа:*

- За три години години платите во основното и средното образование СДСМ ги зголеми за 2.100 денари, а во високото за 3.200 денари. За споредба, за време од 7 години владеење на ВМРО-ДПМНЕ, платите во образованието се зголемени за едвај 840 денари.
- Просечната плата во здравството ја зголемивме за 4.700 денари, а во одбраната помеѓу 3.000 и 6.000 денари.
- Огромен скок на платите имаме кај социјалните работници кои денес добиваат плата повисока во просек за 6.700 денари за разлика од 2015 година, додека воспитувачките во градинките сега имаат повисока плата за близу 5.000 денари.
- Во секторот на земјоделството платите се зголемени за над 4.600 денари.
- Во тек е реализација на мерката со која државата ги субвенционира трошоците за задолжителното социјално осигурување за сите оние што на своите вработени ќе им ја зголемат платата до 100 евра, односно до 6.000 денари. Таквата мерка во овој момент ја користат рекорден број од 200.000 вработени во реалниот сектор.

Особено сме горди со успехот во намалувањето на невработеноста. Стапката опадна на рекордно ниски **16,6** отсто, меѓу другото, затоа што за две години се отворија околу **60.000 нови работни** места пред појавата на глобалната епидемија.

Со ваков раст на минималната и на просечната плата и со зголемениот број вработувања, успешно го консолидиравме пензискиот фонд кој го наследивме со огромна буџетска дупка.

Успеавме да создадеме услови за повеќе пари за **330.000 пензионери и за кумулативно зголемување и овозможување на повисоки пензии за 900 денари**.

Од јануари 2020 година ги покачивме и пензиите. Согласно растот на минималната плата, со јануарската пензија секој пензионер добива дополнителни 700 денари. Дополнително, со усогласувањето на трошоците за живот, пензионерите ќе добијат меѓу 160 и 200 денари. Тоа значи зголемување на пензиите од **860** до **900** денари во **2020** година. Тоа е најголемо зголемување на пензиите во последните 12 години, дури за **10.000** денари годишно.

**Повеќе пари за ранливите граѓани, социјална помош зголемена за 300%**

- Во овие две години целосно се посветивме да обезбедиме повеќе пари кај ранливите категории за што е можно повеќе лица трајно да ги извлечеме од сиромаштија.
- Со социјалната реформа, социјалната помош расте и до **300** отсто.

- За три и пол пати го зголемивме опфатот на деца кои добиваат детски и образовен додаток.
- СДСМ го реши проблемот со стечајците, исправивме историска неправда. Со последните законски измени речиси **12.000** стечајни работници ќе добиваат месечен надомест од **8.000** денари до нивното пензионирање.
- СДСМ воведе социјална пензија за оние граѓани кои од различни причини не успеале да ги остварат условите за пензионирање. Денес над **2.600** наши сограѓани добиваат социјална пензија од **6.000** денари.

**Реализирана е мерката за поврат на 15% од ДДВ**

Секој чекор што го преземаме води кон обезбедување повеќе пари кај граѓаните. За првпат државата враќа пари на граѓаните преку мерката којашто ја воведовме „Мој ДДВ". На почетокот на декември 2019 година, само за првите три месеци од реализацијата, назад кај граѓаните вративме повеќе од 3 милиони евра. Ваквата политика значи дека граѓаните добиваат дополнителна вредност која значи поддршка на бизнисите и на домашното производство.

**Дигитализација на царинското работење, Е-царина и бесхартиени царински постапки**

Со воведувањето на новиот систем за обработка на царински и акцизни документи во 2019 година за прв пат се воведе Е-царина и бесхартиено царинско работење. Со новиот царински систем за Е-царина воведовме значителни заштеди во работата на економските оператори. Само со исфрлање од употребата на хартиените царински декларации, компаниите остварија заштеда на годишно ниво од 5 милиони евра. Дигитализацијата на царинското работење и воведувањето на комплетна бесхартиена извозна постапка за компаниите во 2020 година треба да донесе дополнителни заштеди од 4 милиони евра. Преку максимално користење на поедноставените царински постапки за увоз и извоз, т.н. постапки на локално царинење во просториите на фабриките и компаниите, обезбедивме царинење на стоките за извоз и увоз 24/7 без никакви трошоци за компаниите. На овој начин, за производителите, увозниците и извозниците на годишно ниво им обезбедивме заштеди и индиректна поддршка од околу 10 милиони евра, преку намалување на времето за извоз и увоз.

**Укинување на непотребните дозволи, сертификати и одобренија за увоз на околу 250 различни видови на стоки и производи**

Со реформата на системот за надворешно-трговско работење, во изминативе 2 години, укинавме низа дозволи, сертификати и одобренија за околу 250 различни видови на стоки или производи. Како најкарактеристични може да се наведат укинување на дозволите за увоз на нови клима уреди и разладувачки средства, производи од неживотинско потекло и други прехранбени производи. Со ова значително се забрза и олесни постапката за увоз на одредени производи, а истовремено значително се намалија и трошоците.

**Концепт на Овластен економски оператор (ОЕО) за македонските компании**

Во изминатиов период 15 најголеми компании добија Одобрение за Овластен економски оператор, како меѓународен стандард за исполнување на највисоки стандарди за почитување на законите и стандарди за безбедност и сигурност. Ова придонесува за максимално зголемување на нивната извозна конкурентност.

СДСМ

**Интензивен раст на поддршката за малите и средни претпријатија**

Споредбено со 2016 година, во 2019 година буџетот за поддршка на малите и средни претпријатија е зголемен за четири пати, додека бројот на поддржани претпријатија се зголеми за најмалку осум пати, и тоа од 51 претпријатија во 2016 година, на над 400 претпријатија во 2019 година.

**Рапиден инвестициски скок напред, со домашни и странски директни инвестиции**

Особено го истакнуваме фактот дека во последните две години, економијата доживува огромен инвестициски циклус. Конкретно, преку сетот на владини политики и мерки, доделени се над **100 милиони евра** директна помош во рамки на веќе реализираните приватни домашни и странски инвестиции во вредност од над **352 милиона евра**.

Ако на тоа се додаде и износот на директните странски инвестиции, реализирани и евидентирани во 2018 и 2019 година, во историски највисок износ од **950 милиони евра**, можеме да заклучиме дека државата и економијата доживуваат извонреден инвестициски раст. Она што е клучно, покрај највисокото ниво на инвестиции досега, е и квалитетот и влијанието на инвестициите во технолошката модернизација и иновативна трансформација на националната економија. За нас, покрај продолжување и зајакнување на инвестицискиот циклус, останува зајакнување на поврзувањето на домашниот со странскиот бизнис на сите нивоа и модели.

# АГЕНДА 20-24

## *Нашите политики и мерки ќе донесат:*

- До крајот на мандатот ќе ја вратиме нашата економија на солиден и одржлив раст од 4%.
- Успешното справување на пандемијата, овозможува стабилна економија. Владата покажа дека знае како да го зачува минималниот пад на БДП, да се зачуваат работните места и стандардот на граѓаните. За време на кризата се обврзуваме да ја задржиме висината на минималната плата во висина од 14.500 денари.
- По завршувањето на кризата, СДСМ се враќа на своите докажани принципи – раст на минимална плата до крајот на мандатот во висина до 40%, во зависност од должината и влијанието на епидемијата врз светската и домашната економија.
- Просечната плата до крајот на мандатот ќе порасне до 30%, исто така во зависност од времетраењето и ударот на епидемијата врз светската и домашната економија.
- Износ на странски инвестиции од најмалку една милијарда евра за 4 години, засновани на иновации, висок степен на финализација на производи и услуги и одржливост на бизнисите.
- За 4 години, **2,2** милијарди евра јавни инвестиции и **1,2** милијарди евра директни приватни инвестиции.

- Стапката на невработеност за време на кризата ќе ја држиме стабилна, а по завршувањето на кризата и до крајот на мандатот ќе продолжуваме да ја намалуваме невработеноста на ниво од 3% годишно, како што тоа го правевме и во изминатите три години. Нашата цел, по крајот на кризата, ќе биде едноцифрена невработеност.
- Ќе обезбедиме директна подршка на домашните и странски инвестиции во износ од **300** милиони евра**.**
- Директна алокација на очекувани **300** милиони евра од европските фондови за поддршка на македонските економски потреби.
- Профилирање на директната поддршка на македонските компании за извоз на производи и услуги во рамки на Планот за економски раст и Законот за финансиска поддршка на инвестициите во насока на авансно финансирање на технолошките и на иновативните потреби во функција на извозот во висина од **10% до 15%** на проектираната инвестиција.
- Видлива и целосна реконфигурација и зајакната ефикасност во реализацијата на јавните капитални инвестиции преку воведување на оперативен модел за Централна единица за следење, на владино ниво, со единствена цел- навремено, целосно и транспарентно реализирање на буџетските расходи и, особено значајно, за мерење на резултатите и ефектите од економските политики на растот и развојот на економијата.

## ***Нудиме предвидливо деловно опкружување***

- Како резултат од почетокот на преговорите, ќе извршиме и согласување на деловното опкружување со регулативите на ЕУ.
- Данокот на добивка останува на ниво од **10%** во целиот период **20-24**.
- Персоналниот данок на доход се намалува на **0%** во **2023** година за ИТ индустријата.
- Данок на личен доход останува на 10%, но остануваме доследни на воведувањето прогресивно оданочување преку инклузивен процес на разговори и креирање консензус за воведување на истиот. Остануваме посветени на праведноста во оданочувањето, со понуда на осмислен систем на прогресивното оданочување на вкупните лични приходи, по претходно сериозна и детална јавна дебата и преговори, со фокус на реконфигурирање на концептот на личен доход (семеен доход) и воведување данок на луксуз.
- Ослободување на данокот на добивка при реинвестирање на добивката во 2021 како одговор на влијанието на ефектот од КОВИД пандемијата.

## ***Реконфигурација на ДДВ преку воведување на:***

- Нов Закон за данок на додадена вредност преку кој ќе се овозможат даночни бенефиции за претпријатијата што се извозно ориентирани на тој начин што при увозот нема да плаќаат ДДВ за суровините и машините што се наменети за извоз.

- Единствена стапка од **10%** ДДВ за сите ресторантски услуги.
- Ревидирање на стапките на данок на додадена вредност за суровините за домашните производители и намалување на стапката на ДДВ за земјоделските производители и намалување на стапката на ДДВ за суровините за извозно ориентираните компании.
- Намалување од **18** на **5%** за занаетчиски услуги.
- Подигнување на прагот за плаќање ДДВ од 2 милиони на 3 милиони годишен промет од 01.01.2022 и изедначување со прагот на ослободување на данок на добивка до 3 милиони денари годишен промет.
- Продолжуваме со успешниот проект Мој ДДВ и го зголемуваме лимитот по поединец на **2.300** денари за тромесечие и **9.200** денари годишно, односно на 36.800 денари за просечно четиричлено семејство.
- Продолжуваме со навремено, редовно и неселективно враќање на ДДВ кај правните лица.
- Нов Закон за царинска тарифа и забрзано приспособување (укинување, елиминирање и намалување на висината на царинските стапки и царинските тарифи) во корелација со висината на царинските стапки во Заедничката царинска тарифа на Европската Унија, што треба да обезбеди пониски цени за домашните компании за суровините и репроматеријалите, правејќи ги компаниите поконкурентни за извоз.
- На сите млади (до 29 години) кои се нововработени во приватен сектор, државата ќе им ги враќа уплатените пари од персонален данок директно на нивна сметка во првите 2 години од работењето.
- Ослободување на плаќање данок на сите новосоздадени приватни претпријатија, формирани од млади до 29 години или жени, сè додека прометот е под 3 милиони денари.
- Ќе го продолжиме рокот за поднесување на даночните биланси и завршните сметки од 1.1.2022 за компаниите кои не котираат на берза.
- Воведување одржлива саморегулација во секторот сметководство и ревизија на корпоративниот сектор, целосна имплементација на Меѓународните сметководствени стандарди за секторот на МСП до 2023 година и прецизирање и подобрување на системот на сметководство и ревизија во целокупниот јавен сектор.
- Ќе го измениме Законот за облигациони односи и ќе предвидиме казнената камата на долгот да не смее да биде повисока од висината на главнината на долгот.
- Ќе понудиме воведување нов данок на промет при уплата на игрите на среќа – данокот е во висина на 4% од бруто уплатената вредност. Истиот ќе го плаќаат организаторите на игрите на среќа, а нема да се трансферира на корисниците. Целта е да се креира нова вредност наменета за поддршка на растот, развојот и општествената одговорност.

## *Ја зајакнуваме директната поддршка на македонските компании*

Нашата цел е да создадеме амбиент за динамичен и конкурентен бизнис, ослободен од политички влијанија, намалување на административните процедури и бариери, а со целосно искористување на претприемачкиот дух и знаења на домашниот човечки капитал. Трансформацијата на економијата мора да биде следена со серија добро осмислени, практични и остварливи мерки за поддршка, кои реално ќе помогнат македонскиот бизнис да биде растечки, развоен и одржлив. Нашата цел е микро и малите компании да станат средни, средните големи, а големите компании да генерираат приход на конкурентниот, заеднички европски пазар. Како и досега, клучната поддршка ќе биде насочена токму кон движечката сила на македонската економија, на најголемиот сектор за вработување, создавач на вредноста и најважно најсилниот потрошувач, а тоа се микро и малите компании.

- Продолжуваме со Планот за економски раст и мерките предвидени во политиката, со зголемување на фондот за најмалку 20% на годишно ниво.
- Ќе овозможиме основање на фирма со минимален износ на основна главнина од 1 евро. Со оваа мерка граѓаните имаат можност да основаат фирма со минимални трошоци и да ги реализираат своите идеи и бизнис-планови преку новоотворени фирми. Ние веруваме дека македонските граѓани имаат идеи, а бидејќи идеите се капитал, го отвораме бизнис-секторот, го правиме достапен за сите и повикуваме на натпревар на идеи и конкурентност.
- Поврат на персоналниот данок на доход за сите нововработени под 29 години, во првите две години.
- Продолжување на мерката за **3.000** денари месечен младински додаток во производството за вработени млади лица до 23 години со завршено најмалку средно образование.
- Се укинува данокот на личен доход (познат како персонален данок, и се спроведува како враќање на данок) за категорија обука, квалификации, добивање лиценци (стриктно дефинирани само за дејноста на компанијата) кои ќе овозможат подобрување на квалитетот на работната сила со која располагаат компаниите.
- Целосна промена на системот за плаќање и за висината на фирмарина, согласно големината на претпријатието, бројот на вработени и годишните приходи.
- Ќе ја укинеме фирмарината за првите две години за сите новоосновани компании.
- Укинување и драстично намалување на трошоците за добивање правна документација за потребите на бизнисот (документи од Централен регистар, Царина, документација за учество на тендери и останати државни институции). На пример: драстично намалување на цената за издавање тековна состојба.
- За **75%** се намалуваат парафискалните давачки. Преку дијалог со стопанските комори ќе се ревидираат парафискалните давачки што го оптоваруваат стопанството и истите ќе бидат јавно прикажани преку регистар на парафискални давачки и нивелирани согласно големината на стопанските субјекти. Регистарот на парафискални давачки ќе биде редовно ажуриран и дополнуван, со што компаниите во секое време ќе имаат увид и ќе можат соодветно да ги планираат своите финансиски активности.
- Ќе го укинеме надоместокот за поврзување на фискалниот апарат со серверите на УЈП и надоместокот за контрола на промет што го врши УЈП. Прецизно ќе се регулира

сервисирањето на фискалните апарати кај претпријатијата и тоа ќе биде бесплатно за сите трговски субјекти што користат фискални апарати. Ќе го зголемиме временскиот рок за менување на СИМ-картичка од фискална каса од една година на 3 години.

- Проект **„Ѕвезда плус“** – Ќе овозможиме државни субвенции во висина од 50% од инвестицијата за секој регистриран угостителски капацитет што има намера да добие еден степен повисока категоризација на неговиот објект, во сите клучни туристички места.
- Во функција на намалување на трошоците на компаниите ќе воведеме максимален износ на цената на задолжителните систематски прегледи на вработените.
- Воведување на европски стандарди во осигурување од автомобилска одговорност преку:
    - Воведување либерализација или слободно формирање на цените за АО;
    - Намалување на цената на зелениот картон, како производ на либерализирањето на цената на АО;
    - Решавање на проблемот со неосигурени возила.
- Ќе овозможиме почеток на имплементација на системот за враќање на данок на додадена вредност - tax-free refund за странските туристи во државата, со што ќе придонесеме за зголемување на прометот и продажбата во државата.
- Ќе продолжиме да го унапредуваме системот за поддршка на еколошки возила (со фокус на електрични и хидроген возила) и за возилата со пониска до средна вредност преку укинување или намалување на даночните и неданочните давачки (како данок за возила, ДДВ, царина, трошоци за регистрација, патарини итн.). Силно ќе се посветиме на регулирање на пазарот на половни возила и заштита на потрошувачите преку систем за проверка на квалитетот и декларираните параметри на возилото, како и воведување казнена одредба поврзана со измами на поминатиот број километри на возилото.
- Ќе воведеме закон за личен стечај како модел за заштита на животните потреби на должникот преку неизвршување на неговиот долг во определена висина, спречување на нови задолжувања, но и на доверителите, кои ќе можат да наплатат реална вредност. Со ваков закон нема да се креира систем на должничка спирала.
- Ќе овозможиме хоризонтална поврзаност на сите даночни сметки – можност за пребивање на различни типови даноци за правните лица.
- Ќе објавуваме редовно, бела листа на даночни обврзници, односно компании кои редовни ги исплаќаат своите даночни обврски.
- Во Законот за финансиска дисциплина ќе ги вклучиме и државните и владините институции и ќе ги изедначиме со обврските на приватниот сектор.
- Донесување на нов Закон за е-трговија во функција на регулирање на бизнисот и сузбивање на нелојалната конкуренција и даночната евазија. Со овој закон значително треба да се регулира е-трговијата преку воведување на одредби за е-фактура, е-фискална сметка и е-плаќање. Овој закон треба да обезбеди големи погодности за микро, малите и средните претпријатија и нивно вклучување во глобалните синџири на снабдување и глобалната трговија.

- Ќе формираме инкубатори за развој на МСП финансирани од државата со посебен акцент на ИТ компании. Во овие инкубатори ќе обезбедиме сметководство, правници и редовни менаџмент обуки.
- Ќе иницираме и ќе создадеме услови за развивање на ризичниот капитал како висококвалитетен извор на финансирање и советување. Ќе донесеме посебен закон за бизнис ангели и ќе го измениме и дополниме Законот за инвестициски фондови, со што значително ќе ги намалиме ограничувањата за основање за инвестициски фондови. Ќе овозможиме формирање на хибридни фондови на ризичен капитал, односно ќе се предвидат фондови во кои покрај владата, како инвеститори ќе можат да се појават и институционални и приватни инвеститори, корпорации, банки, пензиски фондови и бизнис ангели.
- Ќе ги субвенционираме трошоците на извозните компании кои поседуваат TUV и CE сертификат за производите за настап на еден саем годишно во Европа и еден саем годишно по избор во САД, Африка или Азија, во висина од 50% од трошокот за учество.
- Ќе ја докапитализираме Развојната банка на Северна Македонија и ќе овозможиме јасни, мерливи и ефективни инструменти за финансирање на извозните потреби на компаниите, односно директно финансирање на извозот и зголемување на неговиот обем и конкурентност на македонските производи и услуги.
- Помош на почетниците во исполнувањето на регулативните барања. Централниот регистар на трговските друштва задолжително ќе им издава „Информатор" со сите битни информации за водење бизнис. Информаторот ќе содржи податоци за потребните документи кои треба да ги има едно трговско друштво, постапката за регистрација за ДДВ обврзник, кои услови треба да ги исполнуваат согласно барањата на инспекциските контроли, права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи, можностите кои ги овозможува државата за субвенционирање и поддршка на претпријатијата, начини на пристапување и обезбедување на документација од државни институции и останати информации кои ќе им ја олеснат работата на претпријатијата.
- Спроведување на информативни кампањи за регулаторните барања со кои се соочуваат претприемачите, преку кои ќе се постигне поголема транспарентност и соработка меѓу бизнис секторот и државата. Исто така, ќе се организираат кампањи за пристап до претприемништво и подигнување на свеста на национално, регионално и локално ниво во соработка со сите засегнати страни, користејќи ги медиумите и просторите за јавен дијалог за пренесување на поддршката за претприемништво.
- Борба против нелојалната конкуренција и заштита на регистрираните вршители на дејност.

  Преку соодветни мерки ќе се оневозможи вршењето дејност која не е регистрирана и ќе го усогласиме Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност со сите закони по кои постапуваат инспекторатите. Резултатот од наведеното ќе биде намалување и елиминирање на сивата економија и нелојалната конкуренција со која се соочени регистрираните приватни компании, трговци поединци кои ги почитуваат законите, плаќаат даноци, исполнуваат стандарди и прописно ги пријавуваат и плаќаат вработените.

- Понудуваме стратегии за директна поддршка на женското претприемништво, како и на младинското претприемништво преку грантови во висина од **5.000 до 15.000 евра** за почеток на сопствен и нов бизнис. Заедно со другите мерки за обуки, усовршување и доквалификација, ќе ги поттикнеме жените да земат активно учество во економските текови на државата.
- Субвенционирање на алтернативен и културен туризам.

  Археолошките локалитети ќе се оспособат и ќе бидат достапни за посета на домашни и странски туристи. Соодветно ќе се оградат локалитетите, ќе се постават информативни табли, ќе се овозможи паркинг и ќе се постават канделабри, сувенирници, угостителски објекти. Со тоа ќе овозможиме вработување на туристички водичи, а за таа цел ќе го оспособиме локалното население. Ќе овозможиме користење на бесплатен државен wi-fi со кликнување на линк што ќе води до промотивна страна на општина, на реон, на влез во држава, на стојалишта и бензински пумпи.
- Во функција на искористување на растечката побарувачка за профилиран планински туризам, предвидуваме формирање на посебна Канцеларија за планински туризам и планински содржини, задолжена за дефинирање и управување со очекуваните домашни, јавни и приватни, и странски инвестиции, апликација на систем на промени во овој сегмент и позиционирање на државата на регионалниот и европски интегрален планински туризам. Оваа Канцеларија ќе го постави како фокус развојот на Шар Планина, Маврово, Пелистер и Галичица. Дополнително, ќе ги започнеме подготовките за развој на туризам на Царев Врв на Осоговските Планини, како централна точка за зимски и планински туризам.
- Изедначување на работното време на угостителските објекти до 1 часот по полноќ за сите 365 дена во годината, но со стриктно почитување и засилена контрола за почитување на правилата за бучава.
- Изработка на iOS и Android апликација за туризам во МК, поделена по сектори (лето, зима, планинарење, велосипедизам, кампинг, археолошки наоѓалишта, вински тури...), по примерот на информацискиот систем за просторно планирање – SPIS.
- Збогатување на туристичката понуда на државата и отворање нови работни места преку издавање дозволи за глам-кампови, ресорти, адреналински зони по езера, планини и олдтајмер рент-а-кар лиценци по градовите.
- Реконструкција на сите постоечки планинарски домови и изградба на нови со дефинирање на модел за управување и инвестирање во нив и трасирање и промовирање на официјални планинарски патеки.
- Воведување на иновативни модели во конципирање на „здравствен" и „пензионерски" туризам за домашните и странските пензионери, по примерот на успешните практики на развиените туристички дестинации.
- Маркетинг-кампањи за промовирање на државата како место за уживање и препознатлив и растечки туристички бренд. Стимулација на економски субјекти кои финансираат/спонзорираат домашно продуцирани видео материјали за промоција на државата. Ова посебно се однесува на финансирањето документарни емисии кои преку видео материјал ќе документираат изградба на големи инфраструктурни

проекти, како и природните убавини на државата.

- Ќе воведеме забрана за користење пластика за една употреба и преструктуирање на секторот за производство во еколошки прифатливи норми.
- Ќе обезбедиме бесплатна едукација за енергетска ефикасност на комерцијалните и индустриските потрошувачи за менаџирање на енергијата и како да се рационализира потрошувачката на енергија.

## *Трансформација базирана на иновации*

Македонската економија мора да се ТРАНСФОРМИРА и да биде упатена на ИНОВАЦИИ во сите сегменти. #Трансформацијата и иновативната економија се базираат на структурирање и насочување на економските политики кон развој на бизниси со поголема додадена вредност и поширок (регионален, европски и глобален) пристап и потенцијал.

Трансформацијата подразбира нов пристап во работење на клучните институции, отвореност и соработка со клучни партнери од деловниот сектор, образованието и НВО, како и нови програми, со воведување на индикатори за успешност за институциите, како основа за оценка и натамошно финансирање.

Ние немаме време и избор, освен да ги аплицираме иновациите во сите сектори на економијата, но и во јавниот сектор. Само на тој начин, ќе бидеме конкурентна, растечка, развојна и одржлива економија.

Ќе креираме и Стратегија за зајакната социо-економска кохезија, преку праведна трансформација на работните места и прогресивна дигитализација.

## *Во изминатите три години, остваривме рекорден напредок видлив низ сите бројки!*

- Близу 65 милиони евра нови инвестиции во приватниот сектор, претежно кај компании во македонска сопственост.
- Поддржани и во фаза на потпис на договор, 350 микро, мали, средни и големи компании.
- Над 1.500 лица се ангажирани на реализација на проектите како вработени и надворешни експерти и советници, со просечна плата од 40.000 денари.
- Компаниите вработуваат близу 15.000 вработени.
- 50% просечен пораст на приходите, 60% просечен пораст на добивката, 27% просечен пораст на платите и 40% раст на вработувањата во споредба со периодот пред почеток на инвестицијата.
- 52 основни и средни училишта користат средства за реализација на истражувачки проекти.
- Над 500 ученици и 100 ментори се вклучени во проектите.
- Над 15 милиони денари обезбедени за поддршка на талентирани ученици за истражувачки проекти, како и учество на регионални и меѓународни натпревари.

- Формирана првата „Ингрупа“ од 22 старт-ап компании со потенцијал за брз раст во рамки на Програмата за самовработување во 2019 година.

## *Тоа го оствaривме низ системски пристап и конкретни програми!*

- Воведена програма за финансиска поддршка на технолошкиот развој на компаниите, со што е овозможен поинтензивен влез и примена на нови технологии во работењето.
- Проширена рамката за финансирање на комерцијализација на иновации, преку зголемување на износот на поддршка и опфат на компании подобни за нејзино користење.
- Воведена можност за аплицирање на ПЗУ во програмите на Фондот.
- Воведена програма за финансирање на истражувачки проекти во основни и средни училишта.
- Отворени три бизнис-технолошки акцелератори, со што се пилотира и концептот на еквити финансирање за старт-ап компании.
- Старт на реализација на Проект за изградба на научнотехнолошки парк во Скопје (во тек).
- Воведување на иновативни ваучери, за потесна соработка на економијата и академскиот сектор.
- Воведен инструмент за Примена на иновации во јавен сектор (ПристАПП): Проект за изработка на нов софтвер за автоматско процесирање на барања за доделување на транспортни дозволи.
- Почеток на тестирање на ефектите од ИН група, како дел од програмата за самовработување, што се фокусира на поддршка на млади лица со бизнис-идеи со потенцијал за брз раст во основање и финансирање на нивниот бизнис;
- Воспоставена соработка со деловните банки преку Македонската банкарска асоцијација која има за цел олеснување на пристапот до финансиски средства на компаниите со иновативни бизнис-идеи.

## *Воведовме препознатлив и современ систем на организација:*

- Воведена техничка помош за бесплатни советувања со цел подготовка на апликации за потенцијални апликанти од областите на иновациски менаџмент, анализа на пазар, заштита на интелектуална сопственост и други области по барање на компаниите.
- Вклучување на домашни стручни лица (над 200 лица) во системот на предевалуација на проектите, структурирани во 22 области од економијата.
- Воведен систем на евалуација и избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции, со вклучување на стопанските комори во процесот на евалуација и избор.
- Воведена можност за произнесување на апликантите кон забелешките од процесот на евалуација, пред носењето конечна одлука.
- Воведена Fast track процедура за аплицирање за компании што во претходен повик не успеале да обезбедат кофинансирање со што значително се скрати времето од аплицирањето до добивањето одлука и рационализација на ресурсите на компаниите.
- Воведен систем на учество на реномирани меѓународни ревизорски куќи во следење на реализација на проекти и контрола на наменското трошење на средствата.
- Воведен систем за проценка на ефектите од вложувањата врз основа на утврдени KPI (Key performance indicators) во компаниите.
- Одржливост на среден рок: воведен систем на поврат на средства од програми финансирани од Владата преку учество во приходите остварени по завршување на инвестицијата.

# АГЕНДА 20-24

## *Модел на одржливост и проширено финансирање*

- Зголемување на обемот на финансиска поддршка за домашните компании преку Планот за економски раст од 25% секоја година во однос на претходната.
- До крајот на 2024 годишното ниво на финансиска поддршка ќе достигне 35 милиони евра (во споредба со 15 милиони евра во 2020). Ќе обезбедиме над 115 милиони евра за пет години.
- Согласно принципот на кофинансирање и постојниот сооднос помеѓу Фондот и компаниите, со овие средства би се поттикнал инвестициски циклус, само преку третиот столб од Планот за економски раст, во економијата од најмалку 225 милиони евра.

- Воведување на развојна обврзница како проверена практика за своевидно соинвеститорство на граѓаните и бизнисот во иновативниот развој на економијата.

Ќе ја воведеме за 6 месеци со цел финансирање развојни проекти во кои има поврат на средства од приходи, односно намалување трошоци, поттикнување развој - зголемување на продуктивност и модернизација на процесите на производство (инфраструктура, кофинансирање на инвестиции во приватен сектор, енергетска ефикасност и дигитализација на јавен сектор). Како извор на финансирање на развојната обврзница треба да се искористат депозитите на граѓаните и фирмите во деловните банки.

- Анализа и постепена либерализација на инвестициските политики на приватните пензиски фондови во вториот и третиот столб на капитално финансирано пензиско осигурување.

Анализата треба да се изработи во соработка со меѓународна финансиска институција и/или европски партнер (ЕИБ, Европска комисија) и треба да утврди оправданост, а со тоа и модел за постепено зголемување на износот на средствата (% од портфолио) што фондовите може да го вложуваат во проекти што имаат потенцијал за повисок поврат на средства. Таквиот пристап е директно поврзан и со воведувањето на моделот на „животни циклуси“ и воведување на ризично портфолио, кое за младите пензиски осигуреници ќе овозможи повисоки приноси на вложувањата и, второ, конзервативно, за постарите осигуреници кои се ориентирани кон понизок ризик.

- Проширен модел, со вклучување на приватни инвестициски фондови.

Значаен поттик за влез на странски инвестициски фондови ќе биде формирањето на посебен еквити фонд во 2020, како дел од Планот за економски раст. Со еквити фондот е предвидено да управува друштво за управување со фондови, избрано на меѓународен повик. Со условите за избор на друштво предвидено е, покрај средствата од државата, друштвото да вложи и сопствени, односно средства од приватни инвестициски фондови.

- До крајот на 2020 година ќе заврши и процесот на анализа и препораки за натамошно зајакнување на Фондот за иновации и технолошки развој, негова трансформација и обезбедување на одржливост на поставените механизми за поддршка и резултати на среден и долг рок. Овој процес се реализира со поддршка од Светска банка и Велика Британија. Со овој процес, ќе се овозможи и влез на странски инвестициски фондови како стратешки партнери на Фондот во поддршка на економскиот раст, базиран на иновации и воведување нови технологии.

Со двата процеса, државата како постојан и иден инвеститор ќе има директен поврат од вложените средства (согласно сопствените политики и мерки), притоа овозможувајќи спроведување и на други развојни политики (поддршка и развој на таленти, поттикнување на истражување и развој...).

## Модел во кој Република Северна Македонија е регионален старт-ап и истражувачки центар

- Регионален акцелератор за старт-апи

Со воведување на регионалниот акцелератор, и тоа во рок од 6 месеци од објавата на првиот повик, ќе се прошири опфатот на апликанти и на земјите од Западен Балкан. Со овој чекор, ќе се овозможи Северна Македонија да стане регионален центар за развој на нови бизниси за млади претприемачи, со потенцијал за брз пораст. Дополнително, со соодветни критериуми за аплицирање ќе се стимулира поврзување на бизнис идеите од повеќе земји од регионот, а со тоа и проширување на „стартниот" пазар од 2 на 17 милиони потрошувачи.

Како модел за реализација на програмата и следење на проектите ќе се користи постојниот модел на поддршка на старт-апите и акцелераторите, развиен и пилотиран во изминативе две години во Северна Македонија.

- Научно-технолошки парк

Научно-технолошкиот парк во Скопје започна со работа во март 2019 година, со почетокот на работењето на бизнис акцелераторот, како еден од трите столба. Во меѓувреме, пилотирани се програми во другите два столба: дигитализација на општеството и трансфер на технологии.

Проценетата вредност на инвестициите во физичка инфраструктура, според Студијата за изводливост подготвена од експерти од ЕК, реализирана за потребите на Фондот, изнесува околу 80 милиони евра. Научно-технолошкиот парк ќе биде целосно функционален до 2025 година. Во прва фаза веќе е изработен идеен проект за нов простор за старт-ап компании, што треба да се реализира во 2020 година.

Дополнително, Фондот веќе започна со подготвителни активности за планирање на просторот (дел од комплексот на технички факултети при УКИМ + единици во останатите универзитети), обезбедување на потребни урбанистичко-плански документи и анализа и разговори со инвеститори во просторот.

## Регионален центар за истражување и дијагностика во медицината

- Со овој Регионален центар ќе овозможиме влез на нова технологија, знаење и целосно искористување на постојниот човечки потенцијал во делот на истражување и дијагностика во медицината. Проектот ќе се реализира до 2024 година со јавно-приватно партнерство, а во тек се подготвителни активности за планирање на просторот и обезбедување потребни урбанистичко – плански документи. За реализација на оваа и други активности во делот на медицината, Фондот и Министерството за здравство веќе потпишаа Меморандум за соработка со државата Израел. Проценета вредност на инвестицијата е 20 – 25 милиони евра.

Ние не застануваме само на наведените иновативни модели за трансформација и развој на економијата. Нам ни е потребен континуиран модел на отворени иновации, вклучително и во јавниот сектор. Целосно се посветуваме, со странските и домашните знаења, да креираме и нови дополнителни модели за функционирање на клучни процеси. Целта е да понудиме подобар квалитет и реализација на јавни расходи и капитални инвестиции, токму преку воведување нови (иновативни) модели на работење во институциите. Конкретно, се разработуваат моделите за:

- **Воведување на ITF - investment task force за секоја позначајна капитална инвестиција.**

Во рок од 3 месеци во групата ќе се вклучат домашни и странски бизнис-лидери/менаџери, што ќе бидат платени по исполнување на таргети за реализација на инвестицијата. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на институцијата задолжена за спроведување на инвестицијата, а тимовите ќе работат како посебна единица. Ангажманот на лицата ќе се врши на меѓународен оглас, а изборот и следењето на работата ќе биде во надлежност на работно тело во кое ќе се вклучат меѓународни финансиски институции, Владата, претставници на деловниот сектор (стопанските комори) и други субјекти, по потреба.

- **Буџетско финансирање по принципот на исполнување на развојни индикатори (smart KPI).**

Секој ресор ќе има свои развојни индикатори што ќе се дефинираат на почеток на годината и ќе се следат квартално. Преку мерење на процентот на реализација на индикаторите, ќе се одобруваат износите на средства за следниот квартал. Целта ни е да ги поттикнеме институциите да го зголемат процентот на реализација на годишните програми (буџетот не им е однапред обезбеден, односно истиот е условен) и тековно алоцирање на средства онаму каде има капацитет и способност за реализација (враќање во економијата/граѓаните). Ова ќе го тестираме во неколку пилот институции и ќе го воведуваме етапно.

- **Финансирање на програми за развој на деловни способности на постојните тимови во компаниите.**

Огромно внимание ќе посветиме на буџетската ефикасност и начинот на конципирање и реализирање на капиталните инвестиции. За таа цел, ќе воведеме иновативен концепт и ќе креираме посебно тело или **Capital Investment Task Force Unit.** Во групата ќе се вклучат домашни и странски бизнис лидери/менаџери, што ќе бидат платени по исполнување на таргети за реализација на инвестицијата. Моделот ќе се пилотира за 6 месеци и ќе продолжи по научените лекции. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на институцијата задолжена за спроведување на инвестицијата, а тимовите ќе работат како посебни единици. Ангажманот на лицата ќе се врши на меѓународен оглас, а изборот и следењето на работата ќе биде во надлежност на работно тело во кое ќе се вклучат меѓународни финансиски институции, Владата, претставници на деловниот сектор (стопанските комори) и други субјекти, по потреба.

Дополнително, иновативниот концепт ќе се заокружи и со модел на буџетско финансирање по принципот на исполнување на развојни индикатори (smart KPI).

## Развиваме држава во која младите се рамо до рамо со нивните врсници од Европа

За да ја вратиме довербата на МЛАДИТЕ во извесна и сигурна иднина во нашата држава, продолжуваме со зголемување на нивната вработеност. Во изминатите три години реализиравме голем број на мерки и политки со кои ја зголемивме понудата на работни места и го олеснивме патот до прво вработување на младиот човек.

## Убедени сме дека стапката на невработеност на млади од 15-29 години значително ќе се намали, на ниво под 17% до 2024 година.

## За таа намена се презедоа бројни мерки, како:

- Оперативниот план за вработување во 2018 година имаше успешна реализација од 95 проценти, а беа опфатени 6.349 лица од кои 3.340 или 53% од учесниците беа млади лица до 29 години. Со програмата „Самовработување" беа доделувани грантови во висина од 5.000 до 10.000 евра, преку која сопствен бизнис отворија 1.191 лице.
- Во 2019 Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување „Шанса за сите", е со буџет во висина од 1,1 милијарда денари, како и со најголем опфат на корисници, односно 2.000 корисници повеќе од минатата година. Вкупно се потпишани 1.484 договори за самовработување, од нив 557 лица, односно 38% се млади лица до 29 години.
- Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2020 година е со најголем буџет досега 1,3 милијарди денари, односно 200 милиони повеќе од 2019 година.
- Отворени се три бизнис-акцелератори во кои свое учество има државата преку Фондот за иновации и технолошки развој со одвоени 3,4 милиони евра.
- Преку јавниот повик „Стартапувај" на ФИТР се поддржуваат младите луѓе и нивните иновативни бизнис-идеи. Во 2019 се обезбедија средства во висина од 1,8 милиони евра, со кои беа наградени 48 проекти и доделени грантови за основање на старт-ап бизниси, преку кои во старт беа отворени 45 нови работни места.
- 3.000 денари месечно младински додаток за вработени млади лица до 23 години со завршено најмалку средно образование кои работат во производството.

## ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД:

- Ќе донесеме Закон за младинска гаранција со што ќе се институционализира оваа форма на поддршка на младите до вработување.
- Ќе формираме фонд за стипендирање на млади луѓе за потребите на занаетчиството.
- Воведуваме практична настава во средните стручни училишта, која учениците задолжително ќе ја спроведуваат во реалниот сектор. За таа цел, работиме на модели преку соработка со сојузите на стопански комори и локалната самоуправа.
- Дополнително, се посветуваме на промовирање на претприемништвото преку изборни и дополнителни наставни активности и посети на претставници на деловните субјекти во средните училишта и воведување на претприемнички тренинг-курсеви и обуки за професорите.
- Ќе организираме и ќе поддржиме младински натпревари за претприемништво. Најдобрите ќе добијат награди и финансиска поддршка од државата.
- Ќе се стимулира и конкретизира соработката на т.н. **triple helix**, при што универзитетите, бизнис заедницата и Владата заедно да ги подготвуваат наставните програми, кои ќе бидат вистински - одговор на потребите и барањата на пазарот на трудот.
- Ќе донесеме закон за поддршка на социјално претприемништво, со фокус на младите и жените, и со отворање на три центри за поддршка на социјални претпријатија.
- Ќе им овозможиме на редовните студенти да стапат во редовен работен однос, определен број часови – опција која им е на располагање на студентите во најголем број европски земји.
- Ќе ги унапредиме програмите за вработување и вклученост на пазарот на труд на младите преку иновативни старт-ап бизниси, субвенционирање на занимања кои се барани на пазарот на трудот и обуки за стекнување квалификации.
- Целта ни е да воведеме конкретни мерки за инклузија на младите на пазарот на трудот како „Работи да заработиш", „На работа, на труд" за ученици и студенти во вид на моделот на „part time job".
- Се обврзуваме да организираме бесплатни тренинг курсеви и стекнување „меки вештини" за програмирање, графички дизајн, учење јазици, за финансиска писменост, за тргување и вложување во акции, сметководство, претприемништво итн., преку ваучери за учениците и студентите.

*За запирање на #BrainDrain*
*и враќање на младите дома,*
***ќе создадеме:***

## #ФондЗаМладиУмови

Фондот за млади умови е започната иницијатива со веќе неколку функционални програми. Во новиот мандат, за 3-6 месеци ќе го усвоиме новиот модел за финансиска поддршка во повеќе сегменти на развојот на критичкиот и креативниот потенцијал кај децата и младите. На развој на моделот се работеше во поголемиот дел од 2019 година, со целосно вклучување на ученици, родители, професионални здруженија и училишта. Во рамките на оваа иницијатива ќе се предвиди и посебна програма за вклучување млади луѓе што заминале од Северна Македонија, а оствариле резултати во својот ангажман во науката, бизнисот и други области. Тие ќе се ангажираат како ментори, со цел пренесување на стекнатите знаења и искуства на децата и младите во државата.

## Start-Up Village

Во поранешното „Македонско село" (кое сега е сопственост на државата), ќе формираме „Старт-ап село" („Start-Up Village") кое ќе нуди физички простор за живеење и работа на млади луѓе со започнат или бизнис во подготовка.

Простор во Start-up village може да користат и старт-ап компании од регионот, учесници во регионалниот бизнис-акцелератор, како и млади луѓе од Северна Македонија, кои заминале во странство, а ќе решат да го пренесат и/или да започнат свој бизнис дома. Трошоците за одржување и инвестиции во овој простор ќе се базираат на приходи остварени од инвестиции во старт-ап компании, како и наем на простор за странски фондови/инвеститори со интерес за вложување во старт-ап компании. Планот ни е приемот на првите „станари" да биде во рок од 12 месеци.

Дополнително, во 5 града ќе искористиме постоечки државни простори како простори за co-working кои ќе им стојат на располагање на старт-апи формирани од млади кои нема да мора да прават административни и логистички трошоци.

СДСМ

## Грантови за истражувачка дејност со потенцијал за комерцијализација

Во рок од 12 месеци ќе започнеме со грантови за истражувачка дејност со кои ќе се опфатат високообразовните институции и ќе се поттикне нивен ангажман за поддршка на забрзан раст, базиран на иновации. Со оваа програма ќе се зајакнат и капацитетите на универзитетите за поголемо вклучување и користење на програмите на ЕУ за истражување и развој од новата финансиска перспектива 2021 – 2027. Кон оваа програма ќе се надоврзат соодветни чекори за трансформација на институционалната поставеност во секторот наука, за што ќе се искористат искуства и експертиза од членки на ЕУ.

## Старт-ап амбасадори

Во рок од 9 месеци ќе воспоставиме мрежа на старт-ап амбасадори од луѓе кои живеат и работат во Северна Македонија со луѓе кои живеат и работат во поголеми технолошконапредни центри во Европа и светот. Амбасадорите се млади луѓе што ќе служат како мост за промоција на македонски старт-ап компании пред потенцијални странски компании и вложувачи. Наместо досегашниот концепт на „промотори", што предвидува трошоци за сместување, работа и плата, концептот на старт-ап амбасадори предвидува значително намалени обврски за државата (не повеќе од 500 до 800 евра месечно), со можност лицето да заработи од секое реализирано вложување во старт-ап компанија и/или остварен пласман на надворешниот пазар.

Со овој концепт ќе се овозможи искористување на потенцијалот на младите што веќе заминале надвор од земјата и се активни учесници во екосистемот на развиените центри во Европа и светот, со крајна цел, нивна помош во трансформацијата на македонската економија, враќање и интегрирање во новиот економски модел.

## Градиме систем во кој трудот на работниците се вреднува и плаќа

**ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ** за нас претставуваат најголема обврска и одговорност. За раст и развој потребни се знаења и задоволни работници, кои знаат дека се праведно наградени и вреднувани за вредноста што ја создаваат во нашата држава.

За неполни 3 години успеавме да ја зголемиме минималната плата за 5.500 денари и таа денес изнесува 14.500 денари. Просечната плата денес е повисока за најмалку 4.400 денари во однос на онаа од пред три години.

Го вративме достоинството на вработените во виталните сектори на јавната служба преку зголемување на платите во здравството за 40%, во секторот на социјалната заштита за 27%, во детската заштита за 31,5%, во образованието за 20%, а во Армијата за 16% .

- Се обврзуваме за време на кризата да ја задржиме висината на минималната плата во висина од 14.500 денари.
- По завршувањето на кризата, СДСМ се враќа на своите докажани принципи – раст на минимална плата до крајот на мандатот во висина до 40%, во зависност од должината и влијанието на епидемијата врз светската и домашната економија.
- Просечната плата до крајот на мандатот ќе порасне до 30%, исто така во зависност од времетраењето и ударот на епидемијата врз светската и домашната економија.
- Ќе продолжиме да вложуваме во подобри човечки ресурси, во знаење и поправедна цена на трудот преку понатамошно субвенционирање на придонесите за фирмите што ќе ги зголемат платите на своите вработени од 600 до 6.000 денари.
- Ќе обезбедиме поддршка за платите на сите работници и работнички, вклучувајќи ги и самовработувањата, да останат на исто ниво како и пред глобалната пандемија.

Успехот е видлив и неспорен. Креиравме нови 60.000 работни места, пред сè во реалниот сектор, со што стапката на невработеност достигна рекордно ниско ниво од 17,1%. Ги зголемивме средствата за активните мерки за вработување за трипати споредбено со 2016 година и во 2020 обезбедивме 1,3 милијарди денари за Оперативниот план.

- Секоја година ќе вложуваме нови 2 милијарди денари во активните мерки за поддршка на вработување и самовработување, а сумата ќе се зголемува процентуално со пропорционалниот износ на вработени кои ги изгубиле работните места поради глобалната пандемија.
- Во Оперативниот план ќе се креираат програми за поддршка на домашно производство во секторите кои исклучително зависеа од увоз на клучни репроматеријали.
- Секоја година ќе ја намалуваме невработеноста за 3% (како и досега), додека по завршување на кризата предизвикана од корона вирусот ќе се вратиме на нашата цел од невработеност до 8%, односно ќе создадеме нови дополнителни 100.000 вработувања**.**
- Плаќањето на придонесите за вработените во најтешко погодените сектори од глобалната пандемија ќе ги одложиме до јануари 2021 годин со цел да се обезбеди ликвидноста на фирмите и да се осигура исплатата на нето платите.

- Ќе овозможиме намалување на работното време за повозрасните работници:
    - Жени работнички со навршени 60 години старост да работат 6 часа (ја задржуваат целата плата) до пензија; мажи работници со навршени 62 години старост да работат 6 часа (ја задржуваат целата плата) до пензија;
    - Ќе воведеме можност државата да субвенционира ангажман на млади кадри кои ќе ги заменуваат во преостанатите 2 часа.
- Ќе го уредиме работниот однос на определено време – со што договорот за вработување на определено време да биде исклучок, а не правило. Следствено, договорите за вработување на определено време ќе бидат со максимално траење до 12 месеци со директна трансформација на неопределено време по истекот на тој период.
- Истовремено ќе ги регулираме различните видови договори за вработување, пред сè договорот за работа од далечина, како „атипична" форма на вработување.
- Ќе ја доуредиме сезонската работа, во насока на зголемување на периодот на сезонска работа, како и поголема договорна слобода, односно можност работодавачот да плаќа придонеси или надомест за сезонските работници во несезонскиот период.
- Ќе воспоставиме ваучер-систем за плаќање на социјалните придонеси за сезонските работници, со што директно ќе влијаеме за намалување на сивата економија и заштита на оние „невидливи вработени" кои извршуваат работи, а не можат да остварат никакви бенефити ниту законска заштита.
- Целосно ќе го реформираме Државниот инспекторат на трудот за брзо и транспарентно решавање на кршењето на работничките права.
- Ќе креираме механизам за надзор за целосно остварување на правото за годишен одмор на сите работници и работнички како во јавниот така и во приватниот сектор.
- Ќе креираме механизам за спречување на избегнувањето на плаќање на К-15 на вработените.
- Ќе воспоставиме единствен систем за проценка на работна способност со што ќе се олесни остварувањето на правата за попреченост и ќе се спречи злоупотреба на инвалидските пензии во државата.
- Ќе донесеме нов закон за безбедност и здравје при работа кој вистински ќе ги штити здравјето на работниците и истиот ќе го усогласиме со новите стандарди предизвикани од глобалната пандемија.
- За времетраењето на глобалната пандемија, сите работници со прекин на работен однос, ќе имаат право на паричен надоместок во висина од 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеци.

# 1.2 ЕВРОПСКА ИНФРАСТРУКТУРА - ПРЕДУСЛОВ ЗА РАСТЕЧКА ЕКОНОМИЈА И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Целосно ја препознаваме важноста на инфраструктурата како основа за директни инвестиции, конкурентност на економијата и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. За нас е особено важен и квалитетот на инфраструктурата што ја создаваме. Една патна мрежа треба да ги задоволи потребите за мобилност на луѓето и транспортот на стоките, со што ризикот од незгоди и влијанието врз животната средина да бидат сведени на минимум, а притоа да стимулира економски раст.

Токму поради ова, со нашите успеси во инфраструктурата покажуваме дека сме суштински различни од претходниците. За 11 години, колку што беа на власт, ВМРО-ДПМНЕ недомаќински потрошија над 700 милиони евра народни пари наменети за спорниот, неквалитетен и коруптивен проект Скопје 2014. 700 милиони евра за жални врби, барок од стиропор, неквалитетна изработка што набрзо резултираше со објекти чии лик и невкус го поклопија централното градско јадро на главниот град.

Целосно поинаку, ние во нашата програма во 2016 година ветивме вложувања од 3 милијарди евра за десет години и 600 милиони евра во патната инфраструктура во првите две години. Денес можеме да потврдиме дека за три години Владата предводена од СДСМ инвестираше речиси 1 милијарда евра во изградба и реконструкција на патишта, што претставува една од рекордните инвестиции во изминатите три децении.

Нашиот концепциски пристап кон капиталните инвестиции и развојот на инфраструктурата е истраен, темелен, слоевит и издржан. Имаме јасно поставена рамка преку која ги идентификуваме и приоритетизираме инвестициите во инфраструктурните потреби на нашата земја, а истовремено и го овозможуваме нивното реализирање.

Убедени сме дека и по вонредната состојба и кризата предизвикана од КОВИД-19, државата треба да продолжи по патот на високи инвестиции во инфраструктурата, пред сè поради јакнење на домашната економија и вбризгување на средства во градежниот сектор. До овој момент немаме намалување на динамиката во делот на изградбата на инфраструктурата затоа што сме убедени дека тоа е нова шанса за раст и развој на државата. Сите овие аргументи ни даваат за право да најавиме одржување на нивото на капиталните инвестиции во идниот период.

Нашите принципи во спроведувањето инфраструктурни проекти се јасни, а резултатите од нивното применување во секојдневната работа се повеќе од видливи:

- Обезбедуваме ефективно водство, солидно работење и економска ефикасност во поглед на безбедноста и издржливоста;
- Обезбедуваме создавање на нови работни места, градење капацитетите и трансфер на експертиза во локалните заедници;
- Во изградбата и планирањето ги земаме предвид важните општествени и еколошки влијанија;

- Во носењето на инфраструктурни, економски и развојни стратегии ги вклучуваме и аспектите на климатските промени и потребите на животната средина на национално и на регионално ниво.

Токму преку инвестициите во инфраструктурата, покажавме дека парите ги враќаме кај граѓаните и ги исправаме грешките на претходните криминални проекти што ги затекнавме по патиштата, а со цел да продолжиме со градење.

Резултатите од нашата работа во инфраструктурата се јасни: работиме одговорно, посветено и домаќински, со темелен пристап и голема сериозност. Останиваме посветени и продолжуваме да градиме.

Градиме по план, градиме квалитетна инфраструктура, а со тоа градиме и поквалитетен живот за сите граѓани. Ние сме на прав пат!

## На прав пат, на македонските нови ПАТИШТА

Економскиот развој, стабилност и комуникација со земјите од регионот и Европа директно зависат од транспортната инфраструктура. Брзи и безбедни патишта, како и пократко време за транспорт се главните елементи за модерна инфраструктура на една држава, а со тоа и задоволни граѓани.

Можеме да бидеме горди на фактот дека за три години:

- Ја завршивме изградбата на 75,2 километри автопатишта;
- Дополнително завршивме со рехабилитација на над 750 километри магистрални, регионални и локални патишта.

За споредба, нашите претходници од ВМРО-ДПМНЕ за цели 11 години завршија само 650 километри.

Во изминатиот период затекнавме огромни проблеми на трите започнати автопатски делници, Демир Капија - Смоквица, Миладиновци-Штип и Кичево - Охрид. Со напорна и посветена работа за рекордно време беа решени сите проблеми на автопатот Демир Капија-Смоквица и тој беше пуштен во употреба.

- Автопатот Миладиновци - Штип го преземавме со прогрес во работите од 53%, за година и пол ги решивме проблемите кои ги затекнавме на трасата и ги завршивме останатите 47% од автопатот. Денес овој автопат претставува модерно и безбедно решение за побрз економски развој на источниот дел од државата.
- Автопатот Кичево - Охрид е започнат со лоша и нецелосна проектна документација без проектирани клучки, без сериозни геомеханички истражни работи и без решена експропријација. Затоа, во моментов работиме на репроектирање на 25% од трасата на овој автопат, а обезбедивме средства за автопатот да се реализира со многу пониски цени од првичните кои ги затекнавме од ВМРО-ДПМНЕ.
- Направивме повеќе и од ветеното. Ги саниравме најприоритетните свлечишта и мостови.
- Саниравме, реконструиравме и изградивме 28 моста во државата и неколку критични свлечишта.

- Завршивме градежно-санациони работи на: мост на реката Вардар кај Удово, мост на магистралниот пат А2, на реката Вардар кај Сарај, санација на 8 моста на државниот пат А2 (делница од Гостивар до село Колари), санација на 16 моста на делницата Кочани – Делчево, санација на мост на државниот пат А3 на Коселска река во Охридскиот регион, мост на Луда Мара кај Кавадарци.
- За поголема безбедност во сообраќајот, работевме на санација на повеќе свлечишта низ државата. Веќе завршивме со санација на свлечиште на магистралниот пат А3, на обиколницата на Битола, свлечиште на делницата Радовиш – Конче, санација и расчистување на паднат одрон на А3, Кочани – Делчево.
- Поставивме осветлување и сообраќајни знаци на повеќе патни правци за поголема безбедност.
- Ги следиме европските проекти и работиме на модернизација на наплатните станици со можност за електронско плаќање. Досега успеавме да ја завршиме реконструкцијата и изградбата на: наплатна станица Романовце, наплатна станица Сопот, наплатна станица Отовица, наплатна станица Градско, наплатна станица Гевгелија, наплатна станица Петровец, а воедно ја завршивме изградбата на оперативниот центар Петровец.
- ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје со средствата обезбедени преку Програмата со ЈПДП има рехабилитирано вкупно 170,5 километри патишта.

Нашата мисија е да ја отвориме вратата на науката преку примена на сите нови модерни европски стандарди во изградба на патната инфраструктура со примена на ENO регулатива. Со примената на овие стандарди постигнуваме поголема безбедност во сообраќајот и подолг експлоатациски век на патната инфраструктура. Современите сообраќајни решенија налагаат модернизација на целокупната инфраструктура. Во таа насока активно работиме на интелигентен систем за транспорт на патиштата кој опфаќа управување со сообраќајот, видео-надзор над сообраќајот, информациски системи и технологија за сообраќај, како и објекти за управување со сообраќајот и контрола над него.

Со комплетна реализација на овој проектот овозможуваме да се постигне:

- Зголемување на безбедноста во транспортот;
- Подобро користење на транспортната инфраструктура;
- Намалување на времето на возење;
- Намалување на трошоците на превозниците;
- Намалување на негативното влијание врз животната средина.

СДСМ

# АГЕНДА 20-24

Нашиот план е продолжување на десетгодишната стратегија за развој на патната инфраструктура, модернизација и безбедност преку крупни инвестиции во висина од дополнителни две милијарди евра.

Ветуваме завршување на отпочнатите и изградба на целосно нови автопатски делници низ државата. Конкретно, се обврзуваме да ги градиме и изградиме следните:

## *Автопатишта во должина од 260 километри:*

- Велес - Прилеп – Битола;
- Струга – Требеништа;
- Струга – Ќафасан;
- Гостивар – Кичево;
- Кичево – Охрид (во изградба);
- Скопје – Блаце (во изградба);
- Тетово – Гостивар (проширување на постоечка делница).

## *Експресни патишта во должина од 300 километри:*

- Смоквица – Струмица – Ново Село;
- Обиколница Битола – Меџитлија;
- Штип – Радовиш (во изградба);
- Експресен пат Штип – Кочани
    - 1. Штип – Крупиште (во изградба);
    - 2. Крупиште – Кочани (во изградба);
- Експресен пат Куманово – Крива Паланка
    - 1. Куманово – Ранковце;
    - 2. Ранковце – Крива Паланка (во изградба);
- Делчево – Кочани;
- Градско – Прилеп (во изградба).

## *Локални патишта во должина од 950 километри*

Го продолжуваме проектот „Македонија без кал" преку којшто во изминатите три години работевме на изградба на локални патишта низ целата држава со цел подобрување на условите за живот.

Најавуваме преку силна динамика продолжување на проектот за кој обезбедивме **70 милиони евра,** пари што ќе бидат оставени на располагање на општините за изградба и реконструкција на локални патишта.

Преку оваа програма подготвуваме рехабилитација на преку **450 километри** локални патишта и улици, со што ќе овозможиме полесен и побезбеден пристап на граѓаните до болници, училишта, спортски објекти, културни и верски центри и други објекти од јавен и општествен интерес.

Секоја општина од овие 70 милиони евра ќе има на располагање финансиски средства во висина од 500.000 евра до најмногу 1.600.000 евра за изградба и санација на локалните улици и патишта.

Дополнително, Владата предводена од СДСМ ќе обезбеди финансиски средства за уште нови 500 километри локални патишта.

## *Рехабилитација на патишта во должина од 1 500 километри*

Досега многу постигнавме и многу вложивме во изградба на нова, но и во рехабилитација на постојната патна инфраструктура. Инвестиравме во рехабилитација на над 750 километри од постојната патна инфраструктура. Но, нема тука да застанеме.

Имаме прецизен план за понатамошни инвестиции, особено во рехабилитацијата на постојните патни правци, затоа што знаеме дека редовното одржување на патната инфраструктура е тоа што ја прави квалитетна.

Затоа, започнавме постапки за рехабилитација и реконструкција на повеќе од 30 постојни патишта.

- Во нашите планови се опфатени патишта што се важни во нивните локални средини, како што е случајот со патните врски во околината на главниот град: Катланово - Петровец, Хиподром - Петровец, Миладиновци - Петровец, Миладиновци - Хиподром, Скопје - Блаце.
- Во овој план е опфатен и патниот правец Катланово - Велес, а во Велешко се планира и рехабилитација на патниот правец Велес - Градско - Неготино - Демир Капија, со што се возобновува оваа значајна патна врска во централниот дел од нашата земја.
- Во југозападниот дел од земјата е предвидена рехабилитација на патните правци Битола - Демир Хисар, Крушево - Демир Хисар, Другово - Демир Хисар, што очекуваме позитивно да се одрази не само на економијата, туку и на зголемувањето на туристичкиот потенцијал на опфатените места.
- Дополнително, ќе се фокусираме и на правците Кривогаштани - Крушево, Крушево - Слива - Пуста Река, но и на патната врска помеѓу Битола и граничниот премин со Грција, Фаришка Клисура - Прилеп, Карпалак - Желино, Мислодежда - Збажди.
- Во околината на нашиот туристички бисер - Охридско Езеро, започнуваме со рехабилитација на патиштата Подмоље - Струга - Ќафасан и Охрид - Св.Наум.
- Во западниот дел од земјава се фокусираме на рехабилитација на патиштата Кичево

СДСМ

- Македонски Брод, Маврови Анови - Жировница, како и Никифорово - Леуново - Бунец.
- Предвидени се рехабилитации и на патиштата на релација Узем - Тораница, Македонска Каменица - Саса, како и рехабилитација на магистралниот пат Куманово - Страцин.
- Во источниот дел на земјава работиме на рехабилитација на патиштата Кочани - Пониква, Струмица - Берово, Свети Николе - Неокази.
- Ќе работиме и на рехабилитација на патиштата Кондово - Радуша и Гевгелија - Богданци.
- Работиме на проект за проширување на автопатот Гостивар - Тетово, а вршиме и рехабилитација на автопатот Табановце - клучка Т.
- Ги рехабилитираме и двата коловоза на автопатот Неготино - ТЕЦ Неготино, како и на автопатот на делот клучка Гевгелија - ГП Богородица.
- Го рехабилитираме автопатот во делот Стоби - Градско во двата правца, а вршиме рехабилитација и на автопатот Карпалак - Желино.

## Мостови

Во 2020 година започнуваме и со изградба на нови мостови кои ќе претставуваат олеснето и брзо поврзување на граѓаните.

Наскоро започнуваме со санација на повеќе мостови:

- Мост број 12 на Р1205 на р. Кратовска кај Кратово;
- Изградба на мост на река Пчиња на Р2136 кај село Средно Коњаре;
- Мост број 1 на река Пчиња на Р2244 кај село Драгоманце;
- Санациски работи на челичен мост на Р1204 делница Куманово - Свети Николе;
- Мост број 4 на Р2344 делница Чашка - Лисиче;
- Мост број 3 на Р1103 делница Лакавица - Неготино;
- Мост број 5 на река Треска на Р1301 на влез во Македонски Брод;
- Мост број 4 на Р1103 делница Лакавица - Неготино;
- Мост на Р2232 делница Ратавица - Злетово;
- Мост број 9 на Р1304 делница Виница - Берово.

## Свлечишта

Во изминатите три години работевме на санација на повеќе свлечишта што беа опасност за безбедноста на учесниците во сообраќајот. Тековно продолжуваме да работиме на санација на свлечиштето на патниот правец Маврово - Галичник, а во текот на 2020 година започнуваме со санација на следните свлечишта:

- Санација на свлечиште Кратово - Пробиштип, Р1102 Велес - Градско, Прилеп - Витолиште, Р2249 делница Мелничани - Горенци, Р1201 Џепиште - Требиште, Р2241 делница Лабуниште - Јабланица, Р1301 делница Охрид - Свети Стефан и Р1308 делница Претор - Маркова Нога;
- Санација на потпорни ѕидови на Р1202 кај село Јанче и село Скудриње;
- Санирани ќе бидат и свлечиштата на Р1208 делница Струга - Радожда, Прилеп - Кривогаштани, Хамзали - Берово и Крушево - Сладуево;
- Исто така, ќе има и растеретување на земјени маси на Р1108 Смрдлива Вода - Кожуф.

## *Работиме макотрпно за да го исполниме тоа што го ветивме.*

- Започнавме со реконструкција , рехабилитација и доградба на трета лента на државниот пат Крива Паланка – Деве Баир, што значи целосно решавање на проблемот со патната инфраструктура во овој регион и подобрување на сообраќајното поврзување.
- Работиме и на изградба на регионален пат, односно крак од Р418 со должина од 13 километри на потегот од фабриката Вевчанка до Здравствениот дом Вевчани, со што значително се развива патната инфраструктура во Општина Вевчани, која е предмет на постојано унапредување.
- Во изградба е и регионалниот пат Старо Коњарево - Ново Коњарево во Општина Ново Село во долчина од 3,4 километри.
- Се зафативме и со реконструкција со проширување на патот Матејче - Липково во должина од 3,3 километри.
- Кон крајот на 2019 година започнавме со рехабилитација на повеќе патни правци кои ќе бидат завршени во 2020 година. Нивната должина е над 105 километри.

## *Во тек е работата на десет локални патишта со вкупна должина од 107,6 километри.*

- Го реконструираме и рехабилитираме патниот правец Пробиштип - Крупиште во должина од 18 километри, којшто го поврзува Пробиштип со Штип, Кочани и останатите општини од Источна Македонија.
- Работиме и на изградба на 21 километар од патот Ранковце - Крива Паланка, како и на 7 километри пат кој ги спојува Биљево, Долно Татеши, Ново Село и Мислодежда.
- Се зафативме и со работа на спојот Р1201 со кој овозможуваме квалитетна патна врска помеѓу Лабуништа, Бороец и Јабланица со должина од 11,8 километри, како и спој помеѓу Вевчани, Октиси и Шум во должина од 7,9 километри.
- Во кавадаречко работиме на патната врска помеѓу Раец и Дреново со должина од 9,1 километар, како и на патот Мушов Гроб и Мрежичко со должина од 6,3 километри.

- Го рехабилитираме патот Сопиште - Долно Соње со должина од 3,7 километри, патот одРаброво до граничниот премин Дојран со должина од 7,8 километри, како и патната врска помеѓу Прилеп, Тополчани и Битола со должина од 15 километри.

## Безбедни патишта

Ставаме фокус на безбедноста на патиштата преку современи транспортни системи како позитивни искуства преземени од најразвиените европски држави.

- Започнуваме со изградба на интелигентен транспортен систем (ИТС) на Коридор 10. Со овој систем, патниот сообраќај по цела должина на патниот Коридор 10 ќе биде контролиран од двата контролни центри во Петровец и во Неготино. Системот предвидува контрола и информирање при временски неприлики, застој на патот, мерење густина на сообраќај и тежина на тешки возила, контрола при транспорт на опасни материи и друго.
- Започнуваме со поставување на заштитни огради на Коридор 10.
- Набавка и инсталација на сигнализација на железничките премини.
- Подготовка на проектна документација за мултимодален јазол. Проектот вклучува подготовка на проектна документација и идеен проект за иден развој и функционирање на мултимодалниот јазол во Трубарево како финансиски исплатлив проект.
- Изготвување на нов закон за превоз во патниот сообраќај целосно усогласен со законодавството на Европската Унија. Законот ќе биде изготвен со целосна вклученост на сите засегнати страни.
- Новиот закон за превоз во патниот сообраќај ќе предвиди и воспоставување на координативно тело составено од сите релевантни институции и здруженија на превозници. Ова координативно тело ќе има за цел решавање на проблемите со кои се соочуваат превозниците.
- Обезбедена е техничка помош преку Европската Унија за воспоставување на извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата. Со воспоставувањето и започнувањето со функционирање на ова извршно тело ќе се овозможи подобрување и унапредување на безбедноста за патиштата во нашата земја на највисоко ниво и намалување на бројот на сообраќајни несреќи, односно намалување на бројот на жртви, потешко и полесно повредени лица, по примерот на успешните земји-членки во ЕУ во делот на управување со безбедноста на патиштата.
- Ставање во функција на новиот изработен софтвер со кој се овозможува брз, ефикасен и транспарентен начин за извршување на сите операции потребни на превозниците. Овој софтвер обезбедува интероперабилност со другите институции, со што ќе се намалат трошоците на превозниците и значително ќе се олеснат постапките.
- Ставање во функција на новиот изработен софтвер со кој се овозможува брз, ефикасен и транспарентен начин за извршување на сите операции потребни на превозниците. Овој софтвер обезбедува интероперабилност со другите институции, со што ќе се намалат трошоците на превозниците и значително ќе се олеснат постапките.

## Ги подобруваме граничните премини!

- Ќе се реновираат и прошират двата гранични премини Ќафасан и Деве Баир со што ќе се подобрат условите за работа во административните објекти, ќе се олеснат царинските формалности и ќе се овозможи побрз проток на луѓе и стоки. Притоа, ќе се подобрат пристапните патишта до царинските терминали за да може да се користат и во зимски услови. На граничниот премин Деве Баир ќе се изгради карго лента само за камиони и ќе се инсталира мост за мерење тежина на камионите.
- До крајот на 2020 година ќе направиме студија за идниот развој и проширување на капацитетите на граничните премини, со конкретни препораки за идни вложувања. Во таа насока, ќе го анализираме можното проширување на капацитетите на граничниот премин Јажинце заедно со патниот правец Тетово-Јажинце.

## Опасни точки (црни точки)

Веќе подолг временски период одредени патни делници претставуваат потенцијално опасни места (црни точки) за учесниците во сообраќајот, но континуирано и посветено МТВ заедно со Јавното претпријатие за државни патишта работат на рехабилитација, обележување, а воедно и на отстранување на црните точки низ државата. Преку подобрување на патната инфраструктура, можеме за 20% до 30% да ги намалиме сообраќајните незгоди по нашите патишта. Во изминатите три години веќе се завршени 8, а во тек се рехабилитации на повеќе од 20 црни точки.

- Комплетно ги рехабилитиравме црните точки на патиштата Охрид - Свети Стефан, Струга - Дебар, Барбарос - М. Брод, Велес - Петровец, Струмица - граница со Бугарија, Жировница - Дебар, Прилеп - Крушево - Сладуево, Куманово - Ругинце.
- Во следниот период продолжуваме со санација на црните точки во правец од Скопје кон Охрид, како и на патниот правец Карпалак - Желино.
- Ќе ги санираме и црните точки на релациите село Мешеишта - Охрид, Прилеп - Крушево, како и на регионалниот пат Кичево - Демир Хисар (кај местото Чакор).
- Со санација на црни точки ќе се зафатиме и на патниот правец Прибилечки Кривини и местото Зли Дол, на регионалните патишта Дебар - Маврови Анови и Прилеп - Крушево, како и на клучката Хиподром при влез и излез на Скопје.
- Рехабилитација на црни точки ќе има и на патните правци Штип - Радовиш кај месноста Пилаф Тепе и Штип - Кочани (изградба на експресен пат).

## Железничка инфраструктура

Со понатамошните инвестиции во ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА продолжуваме да ги намалуваме трошоците на превозниците и да придонесуваме за намалување на негативното влијание врз животната средина.

Инвестирајќи во домашната железничка мрежа, за кратко време успеавме да ги реализираме следните проекти:

- Реализирани и модернизирани се железничките станици на Коридор 10 и 10-д, односно станиците: Скопје патничка, Табановце, Велес, Чашка, Богомила, Прилеп, Битола, Градско, Неготино, Демир Капија;
- Завршена е пругата Битола - Кременица (16 км) со крак до индустриска зона Жабени. Со реализацијата на овој проект се овозможува железничко поврзување со северниот дел на Република Грција. Со Коридорот 10д ќе биде оперативен Пан-европски коридор кој се поврзува понатаму со кракот на Пан-европскиот Коридор 4 кој ги поврзува Грција и Турција и завршува на пристаништето Игуменица;
- Пуштање во сообраќај на четири електролокомотиви за товарен сообраќај.

Наши цели и приоритети се подобрување на квалитетот на железничката инфраструктура, а со самото тоа и квалитетот на железничкиот транспорт преку понатамошните инвестиции во изградбата на:

**Пруга Куманово – Бељаковце – Крива Паланка – Деве Баир – Р. Бугарија**

Прва делница : Реконструкција на пругата од Куманово до Бељаковце (должина од 30,8 км).

На оваа пруга се градат три нови железнички станици и шест стојалишта, со што ќе се зголеми и значајно подобри железничкиот товарен сообраќај и ќе се овозможи развој на патничкиот сообраќај на градот Куманово и поголемите места Шупљи Камен, Бељаковце, Лопате, Перо Чичо, Проевце, Доброшане, Клечовце и Довезанце. Од еколошки аспект, пругата е обезбедена со безбедносни бариери и заштитници од бучава и вибрации.

**Продолжување со ремонт на делницата Ногаевци до Неготино (26 км), во вредност од 17,6 милиони евра.**

**Поврзување со земјите од соседството!**

Со изградба на заедничка гранична железничка станица Табановце на Република Северна Македонија и Република Србија, ги намалуваме административно-царинските и другите процедури за побрз железнички транспорт.

Почеток на изработка на проектна техничка документација за електрифицирња на пругата Скопје–Скопје Север–Ѓорче Петров–Волково-Блаце (граница со Република Косово).

**Набавка и инсталација на опрема за европскиот систем за контрола на возовите - ETCS**

**(т.н. автоматска регулација на брзината на возовите) на Коридорот 10 (Табановце - Гевгелија) и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата - GSMR (т.н. радио-диспечер) на Коридорот 10 (Табановце - Гевгелија).**

Со набавката и инсталацијата на опремата ќе се овозможи поедноставна координација и комуникација помеѓу машиновозачите и централниот диспечер и автоматска регулација на брзината на возилата според карактеристиките на пругата и сигналните знаци, што директно ќе влијае на зголемувањето на безбедноста и елиминирање на можната грешка на машиновозачот.

**Подготовка на проектна техничка документација за изградба и надзор** на нова пруга од железничката станица Миладиновци до аеродромот TAV Петровец (5 км).

**Втора делница: Изградба на нова пруга од Бељаковце до Крива Паланка (34 км главен колосек и на 7,5 км станични колосеци).**

Јавната набавка за изградбата е веќе во тек и проектот е во фаза на избор на изведувач. Со изградбата на втората и третата делница ќе се овозможи железничко поврзување на Република Северна Македонија со Република Бугарија и Црно Море. На пругата се градат две нови железнички станици и три стојалишта, со што ќе се зголеми и значајно ќе се подобри железничкиот товарен сообраќај и ќе се овозможи достапност за развој на патничкиот сообраќај на градот Кратово и поголемите места Гиновце, Шопско Рударе, Крилатице и Псача. Од еколошки аспект пругата е обезбедена со безбедносни бариери и заштитници од бучава и вибрации.

**Започнуваме со изградба на најдолгата и најтешката делница!**

Изградба на нова пруга од Крива Паланка до Деве Баир, граница со Република Бугарија (23,5 км главен колосек и на 4,3 км станични колосеци).

Со веќе готов проект и со изградбата на втората и третата делница ќе се овозможи железничко поврзување на Република Северна Македонија со Република Бугарија и Црно Море. На оваа пруга се градат две нови железнички станици во Крива Паланка и Жидилово, со што ќе се зголеми и значајно ќе се подобри железничкиот товарен сообраќај и ќе се овозможи достапност на овој крај за развој на патничкиот сообраќај.

**Продолжуваме со изработка на целосна техничка документација Кичево – Охрид - Струга 63 км.**

Изработен е основен проект, продолжуваме со изработка на целосна техничка документација за изградба на пруга од Кичево до Лин, Албанија, со должина од околу 63 километри. Со оваа нова едноколосечна електрифицирана железничка линија ќе се комплетира врската кон запад на Коридорот 8.

**Подготовка на проектна техничка документација за реконструкција, рехабилитација и надзор на железничката пруга Скопје - Кичево како дел од Коридорот 8.**

Целта на проектот е подготовка на следната проектна документација: студија за одржливост, идеен проект, анализа на трошоци, придобивки и студија за влијанието врз животната средина како резултат на модернизацијата на пругата Скопје - Ѓорче Петров – Кичево, како дел од Коридорот 8.

**Работиме на поврзување на приградските населби со градот Скопје!**

Изработка на пилот-проект за кракот Зелениково – Драчево – Лисиче – Пинтија – 11 Октомври – Скопје Патничка ( 24,5 км).

**Посветени сме и се грижиме за безбедноста во сообраќајот.**

Осигурување на пет патни премини на Коридорот 8 и два патни премини на Коридор 10.

Со овој проект ќе се изработи проектна документација за реконструкција на железничките премини со цел да се зголеми безбедноста во железничкиот сообраќај.

СДСМ

## Имаме визија и конкретни концепти за апликација на иновативни акции.

- Соларни железнички станици. Поставување на соларни панели на покривите на постоечките железнички станици и/или на пероните на кои патниците чекаат воз. Овие панели на пероните би имале двојна улога – ќе ги штитат патниците од сонце и дожд, а во исто време ќе ја апсорбираат и ќе ја претвораат сончевата во електрична енергија. Електричната енергија ќе може да се користи за основни енергетски потреби на самите станици и за напојување на сите сигнално-сигурносни и телкомуникациони уреди во станиците и по пругата. Заедно со обнова на халата за одржување на патнички вагони, ги намалуваме и трошоците за електрична енергија и за затоплување на просториите во целиот комплекс.
- Се грижиме за зачувување на човековата околина. Преку обнова на халата за одржување на патнички вагони, со инсталација на соларните панели на кровот на халата, би се намалиле трошоците за електрична енергија и за затоплување на просториите во целиот комплекс.
- Со електронско издавање билети до полесна достапност на податоци. Надградба и проширување на систем за електронско издавање на билети во внатрешниот патнички сообраќај низ целата железничка мрежа во државата. Со реализирање на овој проект се воведуваат европски стандарди во електронското издавање на возните билети, нивна контрола и online достапност на податоците, т.е.контрола на податоците во реално време на територија на целата железничка мрежа.

## Воздушен сообраќај и внатрешна пловидба

Во делот на ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ И ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА за само три години, со субвенционирање на летовите на нискобуџетните превозници и воведување на нови дестинации, бројот на превезени патници и реализирани полетувања и слетувања на авиони порасна енормно. Изразено во проценти, таквото зголемување има двоцифрени вредности - на скопскиот аеродром се движи околу 10%, додека на охридскиот аеродром ја надминува бројката од 72%, со што го прави трет најбрзорастечки аеродром по број на патници во Европа. Слична е состојбата и со карго превозот, каде што годишниот пораст е поголем од 30%. Само во последната година, во редот на летање на двата аеродроми се воведени 9 нови дестинации. Сето ова создава неопходна потреба од развој, реализација и имплементација на нови проекти и активности кои ќе овозможат целосно интегрирање на македонскиот воздухопловен транспортен систем во европската воздухопловна транспортна мрежа.

Сакаме да постигнеме во следниот период македонскиот воздухопловен транспортен систем да биде рамноправен и респектабилен партнер во семејството на современите европски и светски субјекти во воздухопловната индустрија. Нема здрав и забрзан економски развој без оперативен, ефикасен, безбеден и одржлив воздушен сообраќај и транспорт. Македонското воздухопловство и во иднина треба да овозможи зголемен број на превезени патници и карго на македонските аеродроми, побројни прелети на авиони во нашиот воздушен простор, поврзување со уште поголем број европски и светски дестинации, зајакнување на заштитата на патничките права, интензивирање на спортскорекреативните воздухопловни активности,

поголема заштита на животната средина и повисоко ниво на безбедност на воздушниот сообраќај на македонското небо.

Сите субјекти во воздухопловниот транспортен систем треба да одговорат на современите барања и предизвици, а целта е да се обезбеди сигурен, уреден, ефикасен и еколошки одржлив транспорт на луѓе и стоки, во согласност со високите критериуми што произлегуваат од меѓународните стандарди и препораки. Покрај тоа, сите наши граѓани заслужуваат и добиваат безбеден, евтин и лесно достапен воздушен транспорт, што ќе им овозможи повеќе патувања на атрактивни европски и светски дестинации.

Секој месец на македонското небо просечно се реализираат по 15 илјади летови, а во врвните периоди на сообраќајно оптоварување бројот на прелети во текот на еден ден надминува 1.000 операции. На двата македонски меѓународни аеродроми се прифаќаат и испраќаат повеќе од 2,5 милиони патници годишно, а овој број секојдневно расте. На скопскиот аеродром оперираат 15 воздушни превозници, поврзувајќи го со 42 дестинации, додека на охридскиот аеродром авионите од 13 воздушни превозници летаат на 20 атрактивни европски дестинации.

## Агенда 20-24

- **Ќе креираме нова, функционална и одржлива национална стратегиј**а за развој на воздушниот сообраќај што ќе опфати долгорочен развој на сите функционални елементи на глобалниот воздухопловен сообраќајнотранспортен систем во државата.
- **Ќе воведеме нови дестинации** за зголемување на бројот на летовите, пораст на бројот на патниците, зголемување на нивото на безбедноста и овозможување на ефикасен, уреден, безбеден и еколошки одржлив воздухопловен транспортен систем достапен под еднакви услови за сите.
- **Ќе имплементираме современи сателитски и геостационарни навигациски системи** за обезбедување на прецизна и ефикасна воздухопловна навигација и подигнување на нивото на безбедност на контрола и управување на воздушниот сообраќај, трагање и спасување. Целта е зголемување на ефикасноста во сите фази на летот и оптимизација на воздушниот простор, со што се придонесува кон зголемување на безбедноста во воздушниот сообраќај, забрзан развој на воздухопловните системи, проширување на воздухопловните оперативни капацитети и унапредување на заштитата на животната средина, а исто така и унапредување на ефикасноста на системот за потрага и спасување.
- **Ќе ја имплементираме програмата Next Generation of Aviation Professionals (NGAP)** на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) во Република Северна Македонија, чија цел е преземање мерки и развојни програми за да се обезбеди неопходниот кадар во воздухопловството. Во таа насока, ќе се преземаат низа активности за приближување на воздухопловството до најмладите преку промовирање и зголемување на интересот за определување кон професии поврзани со воздухопловството и инволвирање на веќе докажани кадри кои ќе го пренесат своето знаење и искуство преку образовниот систем, школите и универзитетите. Исто така, проектот значи и унапредување на воздухопловноспортските активности преку спроведување постапка за давање на спортските аеродроми и леталиштата под

концесија или јавно приватно партнерство на домашни или странски, физички или правни лица без надомест, со обврска да се задржи нивната примарна функција.

- **Се грижиме за заштитата на животната средина.** Овој проект (студија) вклучува изработување на мапи на бучава и зонирање околу аеродромите, што треба активно да се користат од страна на надлежните субјекти при изработката на соодветните просторни и урбанистички планови. Исто така, овој проект подразбира и имплементација на системот CORSIA (Carbon offsetting and reduction scheme for international aviation) – меѓународен проект на ICAO кој опфаќа мерки и активности за планирање, мониторирање, известување и редукција за нивото на емисијата на гасови од воздухопловите – да се намали процентот на учество на воздухопловството како извор на загадување во вкупниот просек во амбиеталниот воздух и воздушниот простор на Република Северна Македонија. Паралелно, ќе се преземат мерки за ревидирање на процедурите за летање за да се намали или избегне непотребно продолжување на времетраењето на летовите.
- **Трансформација, реорганизација и правно редефинирање** на Капетанијата на пристаништата, со неопходното техничко, технолошко, инфраструктурно и кадровско опремување и осовременување.

## *Градиме по план*

Со посветен напор и осмислени политики, во сегментот на ГРАДЕЖНИШТВО, УРБАНИЗАМ И НЕДВИЖНОСТИ успеавме да го запреме лудилото наречено Скопје 2014 и уништувањето на централното градско јадро на Скопје. Ние НЕМА ДА ДОЗВОЛИМЕ да ни се повтори нов мегаломански проект што е спротивен на интересите на граѓаните.

Затоа во изминатите три години ја започнавме најголемата реформа со носење нови закони со кои ќе ги заштитиме државните интереси и интересите на граѓаните. Имајќи предвид дека претходните законски решенија внесуваа само хаос во градежништвото, носиме нов закон за урбанистичко планирање со широка јавна расправа и со вклучување на сите засегнати страни.

Идната влада предводена од СДСМ ќе  продолжи да работи на нови законски решенија во градежниот сектор. Најавуваме целосно усогласување на системските закони што ја регулираат областа на градежништвото и урбанизмот.

Постапките ги правиме потранспарентни за граѓаните, а воедно ја штитиме и унапредуваме животната средина и природата. Истовремено го зајакнуваме и инспекцискиот надзор и надлежностите на државниот инспекторат за градежништво и урбанизам преку воведување на регионални урбанистички инспектори. За да го зајакнеме квалитетот на градбите кои ги финансира државата и да обезбедиме поголем интегритет при тендерите за градба и нивната реализација, ќе воведеме централизирано спроведување на избор на компании за надзор над градба на проектите. Потоа, за секој проект по случаен пат ќе се распределува надзорот, со што ќе се оневозможат спрегите помеѓу градежните фирми и надзорот кои секогаш се на штета на државата и граѓаните.

Владата предводена од СДСМ во соработка со локалната самоуправа ќе продолжи да

спроведува политики на хумано планирање и уредување на просторот преку акциски планови и реализација на годишната програма за просторно планирање за населените места кои немаат изработено урбанистичка документација, со што ќе се обезбеди долгорочен и одржлив економски, социјален и демографски развој на населените места.

Огромен прогрес за поддршка на компаниите и особено на интересите и потребите на граѓаните се постигна во системот на КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ.

Со голема успешност ја реализиравме нашата цел за подобрување на услугите за граѓаните и ја спроведуваме мерката за поефтини, квалитетни услуги, воедно и преку враќање на парите назад кај граѓаните. Конкретно успеавме да ги забрзаме постапките и да го намалиме времето на чекање како и цените на услугите на катастарот.

Една од мерките што Владата на Република Северна Македонија ги вети и која е исполнета е намалувањето на цените на услугите на Катастарот. Оваа мерка значи намалување на трошоците на граѓаните и компаниите и овозможува побрзо, поефикасно и навремено обезбедување на услугите.

- Надоместокот за запишување на инфраструктурни објекти е намален за 90%.
- Во постапките за запишување на правата на недвижности во Катастарот, цените се намалени во просек за 51%.
- Надоместок за користење на податоците од Геодетскокатастарскиот информациски систем е намален во просек за 28%.
- Укината е двојната наплата при повторното доставување пријава, ако претходната пријава за иста недвижност била одбиена.

- Обезбедивме целосна услуга на граѓаните во местото на живеење. Направивме систем приспособен на потребите на граѓаните. Сега граѓаните можат да поднесуваат барања за решавање на имотно-правни работи и запишување во катастарот на недвижности во било кој град, без разлика каде се наоѓа имотот на граѓаните или кое е нивното место на живеење.
- Го намаливме бројот на нерешени предмети.

Од затекнати 5.400 нерешени предмети во 2017 година, бројот на нерешени предмети е сведен на дневен прилив и нерешени предмети на месечно ниво од 800 предмети.

- Ги доближивме услугите ПОБЛИСКУ ДО ГРАЃАНИТЕ

Покрај интернет опцијата достапна на сите, отворивме и две нови канцеларии во Чашка и Македонска Каменица. Агенцијата за катастар се приклучи за проектот „Една точка за услуги".

- Воведовме нови функционалности во електронскиот катастар.

Преку електроскиот шалтер на АКН, професионалните корисници, во електронска форма, можат да ги користат новите функционалности за издавање на уверение за движење на недвижен имот, список на индикации на катастарски парцели и издавање на податоци за инфраструктурни објекти.

- Го подобривме системот за управување со недвижностите.
- Го воспоставуваме графичкиот регистар на улици и куќни броеви како основа за

Адресниот регистар на Република Северна Македонија.

- Во координација со Министерствата за надворешни и внатрешни работи го комплетиравме премерот на гранична линија со Република (вкупна должина 173.5 км). Извршивме обнова на водната граница по Дојранското Езеро која опфаќа корекција на положбата на постојните пловки и обнова на уништените пловки обезбедени од Република Грција.
- Го штитиме имотот на државата и правото на сопственост на недвижностите.

Неодговорното и криминално однесување на претходната власт доведе до тоа огромен број на објекти и имот кои се сопственост на државата, да не бидат запишани на нејзино име. Таков беше случајот со многу стари и нови државни згради, деловни објекти, трафостаници, гранични премини... што создаваше многу проблеми при функционирањето на институциите и особено при реализација на важни инвестиции.

Тоа го менуваме интензивно. Агенцијата за катастар на недвижности запиша во сопственост на Република Северна Македонија 49.181 хектар, или 36.442 катастарски парцели. Тоа е приближно 65% од имотот кој не бил запишан во корист на државата.

- Го олеснивме запишувањето на правата на сопственост на инфраструктурните објекти. Со измените во Законот се надминати проблемите во врска со запишувањето на инфраструктурните објекти кои се изградени на земјиште без решени имотно-правни прашања. Со оваа мерка имателите на инфраструктурни објекти ќе може да добијат имотен лист за инфраструктурниот објект.
- Воспоставивме Регистар за преземени недвижности наменети за продажба.

Во овој регистар се евидентира имотот кој е наменет за продажба од страна на банките и имотот одземен од страна на државни институции (Управа за јавни приходи, Агенција за одземен имот и др).ијата на идните регионални и паневропски проекти од областа на заштитата на животната средина, инфраструктурата, просторното планирање, управувањето со кризи итн.

## АГЕНДА 20-24

Нашата цел е преку 16 нови проекти и активности нашиот Катастар да биде на рангот на системите во најразвиените држави.

- Развој на систем за масовна проценка на недвижности.

Наша цел е да го развиеме системот за масовна проценка на недвижности на цела територија на Република Северна Македонија со што ќе обезбедиме транспарентен пазар на недвижности, подобрување и модернизирање на даночна политика на имот на целата држава, еднозначни податоци за вредноста и карактеристиките на недвижностите кои би го подобриле работењето на проценителите, судските вештаци, агенциите за недвижности, судовите и државната управа која има потреба од овие податоци.

- Имплементација на Lidar проектот

Реализираме и обезбедуваме дигитални податоци од национален интерес од ласерско скенирање на теренот со примена на најсовремена LIDAR технологија со цел да се изготви прецизен дигитален модел на теренот кој ќе биде јавно достапен. Истиот е многу важен за примена во кризниот менаџмент, заштитата на животната средина, просторното планирање, инженерската геодезија, земјоделството, одбраната и за други намени каде што се користат геопросторни податоци.

- Воведување на систем на ДАЛЕЧИНСКА ДЕТЕКЦИЈА (REMOTE SENSING)

Овозможуваме и градиме капацитети кои ќе овозможат примена на далечинската детекција и другите современи мерни технологии со кои на брз и ефикасен начин се доаѓа до ажурни геопросторни податоци во функција на брзо изготвување картографски производи на локално и државно ниво.

- Изработка на топографски карти по НАТО стандарди

Со цел да се поддржат активностите на нашата земја поврзани со членството во НАТО алијансата, во периодот што следува како приоритет ќе се фокусираме кон изработка на топографски карти по НАТО стандарди.

- Одредување на прецизен геоид за територијата на МК

Подобрувањето и квалитетот на геопросторните податоците е предизвик кој ќе го реализираме преку одредувањето на прецизен геоид за територијата на Република Северна

Македонија кој е од исклучително значење а со неговото одредување и примена значајно ќе се подобри квалитетот на геопросторните податоци кои што се добиваат во постапките на премерување со примена на методите на глобално сателитско позиционирање.

- Воспоставување на комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред)
- Поврзување на нивелманската мрежа на МК со обединетата европска нивелманска мрежа (United European Leveling Network - UELN).
- Ставање во официјална употреба на европскиот терестрички координатен систем (etrs89)

Со ова ќе обезбедиме полесна и непречена размена на податоци на регионално и глобално ниво и ќе се забрза реализацијата на идните регионални и паневропски проекти од областа на заштитата на животната средина, инфраструктурата, просторното планирање, управувањето со кризи итн.

- Надградба на геодетската референтна инфраструктура

Наш цел е да обезбедиме надградба на геодетската референтна инфраструктура и нејзино усогласување со современите меѓународни стандарди преку осовременување на МАКПОС системот, преку негова софтверска и хардверска надградба, со која ќе се овозможи прием и обработка на сателитски сигнали од новите глобални GNSS сателитски системи со што ќе се зголемат перформансите, функционалноста, сигурност и достапноста на системот до крајните корисници.

СДСМ

- Партерно уредување на географскиот центар на Република Северна Македонија

Го имаме одредено нашиот географски центар (во Чашка) кои, во некои европски држави, се пригодно означени и претставуваат своевидни туристички места. Во насока на популаризација на географскиот центар на Република Северна Македонија ќе биде негово пригодно обележување со поставување на соодветно обележје и уредување на самата локација во координација со локалната самоуправа.

- Премер и одржување на државната граница на Република Северна Македонија
- Запишување на правата на недвижностите во сопственост на Република Северна Македонија
- Сервис на отворени податоци (open data sources)

Обезбедуваме бесплатно користење на геопросторни податоци за територијата на Република Северна Македонија преку мерки за воспоставување на сервис на отворени податоци со цел да се овозможи користење од страна на заинтересирани физички и правни лица а во насока на поттикнување на нови идеи и решенија за нови услуги во приватниот сектор кои ќе створат услови за отворањее на нови работни места.

- Национална инфраструктура на просторни податоци-НИПП

Со нови функционалности на порталот за Национална Инфраструктура на Просторни Податоци овозможуваме подобар кориснички интерфејс, полесно креирање метаподатоци, хармонизација на геопросторните податоци согласно техничките спецификации кои произлегуваат од INSPIRE директивата на ЕУ. Со овие активности ќе овозможиме подобрување на планирањето и носењето на одлуки на национално и локално ниво.

- Воспоставување на скен центар

Наши вредности се зачувувањето на историските архивски материјали за сопственоста на имотите на граѓаните. Воспоставуваме центар за скенирање на целокупниот архивски аналоген материја со кој ќе се опфатат и податоците од првите извршени премери се до денес. Со дигитализирањето на архивскиот материјал и документацијата од трајна вредност овозможуваме забрзување на дигитализираните процеси на решавање на предметите, увидот и довербата на граѓаните во јавната книга, подобрување на квалитетот услугите кон сите крајни корисници и трајно зачувување на документацијата за сопственоста на имотите на граѓаните.

- Развој на апликација "МОЈ ИМОТ"

Поблиску до граѓаните преку нова апликацијата "МОЈ ИМОТ". Граѓаните сопственици на недвижен имот во секое време да добиваат информации поврзани со правните процеси на нивниот имот и соседниот имот кој може да влијае на нарушување на сопственоста.

## *Комунална инфрастуктура*

Како одговорни луѓе, парите на граѓаните ги насочивме кон нивните вистински потреби. Еден од предусловите за овозможување на квалитетен живот на нашите граѓани, пред сè во руралните средини, е продолжување со бројните активности за вистински инвестиции во КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.

Низ територијата на целата држава, за три години е изградено преку **400** километри водовод и канализација, од нив преку владини програми околу **250** километри, а останатите се од средства на локалните самоуправи. Одредени рурални средини за првпат добиваат бунари за водоснабдување и водоводна мрежа.

Нашиот фокус го насочуваме кон изградба на нови **500** километри водовод и канализација, за што ќе обезбедиме **100** милиони евра за сите општини во Република Северна Македонија.

Секако, како еден од клучните приоритети останува изградбата на пречистителни станици за отпадни води. Овие проекти придонесуваат за нормален живот овде во државата, но и даваат придонес за почиста и поздрава животна средина.

Наместо парите на граѓаните да ги вложуваме на стиропор, лажен барок и споменици, нешто што беше случај во време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, ние парите ги инвестираме за да ги решиме егзистенцијалните и суштински потреби на граѓаните.

Во овој краток период покажавме што значи да се гради насекаде, како никогаш досега, и да се решаваат проблемите на граѓаните што со децении биле игнорирани.

Во иднина продолжуваме со уште посилна динамика на централната и локалната власт преку вистински проекти за граѓаните. Затоа, преку програмите за рурален развој продолжуваме да водиме грижа за рамномерниот регионален развој на сите наши региони во државата.

Идната влада предводена од СДСМ ќе бара, пред сè од локалните самоуправи, да аплицираат со своите приоритетни проекти во делот на комуналната инфраструктура. Само така ќе придонесеме за развој на силни рурални средини што се развиваат во вистинската насока.

Нашата цел е да ги подобриме условите за живот и да го подигнеме животниот стандард на сите граѓани. Максимално сме фокусирани на унапредување на комуналната инфраструктура преку изградба на водоводи, канализации и пречистителни станици, како и реконструкција на постојната комунална мрежа.

Инвестирајќи во комуналната инфраструктура, не само што ќе обезбедиме подобар живот за граѓаните, во индустриските зони ќе овозможиме подобри услови за работа на компаниите, ќе ја заштитиме животната средина и ќе придонесеме за здрав живот и поздрава околина.

## *Кон остварување на нашата цел за подобар и поквалитетен живот на граѓаните работиме на:*

- Изградба на пречистителна станица во Чешиново Облешево;
- Изградба на фекална канализација за селата Ложани – Биџево – Ливада – Делогожда – Корошишта,Општина Струга;
- Изградба на цевковод во Гостивар;

СДСМ

- Реконструкција на водовод во Теарце;
- Изградба на примарна фекална канализација во Општина Арачиново;
- Изградба на фекална канализација во село Банско, Општина Струмица;
- Изградба на фекална канализација во Ново Село, Општина Ново Село;
- Регионален водовод во населените места од општините Зелениково, Студеничани и Кисела Вода;
- Фекална канализација и изградба на пречистителна станица во населено место Стење, Општина Ресен;
- Фекална канализациона мрежа за населено место Кучевишка Бара, Општина Чучер Сандево;
- Фекална канализација во Сопиште, локалитет Сончев Град и одведување на отпадни води;
- Доизградба на канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров (втора фаза);
- Изградба на резервоар за вода за пиење за населено место Белушино, Општина Крушево;
- Изградба на водовод за селата Горно Зркле, Сушица, Инче, манастир Св.Богородица и Горни и Долни Манастирец, Општина Македонски Брод;
- Изградба на дел од канализација за село Тромеѓа, Општина Куманово;
- Изградба на канализација и пречистителна станица за отпадни води во туристичка населба Равна Река, Општина Пехчево;
- Изградба на комунална инфраструктура во Неготино;
- Изградба на пречистителна станица за вода за пиење и водоснабдителен систем за Липково;
- Изградба на канализационен систем за село Дабиле и село Просениково, општина Струмица;
- Реконструкции на водоводни линии во Велес;
- Изградба на канализација во н.м. Норово и водовод во н.м. Саждево, општина Крушево;
- Изградба на водоводна мрежа во Радовиш;
- Изградба на водоводна мрежа во Кавадарци;
- Реконструкција и изградба на водоводни и канализациони линии во Битола;
- Подобрување на водоснабдување на село Горно Јаболчишта, Општина Чашка;
- Изградба на цевковод за снабдување со вода за пиење на н.м. Двориште, Општина Берово;
- Реконструкција на водоводна линија "Беровско езеро";
- Изградба на отворен канал на сливни води покрај стадионот до Буковски гробишта во Битола;

- Реконструкција и рехабилитација на водоводна мрежа за н.м. Камењане и изградба на водовод во н.м. Палчиште, општина Боговиње;
- Изградба на канализациони линии во Вевчани;
- Изградба на водоснабдување во населените места Раштани и Бузалково во општина Велес;
- Доградба на филтер-с-таница за прочистување на питка вода за Виница и водоснабдување на санитарна вода на село Лески;
- Реконструкција и проширување на водоводна мрежа во село. Врапчиште;
- Доизградба на филтерска станица за системот за водоснабдување во Гостивар;
- Изградба на фекална канализација во м.в. Стопанство во населба Градско, Општина Градско;
- Изградба на водоводна мрежа со резервоар за водоснабдување во село Издеглавје и село Слатински Чифлик, Општина Дебрца;
- Атмосферска канализација на Милково Брдо, Општина Делчево;
- Изградба на фекален колектор од н.м. Жилче до н.м. Шемшево, Општина Јегуновце;
- Изградба на фекална канализација за н.м. Нов Караорман и Козјак;
- Реконструкција на водовод во село Ракитец, општина Конче;
- Водоснабдување во населено место Јакреново, Општина Крушево;
- Нова водоводна опрема за Крива Паланка;
- Изработка на проект за изгардба на фекална канализација за н. Железничка станица и дел од с.Черкезе во Куманово;
- Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа во дел од ул. „Абас Емин“, Општина Охрид;
- Изработка на проект за изградба на систем за водоснабдување и канализација за населените места Псача и Љубинци, Општина Ранковце;
- Изградба на фекална канализација за Кнежевски пат, Општина Свети Николе;
- Изградба на фекална канализација за дел од населба Рудина, Општина Свети Николе;
- Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа за ул. „Васка Циклева“, Општина Свети Николе;
- Изградба на фекална канализација во село Ракотинци, Општина Сопиште;
- Реконструкција на водовод во село Младо Нагоричане;
- Проект за водоснабдување за Село Алгуња, маало Татарионовац и маало Сејдинце, Општина Старо Нагоричане, како и набавка и инсталација на водомери во Општина Старо Нагоричане;
- Реконструкција и санација на мернорегулациона опрема за водоснабдителен систем за Општина Центар Жупа и замена на старите водомери;

- Изградба на фекална канализација во населби Оморани и Богомила, Општина Чашка;
- Изведба на канализациона мрежа за село Белче, Општина Демир Хисар;
- Изградба на фекална канализација во населено место Ропотово;
- Проект за подобрување на водоснабдувањето со вода за пиење на селата Рашче, Бојане, Копаница, Буковиќ и Ласкарце, Општина Сарај;
- Изградба на секундарна мрежа и пречистителна станица за населено место Мало Коњаре, Општина Прилеп;
- Изградба на водоводна мрежа во Гостивар;
- Изградба на брана на реката Отиња во Штип;
- Изградба на канализација во ИЗ Визбегово;
- Проекти за подобрување на комуналната инфраструктура во Ресен;
- Изградба на фекална канализација и поставување на бекатон плочки во населба Бањешница, Гостивар;
- Изградба на фекална канализација водел на ул.„Иво Рибар Лола" и реконструкција на дел од ул. „Иво Рибар Лола", Тетово;
- Изградба на дел од ул. „Струшка", Кичево;
- Реконструкција на дел од ул. Ѓ„Љубојно", Битола;
- Изградба и реконструкција на дел од ул. „Прохор Пчински", Берово;
- Реконструкција на ул. „Мелничка", Шуто Оризари.

## *Станбена инфраструктура*

Посветивме сериозно внимание и на јавната СТАНБЕНА ИНФРАСТРУКТУРА преку изградба на државни станбени единици наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи на лица што е несомнено значаен приоритет на Владата на Република Северна Македонија, недвојбено врзан со реализацијата на социјалната политика на Владата во целост и во најтесна корелација со сите останати социјални политики кои директно се реализираат врз социјално ранливите групи.

## *Во изминатите три години се реализираи повеќе значајни проекти од областа на социјалното домување:*

- Целосно е завршена изградбата на социјални згради во Гостивар, во Струмица, во Македонски Брод и во Кочани или вкупно 164 станбени единици за најранливите категории граѓани.

Идни приоритетни активности на Владата предводена од СДСМ преку Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор се проектирање и отпочнување на изградба на социјални згради во Скопје (Бутел и Сарај), Пехчево, Виница, Св. Николе, Велес, Гевгелија, Дебар, Демир Капија, Штип, Прилеп и Кочани со вкупно 777 станбени единици.

## Изградени станбени единици по зграда

| Објекти | Македонски брод | Кочани | Гостивар | Струмица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на станови** | 10 | 43 | 70 | 41 | **164** |

## Нови планирани станбени единици (2020, 2021, 2022)

| Објекти | бр. на станбени единици |
|---|---|
| Скопје - Бутел | 312 |
| Пехчево | 34 |
| Виница | 39 |
| Св.Николе | 54 |
| Велес | 29 |
| Гевгелија | 44 |
| Дебар | 46 |
| Скопје – Сарај | 58 |
| Демир Капија | 16 |
| Штип | 40 |
| Прилеп | 70 |
| Кочани | 35 |
| **Вкупно** | **777** |

***Ќе го гарантираме правото на домување за време на кризата предизвикана од глобалната пандемија преку превенција на насилното иселување од домовите поради извршни наплати или активирани хипотеки на лицата кои претрпеле финансиски штети поради КОВИД-19.***

СДСМ

# КЛУЧНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ЗА СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Проширување на патот Горно-Долно Лисиче | Аеродром |
| Изградба на детска градинка во Тодор Чангов/Капчев | Аеродром |
| Општинска зграда | Аеродром |
| Гимназија или образовен комплекс (градинка, основно училиште и гимназија) | Аеродром |
| Дом на спортовите (во постапка) | Аеродром |
| Амбуланта во Населба Лисиче (во постапка) | Аеродром |
| ОУ „Димитар Македонски“ во Населба Лисиче (во постапка) | Аеродром |
| Граничен премин Клепало | Берово |
| Рестартирање на рекреативен центар Малешево Берово | Берово |
| Изградба на пат Берово - Радовиш | Берово |
| Влез во Битола од страната на Охрид | Битола |
| Патот Битола-Меџитлија (граничен премин) | Битола |
| Реконструкција на Клиничка Болница (доградба) | Битола |
| Реконструкција на САЛАТА од домот на културата во село Иловица на ИМ 1820, 1821 | Босилово |
| Реконструкција на патен правец, нов слој на асфалт на локален пат од Турново до селата Штука и Иловица во должина од 6 км. (ИМ 1820, 1821, 1826, 1825) (од Турново од спој со А4 до селата Иловица и Штука) | Босилово |
| Реконструкција со проширување на патен правец Хамзали до село Дрвош, со должина 5 км. (ИМ 1818) | Босилово |
| Гасификација на Валандово | Валандово |
| Реконструкција на системот за водоснабдување на Јосифово | Валандово |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Изградба на фекална канализација и колекторски систем за Раброво | Валандово |
| Изградба на систем за водоснабдување во нас.Пиперево со реконструкција и проширување на филтер станица за прочистување на питка вода за Општина Василево | Василево |
| Филтер станица за прочистување на вода за пиење за селските населби: Добрашинци, Нова Маала и Чанаклија | Василево |
| Изградба на систем за водоснабдување на с. Дукатино и с.Требичино | Василево |
| Изградба на мултифункционално игралиште за мали спортови (ракомет, кошарка...) | Вевчани |
| Изградба на Сервисна улица "Главен пат Р2240 - мв Смолеица (Заобиколница 2) ознака С1 | Вевчани |
| Изградба на отворен базен | Вевчани |
| Изградба на брана на река Сушица | Виница |
| Реконструкција на крова на ОУ Гоце Делчев во Виница | Виница |
| Изградба на дом за стари лица во с. Блатец | Виница |
| Канализација | Врапчиште |
| Реконструкција на водоводна мрежа | Врапчиште |
| Изградба на спортска сала во населено место Врапчиште | Врапчиште |
| Влезот на Скопје кај населено место Автокоманда, проширување и реконструкција (булевар Александар Македонски) | Гази Баба |
| Улица Перо Наков, целосно проширување и реконструкција | Гази Баба |
| Клучка во населено место Хиподром 2, за да може да се исклучуваат автомобилите директно од автопатот | Гази Баба |
| Детска градинка | Гевгелија |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Ставање во функција на ТИРЗ зона Прдејци | Гевгелија |
| Обиколница на град Западен Булевар | Гевгелија |
| Пробивање на булевар „Илинденска“ и спојување со обиколница | Ѓорче Петров |
| Отпочнување со реализација на препумпна станица(локалитет Стрелиште) за регулација на притисок за вода на цела територија на Општина Ѓорче Петров | Ѓорче Петров |
| Нов урбан парк на местото од дива депонија „Ново Село" | Ѓорче Петров |
| Изградба на фекална канализација во м. в. Стопанство во нас. Градско, Општина Градско | Градско |
| Реконструкција на локален пат до село Виничани од Р1102, КП1339/1 КО Виничани, општина Градско | Градско |
| Изградба на улица бр.1 во с. Кочилари и улица бр.1 во село Ногаевци. | Градско |
| Изградба на експресен пат Кочани - Делчево-Граничен премин Делчево, преку с.Истибања и Калиманско поле | Делчево |
| Изградба на автобуска станица | Демир Капија |
| Изградба на патна инфраструктура Демир Капија - Бесвица - Вешје - Горни Дисан – Долни Дисан – Кавадарци | Демир Капија |
| Акумулација Дошница – Кинески Колиби (изградба на брана на река Дошница) | Демир Капија |
| Регионален пат Ропотово – Лажани – Житоше – Кривогаштани, кој е во должина од околу 20-21 км и е од големо значење на цел овој дел од Пелагонија кој поврзува неколку општини и тоа Долнени, Кривогаштани и Крушево каде што гравитираат околу 30.000 жители и е многу фреквентен | Долнени |
| Фекална канализација во с. Лажани | Долнени |
| Локален пат Бело поле- Вранче – Средорек | Долнени |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Регулација на речно корито на река Симоница во село Зелениково | Зелениково |
| Изработка на фекална канализација во село Орешани | Зелениково |
| Реконструкција и доизградба на локален пат од село Стрхојадица до село Гумалево | Зелениково |
| Санација на левиот канал за наводнување | Зрновци |
| Реконструкција на постојниот водовод со цел добивање на квалитетна вода за пиење | Зрновци |
| Отворање на погон за мало стопанство | Зрновци |
| Поставување на пречистителна станица за третирање на отпадни води на реката Луда Мара | Кавадарци |
| Реконструкција и рехабилитација на патот излезот од Кавадарци кон Прилеп, односно на регионалниот пат Р1103 | Кавадарци |
| Поврзување на индустриската зона, како и на поголемите јавни установи на гасоводната мрежа во Кавадарци | Кавадарци |
| Изградба на нова градинка во Влае 2 | Карпош |
| Поврзување на „Љубљанска“ со мост со левиот брег на р.Вардар (Скупи) | Карпош |
| Продолжување на бул. „Илинден“ кон Ѓорче Петров | Карпош |
| Зимско - рекреативен центар Калин Камен | Кр. Паланка |
| Гасификација на Крива Паланка | Кр. Паланка |
| Регулација и улица на Дурачка Река | Кр. Паланка |
| Гранични премини кон Голеш и Трговиште | Кр. Паланка |
| Трибини и паркинг простор на Градскиот стадион | Кр. Паланка |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Сервисна улица покрај Крива Река со паркинг локации | Кр. Паланка |
| Секундарна примарна мрежа во Лозово (реконструкција). | Лозово |
| Поврзување на патниот правец Лозово – Милино – с. Ѓузумелци – Кнежје – Св. Николе | Лозово |
| Реконструкција на брана на постоечка брана која веќе постои 40 години,во с.Ѓузумелци - Општина Лозово,за изградба на водоснабдителен систем за наводнување | Лозово |
| Клучка (раскрсница) на експресен пат Велес-Штип, локален пат Милино-Каратманово | Лозово |
| Реконструкција и асфалтирање на пат Клучка Од Регионален пат Маврови Анови – Дебар, кај место викано „Састав река" до граничниот премин со Косово, во должина од 19км | М. Ростуше |
| Проширување и реконструкција на делови од биколницата околу Мавровско езеро | М. Ростуше |
| Реконструкција и асфалтирање на пат Бошков мост – Извор во должина од 28 км | М. Ростуше |
| Реконструкција на регионален пат Каменица-Саса | М. Каменица |
| Санација на свлечишта на меѓународен пат Кочани-Каменица-Делчево и проширување со трета лента на места каде е изводливо | М. Каменица |
| Изведба на водовод за с. Луковица и с. Тодоровци со висина од 57 мил. денари(си изведбата на самиот водовод се отвара можност за доплнително развивање на двете села кои се едно до друго) | М. Каменица |
| Изградба на социјална зграда | М. Каменица |
| Градинка во населено место Могила со готова проектна документација од Општина Могила | Могила |
| Улици во сите населени места преку министерство за транспорт и врски во вредност од 600000 евра | Могила |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Водовод 57милиони денари во 8населени места: Беранци, Д. Српци, Вашарејца, Новоселани, Лознани, Ивањевци, Трновци и Подино | Могила |
| Гасификација на Неготино | Неготино |
| Изградба на кружен тек кај полициската станица | Неготино |
| Асфалтирање на улици во нова населба зона 5.1 | Неготино |
| Изградба на фекален канализационен систем во с. Сушица | Ново Село |
| Изградба на водоснабдителен систем во с. Колешино | Ново Село |
| Изградба на водоснабдителен систем во с. Мокриево | Ново Село |
| Реконструкција на регионалниот пат Р-103 од влезот во Петровец до н. м. Ржаничино | Петровец |
| Реконструкција на крак од Р- 103 улица за вклучување на автопат, од раскрсница Петровец до клучка за патарина | Петровец |
| Мост за приклучок и исклучок на автопат во Средно Коњари | Петровец |
| Реконструкција на регионален Р- 103 крак Ржаничино - Чифлик | Петровец |
| Реконструкција на локален пат с. Чифлик - с. Умлена | Пехчево |
| Реконструкција на локален пат с.Робово - с. Умлена | Пехчево |
| Реконструкција на водоснабдителен систем Љутачка река | Пехчево |
| Реконструкција на локален пат од м.в Чекална (Регионален пат Пехчево – Делчево) до с. Панчарево | Пехчево |
| Санација и хортикултурно уредување на старата јаловишна депонија | Пробиштип |
| Гасификација | Пробиштип |
| Патно поврзување на Пробиштип преку Злетово до СРЦ "Пониква" | Пробиштип |

СДСМ

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Изградба на обиколница на град Ресен | Ресен |
| Проект за изградба и регулација за Преспанското езеро | Ресен |
| Изградба на кеј и пешачка патека на Преспанското езеро | Ресен |
| Изградба на брана кај село Чешино чија вода би се користела за наводнување на овошните насади преку затворен систем | Ресен |
| Реконструкција и ревитализација на регионален пат Градско – Прилеп делот што минува низ Росоман со изградба на крак од атмосферска канализација и замена на дрвени столбови за улично осветлување со метални столбови | Росоман |
| Пристапен пат (приклучок) на новиот експресен пат Градско-Дреново за с. Сирково | Росоман |
| Обезбедување и приспособување на локација за зелен пазар покрај експресниот пат Градско – Дреново (Кај клучката Крушевица) | Росоман |
| Изградба на нов мост на реката Црна река во с. Трстеник | Росоман |
| Отворен базен | Св. Николе |
| Реконструкција и филтерна станица на место викано Дивљак | Св. Николе |
| Спортска сала кај гимназија Кочо Рацин | Св. Николе |
| Довршување на изградба на Водовод Патишка река – Сончев град (реализиран околу 66%). Проект со кој ќе биде решено водоснабдувањето на околу 7000 жители од целата територија на општина Сопиште и плус дополнително за целата нова населба Сончев Град која би требало да се изгради во годините што претстојат | Сопиште |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Реконструкција на Регионалниот пат од К.Вода – Припор – Сопиште – Долно Соње | Сопиште |
| Изградба на Централна детска градинка за целата територија на општина Сопиште со капацитет од околу 200деца | Сопиште |
| Изградба на нова Болница и реконструкција и доградба на детска градинка | Струга |
| Започнување со реализација на колекторскиот систем од автокамп Треска преку с.Радожда до с.Калишта, доизградба на канализациона и колекторска мрежа и изградба на пречистителни станици во поголемите населени места: Враништа, Драслајца, Мислешево, Мороишта, Ложани, Октиси, Лабуништа, Подгорци, Бороец и други. | Струга |
| Изградба на патишта и планински велосипедски патеки од интерес за развојот на езерскиот,планинскиот и спортскиот туризам: патот од Нерези, Пискупштина, Безево и Луково, Патот кон Вишни и Горна Белица, патот кон Селци, Буринец , Локов, 'Ржаново до Збажди. | Струга |
| Уредување на порој на улица „Крушевска Република" | Струмица |
| Уредување на Св. Илиски порој | Струмица |
| Изградба на канализационен систем во населено место Банско | Струмица |
| Изградба на градинка | Теарце |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
| --- | --- |
| Изградба на фекална канализација во цела општина | Теарце |
| Целосна реконструкција на ул. „Орце Николов" со воведување на режим на велосипедски патеки и кружни текови | Центар |
| Изградба на нова детска градинка во населба Пролет | Центар |
| Изградба на монтажен паркинг на ул. "Орце Николов" | Центар |
| Реконструкција и рехабилитација на локален пат од населено место с. Мелничани до с. Броштица во должина од 6 км | Центар Жупа |
| Изградба на канализационен крак со прочистителна станица а кој ќе ги опфаќа населените места: Броштица, Бајрамовци, Црнобоци, Оџовци, Баланци, Центар Жупа ,Голем Папрадник и Мал Папрадник | Центар Жупа |
| Отварање и пробивање на земјени патишта за поврзување на пасиштата на околните планини со населените места за олеснување на пристапот на сточарите до нивните бачила со што ќе се овозможи развој на сточарството | Центар Жупа |
| Прочистителна станица на фекална канализација с. Чифлик | Ч. Облешево |
| Изградба на водовод во с. Уларци | Ч. Облешево |
| Водовод с. Чифлик | Ч. Облешево |
| Изградба на брана на река Отиња | Штип |
| Гасификација- изградба на секундарна мрежа | Штип |
| Изградба на студентски центар | Штип |
| Поставување на атмосферска канализација и реконструкција на ул. „Пелагонија" и „Брсјачка Буна" | Шуто Оризари |
| Поставување на атмосферска канализација и комплетна реконструкција на ул. „Хаџи Јован Шишков" | Шуто Оризари |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Поставување на атмосферска канализација и реконструкција на третиот дел на ул. „Индира Ганди“ до клучката со автопатот | Шуто Оризари |
| Изградба на канализација во населбите Млаки, Циглана, 6 и 7 зона, Питарница | Гостивар |
| Современа регионална депонија | Гостивар |
| Гасификација на Гостивар | Гостивар |
| Базен | Гостивар |
| Изградба на брана на река Елешка во населено место Гермијан | Новаци |
| Топлификација на населено место Новаци – Изградба на секундарна вреловодна мрежа со приклучоци низ населено место Новаци | Новаци |
| Изградба на нова полициска станица во населено место Новаци | Новаци |
| Проширување на булевар „Цветан Димов“ | Чаир |
| Целосна реконструкција на ул. Македонско косовска бригада од Понтретаил до Пластичарска | Чаир |
| Спроведување на топлификациска мрежа низ цела општина | Чаир |
| Изградба на катна гаража кај Јаја Паша | Чаир |
| Индустриска зона во Ранковце | Ранковце |
| Затворен пазар | Ранковце |
| Комплетна реконструкција и проширување на амбулантата во Ранковце | Ранковце |
| Изградба на брана Баргала на Козјачка река | Карбинци |
| Лев канал за наводнување на хидро системот Брегалница | Карбинци |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
| --- | --- |
| Водовод на Туртел во Плачковичкиот регион за 7 населени места | Карбинци |
| Изградба на старечки дом во Кочани | Кочани |
| Изградба на отворен и затворен базен | Кочани |
| Изградба на спортска сала | Кочани |
| Гасификација | Кочани |
| Изградба на пешачка патека – тротоар покрај регионалниот пат Р1201 Дебар – Струга, покрај селата Џепиште и Отишани | Дебар |
| Реконструкција и проширување на мост во село Долно Косоврасти, мост кој претставува спој со регионалниот пат Р1202 | Дебар |
| Изградба на фекални канализации со пречистителни станици во селата Џепиште и Отишани кои се покрај Дебарското Езеро, моментално се загадува Дебарското Езеро | Дебар |
| Поврзување на водоводот во Кривогаштани со студенчица преку крак од с.Бело Поле | Кривогаштани |
| Изградба на патот Славеј – Боротино | Кривогаштани |
| Изградба на хидросистем на база на електрични пумпи | Кривогаштани |
| Изградба на спортска сала во с.Обршани | Кривогаштани |
| Асфалтирање на регионалниот пат с.Извор – Прилеп со што општина Чашка би се поврзала со Прилеп кој е земјен пат а се води регионален и е во должина од 22 км | Чашка |
| Изградба на фекална канализација со колекторски систем во Горно и Долно Јаболчиште, о. Чашка на река Тополка и ХС Лисиче од каде се врши водоснабдување на градот Велес | Чашка |
| Проширување и реконструкција на регионален пат К1- R104 врска R104 М.Брод кој го поврзува Скопје со М.Брод. | М. Брод |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Регулација на река Треска низ централно градско подрачје | М. Брод |
| Реконструкција на мост на река Треска кој е дел од регионалниот пат Прилеп - М.Брод – Кичево | М. Брод |
| Доизградба на атмосферски канал Лоштица и рехабилитација на колекторски систем и прочистителна станица за отпадни води | М. Брод |
| Реконструкција на ул. Милан Мијалковиќ во должина од 1220 метри | К. Вода |
| Реконструкција на пат за Аџево во должина од 1650 метри. | К. Вода |
| Изведба на атмосферска канализација на територија на урбана заедница Цветан Димов | К. Вода |
| Изградба на Регионален пат Стопанство - Норово - Житоше | Крушево |
| Реконструкција на патен правец-Р1109 | Богданци |
| Санација на речно корито Луда Мара – Богданци до Гавато | Богданци |
| Ветерен парк-Богданци | Богданци |
| Изградба на нов колекторски систем за прочистување на отпадни води | Дојран |
| Изградба на обиколница која треба да почнува пред Нов Дојран и да заврши после Стар Дојран | Дојран |
| Изградба на водоводна и канализациона мрежа во с.Фурка | Дојран |
| Реконструкција и проширување на патниот правец Кичево – Крушино | Кичево |
| Изградба и реконструкција на патот од цело Челопеци до Рбетинска Река | Кичево |
| Изградба на спортски сали во руралните средини во Општина Кичево | Кичево |

СДСМ

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Изградба на нова психијатриска болница по европски стандарди | Д. Хисар |
| Изградба на регионален пат Демир Хисар-Кривогаштани-Прилеп | Д. Хисар |
| Обновување на постојните системи за наводнување: Стругово, Суводол 1 и Суводол 2 | Д. Хисар |
| Канализација во секое село во општината | Брвеница |
| Асфалтирање или поплочување на сите сокаци | Брвеница |
| Изградба на клучката за излез на автопат за Скопје | Брвеница |
| Изградба на здравствен дом/поликлиника на подрачје на Општина Илинден | Илинден |
| Изградба на противпожарна единица,поради нагло зголемување на бројот на жители во Општина Илинден | Илинден |
| Изградба на полициска станица | Илинден |
| Целосна реконструкција на улицата „Гоце Делчев“ во Тетово, поставување на соодветна канализациона мрежа за атмосферска и фекална канализација, подземни инсталации за струја и други мрежи, поставување на соодветно улично осветлување, асфалтирање на улицата | Тетово |
| Изградба на објект во кој ќе учат паралелките ученици кои ја следат наставата на македонски јазик од Тетовската гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | Тетово |
| Изградба на Регионална депонија за трајно решавање на проблемот со складирање и обработка на комуналниот и друг вид на отпад во целиот регион | Тетово |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Уредување на православните гробишта во с.Фалише со соодветна инфраструктура и изградба на соодветни помошни објекти и црковен објект | Тетово |
| Изградба на повеќенаменска затворена спортска сала во училиштето „Братство Мигени“ – објект Спортски центар | Тетово |
| Изградба или реконструкција на постоечки објект за Старски дом во Тетово | Тетово |
| Изградба на фекални канализации за Ратае – Жилче, с. Беловиште и довршување на канализацијата Јанчиште – Подбреѓе | Јегуновце |
| Нови извори на вода за пиење на општинскиот водоводен систем за подобрување на водоснабдувањетосо здрава вода за пиење на населените места во општината | Јегуновце |
| Изградба на Културен центар во Јегуновце | Јегуновце |
| Изградба на пешачка зона долж регионалниот пат од Беловиште до Јажинце во должина од 9.5 км | Јегуновце |
| Реконструкција на регионалниот пат Р2242 од Јегуновце до Желино во должина од 12км | Јегуновце |
| Канализација во с. Старо Нагоричане (централен дел каде се наоѓа и Општината и повеќе институции) | С. Нагоричане |
| Слободна економска зона – Змејковац | С. Нагоричане |
| Спортска сала | С. Нагоричане |
| Затворен Градски пазар | Велес |
| Катна гаража | Велес |
| Гасификација | Велес |
| Мост од Речани за Велес на р. Вардар | Велес |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
| --- | --- |
| Реконструкција на мостот на р. Вардар кај Башино Село | Велес |
| Систем за водоснабдување на с. Бузалково и с. Раштани од градскиот водоснабдителен систем | Велес |
| Реконструкција на Градски плоштад во Велес | Велес |
| Гасификација во Бутел2 и Скопје Север (Станбена зграда со 4 влеза) | Бутел |
| Изградба на Полициска станица – Расадник | Бутел |
| Изградба на Противпожарна – Расадник | Бутел |
| Изградба на детска градинка во Бутел - св. Климент Охридски | Бутел |
| Изградба на новото училиште во селото Љуботен | Бутел |
| Изградба на нов театар во склоп на домот на култура Марко Цепенков | Прилеп |
| Проектирање и изградба на клучката кај Ореовец на магистрален пат која е важна за приклучување на локалниот пат од Сивец преку Леково за релаксирање на транспортот на мермер и други тешки товарни возила кои гравитираат во севериостичниот дел на градот | Прилеп |
| Проектирање и изградба на пато Витолиште - Мајдан 8км, поради поврзување на патен правец со новиот граничен премин со Грција и Бешиште - Градешница 8км со целосно поврзување на трите дела од Мариово | Прилеп |
| Правење на корито за каналот што ги поврзува Матка, Шишево и Грчец за наводнување на земјоделски површини | Сарај |

| ПРОЕКТ | ОПШТИНА |
|---|---|
| Заобиколен пристап до туристичко мест Матка и решавање на паркинг простор на самото место | Сарај |
| Рекреативен центар Треска, уредување и враќање во функција на целиот објект | Сарај |
| Пробивање на пат за планина Бушова Чешма во должина од 250-300метри за потребите на сточарите до бачилата каде одгледуаат над 4000 грла овци и над 100грла говеда | Пласница |
| Да се асфалтира пат до Крушево каде би се користел за развој на зимски и планински туризам ко ќе ги поврзувал Општините Пласница Мак. Брод и Кичево за 10 км.краток пат со Крушево | Пласница |
| Уредување на речно корито на суводолца во с. Пласница која минува низ селото и прави пустош често пати при елементарни непогоди во должина од 700 метри | Пласница |

# 1.3 МОДЕРНО И ОДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Забрзаниот раст, развој и стабилност на нашата држава нераскинливо е поврзан со **ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО** и секогаш било така низ историјата. Земјоделството е втор сектор во државата по учество во бруто националниот доход (БДП). Земјоделството е клучно за развојот на целото стопанство, рамномерен регионален развој и задржување на руралните средини во витална состојба со создавање услови младата популација да остане во нив.

Земјоделството и производството на храна се наша шанса за успех. Пандемијата со вирусот КОВИД-19 уште повеќе ја нагласија потребата населението да биде обезбедено со здрава, безбедна, квалитетна и разновидна храна од македонско производство. Преку обезбедување доволни количини квалитетна и безбедна храна за потребите на домашните потрошувачи и создавање производи со додадена вредност и пласман на странските пазари, се овозможува и подобар животен стандард на земјоделецот, а со тоа и во целото општество.

Нашите цели се: преку создавање услови за одржливо земјоделство и негова модернизација во примарното и секундарното производство да се постигне зголемување на производството и подигање на квалитетот на македонските земјоделски производи, заштита на животната средина, безбедност на храната и благосостојба на животните, односно да се креира конкурентност и додадена вредност на македонските земјоделски производи, а во исто време да се обезбеди задоволување на сопствените потреби од домашно производство. Преку постигнувањето на конкурентноста на земјоделските производи, нужно мораме да се обезбедиме достоинствен живот за земјоделците и развој на руралните средини.

Се залагаме да го подготвиме и приспособиме македонското земјоделство на глобалните климатски промени преку инвестиции и иновативни мерки кои ќе дејствуваат позитивно на родот и квалитетот на земјоделските производи.

За остварување на овие цели, земјоделците мора да добијат можност за надградба на

## Многу вложивме во земјоделието!

***Во овие три години, овозможивме директна и индиректна поддршка во земјоделството во историски рекорден износ од над 429 милиони евра, вредност која ја алоциравме во овој исклучително значаен сектор, преку серија осмислени, планирани и реализирани активности како:***

- Додека пандемијата со вирусот КОВИД-19 го зема економскиот данок, активното дејствување на Владата во комбинација со мерките што ги преземаат сите институции во земјоделскиот сектор, обезбедија непречено производство, дистрибуција и снабдување со земјоделски и прехрнмбени производи во целата држава;
- Покрај сите економски тешкотии за време на пандемијата со вирусот КОВИД-19 обезбедивме неселективно, потполно и времено исплаќање на сите субвенции и инвестиции од ИПАРД програмата и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој;
- Воведување на мерката ЗЕЛЕНА НАФТА за земјоделска механизација;
- Граѓаните на кои основна дејност им е земјоделството и кои ги исполнуваат условите за паушално оданочување, ги ослободивме од плаќање данок. На 17.000 земјоделци им се исплатени 80 милиони денари по основ на враќање на персонален данок;
- Воведовме субвенционирање за тутунот од 80 денари за прва класа, 70 денари за втора класа и 60 денари за трета класа тутун. Ја укинавме – четвртата класа;
- Ги раскинавме незаконски склучените договори и огласивме 10.623 хектари државно земјоделско земјиште. Склучени се нови 376 договори со вистински земјоделци кои ќе го обработуваат земјиштето;
- Воведовме нова мерка РУРАЛНА ЖЕНА – темел на семејната фарма;
- Ја зголемивме поддршката за млад земјоделец од 10.000 евра на 20.000 евра;
- Младите земјоделци во првите три (3) години се ослободени од плаќање закуп за државното земјоделско земјиште;
- Исплатено грозје на лозарите по основ на долгот што винарските визби Повардарие и Стефани винарија го имаа кон лозарите за предадено грозје кон винарите од 2014 до 2016 година;
- Зголемен е фондот за учество на државата во трошоците за земјоделска механизација;
- Воведовме финансиска поддршка за каматите за кредитите подигнати од комерцијалните банки наменети за инвестиции од ИПАРД програмите;
- Преку финансиските програми поддржавме 60 проекти за преработувачки објекти;
- Преку програмата за рурален развој за набавка на земјоделска механизација поддржавме 10 задруги;
- Доделивме грант финансиски средства  на 20 задруги преку проект на ЕУ за набавка на механизација, ладилници и магацини;

- Го зголемивме субвенционирањето кај развојни категории на растително производство за 20% и за сточарско производство за 10%;
- Го зголемивме субвенционирањето на овчо и козјо млеко од 3,5 денари на 4,5 денари по литар;
- Во екот на КОВИД-19, ја зголемивме субвенцијата за зачувано женско јагне од 700 на 1.500 денари по грло;
- Ја поедноставивме процедурата за набавка на високогенетски добиток со тоа што сега договорот со сточарот се склучува пред набавката на добитокот;
- Доделени се 800 трактори и склучени 500 договори за приклучна механизација;
- Склучен е договор за изградба на три откупно-дистрибутивни центри во РЕСЕН, СТРУМИЦА И СКОПЈЕ;
- Поддржавме 49 локални манифестации со финансиска помош од 2.000 евра;
- Поддржавме 30 меѓународни саеми за промоција на земјоделски производи и преработки;
- За развој на руралните средини во речиси сите општини во Република Северна Македонија доделивме 38 милиони евра за 202 проекта што опфаќаат инфраструктурни проекти, заштита на културно наследство, партерно уредување, плоштади и нови зелени пазари;
- Го укинавме електронското полагање на ловечкиот испит;
- Инвестиравме во хидромелиоративни системи за зголемување на обработливите површини. Започната е изградба на браните Коњско, Равен Речица, Злетовица;
- Завршен е проектот за чистење на акумулацијата Слатино од вегетација, суви дрва и други жбунови во акумулационоит базен;
- Ги исплативме заостанатите 9,1 милион евра долгови од 2014, 2015 и 2016 година кон сточарите, ветеринарните друштва и лабораториите и го спасивме од можен колапс системот за здравствена заштита на животните и безбедност на храната;
- Донесовме одлука за обештетување и финансиски ги исплативме 220 сточари на кои говедата им угинаа при појавата на болеста јазлеста кожа во 2016 година, а кои претходната власт не сакаше да ги исплати;
- Обезбедивме 100.000 микрочипови и бесплатно микрочипирање на домашните миленици и го воспоставивме системот за нивна идентификација и регистрација. Ова е важен момент во натамошната борба против неодговорното сопственништво и бездомните кучиња;
- Обезбедивме 15.000 микрочипови и бесплатно микрочипирање на копитарите и извршивме нивна идентификација и регистрација;
- Воведовме 50% покривање на трошоците од страна на државата за вакцинација на овците и козите против болеста ентеротоксемија;

- Ги поедноставивме процедурите за регистрација и пуштање во промет на ветеринарномедицинските препарати при што ги намаливме и финансиските трошоци за регистрацијата и пуштањето во промет на истите;
- Го намаливме ДДВ-то за ветеринарните лекови од 18% на 5 %;
- Овозможивме примарните производители директно да пуштаат во продажба помали количини на производи од животинско потекло;
- Обезбедивме услови за нови 14 објекти да добијат дозвола за извоз на производи од животинско потекло во земјите на Европската Унија;
- Овозможивме извоз на македонското јагне на пазарите на Блискиот Исток;
- Направивме корекции од по 20% на цените за надоместокот на услугите што ги вршат ветеринарните друштва за потребите на државата;
- Обезбедивме локација и финансиски средства во висина од 9,5 милиони евра за изградба на објект и воспоставување систем за третирање на нуспроизводите од животинско потекло;
- Го подобривме системот за безбедност на храната, при што во 2019 година немаше евидентирано ниту едно лице задржано на болничко лекување како резултат на труење од храна;
- Изработивме Закон за донирање на вишокот храна.

## ЗЕМЈОДЕЛИЕ 20-24, ОГРОМЕН РАСТ И РАЗВОЈ

Нашите земјоделски политики се насочени кон создавање на ОДРЖЛИВО, КОНКУРЕНТНО, МОДЕРНО И ИНОВАТИВНО земјоделство и производство со повисока додадена вредност.

Избувнувањето на пандемијата со вирусот КОВИД-19 предизвика пустош во многу земји во светот, нанесувајќи невидено страдање на илјадници луѓе. Од друга страна кризата ја разоткри ранливоста на нашите економски и социјални можности и инструменти на владата соочена со овој предизвик во време на силна јавна загриженост.

Оваа криза за нас е дополнителен аргумент за поддршка и подобрување на земјоделските политики и нивното спроведување во пракса. Нашиот план за нов економски развој значи силно зајакнување на домашното земјоделско производство и пазар.

Затоа мерките во оваа програма претставуваат продолжение и надградба на воспоставените мерки, а со цел обезбедување на постојано, одржливо и доволно домашно производство, подготвено за сите понатамошни предизвици.

Политиките во земјоделскиот сектор ќе бидат во согласност со генералните обврски и насоки на државата за приспособување кон заедничката земјоделска политика на ЕУ. Оттука, политиките во секторот ќе бидат насочени кон оспособување на секторот да функционира во услови на единствен европски пазар, незанемарувајќи ги притоа и потребите и трендот на домашниот пазар и пазарите во глобални светски рамки. Тежиштето на политиките ќе биде

префрлено кон семејни комерцијални фарми што ќе бидат во состојба да се специјализираат за високо квалитетно земјоделско производство, органско производство и традиционални производи. Во овој контекст, земјоделските производители ќе станат претприемачи кои во соодветниот амбиент ќе бидат во состојба да донесат важни одлуки во кое производство ќе го гледаат својот профит, но и да бидат способни да преземат или да се соочат со потенцијалниот ризик. За оваа цел, државата ќе го поттикнува окрупнувањето на ситните имоти, ќе доделува државно земјиште на вистинските производители во мера во која најрационално ќе може да го искористат, ќе ги поддржи инвестициите во модернизацијата на земјоделското и инвестициите во иновативното земјоделско производство.

Активностите за развојот на земјоделството ќе бидат насочени кон негово оспособување за конкурентски односи, а тоа се постигнува само со производство на висококвалитетни и безбедни производи, произведени со конкурентна цена.

Во секторите во кои ќе има вишок на производство, политиките на СДСМ ќе бидат насочени кон поддршка на мерки и активности за пронаоѓање нови пазари и поттикнување на извозот, додека во секторите каде што имаме недостаток на определени производи, ќе го поттикнуваме производството за задоволување на националните потреби.

За реализирање на политиките и активностите и за постигнување на одржливо, профитабилно, поконкурентно, модерно и иновативно земјоделско производство, за првпат во нашата историја, радикално ќе ги зголемиме инвестициите во еден од најзначајните сегменти, ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ, и тоа преку следните мерки.

## Поддршка за млади земјоделци

Мерка за подмладување во земјоделскиот сектор преку создавање услови за мотивација на младите земјоделци до 40 години да останат во земјоделското производство. За подобрување на старосната структура, запирање на процесот на стареење и обновување на генерациите, нудиме помош за младите фармери преку:

- доделување земјоделско земјиште за млади фармери носители на земјоделски стопанства,
- доделување финансиски средства за започнување земјоделска дејност,
- зголемување на износот на основните субвенции,
- субвенционирање на плата (по 3.000 денари) на новововработен работник во земјоделско стопанство помлад од 25 години.

## Поддршка за лицата кои привремено работат во земјоделскиот сектор во земјите на Европската Унија, а сакаат да инвестират во земјоделството

За време на кризата со КОВИД-19 голем дел од нашите иселеници кои привремено работат во земјоделскиот сектор во земјите на Европската Унија беа принудени да се вратат во државата. Ова претставува можност тие да станат повратници, да инвестираат во македонското земјоделство и да ги користат стекнатите знаења и вештини од земјоделски развиените земји. Овие новини

ќе претставуваат значителен придонес во осовременувањето на македонскиот земјоделски сектор, а нивната одлука за враќање ќе ја стимулираме со финансиска поддршка и други мерки.

## Поддршка на жените земјоделки – темел на семејните фарми

Преку системско регулирање на финансиската поддршка на жените земјоделки ќе поттикнуваме активно вклучување на македонската рурална жена во креирање и реализирање на земјоделското производство.

Со финансиска поддршка ќе ги заштитиме економските, социјалните и културните интереси на руралната жена.

Затоа планираме поддршката за жените земјоделки двојно да ја зголемиме до крајот на 2024 година.

## Кадровско и финансиско зајакнување на државниот советодавен систем

Преку доделување на поголем буџет за советодавниот систем, ќе ја зголемиме можноста за зајакнување на човечкиот потенцијал преку ангажирање едуцирани кадри кои ќе бидат директно вклучени во решавање на проблемите во земјоделското производство.

## Бесплатна едукација на фармерите за примена на современи технологии на производство

Во националниот буџет постојано ќе обезбедуваме финансиски средства за финансирање или ко-финансирање за организација семинари, курсеви, практични обуки, снабдување со стручна литература за сите потсектори во производството.

## Стипендирање на децата на регистрираните земјоделци за едукација во земјоделските струки

Мерката предвидува доделување стипендии од програмата за рурален развој за сите деца на регистрираните земјоделци кои ќе се запишат во средно земјоделско училиште на која било, насока како и доделување стипендии за сите студенти на регистрирани земјоделци кои ќе се запишат на земјоделски, сточарски или ветеринарен факултет во земјата.

## Бесплатна обука на фармерите за поефикасно искористување на средствата од ИПАРД и националните програми за поддршка во земјоделството и руралниот развој

Мерката предвидува поддршка за обука на земјоделските стопанства корисници на средства од овие програми за добрите производни и хигиенски практики, добрите земјоделски практики, заштитата на животната средина, безбедност на храна, благосостојба на животните и сл.

## Бесплатни ветеринарни здравствени посети, едукација и прегледи на животните на одгледувалишта

Преку посети на одгледувалишта и едукација од страна на стручни лица ќе постигнеме подобра заштита од заразни болести, како и брзо откривање и спречување на ширење на заразните болести кај животните и намалување на можните економски штети како последица од појава на болести кај животните и лошите пракси во одгледувањето на добитокот.

Постигнување на одржливо, профитабилно конкурентно, модерно и иновативно земјоделско производство може пред сè да се постигне со правилна **ПОЛИТИКА за УПРАВУВАЊЕ со ЗЕМЈАТА**. За таа цел СДСМ ќе ги спроведува следните активности и мерки:

- **Продажба на државното земјоделско земјиште за поголемо производство на храна**

  Преку продажбата на државното земјоделско земјиште на физички или правни лица ќе создадеме услови да се зголеми процентот на обработка на земјоделско земјиште. Со стекнувањето на сопственост на земјоделското земјиште ќе се олесни пристапот до кредити и користење на меѓународните фондови за сите оние кои сакаат да инвестираат во земјоделството.

  Продажбата на државното земјоделско земјиште ќе биде под строго дефинирани услови со кои сите оние кои ќе го откупат земјиштето ќе бидат обврзани истото да го обработуваат.

  Средствата од продажбата на државното земјоделско земјиште ќе ги користиме за капитални инвестиции во земјоделскиот сектор како брани, системи за наводнување и друга инфраструктура.

- **Ограничување на големината на земјоделските површини при давање под закуп на државно земјоделско земјиште**

Давање еднаква можност за развој на земјоделските претпријатија и елиминирање на незаконски дејства преку ограничување на големина на земјоделски површини на поединечни фармери и земјоделски претпријатија.

- **Доделување на државно земјоделско земјиште на сточари**

  Подобрување на конкурентноста на сточарските фарми преку затворен круг на вкупното производство од нива до производ.

- **Земјоделските површини до 3 ха да ги управуваат општините**

  Со мерката се овозможува системско разграничување на државното земјиште и парцелите помали од 3 ха да се управуваат од општините.

- **Поедноставување на процедурата за легализација на сточарските фарми**

  Целта е да се овозможи поедноставување на процедурите за легализација на сточарските фарми.

За да овозможиме поттикнување на инвестициите и побрз економски развој на **РУРАЛНИ СРЕДИНИ** за подобрување на добросостојбата на руралната популација, создавање и развој на „паметни села", и овозможување услови за младите да останат да живеат и работат во нив, ќе ги преземеме следните мерки:

- **Распределба на националниот буџет за директни плаќања во земјоделство и рурален развој во однос 65:35**

  Пренасочување повеќе средствата од националниот буџет за рурален развој за поттикнување на инвестициите и побрз економски развој на руралните средини.

- **Поддршка од 10.000 евра за развој на микро и мало претпријатие во руралните средини.**

  Руралната економија подразбира развој на земјоделски и неземјоделски дејности, преку поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија.

- **Инвестиции во рурална инфраструктура**

  Подобрување условите за живот во руралните општини и населби.

Пред сѐ, како директна поддршка на креирањето на системот на **ОДРЖЛИВО И КОНКУРЕНТНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО**, ги предвидуваме следните активности и мерки:

- **Годишна финансиска поддршка од 200 милиони евра за земјоделството и руралниот развој**

  Годишната финансиската поддршка од 200 милиони евра за аграрната политика насочена кон создавање услови на одржливост на земјоделските стопанства кои ќе се залагаат за зголемување на производството, квалитет на производите, заштита на животната средина, безбедност на храната, здравствена заштита и благосостојба на животните, како и кон модерно и конкурентно земјоделство и производи со додадена вредност. Предвидуваме финансиска поддршка од државниот буџет за подобрување на стандардот на живеење на населението, изградба на инфраструктурни објекти, диверзификација на економските активности за задржување на руралните средини во витална состојба со создавање услови младата популација да остане во нив.

- **Навремена исплата на директната поддршка во земјоделството: 30 % од висината на основните мерки 30 дена по аплицирањето и 70% според календарот на исплата**

  Исплаќање на финансиските средства на земјоделските стопанства во време кога им се најпотребни.

  Од 2021 година ќе започнеме со исплата на **30 % од висината на основните мерки** 30 дена по аплицирањето. Остатокот од средствата за определена мерка, ќе се реализираат по извршената контрола, според определена динамика и календар на исплата. Календарот ќе го регулираме со закон за да земјоделците точно знаат кога можат да ги очекуваат средствата.

- **Зголемено субвенционирање на „Зелена нафта"**

  Намалување на производните трошоци за да се подобри конкурентноста на земјоделските производи. Во наредниот период ќе продолжиме со спроведување

на оваа мерка, со тоа што секоја година ќе го зголемуваме субвенционирањето на трошоците за набавка на гориво за земјоделски машини  со цел до крајот на 2024 година да биде субвенционирано 100 %.

- **Зголемување на поддршката за директни плаќања за грла говеда, овци, кози, маторици, заклани гоеници, бројлери, несилки, еднодневни пилиња, презимени пчелни семејства за 10% од сегашните**

  Запирање на трендот на опаѓање на бројната состојба на добитокот, зголемување на производството и намалување на увозот на млеко, млечни производи, месо и месни производи.

- **Зголемување на поддршката за произведено и предадено екстра квалитетно кравјо млеко за два денари по литар**

  Зголемување на производството на млеко со екстра квалитет и исполнување на хигиенските и микробиолошките барања.

- **Инвестирање во воспоставување на интегриран сеопфатен систем за контрола и мониторинг на квалитетот на сурово млеко**

  Формирање на мрежа на контролори со овластени лаборатории за да се обезбеди квалитетно сурово млеко во преработката и продажбата.

- **Враќање на старите водостопански заедници**

  Со враќањето на старите водостопански единици овозможуваме пофункционално и рационално управување со водените ресурси за  наводнување.  Функционирањето на водените заедници на принципот на самоодржливост и инвестиции во модерни водоснабдителни системиво кои водата како ресурс ќе се користи максимално, а земјоделците ќе ја искористат секоја капка вода за наводнување.

- **Продолжување со процесот на окрупнување (консолидација) на земјоделското земјиште**

  Креирање на поголеми земјишни парцели што ќе продуцираатконкурентно земјоделско производство.

- **Поддршка за одржување на долгогодишни насади**

  Зголемување на инвестициите во процесот на производството, подобрување на конкурентската способност на фармерите.

  Мерката е наменета како стимулација на фармерите за поголемо вложување во процесот на производството, а преку тоа и обезбедување на повисоки приноси и подобар квалитет на производите.

- **Формирање на интервентен фонд во програмата за директни плаќања**

  Обезбедување на финансиски средства за регулирање на пазарен дизбаланс во земјоделството и обезбедување услови за одржливо земјоделско производство.

- **Поттикнување на тов на гојни јуниња над 500 кг**

  Воведување на зголемена субвенција по гојно јуне со старост од 8 до 24 месеци

и со тежина над 500 кг, заклани во регистриран кланичен капацитет. Целта на оваа мерка е да се стимулира домашното производство на јунешко месо и преку завршната кланична тежина по гојно јуне да се намали увозот на јунешко месо.

- **Поврат на персонален данок на доход за земјоделци**

  Поврат на персоналниот данок на сите земјоделци на кои земјоделството им е основна дејност и кои што оствариле приходи од продажба на земјоделски производи до два милиони денари.

- **Намалување на данокот на додадена вредност за ветеринарните услуги од 18% на 5%**

  Намалување на данокот на додадената вредност од 18% на 5% за ветеринарните услуги, за да се подобрат, да станат поевтини и поквалитетни.

- **Поттикнување на примена на агроеколошки мерки**

  Поттикнување на фармерите за спроведување на агроеколошките мерки.

Свесни за потребата за значително зголемување на износот, намената и ефективноста на **ИНВЕСТИЦИИТЕ** во земјоделското производство,ги планираме следните мерки:

- **Гарантен фонд за кредитирање и финансирање проекти за земјоделство и рурален развој, заедно со обезбедување на советодавни услуги во рамки на фондот**

  Во соработка со Развојната Банка на Северна Македонија ќе обезбедиме олеснување на финансирањето во областа на земјоделството и руралниот развој.

- **Поддршка за изградба на ладилници, преработувачки капацитети, откупно-дистрибутивни центри**

  Создавање услови за подобар пласман на примарните производи, финализација на производството, повисоки цени на производите, повеќе финансиски средства на примарните земјоделски производители.

  Веќе е планирана изградба на современи откупнодистрибутивни центри и складишни капацитети во Ресен, Скопје и Струмица.

- **Поддршка за подигање на долгогодишни насади**

  Зголемени производни потенцијали со зголемување на површините под нови насади, но и обнова на амортизираните насади. Ќе продолжиме со практиката да поддржуваме подигање нови насади. Поддршката ќе се состои од исплата на 50% од висината на вложената инвестиција.

- **Поддршка при набавка на висококвалитетен педигриран генетски материјал**

  Увоз на висококвалитетен приплоден подмладок од домашни животни со супериорна генетика во однос на нивните производни, репродуктивни, линеарни и функционални особини.

- **Финансиска поддршка за млечни крави под контрола на производните особини**

  Подобрување на генетскиот материјал преку финансиска поддршка за високомлечни крави.

- **Издавање на пасишта под долгогодишен закуп**

  Овозможување на склучување на договори со сточарите за повеќегодишен закуп за користење на државните пасишта. Со склучување на повеќегодишните договори се овозможува стабилност, планско работење на сточарите и зголемување на сточниот фонд.

- **Инвестирање во инфраструктура на пасиштата**

  Спроведување на евиденција и категоризација на пасиштата и инвестирање во инфраструктура на пасиштата.

- **Инвестиции во Јавно приватно партнерство во секторот земјоделство**

  Инвестирање во областите на лозарството и тутунарството преку модернизирање и изградба на нови капацитети по моделот на јавно приватно партнерство.

- **Инвестирање во градбата на брани и системи за водоснабдување**

  Обезбедување дополнителни количини на вода за пиење, наводнување и производство на електрична енергија и други потреби во државата.

  - Завршување на градбата на браните Оризарска река, брана Конско и брана на река Слупчанска.
  - Инвестирање во завршување на систем за водоснабдување Злетовица.
  - Инвестирање во изградба на системите за наводнување Равен-Речица, Лисиче и Пепелиште.
  - Изградба на нови системи за наводнување Конско, Удово, Јосифово, Пирава, Конопница-Крива Паланка, Славишко Поле-Ранковце, Теарце-Тетово, Колибари-Кичево, Новаци- Битола, Чаушица- Босилово, Пишица- Пробиштип, Сопот-Кавадарци.
  - Инвестиции при реконструкција и обновување на системи за наводнување Турија, Кумановско Липковско поле и Тиквешко поле.
  - Инвестиции во уредување на речни корита со постојан и непостојан водотек и порои.

- **Инвестирање во пошумување**

  Надоместување на површините под шума уништени од пожари и бесправни сечи, заштита на земјиштето од ерозија, свлечишта и порои, како и подобрување на квалитетот на шумите со конверзија.

  Пошумувањето и збогатувањето на шумскиот фонд е важно и за одржување на еколошкиот систем, социјалниот мир и поздрава средина за сите нас.

- **Инвестиции во нова шумска механизација**

  Обезбедување механизација за одгледување и заштита на шумите, како и механизација за навремено снабдување на граѓаните со огревно дрво уште во летниот период.

За развојно земјоделство, намалување на трошоците на производство, подобра конкурентност, квалитетни и безбедни земјоделски производи знаеме дека треба да се аплицираат најдобрите практики на развиените агроекономски системи, за што посебен фокус ставаме на поддршка на системот на **ИНОВАЦИИ** во **ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**. Затоа во нашата изборна програма ги планираме следните мерки:

- **Инвестирање во инсталација на сончеви панели за производство на електрична енергија за користење во наводнување на земјоделските површини**

  Користење на обновливи извори на енергија и намалување на инвестициите за наводнување на земјоделските површини.

- **Инвестирање во поттикнување на квалитетно домашно производство на семе и саден материјал и развивање потенцијал за квалитетно растително производство**

  Производството на семе и саден материјал ќе го задоволиме во најголем дел од сопствените потреби и ќе создадеме основа за развој на наши македонски сорти квалитетен семенски материјал.

- **Иновативни инвестиции во справување со климатските промени**

  Инвестирање во адаптација на производството кон климатски промени. Затоа ќе поддржиме финансиска помош во висина од 50% од инвестицијата за инсталирање на системите за заштита од доцни пролетни мразеви, противградобијни мрежи и современи системи за наводнување на насадите и посевите.

- **Инвестирање во воведување на систем за мониторинг и прогноза на здравје на растенијата**

  Ќе поддржиме инсталирање на дигитални станици во секој поголем производен регион за следење на условите за појава на болести и штетници на земјоделските култури.

- **Инвестирање во примена на електронски систем за следење на дрвната маса**

  Електронско следење на дрвната маса, од ознака на стебло за сеча, преку сите фази на производство и превоз до крајниот потрошувач.

  Оваа обврска ќе ја имаат сите субјекти за стопанисување со државни шуми, како и и сите правни лица регистрирани за промет на дрво.

  Нашиот План за земјоделска трансформација, подразбира дека секој земјоделски производител својот производ треба да го продаде по најповолни цени на пазарот. За таа цел, понудуваме сет мерки за **МАРКЕТИНГ И ПЛАСМАН** на македонските земјоделски производи. За да обезбедиме фер и коректни цени на пазарот на земјоделските производи, нашите активности ги насочуваме кон:

- **Поттикнување на договорното производство**

  Промовирање на договореното производство на фармерите со преработувач-ките капацитети.

- **Утврдување производна цена на поединечни земјоделски производи**

Државните институции да утврдат производна цена на главните земјоделски производи пред секоја откупната сезона, врз основа на однапред утврдена методологија.

- **Поддршка во стекнувањето на Global GAP сертификатот**

  Поддршка во зголемување на субвенциите во примарното производство за 30% доколку корисниците се здобијат со сертификат за имплементација на Global GAP. Со здобивање на Global GAP сертификат, се исполнува еден од главните предуслови за извоз. Со оваа мерка се придонесува за зголемување на конкурентноста на македонските свежи производи.

- **Поддршка на настап на меѓународни саеми и домашни манифестации**

  Отворање нови пазари, зголемен извоз и стабилни откупни цени на земјоделските производи на пазарот.

- **Намалување на трошоците и времето потребно при постапката за пуштање во промет на храна со здравствени тврдења, храна за посебни намени и додатоците во храната**

  Забрзување на процесот на пуштање во промет на овие видови храна и додатоци во храната за да се намалат трошоците кај операторите.

- **Поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук од домашно производство**

  Поттикнување на **институциите од образовниот, здравствениот и социјалниот систем** да обезбедат домашен зеленчук и овошје.

- **Поттикнување на органско производство**

  Поттикнување на органско земјоделско производство со продолжување на дополнителната финансиска поддршка по единица површина и условно грло добиток.

- **Стимулирање на производство на нови земјоделски култури**

  Стимулирање на воведување и производство на нови земјоделски култури за кои на светскиот пазар постои поголема побарувачка на подолг временски период (лаванда, рузмарин, аспарагус и други култури).

- **Поттикнување на производство на традиционални производи и производи со заштитено географско потекло**

  Ќе ги регистрираме сите традиционални производи и производи со заштитено географско потекло со цел да го заштитиме македонското наследство и традиција во храната и земјоделството.

- **Одржување на статусот на здравјето и благосостојбата на животните за непречен извоз и трговија со животни и нивни производи**

  Подобрување на здравјето и благосостојбата на животните преку спроведување на соодветни програми за следење, превенирање, рано откривање и сузбивање

на болестите, како и стекнување статус на земја слободна од извесни болести, со што ќе се олесни меѓународната трговија со живи животни и производи од животинско потекло.

Иновативните концепти сакаме да ги интегрираме и со можностите во земјоделството и негово поврзување со останатите клучни области за квалитетот на животот и економскиот развој. Конкретно, подготвуваме акции за:

- **Воспоставување систем на собирање на нус-производи од животинско потекло, поврзан со нашите мерки во енергетиката и екологијата (модел на циркуларна економија)**

  Преку нештетно отстранување на нус-производи од животинско потекло да се заштити животната средина, од отпадот да се добијат обновливи извори на енергија, биогас и да се отвораат нови работни места.

  Оваа мерка е исклучително важна од аспект на заштита на животната средина, како и здравствената заштита на животните, а преку нив и здравјето на луѓето. Со воспоставувањето на систем за собирање на нус-производи од животинско потекло, се оневозможува фрлање на мршите од угинатите животни како и нус-производите од животинско потекло на несоодветни локации и депонии и со нивна преработка во добивање на високоенергетско масло (биодизел).

  Преку воспоставувањето на системот за собирање и преработка на остатоци од производите од животинско потекло се штити животната средина и на паметен начин од отпадокот преку преработка се добива високоенергетско масло што има своја економска вредност. Преку собирањето на угинатите животни и нивното испитување на присуство/отсуство на одредени болести ќе се креира карта на присуство на некоја болест во одредени региони и соодветно на тоа, ќе се изработат одредени програми за сузбивање на болестите. Обезбедена е локација за градба на објектот како и финансиски средства за реализација на објектот за преработка и набавка на пропратна технологија и опрема за воспоставување на системот.

  Индикатор на успешноста: Изградба на фабрика и воспоставување на систем за собирање на нуспроизводи од животинско потекло.

- **Поттикнување за донирање на вишокот храна**

  Преку намалување на отпадот од храна и собирањето на вишок храна даваме поддршка во пристапот до храна на социјално загрозеното население.

  Значителен е бројот на лица што не можат да си обезбедат доволни количини на храна во текот на денот и затоа е потребно да се развиваат механизми за донирање на вишокот храна наместо истата да се фрла. Според тоа колку е намалено фрлањето на храна се препознава и развиената свест за хуманост и солидарност во општеството. Со ваквиот поттик треба да се намали висок процент на количина на храна како отпад и се придонесе за намалувањето на сиромаштијата.

# Изборна програма

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА**

1

НОВА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА - МК РЕСТАРТ

2

STOP COVID-19

# 2.STOP COVID-19

ПОМАЛКУ БИРОК
ПОДОБРА И ПОБР
УСЛУГА.

“

”

РАТИЈА,
ЗА ЗДРАВСТВЕНА

Пандемијата на КОВИД-19 беше најсериозниот тест за нашиот здравствен систем. Во услови на најтешка светска криза, покажавме како треба да се работи и како може да се создаде огромна доверба кај граѓаните во здравствените работници и здравствениот систем. Големо мнозинство на граѓани беа задоволни од начинот на кој се менаџираше оваа криза – резултат кој никој не го забележал од нашата независност.

## *МАКЕДОНСКОТО ЗДРАВСТВО ГО СТАВИ КОВИД-19 ПОД КОНТРОЛА!*

### Имавме навремена и силна превенција

Додека некои се потсмеваа со вирусот и ја потценуваа опасноста, ние бевме меѓу првите земји во регионот и Европа кои воведоа превентивни мерки уште пред да се појави првиот регистриран случај (термални камери, бесконтактни термометри и соби за изолација и скрининг на аеродромите и на граничните премини, задолжителна самоизолација за патниците кои доаѓаат во земјата, СМС порака за сите кои доаѓаат во земјата со телефон од ЦЈЗ во случај на симптоми).

### Го заштитивме здравствениот систем и здравствените работници

Главна цел беше растот на бројот на заразени да е линеарен, а не да дојде нагло, како што се случуваше во Италија, што практично ги затрупа болниците на почетокот од епидемијата. Затоа, како база на нашиот модел го зедовме германскиот. Како резултат, немаше нагла ескалација на бројот на заразени лица. Два месеци после почетокот на епидемијата, 91% од здравствените работници кои беа заразени и први на ударот се веќе излекувани. Со ова, речиси целиот медицински персонал работи, а капацитетите во интензивните одделенија се исполнети само 10%. Бројот на заразени пациенти нашиот здравствен систем одлично го амортизира преку комбинација на домашно лекување на пациентите со блага клиничка слика и хоспитализација на оние на кои им е потребна. Здравствениот систем го организиравме преку Регионални болнички центри за лекување на КОВИД-19 пациенти од внатрешноста, а „8 септември" во Скопје ја пренаменивме во Ковид центар за хируршки интервенции за пациенти со ковид. Воведовме и бесплатно лекување од КОВИД-19 за лицата без здравствено осигурување.

Ја израмнивме кривата на епидемијата, согласно проценките на Комисијата за заразни болести кон крајот на април, а веќе на почетокот на мај, бројот на заразени почна да опаѓа. Следуваше постепено олабавување на рестриктивните мерки и зајакнување на меките мерки. Имаме одржлива бројка на нови заболени и активни случаи со што ја одржуваме епидемијата под контрола.

### Ги слушавме експертите, ја почитувавме јавноста

Граѓаните беа на прво место при носење на сите мерки. Го почитувавме знаењето и искуството на експертите и тоа не носеше до точни и оправдани одлуки.

Граѓаните беа редовно, точно и навремено информирани преку дневни прес конференции. Се заложивме секогаш да ја кажуваме исклучиво вистината и да бидеме први во информирањето. Тоа беше единствениот начин да се спречи ширењето дезинформации со цел предизвикување страв и паника кај населението. Министерот за здравство одговараше на сите прашања на медиумите, а претставниците на Владата беа достапни за медиумите.

## Го зајакнавме капацитетот и координацијата на здравствениот систем преку:

- Изградба на Монтажна болница со модуларни павилјони како Ургентен и тријажен центар за изолирано третирање на пациентите со КОВИД-19;
- Доопремување на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и ГОБ „8-ми Септември" со респираторни машини и друга медицинска опрема;
- Прераспределба на здравствениот кадар за поддршка на другите болници во земјата;
- Трипати го зголемивме капацитетот за тестирање во јавното здравство. Го дообучивме кадарот и ги оспособивме и зајакнавме лабораториите за изведување на потребни тестови од повисоко ниво на био-безбедност;
- Воведување дигитализација на одредени услуги, како е-рецепт, и далечинска консултација и следење на пациентите во примарна здравствена заштита;
- Тренинг на 20 едукатори преку Универзитетот „Браун", а потоа и обуката на 2.300 здравствени работници и преку 500 матични лекари за препознавање и следење на пациентите со КОВИД-19;
- Преку EUIF инструментот на Европската унија - флексибилен механизам за финансирање, како и од Светската банка добивме дополнителна финансиска поддршка за понатамошно модернизирање и градење на капацитетите на здравствениот сектор.

## Првата битката ја добивме, но борбата не е завршена

Само со почитување на сите мерки и препораки може да ја задржиме епидемијата под контрола. Рестриктивните мерки се опуштија, економијата заживува и како и секаде во светот почнуваме да се враќаме во нормала. Но ова може да го одржиме само ако сите граѓани ги почитуваат мерките, а институциите ги спроведуваат контролите. Во спротивно, ризикуваме да повторно почне да расте бројката на заболени, ризикуваме да мора повторно да воведуваме рестриктивни мерки. Ова е лошо за економијата, за работните места и секако за здравјето и не смееме да го дозволиме.

## Коронавирусот нема да исчезне брзо, мора да се навикнеме да живееме со него

Коронавирусот нема да исчезне и ќе биде присутен се додека не створиме колективен имунитет преку вакцината која не се очекува порано од 2021 година. Ова значи дека сите ние мора да се навикнеме да ги почитуваме мерките за лична заштита и да живееме со вирусот. Мора да ги вршиме сите наши дневни обврски грижејќи се за своето здравје но и здравјето на

другите. Сите стопански гранки, компании и организации, граѓаните, групи и секој поединец е дел од оваа борба без исклучок. Сите треба да се приспособат на новата реалност само така ќе го вратиме животот во нормала без да го загрозуваме здравјето.

### Научивме многу, и постојано учиме како да се справуваме со овој вирус

По првиот бран на вирусот научивме многу. Здравствените работници и епидемиолозите сега се поподготвени и знаат многу подобро како да делуваат и се организираат за следниот предизвик со коронавирусот. Континуирано учиме и ги следиме светските пракси, сознанија и истражување и ги воведуваме во работењето кај нас.

### Го подготвуваме здравствениот систем за вториот бран: вложуваме 33 милиони евра во одделенијата за интензивна нега

Сите досегашни научни студии, но и искуствата од други епидемии во минатото покажуваат дека вирусот многу веројатно ќе има и втор бран. Ние за ова се подготвуваме согласно препораките на СЗО и европските и светските искуства.

Започнуваме голема инвестиција во здравствениот систем и ги зајакнуваме одделенијата за интензивна нега ширум земјата. Се подготвуваме за новиот бран на есен и ќе го дочекаме поподготвени да го заштитиме здравјето на граѓаните. Во следниот период со 33 милиони евра од Светска банка ќе ги опремиме сите одделенија за интензивна нега со модерна опрема, кревети, респиратори, рентген машини и сите останати потребни апарати да може да пружат врвна здравствена заштита.

Оваа влада покажа што значи да се работи во интерес на граѓаните и како одговорно и навремено се делува во случај на криза. Покажавме дека умееме одлично да се носиме со големите предизвици и кризи и тоа уште подобро ќе го направиме кога и повторно да го имаме предизвикот за заштита на јавното здравје и граѓаните.

## *БИТКАТА СО КОВИД-19 НЕ Е САМО ЗДРАВСТВЕН ПРЕДИЗВИК*

### Почнавме со враќањето во „новата нормала“

Навремените рестриктивни мерки ја спасија државата од стравичните слики од болниците во Кина, Италија, Шпанија... Откако го оставивме зад нас првиот пик, почнавме со постепено олабавување на рестриктивните мерки. Најголемиот дел од домашното производство се реактивираше, се отворија речиси сите продавници, молови, угостителски и спортски објекти, но според внимателно дефинирани протоколи за заштита. Тоа е суштината на „новата нормалност“: да продолжиме со регуларните работни и социјални активности, но со зголемени мерки на лична заштита.

Рестриктивните мерки ги заменуваме со обезбедување физичка дистанца и лична заштитна опрема со што ќе ги намалиме шансите за реактивирање и ширење на вирусот.

Кризата предизвикана од корона вирусот ја менаџиравме успешно и ги зголемивме нашите шанси за брзо економско опоравување затоа што одлуките ги носевме навреме, водени од државните интереси. Водени од тие мотиви, успеавме во најтешките моменти да ги издејствуваме најголемите стратешки успеси: членството во НАТО и одлуката за почеток на преговори со ЕУ. Според Светска банка, токму овие две работи ѝ даваат шанси на нашата татковина многу побрзо од другите држави во регионот да се опорави од ударот на глобалната економска криза.

## Го штитиме здравјето, но и економијата

Сите рестрикции неопходни за заштита на животите и здравјето на граѓаните носеа големи финансиски и социјални последици. Сите сериозни анализи предвидуваат силен удар врз глобалната економија, трговија и пазарите и пораст на невработеноста и сиромаштијата. Трите сета мерки на Влада беа водени од нашите приоритети:

- Да ги зачуваме работните места преку директна финансиска поддршка на фирмите, со што ќе им овозможиме да ги задржат вработените дури и кога тие останувaа дома поради рестиктивните мерки;
- Да ги заштитиме најзагрозените преку силни и брзи социјални мерки обезбедени за повеќе граѓани и семејства;
- Да им помогнеме на претпријатијата во најтешкиот период со достапни финансиски средства преку директна поддршка, гаранции и поволни кредити;
- Да се олесни најсилниот удар на кризата и кај фирмите и кај домаќинствата преку репрограмирање и одлагање на исплата на кредити;
- Да ја зајакнеме приватната потрошувачка со мерки насочени кон позагрозени семејства, невработени, млади и студенти.

## Глобалните промени да ги дочекаме подготвени

Кризата предизвикува големи промени во бројни сектори, но и промена во ланците на снабдување кај големите фирми. Нашата цел ќе биде да ги искористиме овие промени и да ги потенцираме нашите предности: географската близина со огромниот пазар на Европската унија, неискористените потенцијали за производство на зелена енергија и здрава храна, повисока усогласеност со европските регулативи од други земји и региони.

Веднаш по избивањето на кризата предизвикана од корона вирусот, дел од нашите производители покажаа капацитет за брза и мудра трансформација. Така на пример, дел од текстилните фабрики ги приспособија своите производствени линии на производство на заштитни маски за домашниот, но и за странските пазари. Овој тип на производи (заедно со средства за дезинфекција) ќе бележи интензивен раст на побарувачката и ќе им помогнеме на нашите компании таа шанса да ја искористат.

## Државата ќе се менува брзо и ефикасно

Подготовките за вториот бран нема да се однесуваат само на здравствениот сектор. Уште на почетокот на кризата брзо ги прилагодивме најважните услуги кон граѓаните и бизнисот на новото време. Бројните дигитални услуги кои за само 2 недели ги ставивме во употреба значеа намалување на можностите за ширење на заразата, но и побрза и транспарентна услуга за нашите граѓани и за нашето стопанство. Овој тренд ќе го продолжиме во подготовката за очекуваниот втор пик оваа есен. Изработивме и јасни протоколи за одвивање на образовниот процес во случај на повторен ризик, зголемена сигурност во јавниот сообраќај, како и за замена на државните карантини со соодветни PCR тестови и самоизолација.

# ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ ДА ВЛОЖУВАМЕ ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО

Кризата покажа колку е важно јавното здравство. Го наследивме здравствениот систем со: демотивираност и ниски плати на здравствените работници, зголемена смртност кај родилките и новороденчињата, континуиран недостаток од лекови и медицински потрошен материјал, сомнителен квалитет на лековите и инсулините, блокирани сметки на јавните здравствени установи,намалена ефикасност и ефективност на здравствениот систем и огромно незадоволство на пациентите од здравствените услуги.

Цврсто сме одлучни натамошниот развој на здравствениот систем да го насочуваме во согласност со одговорот на националните и меѓународните барања, особено на полето на јавното здравство и контрола на заразните како и масовните незаразни болести, со финансиска одржливост на системот, подигање на квалитетот и достапноста на здравствените услуги, солидарноста и правичноста на здравствениот систем, со граѓаните во центарот на системот и нивната целосна вклученост.

## За три години инвестиравме и променивме многу!

- Го зголемивме Буџетот на Фондот и Министерството за здравство за 30% (споредено со 2016 година) и во 2020 година тој изнесува 41.451 милиони денари. Ова зголемување е последица на развојот на свеста дека вложувањето во здравјето на граѓаните не е трошок, туку инвестиција во здравјето и попродуктивна иднина.
- Вработивме 780 лекари и 1.000 медицински сестри.
- Значително ги зголемивме платите и надоместоците на сите здравствени работиници, за да ги задржиме во земјата и да ги мотивираме да дадат максимум во борбата за животот и здравјето на нашите граѓани.
    - Уште во 2018 година, на 19.123 вработени во јавните здравствени установи им ја зголемивме основицата за плата за 5%.
    - Во јануари 2019 година, дополнително ги зголемивме платите на здравствениот кадар: 5% за медицинските сестри, 8% на медицинските сестри на клиниките и 10% за докторите специјалисти.

- Од февруари 2020 година, дополнително ги зголемивме платите на вработените во јавното здравство и тоа: 25 % за докторите специјалисти, 15 % за општите лекари, 10% за медицинските сестри, 10% за здравствените соработници и 5% за помошно-технички персонал.
- Вкупните месечни приходи за три години се зголемени за 40-50%, што никогаш досега не се случило. На пример, ако просечната бруто плата на лекар специјалист била 72.200 денари во 2017 година – сега таа е 111.377 денари (54% зголемување). Медицинска сестра со високо образование сега добива 50.376 денари бруто, за разлика од 2017 година кога просечната бруто плата изнесувала 37.753 денари (34% зголемување).
- Во септември 2019 година, воведовме 5% зголемување и за администрацијата во јавното здравство.
- Ги зголемивме надоместоците за дежурства, ноќен труд и дополнителна работа на здравствените работници. Додатокот за работа ноќе го зголемивме од 29 на 50%. Додатокот за дежурства за хируршките дејности го зголемивме од 84 на 125%, додека за интернистичките дејности го зголемивме од 67 на 105%. Сега, едно дежурство на лекар специјалист на хируршките клиники изнесува 6.213 денари за разлика од 2017 година кога изнесуваше 1.200 денари (речиси ПЕТ пати повеќе). Викенд и празнично дежурство сега изнесува 10.000 денари, за разлика од 2017 година кога изнесувало од 1.600 до 2.400 во зависност од клиниката (речиси ПЕТ пати повеќе).
- Обезбедивме плата за приватните специјализанти во висина на просечна плата на општ лекар.
- Ги вработивме на неопределено време лекарите специјализанти со ко-финансирана специјализација (со трансформација на работниот однос од определено на неопределено).
- За првпат после неколку години, го зголемивме капитациониот бод на матичните општи лекари за 15%, на матичните стоматолози за 20% и на матичните гинеколози за 15% .
- Ги зголемивме за 15% и буџетите за стоматолозите-специјалисти по орална хирургија, протетика и ортодонција, како и на сите други специјалисти.

- Обезбедуваме повеќе специјалисти:
    - Во 2018 година распишавме рекорден број државни специјализации: 240 специјализации и 115 супспецијализации во различни области;
    - Во 2019 година доделивме 346 специјализации и 68 супспецијализации, пред с во дефицитарни области. За споредба, во 2015 година беа распишани вкупно 216 државни специјализации.
- На лекарите им овозможивме дополнителна работа при што за тоа сега осигурениците плаќаат само партиципација и надоместок за тимот, а не целиот износ на здравствената услуга како што беше порано.
- Целосно ги департизиравме и ги вративме во владение на струката и фелата

стручните комори (Лекарска, Стоматолошка и Фармацевтска) и стручните здруженија при Македонското лекарско друштво и секциите при Фармацевтското друштво и Стоматолошкото друштво.

- Преполовена е доенечката смртност: од 11,9 промили во 2016 на 5,7 промили во 2018 година. Во истиот период, перинаталната смртност се намали од 16 на 10,4 промили.
- Реализиравме бесплатна вакцинација против грип за ризични групи, без ограничување во однос на примањата со 28.000 дози на вакцини.
- Двојно го зголемивме буџетот за ретки болести: во 2017 година изнесуваше 213 милиони денари, а за 2020 година е 527 милиони денари. Обезбедени се шест нови лекови за потребната терапија за пациентите со ретки болести и воспоставен е електронски регистар.
- Воведовме две нови вакцини во Календарот за имунизација - против пневмокок и рота вирус, кои ги штитат најмладите пациенти од инфекции кои се чести во детската возраст, особено кај деца кои посетуваат градинки. Со оваа инвестиција се направени и огромни заштеди на системот, особено преку превенција на можните компликации.
- Воведовме двојното читање на мамографиите од два независни читачи-радиолози кои имаат искуство во читање на мамографии од минимум 800 пациенти.
- Објавивме јавен повик за интерес за работа во службите на патронажната дејност за медицински сестри, во времетраење од шест месеци.
- Вработивме 200 медицински сестри во патронажната дејност.
- Во Здравствените домови се ангажирани 62 општи лекари како волонтери во примарна здравствена заштита со надоместок во висина од 30 000 денари нето. Ова претставува услов за добивање на приватна специјализација.
- Изработивме и усвоивме нови стратегии кои ги отсликуваат модерните трендови во медицината и општествената грижа за здравјето.
- Донесовме 15 протоколи за ефективна перинатална грижа согласно препораките на СЗО, протоколи од областа на сексуалното и репродуктивно здравје, хронични незаразни болести и др.
- По десет години повеќекратни обиди, изработивме и донесовме Методологија за Национални здравствени сметки, со која точно се утврдуваат сите вложувања и трошоци во здравствениот сектор, како јавен така и приватен.
- Воведовме парични стимулации за здравствениот кадар во рурална домашна посета и поставивме систем на приоритет при добивање државна специјализација за овој кадар.
- Започнавме со имплементација на моделот интегрирана здравствена и социјална заштита во Кочани и Ресен и спроведовме летна патронажна медицинска служба во Галичник.
- Инвестиравме во опрема и направивме надградба, реконструкција и доопремување во 34 здравствени установи.
    - Набавивме 12 возила на итна медицинска помош, две возила за интер-

клинички транспорт, специјално комбе за пренос на лица со попречености, возило за домашна нега;

- Реновирани се хируршките сали на Клиниката за ортопедија при Универзитетската клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар (ТОАРИЛУЦ);
- Реновирани се одделенијата за дигестивна хирургија;
- Целосно е реновиран одделот за трансплантација во Клиниката за хематологија и во него за првпат се извршува несродна трансплантација на матични хематопоетски клетки, една од најсофистицираните тераписки процедури во современата медицина;
- Реновирана е Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија;
- 80% од градежните зафати од реконструкцијата во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" се завршени;
- Комплетно е реновиран одделот за интензивно лекување и стационарот со 10 болнички соби на Универзитетската клиника за неврохирургија;
- Од темел е изградено ново одделение за акутни состојби во Психијатриска болница - Негорци;
- Отворен е Кардиоваскуларен центар во Градската општа болница „8 Септември";
- Реновиран е третиот кат на Универзитетската клиника за гастроентерохепа–тологија;
- Комплетно е реновиран вакциналниот пункт во Поликлиника Чаир;
- Целосно ја реконструиравме итната медицинска помош (ИМП) во Здравствен дом Велес;
- Ја реконструиравме и адаптиравме фасадната столарија во Здравствен дом Велес;
- Извршена е реконструкција и адаптација во Здравствен дом Ресен;
- Започната е постапката за изградба на Амбулантата Сарај;
- Завршена е реконструкцијата и адаптација на објектот Амбуланта Лисиче;
- Извршена е реконструкција и адаптација на објектот Амбуланта Карпош 1;
- ЗД Ростуше и Амбуланта во с. Жировница: изработена проектно-техничка документација за изведба на нова котлара и системот за греење во Ростуше и реконструкција на кровот на амбулантата во с. Жировница;
- ЗД Демир Хисар: изработена проектно-техничка документација за изведба на градежни работи за замена на фасадна столарија;
- Со нов динамички план продолживме со изградба на нова Клиничка болница Штип;
- Целосно се завршени градежните работи во ЈЗУ Психијатриска болница

Скопје во Бардовци. Објектот е предаден на корисникот, а во тек е припрема на јавната набавка за набавка на опрема;

- Изградивме нов ургентен хируршки центар во ЈЗУ ОБ Куманово;
- Во завршна фаза се градежните работи за реконструкција и адаптација на новото крило во болницата во ЈЗУ ОБ Струмица. Новиот објект е со површина од 6.500 метри квадратни и во него покрај ургентниот центар ќе бидат сместени и други оддели;
- Градежните работи за реконструкцијата и адаптацијата на ЈЗУ Градска болница „Св. Наум Охридски" се во завршна фаза;
- Изградивме бункер за акцелератор во ЈЗУ Градска болница „8-ми Септември" целосно се завршени градежните работи и започната е монтажата;
- Објавени се повеќе јавни набавки за изведба и надзор на градежни работи на повеќе јавни здравствени установи во државата;
- Во подготовка е тендерска документација за реконструкција и адаптација на ЈЗУ ОБ Кичево;
- Во тек е реконструкција на котлара на ЈЗУ Специјална болница на гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" - Чаир и во ЈЗУ ОБ Гевгелија;
- Завршена е проектно-техничка документација за реконструкција и адаптација на ЈЗУ Специјална болница Отешево;
- Реконструирано и адаптирано е инфективно одделение во ОБ Велес;
- После 15 години на Клиниката за уво, нос и грло набавени се нови анестезиолошки апарати коишто овозможуваат добро водење на општа анестезија;
- Набавивме нов рендген апарат наменет за снимање деца во детската болница Козле;
- Пуштен е во употреба нов апарат за компјутерска томографија на Институтот за радиологија;
- Набавена е нова медицинска опрема за ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" – Чаир;
- Набавена е нова опрема за реанимација со неинвазивна респираторна поддршка наменета за предвремено родени деца, односно доенчиња на Клиниката за детски болести.

- Го олеснивме пристапот до здравствени услуги за најранливите групи:
  - Ги ослободивме од партиципација сите деца до 18 години чии родители се корисници на правото на социјална парична помош. Со мерката веќе се опфатени 24.267 лица и за неа се издвоени 20 милиони денари од Буџетот;
  - Ги ослободивме од наплата на партиципација за болничко лекување 20.000 пензионери со издвоени 60 милиони денари;

- 500 лица корисници на правото на социјална парична помош се ослободени од партиципација и за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги.

- Воведовме два нови упати:
  - „Итен 24", кој се издава доколку лекарот утврди дека пациентот заради неговата состојба е неопходно да биде прегледан од специјалист/супспецијалист или да му биде извршена одредена дијагностичка процедура во рок од 24 часа;
  - „Упат без термин" кој се користи во случај кога пациентот има потреба од преглед, поврзан со остварување одредено право и прегледот треба да се изврши во следните 7 дена.
- Воведовме задолжително издавање на отпусно писмо на денот на испишување на пациентот од болница, а најдоцна во рок од 24 часа, а во најкус можен рок и хистопатолошки наод.
- Ги направивме лековите и медицинските средства подостапни за целото население:
  - Набавивме скапи цитостатици за сите жени на кои им е потребна терапија после операција или без операција на карцином на дојка. Сега се покриени со целата терапија што им е потребна. Воведена е и иновативна терапија за т.н. ХЕР2 карцином на дојка и таа терапија како второлиниска ја примаат 15 пациенти;
  - Воведена е биолошка терапија од над 30 нови лекови за малигни заболувања, што придонесува за обезбедување на подобар квалитет во лекувањето;
  - Ги укинавме месечните квоти на аптеките за издавање на лекови на рецепт и вложивме средства за надминување на состојбата со недостиг на лекови на рецепт после 15-ти во месецот и со тоа ја зголемивме достапноста на лекови;
  - Воспоставивме систем кој ќе оневозможи злоупотреба на пропишаните рецепти и ќе спречи фиктивно трошење на месечните квоти за набавка на лекови;
  - Го укинавме паралелниот увоз на лекови со сомнителен квалитет и со тоа постигнавме поголема безбедност и квалитет на лековите за пациентите;
  - Воведовме три нови типови инсулин, кои се најнова генерација на лекови, оригинатори. Еден од нив е наменет за децата. Се врши навремена набавка на инсулин за болните од дијабетес на годишно ниво и се спречи префрлувањето на пациентите од аналоген на хуман инсулин.
- Го подобривме вреднувањето на фармацевтска здравствена услуга и дадовме поддршка за воведување нови здравствени услуги во јавните аптеки. Воведовме објективна, транспарентна и интернационално потврдена методологија за формирање на единствените цени на лековите во Република Северна Македонија.

# АГЕНДА 20-24

Ќе продолжиме со инвестициите во здравствениот систем, како во инфраструктура така и во човечки ресурси, опрема и понапредни методи и терапииДо крајот на 2020 година ќе ја дефинираме десетгодишната Стратегија за издвојување и инвестиции во здравството и ќе побараме собраниска широка поддршка за неа – на здравствениот систем му треба стабилно и повисоко вложување.

Овие цели ќе се постигнат со силна политичка волја, рационални политики, одговорен однос и сосем нов пристап во здравството. Здравата популација е потенцијално најважниот ресурс на општеството и придонесува за неговиот целосен социјален и економски напредок. Затоа, инвестирањето во здравството не треба да се смета како трошок, туку како инвестиција во одржлив развој на општеството: **ЗДРАВА НАЦИЈА – ПОДОБРА ЕКОНОМИЈА!**

## *Целата реформа ќе ги содржи овие конкретни политики:*

## *ИНВЕСТИРАМЕ ВО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ*

Бидејќи човечкиот капитал претставува најголем и најскап ресурс на здравствениот систем, кој е најтешко да се развие, одржи и задржи:

- Секоја година ќе ги зголемуваме платите на здравствените работници и соработници до 10%;
- Веќе е направена симулација за потребите за специјалисти во следните 5, 10 и 15 години. Од 2021 година трикратно ќе го зголемиме бројот на специјализации во точно определени области. Среднорочно и долгорочно плански ќе одобруваме специјализации со цел да се избегне претерана концентрација на специјалисти во определен регион, а недостаток во други со поттикнување на дефицитарните специјалистички гранки (анестезиолози, патолози, детска медицина на труд, рендгенолози). Ќе распишеме и доделиме дополнителни специјализации во соработка со здравствената фела, имајќи го предвид недостигот на специјалисти во повеќе медицински гранки;
- Шанса за секој млад дипломиран лекар со лиценца за работа. Ќе обезбедиме платен работен стаж за секој нов млад лекар, но и паричен надоместок како стимулација;
- Сите лекари на специјализација со живеалиште надвор од Скопје кои го немаат решено станбеното прашање ќе добијат субвенција од 12.000 денари месечно;
- Ќе потпишеме Стратешки договор со Универзитетската болница од Франкфурт за едукација на млади лекари и сестри по принцип на ротација;
- Ќе ги отвориме капацитетите на јавните здравствени установи (операционите сали) за користење на специјалисти согласно точно утврдени критериуми, со што би се оствариле дополнителни приходи на ЈЗУ;

- Ќе развиеме модел за системски промени во начинот на плаќање на примарната здравствена заштита, во кој ќе се вреднува обемот и квалитетот на услугите кои матичните лекари ќе ги спроведуваат. Во таа насока, за првпат ќе се воведат стандарди за превенција и следење на определени состојби и заболувања, приспособени за примарното ниво на здравствена заштита. Исто така, со промените во начинот на плаќање ќе се поттикне вложувањето во едукација, во технички и материјални ресурси. Ќе се поттикне и активно вклучување на медицинската сестра во реализирање на здравствената грижа;
- Ќе продолжиме да работиме на унапредување на професионалниот дигнитет и автономија на здравствените работници, преку инвестирање во нивната едукација, вистинско вреднување на трудот и подобрување на работните услови и околина;
- Ќе воведеме систем на континуирана едукација за медицински сестри со цел зголемување на нивните компетенции и знаења во соодветната област каде што работат.

## ПАЦИЕНТОТ Е ЦЕНТАРОТ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

- Помалку бирократија, побрза здравствена услуга. Со целосно здравствено-информатичко поврзување, комплетно ќе се избегне „шетањето" на пациентот заради административни причини на релација матичен лекар-специјалист-матичен доктор-аптека.
- Целосно електронско здравство, без користење на хартиени форми на документи.
- Апликацијата „Мое здравје" ќе ја воведеме до крајот на 2020 година. Со неа за секој граѓанин ќе се обезбедат електронски поврзани податоци и историјат на дијагнози и терапии. Со тоа, граѓаните ќе имаат подобар увид и грижа за сопственото здравје. Овој концепт предвидува изработка на персонализиран профил за секој граѓанин, со што ќе се овозможи пристап до сопствениот здравствен картон. Преку профилот, секој граѓанин ќе има пристап до сите добиени услуги во здравствениот систем, вклучително и датум на услугата, здравствената установа и здравствениот работник кој ја извршил услугата. Со ова се овозможува: подобра информираност на граѓаните за услугите кои ги добиле со преглед на истите на едно место, намалување на можноста пациентот да загуби дел од документацијата кога истата е во хартиена форма и пренасочување на хартиената документација во електронска. Граѓаните ќе имаат увид само во сопственото досие, преку креирање на единствен профил со корисничко име и лозинка – слично на сегашниот систем на персонализирани профили за проверка на приходите и даноците преку системот е-ПДД на Управата за јавни приходи.
- Воведување на проект „Телемедицина" каде патува информацијата, а не пациентот, со поврзување на Ургентниот центар во Скопје и трите Клинички болници во Штип, Битола и Тетово.
- Зајакнување на капацитетите на јавното здравство (регионализација) преку функционално поврзување на сите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна).
- Целосно ќе ги вклучиме здруженијата на пациенти во креирање и мониторинг на

здравствените политики и на квалитетот на здравствените услуги. Со тоа ќе ја зајакнеме улогата на пациентите во комуникацијата со стручната јавност при донесување на прописи и законски решенија од здравствената заштита.

- Со помош и соработка со здруженијата на пациенти ќе ја подобриме здравствената писменост, превенција и унапредување на здравјето.

## ПОДОБРА И ПОЕФИКАСНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- До крајот на мандатот сите болници и здравствени домови ќе ги направиме енергетски ефикасни.
- Ќе ги реновираме најстарите одделенија во болниците.
- Во 2020 година ќе обезбедиме 70 нови возила за итна медицинска помош и редовно обновување на возниот парк секоја година до крајот на мандатот.
- Ќе воспоставиме три нови пункта за итна медицинска помош на подрачјето на град Скопје. Времето на одговор на итна медицинска помош ќе стане до 10 минути во урбани и до 20 минути во рурални средини.
- Ќе ги реновираме сите вакцинални пунктови.
- Ќе ја започнеме изградбата на нов, современ и функционален Универзитетски клинички центар во Скопје кој ќе обезбеди високо квалитетна здравствени услуги на населението во целата држава. Приоритет е изградба на достапен, квалитетен и долгорочно одржлив систем на здравствена заштита, со што значително ќе се подигнат стандардите за лекување и третман на пациентите. Избраната локација и димензии обезбедуваат заокружена здравствена нега, функционална поврзаност, користење на заеднички ресурси, но и лесен пристап од повеќе локации во државата и избегнување на сообраќајниот метеж во Скопје.
- Ќе направиме набавка на неопходна медицинска опрема за осовременување на установите вон Скопје и тоа „Св. Еразмо" - Охрид, Општата болница -Струмица и Ургентниот центар во Тетово.
- Ќе формираме Центар за медицински истражувања со кој ќе се вклучиме во европските и светски истражувачки мрежи и проекти.
- Ќе инвестираме во нови и проширени постоечки капацитети на дневни болници во кои на пациентите, во текот на еден ден ќе им се пружаат дијагностички или терапевтски (интернистички, хируршки, педијатриски) услуги за кои не е неопходна хоспитализација.
- Ќе развиваме капацитети за долготрајно лекување и нега на хронични болни, особено за стари и неподвижни лица во тешка состојба, за кои домашната нега не е соодветна.
- Неискористените болнички капацитети ќе ги пренамениме во домови за стари лица.
- Ќе формираме служба за парамедици во итна медицинска помош.
- Ќе ја доекипираме патронажната служба во сите региони низ државата, врз основа на искуството од регрутирањето кадар во изминатите три години.

- Квалитетот на здравствената заштита зависи и од квалитетот на кадарот кој ја води здравствената политика, особено од аспект на здравствената економија и менаџмент во здравството. Затоа, ќе формираме Совет за проценка на здравствената технологија при набавка на нова медицинска опрема или воведување на нови лекови на позитивната листа.
- Ќе воспостаавиме автоматизиран напреден систем на здравствена статистика, анализа на податоците и изработка на извештаи–business ***intelligence system/ data warehouse system*** кои се основа за процесот на донесување на одлуки во здравството.
- Ќе продолжиме со намалување на долговите на јавните здравствени установи и создавање законска основа за утврдување сигурни извори за финансирање на здравствената заштита.

## Во превентивната здравствена заштита:

- Ќе градиме систем кој ќе го штити здравјето на населението, а особено на ранливите групи (деца, бремени жени, стари лица, хронично болни и хендикепирани лица);
- Ќе носиме мерки и активности за намалување на морбидитетот, онеспособеноста и предвремениот морталитет предизвикани од најчестите хронични незаразни заболувања (кардио и цереброваскуларните заболувања, малигните заболувања и шеќерната болест). Од 2021 година ќе воведеме нова превентивна програма за скрининг на рак на кожата (меланом);
- Ќе ја зајакнеме улогата на Центрите за ментално здравје, доминантно врз основа на принципот на менталното здравје во заедницата (посета на заболениот дома). Центрите за унапредување и промоција на менталното здравје ќе развијат програми за помош на младите кои имаат потешкотии во менталното здравје, за помош на заболените од депресија во ризик од суицидот и програма за ментални пореметувања кај стари лица;
- Тимовите на избрани доктори со Центрите за ментално здравје ќе спроведуваат програми за рано препознавање на штетната употреба на алкохолот;
- Ќе се врши континуиран надзор и контрола врз заразните болести и ќе се преземаат сите мерки, имајќи ги предвид зголемените прекугранични закани од заразните болести, како и отвореноста на границите и мобилноста (туризам, трговија, азил);
- Продолжуваме со унапредување на покриеноста со имунизации на вакцинално превентабилните болести. Приоритет е одржување на опфатот на вакцинацијата на децата според календарот за вакцинација со најмалку 95% во секоја општина, со зголемување на опфатот на популациските групи со висок ризик;
- Ќе воспоставиме национален систем за надзор врз антимикробна резистенција, особено преку воведување систем за следење на потрошувачката на лекови во болниците и аптеките. Во соработка со граѓанскиот сектор и професионалните здружениja ќе започнеме кампања против пречестото препишување на антибиотици, со обука на матичните лекари но и родителите и граѓаните;
- Нашата земја спаѓа во европски земји со висока потрошувачка на антибиотици, што го

покажуваат и податоците за пропишувањето и потрошувачката на лековите. Во поглед на контролата на резистенцијата на бактериите на антибиотици, досега не постои воспоставен систем за надзор. Антимикробна резистенција се заканува да ја загрози воспоставената контрола врз заразните болести;

- Ќе ги зајакнеме капацитетите за превенција на постојните и новите закани по здравјето преку јакнење на јавно здравствените активности и воспоставување на брз одговор на заканите за здравствената безбедност што подразбира воспоставување на систем кој може соодветно да одговори на предизвици како што се појава на епидемии на глобалното ниво кои се сè поголеми и се шират со неочекувана брзина (корона, SARS, птичји грип), болести кои повторно се јавуваат (ебола), до природните и хуманитарните катастрофи, биотероризмот и другите ризици по здравјето;
- Согласно европските протоколи и клинички патеки, ќе се зголеми достапноста на мамографскиот скрининг, преку набавка на дополнителни мамографи и мобилен мамограф за да се подобри стапката на детекција на ракот на дојката во најраната можна фаза;
- Ќе ги зајакнеме превентивните програми за подобрување на оралното здравје во училиштата со можно активирање на училишни амбуланти;
- Ќе се донесат мерки за промовирање на оралното здравје меѓу постарата популација, со цел унапредување на оралното и општо здравје;
- Нашата заложба е на здравјето на повозрасното население да им се посвети особено внимание, особено во однос на квалитетот на животот и демографските промени со оглед на очекуваното стареење на популацијата. Најчестите здравствени проблеми на оваа популациска група се врзани за хронични незаразни болести, повреди, намалување на функцијата на локомоторниот систем, оштетување на видот и слухот и деменција, што подразбира, во прв ред обезбедување на нега, која вкучува и долготрајна нега и лекување дома. За таа цел:
  - Ќе ги јакнеме сервисите за нега и домашно лекување на стари лица преку активностите и соработката на избраниот доктор и патронажната сестра;
  - Ќе ја јакнеме соработката помеѓу здравствените установи и центрите за социјална работа во делот на давање на негата и социјалните сервиси, со можност за основање на посебни установи за долготрајна нега и лекување на старите.

## Во примарната здравствена заштита:

Примарната здравствена заштита е и останува најефикасниот начин за одржливо решавањена здравствените предизвиците во здравствениот систем. Затоа:

- Докторите од примарна здравствена заштита во места каде што недостасуваат лекари ќе можат да работат и да даваат услуги (дежурства, итна помош, вакцинални пунктови и патронажа) за што дополнително ќе бидат платени. Исто така, докторите од здравствените домови ќе можат да регистрираат пациенти како матични лекари;
- Дијагностицираните пациенти со хронични заболувања (дијабетес, астма, ХОББ, висок крвен притисок, заболување на штитна жлезда, депресија, заболувања на простата, дебелина во детска возраст и сл.) да се следат според протоколи за следење на

хронични заболувања во примарната здравствена заштита;

- Стимулирање на млади лекари да работат во рурални средини, преку доделување на грантови на млади лекари кои сакаат да отворат ординации во рурални средини;
- Развивање на нов модел за соработка со патронажните служби и матичните лекари;
- Проширување на компетенциите на матичните лекари – специјалисти по семејна медицина коишто вклучуваат и грижа за сексуалното и репродуктивното здравје како што се услуги за семејно планирање, контрацепција, сексуално преносливи инфекции итн.;
- Подобрување на здравјето за новороденчињата, доенчињата и предучилишните деца со зајакнување на примарната здравствена заштита вклучувајќи ги и акушерските и патронажните служби;
- Зајакнување на службите за патронажна дејност во рамки на здравствените домови и општите болници со проширена дејност;
- Обезбедување на гинеколошките услуги преку капацитетите со коишто здравствениот систем располага на секундарно ниво;
- Обезбедување на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во руралните средини преку ангажирање на мобилните гинеколошки амбуланти;
- Ревизија на ценовникот на услуги заради техничко-технолошкиот развој и новите методи во стоматологијата;
- Воведување на групна пракса или мрежа, стимулирање на лекарите да се групираат со цел да бидат поефикасни, а пациентите да добијат континуирана грижа;
- Промена на модел на плаќање кој ќе го стави пациентот и квалитетот на неговата индивидуална сеопфатна грижа на прво место;
- Покрај новите возила на брза помош и реконструкции на итната медицинска помош;
- Формирање на мобилни палијативни тимови (во соработка со Министерството за труд и социјална заштита).

## Во секундарната здравствена заштита:

- Докторите во болниците од областа на гинекологијата и педијатријата во места и региони каде што недостасуваат матични лекари ќе можат да регистрираат осигуреници како матични лекари од овие области;
- Бесплатно лекување во болниците (ослободување од партиципација на одредени дополнителни категории на здравствени осигуреници) покрај досега ослободените ранливи групи;
- Нови и проширени постоечки капацитети на дневни болници во рамките на здравствените установи во кои на пациентите во текот на еден работен ден ќе им се пружаат одредени дијагностички или терапевтски (интернистички, хируршки, педијатриски) услуги за кои не е неопходна хоспитализација;
- Развивање на капацитети за долготрајно лекување и нега на заболени од одредени

хронични болести, особено за стари и неподвижни лица во тешка состојба, за кои домашната нега не е соодветна;

- Основање на центри за палијативна грижа (хосписи) – преадаптација на постоечки здравствени капацитети;
- Ревизија на Мрежата за секундарна стоматологија (протетика, орална хирургија и ортодонција), со цел да се изменат високите критериуми за вмрежување кои се во сегашниот модел;
- Намалување на критериумите и регионална застапеност а зголемување на бројот на вмрежени специјалистички ординации, што би овозможило комплетно отворена мрежа во наредниот период;
- Ревизија на ценовникот на услуги и воведување на нови услуги во тренд со новото време во стоматологијата, во секундарната стоматолошка здравствена заштита.

## *Во терциерната здравствена заштита:*

- Реорганизирање на Ургентниот клинички центар во Скопје (интернистички) во високо специјализирана и модерна установа која ќе ги згрижува критично болните, со адаптација на просторот, опремата и кадарот;
- Воведување на нови методи во секоја од клиниките преку носење на странска експертиза за да се унапреди знаењето на нашите лекари и да се намалат трошоците за лекување во странство;
- Унапредување на трансплантацијата на паренхимни и матични клетки со контролирани протоколи на лабораториските и сите здравствени установи;
- Формирање на референтни центри за најсофистицирана здравствена заштита и услуга со врвни стручни лица кои ќе бидат достапни на сите граѓани на државата. (Национален центар за дијабетес, Национален центар за срце итн.);
- Продолжување на трендот на намалување на морбидитет и морталитет на мајки и новороденчиња, со тенденција за приближување до европскиот просек;
- Воведување на телемедицински сервиси во покривање на определени дејности во здравството (кардиологија, радиологија, итна медицинска помош) со цел зголемување на достапноста и унапредување на квалитетот на здравтвената заштита;
- Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ ќе биде институција со едукативна и апликативна дејност од секундарен и терцијарен карактер, а не примарна-матична институција;
- Преговори со Стоматолошките факултети и Стоматолошката комора за регулирање на бројот на запишани студенти и специјализанти на ниво на држава, со цел да се пристапи кон оптимизација на затекната состојба;
- Ќе иницираме суштествени промени во организација на стоматолошката дејност со сериозна издржана епидемиолошка студија за оралното здравје на населението, од каде ќе произлезат суштествените промени во организацијата на стоматолошката служба.

СДСМ

## Квалитетни и достапни лекови

- Ќе продолжиме со политиката „Лек во секое време и за секој пациент" т.е без квотите кои го загрозуваа здравјето на граѓаните и создаваа нервози и страв во поголем дел од месецот. Оваа политика ќе гарантира обезбедени лекови и во аптеките и во болниците секој ден во месецот.
- Ќе продолжиме да ја ажурираме позитивната листа на лекови и да додаваме поквалитетни и помодерни терапии со лекови, на сметка на замена на застарени терапевтски третмани.
- Ќе продолжиме со системот на обезбедување на соодветни и подобри цитостатици и иновативни терапии за малигните заболувања.
- Како што покажавме на случајот со инсулинот и укинување на паралелниот увоз, ќе продолжиме со политиката на современи лекови исклучиво со сертификат за квалитет. Ќе ги унапредиме постапките кои се поврзани со проверка и анализа на квалитетот на лековите со цел гарантирање на нивниот квалитет до крајните корисници.
- Ќе објавиме регистар на запишани медицински средства за да граѓаните можат да го потврдат квалитетот на медицинските средства.

  Во исто време, ќе направиме систем за следење на потрошувачката на лековите преку следење на секоја кутија на лек со cloud систем, како би се спровела рационална употреба на лековите како и контрола и утврдување на постојните залихи на лекови во земјава, со цел превенирање на недостатоци на одредени лекови и навремена замена на истите со цел зголемена достапност до пациентите.Тоа ќе го постигнеме преку електронско менаџирање на податоци, поврзување и целосно интегрирање на сите системи кои оперираат со податоци поврзани со лекови и здравствени услуги. Така ќе има целосна следливост на процесите поврзани со лековите и медицинските средства.

# Изборна програма

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА**

3

ГРИЖА ЗА СИТЕ

4

РЕД, ДИСЦИПЛИНА, ПРАВДА

# ГРИЖА ЗА СИТЕ

**СЕ СТРЕМИМЕ С**
**И ДА УЖИВААТ**
**СЕ ГРИЖИМЕ ЗА**
**ВЛОЖУВАМЕ ВО**

“

”

СИТЕ ДА ИМААТ
ЕДНАКВИ ПРАВА.
А ЗДРАВЈЕТО,
О МЛАДИТЕ!

# 3.1 ВЛОЖУВАМЕ ВО ЛУЃЕТО

Нашите реформи не значат само закони и куп хартии. Покажавме дека може да се промени начинот на кој државата се грижи за своите граѓанки и граѓани, за децата, младите, постарите и послабите затоа што социјална држава единствено значи грижа за секој поединец во неа. Ги променивме правилата и значително ги зголемивме финансиските трансфери. Во семејните буџети се слеваат повеќе финансиски средства, што значи дека ги враќаме парите кај граѓаните. Овие граѓани и граѓанки повеќе не се лица од маргините, туку активни чинители во нашето општество.

Инвестирањето во луѓето, во подобриот стандард, во повисоки плати и пензии, во социјална заштита која овозможува излез од кругот на сиромаштијата, се работи за кои вреди да се борите и да бидете истрајни бидејќи само така знаеме дека сме на правиот пат и дека промената на секоја една животна судбина за нас значи поттик и мотив да продолжиме да работиме на реформите што ги започнавме заедно.

Продолжуваме да се бориме против сиромаштијата која ги намалува шансите за пристоен живот и на следните неколку генерации, која ги „осудува“ децата и младите на несоодветно образование и здравствена заштита и ги остава на цедило возрасните во годините кога помош најмногу им е потребна. Социјалните вложувања ги гледаме и како начин да ги поддржиме луѓето да можат да се справат со животните ризици. Тоа вложување е предуслов за одржлив економски раст и создавање нови работни места.

Во услови на глобалната криза предизвикана од КОВИД-19 пандемијата, инвестираме во важните социјални инфраструктури: социјално домување, гарантираниот минимален приход, зголемување на бројот на вработени во социјалните центри!

## *Веруваме во функционална и одржлива социјална држава. Нашите резултати се видливи!*

- Повеќе од 120.000 граѓани ги користат придобивките од социјалната реформа и зголемувањето на паричните надоместоци за 300% во просек.
- Околу 27.000 семејства примаат гарантиран минимален приход.
- Показател за успешноста на социјалната реформа е и фактот дека за 6 месеци вработени се над 400 корисници на гарантирана минимална помош, а воведуваме и услуги за активација на долгорочно невработените корисници на гарантирана минимална помош преку развивање СИМ програма за советување и менторска поддршка преку Агенцијата за вработување. Целта на социјалната реформа е токму тоа: трајно извлекување од сиромаштијата преку вработување на лицата кои се далеку од пазарот на трудот.
- Нема реформа без реформатори. Од самиот почеток започнавме со подигнување на мотивацијата, желбата и ефективноста во работата, како и почитување и вреднување на трудот на вработените кои работат во системот на социјалната заштита. Покажавме и докажавме дека може поинаку. Го вративме достоинството на социјалните работници и на останатите даватели на услуги во социјалниот сектор, ги зголемивме платите

за 27% или 4.585 денари во просек по вработен и создадовме можност за кариерно унапредување на секој вработен.

- Фокусот го ставивме на сите семејства, со особено внимание кон оние на кои најверќе им треба поддршка. Воведовме право на образовен додаток за деца кои редовно посетуваат настава во основно и средно училиште за сите домаќинства со ниски примања и корисници на гарантирана минимална помош. Бројката на корисници од 2.877 деца кои беа вклучени во програмата за условен паричен надоместок, е зголемена (повеќе од ТРИПАТИ) на 12.556 деца кои имаат право на образовен додаток.
- Правото за детски додаток од мај 2019 споредбено со правото за детски додаток од минатите години покажува значителен пораст од 335% (повеќе од ТРИПАТИ) и сега 38 146 деца земаат детски додаток.
- Овозможивме еднократна парична помош за второ дете од 20 000 денари која што во првите месеци ќе им биде дополнителна помош во грижата за децата.
- Важни ни се сите и се грижиме за сите. Токму поради тоа започнавме со трансформацијата на сите установи кои обезбедуваат резиденцијално сместување на лицата со попреченост. Трансформацијата на Специјалниот завод Демир Капија започна со отворање на 5 станбени единици, две во Скопје и три во Демир Капија и започната е трансформацијата на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско" во Струмица преку отворање на 4 станбени единици за 7 лица, две лица се вратени во сопствените домови, а 4 деца се згрижени во малите групни домови во Битола. Согласно планираната динамика целосната трансформација на Специјалниот завод Демир Капија е планирано да заврши до крајот на 2021, а целосната трансформација на Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско"до јуни 2021 година и целосна трансформација на Завод за заштита и рехабилитација Скопје до јуни 2021 година. Сите трансформации ќе доведат до отворање на дополнителни 50 станбени единици за живеење со поддршка и дополнителни работни места во делот на поддршката на лицата.
- Покажавме грижа и за повозрасните. За првпат ја воведовме социјалната пензија за сите оние кои не можат по друга основа да остварат право на пензија и веќе 6.436 возрасни лица го користат ова право.
- Знаеме колку е важна грижата за децата и колку е важно тие да бидат и да растат во семејниот дом. Поради тоа воведовме додаток – траен надоместок за родител, кој се грижел за детето со попреченост до неговата 26 годишна возраст, без истото да користи услуга на вон-семејна социјална заштита (сместување во институција), кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж. На овој начин даваме можност за достоинствено живеење и ја почитуваме и вреднуваме грижата на овие родители за своите деца.
- На иницијатива на корисниците, овозможивме правото за посебен додаток кај децата со трајни наоди со навршени 26 години автоматски да поминува во додаток за помош и нега од друго лице и воедно ќе ја намалиме границата за користење на правото за попреченост од 26 на 18 години. Покажуваме и докажуваме дека се грижиме.
- Следејќи ги потребите на семејствата ги зголемивме финансиските трансфери за биолошките семејства кои имаат деца со попреченост со зголемување на износот на

правото на посебен додаток за 15 %, а воедно ги зголемивме и финансиските трансфери за самохраните родители коишто имаат дете со специфични потреби со пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години. Обезбедивме и здравствено осигурување за лица со попреченост над 26 години.

- Овозможивме додатокот за помош и нега од друго лице да се користи без разлика на приходите на лицата на кои што им е потребна. Со цел да дадеме поддршка и помош кога е потребно, ја развиваме услугата помош и нега во домот за лицата со интелектуална и комбинирана попреченост и старите хронично болни лица и лична асистенција во 56 општини. За првпат во земјата се воведе услугата лична асистенција за лица со потешка или најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица финансирана од Буџетот на МТСП.
- Цената за грижа е зголемена од 18.000 денари на 25.000 односно 29.000 денари, во зависност од потребата за поддршка.

# АГЕНДА 20-24

## *Со истата енергија и волја, ќе постигнеме и многу повеќе!*

- Во битката против сиромаштијата имаме многу конкретна задача: Да ја намалиме стапката на сиромаштијата под 16% со посебен акцент на детската сиромаштија.
- Втората половина од патот на социјалната реформа е да покажеме дека локалните заедници ќе им овозможат на граѓаните квалитетни социјални услуги, кои ќе бидат креирани со Вас граѓаните и согласно Вашите потреби.
- Концептот „Општината се грижи" ќе создаде нови услуги, но истовремено ќе обезбеди нови работни места во овој сектор, отворање на канцеларии на центрите за социјална работа во секоја општина на територијата на државата и секој центар за социјална работа ќе формира интервентен тим што ќе постапува 24/7, по примерот на Скопје.

## *СО ЦЕЛОСНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ДО 2021 ЌЕ ЈА ПОДИГНЕМЕ СВЕСТА ЗА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО, ЌЕ СЕ БОРИМЕ ПРОТИВ СТЕРЕОТИПИТЕ И ПРЕДРАСУДИТЕ.*

Менувањето на погледот кон различностите останува врвен приоритет. Сите се сеќаваме на настаните од Тимјаник, каде се соочивме со првична резервираност и негодување, но со нашата упорност да се менуваат погледите и да се надминуваат предрасудите, граѓаните од Тимјаник ги прифатија и им посакаа добредојде на новите соседи, децата со интелектуална попреченост, станувајќи пример за заедница што нуди вклучување и еднакви можности за сите.

СДСМ

## Со разум и емпатија ќе ги рушиме бариерите и за лицата со попреченост и нивните семејства ќе обезбедиме:

- Закон за самостојно движење со куче водич и мобилна апликација за олеснето функционирање на слепите лица.
- За полесно остварување на своите права сите лица кои што се регистрирани во националниот регистар налица со попречености ќе имаатединствена идентификациска картичка преку која ќе имаат бесплатен пристап до услуги. Покажуваме дека ги почитуваме правата на лицата со попреченост. Наша цел е да го ратификуваме Договорот од Маракеш во насока на остварување на правата на лицата со попреченост. Во тек е и подготовката на целосно нов закон за вработување на лица со попречености, воведување на професионална рехабилитација платена од државата во 2021 година и изработка на национален регистар на лица со попречености.
- Ја зголемуваме грижата и поддршката за лицата со церебрална парализа и децата со попреченост и старите лица. Досега отворивме дневни центри за деца со церебрална парализа во Прилеп и Скопје, дневни центри за деца со попреченост во Велес, Кочани, Македонска Каменица, дневен центар за стари лица во Василево, центар за продолжен престој на деца со попреченост – Куманово, центар за престој и рехабилитација на деца со Даунов синдром во Скопје. Продолжуваме понатаму: завршени се градежните работи за реновирање и адаптација на Центар за рехабилитација на лица со попреченост во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје и комплетно е реновиран дневниот центар кои функционира во рамките на установата. Работиме на модернизација на Центрите за рехабилитација на лицата со попреченост во Скопје и Струмица со цел да станат модерни сервиси во заедницата, воспоставувајќи два центри за професионална рехабилитација во Струмица и Скопје во 2020 година, како и дополнителни три до крајот на мандатот. Ќе отвориме и Центар за повозрасни деца/ лица со аутизам во Скопје.
- Продолжуваме и со намалување на возрасната граница за користење на услугата за лична асистенција на 6 години, а во соработка со патронажната служба секое семејство со дете со попреченост ќе добие интензивна индивидуална поддршка и едукација во првите 12 месеци.
- За првпат законски овозможивме воспоставување центар за одмена на семејна грижа во државата, и во наредниот период секое семејство кое има лице со попреченост ќе добие 15 дена заменска грижа во центарот а и на територијата на целата држава ќе биде достапна услугата живеење со поддршка на лицата со попреченост. Ќе овозможиме и мерка за одмена на семејна грижа на дневна основа – со тим кој ќе може тоа да го прави во интервали од 2 до 4 часа еднаш до двапати во неделата.
- Ќе ја јакнеме улогата на центрите за деца со посебни потреби на примарното ниво на здравствена заштита и давање на физикална терапија дома кај децата со посебни потреби и кај лицата со инвалидитет, а ќе ја анализираме можноста за интеграција на овие центри со дневните центри кои ги основаат општините на локално ниво.

## Дополнително:

- Грижата за семејството е наша примарна цел. Поради тоа ќе основаме државен фонд за исплата на законска издршка на деца во ситуации кога едниот родител по развод не ги исполнува законските обврски. Како дополнителна поддршка за семејствата имаме нови 10 сервиси за родово базирано насилство и целосно исполнување на стандардите согласно Истанбулската конвенција во 2021 година.
- Секој човек е активен чинител во општеството. Поради тоа ќе воспоставиме здравствено социјален сервис – хоспис за згрижување на терминално болни лица во социјален ризик.
- Ќе ја спречиме злоупотребата во системот на социјална заштита преку задолжително пријавување на приходи остварени во странска држава.
- МТСП ќе влезе во ерата на дигитализација. Граѓаните повеќе нема да одат по шалтери да собираат документи за остварување на надоместоците од социјалната заштита. Министерството самото ќе ги презема документите од надлежните институции од другите министерства, а сѐ со цел на граѓаните да им се заштеди времето и парите кои ги плаќаат за вадење на документите.

Не најбогат туку среќен, не најважен туку спокоен, не највлијателен туку задоволен граѓанин. Бидејќи се грижиме!

## СЀ ЗА ДЕЦАТА!

Секое дете заслужува љубов, безгрижно детство, фер шанса и иднина. Вложувањето во децата денес е единствен начин да изградиме здраво граѓанско општество.

Затоа, наша примарна цел е да ја искорениме детската сиромаштија и да обезбедиме еднаква шанса за секое дете.

Целиме кон 60% опфат на децата од 3 до 6 години во предучилишна грижа и воспитување до крајот на 2024 година.

Вложуваме во подобрување на квалитетот на предучилишното образование со цел да ги подготвиме децата за предизвиците на современото живеење преку воведување на програма за социоемоционален развој и целосно ревидирање на програмите за рано учење и развој.

## Во полето на детска грижа и развој, променивме многу работи.

- Инвестиравме во 43 градинки (инвестиција од 180 милиони денари) со услови за квалитетно сместување на 3.000 предучилишни деца.
- Децата Роми како и децата од семејства во социјален ризик ги ослободивме од плаќање надомест.
- Квалитетно предучилишно образование подразбира и мотивиран, стручен кадар.

СДСМ

Затоа ги зголемивме платите на воспитувачките за 31,5% или во просек за 5.744 денари нето износ за само 3 години.

- Детски додаток примаат деца од семејства во социјален ризик и минимални примања со што за 238% го зголемивме опфатот и сега 27.130 деца го примаат овој додаток. Истовремено, го воведовме и образовниот додаток како мерка со која се стимулираат децата од семејствата со социјален ризик и минимална плата да се вклучат во образование преку кој опфатени се 8 678 деца. Целта е да се тргнат децата од улиците, да ја намалиме детската сиромаштија и да обезбедиме еднаква шанса за сите за што формиравме 8 мобилни тимови кои работаат со 248 деца на улица.
- За второ дете воведовме еднократна помош од 20.000 денари.
- Нема повеќе деца под 18 години во институции зашто за сите нив обезбедивме услови за семејна грижа во мали групни домови и згрижувачки семејства за кои додатокот ќе го зголемиме за 30%.
- Решавање на прашањето на децата сместени во установи ни беше приоритетно, со цел да им обезбедиме средина за раст и развој кој ќе биде најблиску до семејната средина. Поради тоа целосно ги трансформиравме сите установи за згрижување на деца и наместо нив, обезбедивме услови за семејна грижа за СИТЕ 186 деца под 18 години.
- Утврдивме и дека е потребна поголема поддршка за згрижувачките семејства во државата како и задецата сместени во овие згрижувачки семејства. Порадитоа отвараме два регионални центри за поддршка на згрижувачки семејствата во Скопје и Битола во 2020 година. Го зголемивме и месечниот надоместок за згрижувачките семејства - пред реформата од 2019 година надоместоците беа 8 688 денари за предучилишно дете, 10 025 денари за учолошно дете, 11.361 денари за категоризирано дете. По спроведената реформа истите се 13 500 денари за општо-згрижувачко семејство со едно дете, 15 009 денари за дете во ризик и 16 219 денари за лице со попреченост.

## Продолжуваме...

- Повеќе градинки за повеќе деца! До крајот на 2023 ќе обезбедиме најмалку 7.500 места за деца во градинките во Лозово, Василево, Боговиње, Студеничани, Делчево, Битола, Гевгелија, Куманово, Чаир, Струмица, Дебар, Гостивар, Свети Николе, Тетово, Теарце, Неготино, Ѓорче Петров, Новаци, Брвеница, Пробиштип, Валандово, Арачиново, Карпош, Гостивар, Липково, Крива Паланка, Ресен, Кочани, Кисела Вода, Сопиште, Сарај. Веќе обезбедивме дополнителни 15 милиони евра за нови инклузивни и енергетски ефикасни градинки.
- Бесплатна градинка за сите деца од семејства со ниски приходи!
- Континуирана обука на воспитниот кадар како и ревизија на моделот на лиценцирање и релиценцирање на воспитувачите и негователите е нашиот план за следниот период. Истовремено, во секоја градинка ќе воведеме и советувалиште за позитивно родителство.

- Секоја година, ќе распишуваме посебен конкурс за објавување на најмалку 10 нови наслови за деца и тинејџери.
- За секое дете, членството во библиотека ќе биде бесплатно. Повеќе книги, повеќе знаење, поголеми шанси.
- Дом за секое дете: додатокот за семејна грижа во мали групи домови и згрижувачки семејства ќе го зголемиме за 30%.
- Во интерес на брзо и ефикасно постапување во интерес на граѓаните и граѓанките, законски ќе воведеме модел на функционална проценка на децата со попреченост и со две регионални и една национална комисија за проценка.
- Поради навремена и соодветна грижа за децата со попреченост ќе воведеме 5 регионални комисии за функционална проценка на овие деца, и ќе ја спуштиме границата на лични асистенти на 6 години. Кај семејствата со дете со попреченост ќе воведеме индивидуална помош и поддршка во првите 12 месеци преку патронажна служба. Како поддршка на инклузивното образование ќе воведеме сензорни соби и соби за релаксација во градинките и училиштата.
- Ќе воспоставиме центар за деца со високоризично однесување кои се во мали групни домови заради заштита на останатите деца и заради пофокусирана работа со нив.

## ЗДРАВО И АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ

Достоинството и интегритетот на граѓаните и граѓанките не смее да биде привилегија, туку право кое го имаат сите! Секој има право безгрижно да ги ужива плодовите од вложениот труд и заслужно да користи пензија која нема да се смалува во однос на потрошувачката кошница, туку ќе ги следи трошоците на живот и соодветно ќе се зголемува. Посветено работиме на подобрување на квалитетот на живот на старите лица и се грижиме за нивната достоинствена старост.

### *Нашата цел е да гарантираме:*

- Стабилен пензиски систем за сегашните и идните пензионери;
- Нова повисока минимална пензија која ќе изнесува најмалку 10.700 денари за сите;
- Активно вклучување на повозрасните лица во локалните заедници преку волонтирање и нивно работно ангажирање;
- Обезбедување грижа од заедницата кон возрасните преку воспоставување локални услуги за грижа и нега.

### *Нашите досегашни достигнувања:*

- Го стабилизиравме пензискиот систем за сегашните и идните пензионери. Со пензиската реформа само за една година направивме заштеда во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 3,7 милијарди денари, а приходите на Фондот за ПИО ги зголемивме за 10%.

- Ги покачивме пензиите како резултат на новите вработувања и растот на платите. Со двократното покачување просечната пензија порасна за 1.746 денари на износ од 15.500 денари: прво за 824 денари (до крајот на 2019 година), а потоа дополнителни 900 денари (на почетокот на 2020). При тоа, продолжуваме со законско усогласување на пензиите со трошоците на живот.
- Обезбедивме и 19 милиони евра за обесштетување на 12.000 корисници на кои не им беа уплаќани придонеси во вториот столб во периодот на претходната Влада.
- За прв пат воведовме државна социјална пензија која денес ја користат повеќе од 4.300 лица.
- Исправивме една голема неправда со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Ветивме и реализиравме намалување на старосната граница за пензија за рударите коишто работат во подземен коп. Досега според овој Закон во пензија се заминати 53 рудари. Со законските измени рударите остваруваат право на пензија со навршување на 40 години пензиски стаж за мажи, односно 35 години пензиски стаж за жени. Тоа значи дека ако претходно рудар се пензионира со навршени 58 години, со новото решение се пензионира на околу 50 години. Со овие законски измени излеговме во пресрет на долгогодишните барања на рударите.

## Продолжуваме со:

- Дополнително подобрување на животниот стандард на пензионерите преку зголемување на минималната пензија на 10.700 денари;
- Ќе овозможиме флексибилен пензиски систем со воведување можност за предвремено пензионирање до максимум 5 години пред остварувањето на правото на пензија, со пропорционално намален износ на редовната пензија;
- Зајакнување на улогата на старите лица во локалните заедници и обезбедување услови за вклучување во јавниот живот. Ќе овозможиме волонтирање и работно ангажирање на возрасните лица кои сакаат исполнети денови. Воведуваме програми за поголема мобилност за старите лица преку субвенциониран меѓуградски превоз.
- Ќе ги развиваме локалните услуги и ја поддржуваме грижата во заедницата кон возрасните, а обезбедуваме услови за соодветна нега на немоќните и болните:
  - Воспоставуваме 10 центри за активно и здраво стареење, со програми кои ќе се грижат за менталното и физичкото здравје, социјализацијата и меѓуврсничката комуникација на старите лица;
  - Отвораме домови за стари лица во Скопје, Кочани и Пробиштип;
  - Услуга за помош и нега во домот во 65 општини;
  - Ја проширување програмата за бањско-климатска рекреација;
  - Пренаменуваме дел од установата „Бања Банско“ во „Геријатриски установа“ Струмица.

# 3.2 КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ДОСТАПНО ЗА СИТЕ

Вложуваме во нашите деца и млади, бидејќи тоа е вложување во нашата иднина. Најголемиот влог ќе го направиме во образованието. Доброто образование гради слободни граѓани, ја засилува економијата и го зацврстува демократското ткиво. Овие цели стануваат уште поактуелни во време во кое се справуваме со старите и нови предизвици, време кое светот го врзува за четврта индустриска револуција и кое наметнува сосема нови барања пред идните генерации.

Ние сакаме да обезбедиме квалитетно образование достапно за сите. Сакаме да создадеме образование кое ќе генерира здрави и компетентни кадри за сите сфери на општественото живеење, кадри кои ќе размислуваат логички и критички и ќе донесуваат заклучоци базирани на факти и анализи. Сакаме образование што ќе изгради личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата и различностите, ќе се воспитуваат и образуваат во духот на мултикултурализмот и ќе се оспособат за позитивен одговор на побарувачката на пазарот на труд.

Резултатите од меѓународното тестирање ПИСА во 2018 година во споредба со 2015 година покажуваат значителен напредок на просечните постигнувања на учениците во сите тестирани подрачја: природни науки за 29 поени, читање за 41 поен и математика за 23 поени и покажуваат дека имаме најголем пораст во резултатите по држави. Но, ова воопшто не не задоволува бидејќи дури и тие, повисоки оценки се многу ниско на скалата на писменост и знаење. Ова е прашање на врвен национален интерес – да го форматираме образованието и да го подигнеме квалитетот за да можеме да се носиме со предизвиците на новото време. Си ја поставивме целта: просечните постигања на учениците од нашата држава во ПИСА 2021 да се зголемат за минимум 10 поени во однос на средните постигања од ПИСА 2018.

Нашето образование мора да се прилагодува и на новите глобални околности. Пандемијата на КОВИД-19 ни покажа колку е важен капацитетот на образовниот систем да се менува, прилагодува и осовременува. Научените лекции од првите обиди за online образование во последните месеци од оваа учебна година ќе ни бидат добра основа за следните реформски чекори.

Ерата на автоматизација, вештачка интелигенција, роботи и бескрајни можности што ги отвора технологијата создава професии кои до вчера не сме ги ни познавале. На пример, секоја година побарувачката за специјалисти за вештачка интелигенција расте за 74% и тоа со вештини за machine learning, deep learning, Python, natural language processing, расте побарувачката и за нетехничките професии како специјалисти за продажба со вештини како Salesforce automation, Software as a Service (SaaS), data mining lead, итн. со годишна стапка на пораст од 35% или Chief revenue officer со вештини кои се бараат кај нив Strategic partnerships, startups, Software as a Service, со годишна стапка на пораст од 30%. Овие брзи промени во технологијата, економијата и пазарот на труд покажуваат дека целосно мора да ја промениме филозофијата во образованието, на секое ниво.

Притоа, на ум ќе ги имаме следниве согледувања:

- На работодавачите им се потребни вештини, а не само знаење или титули.

Во многу развиени држави, а во последно време и кај нас, од една страна постои голема побарувачка за работна сила, но за жал со значителна неусогласеност помеѓу работните места кои се на располагање и знаењето и искуството кое невработените лица го имаат. Затоа, и голем број студенти очекуваат посериозни реформи во високото образование бидејќи дипломите не им се доволни: потребно им е знаење кое е применливо, способности за анализа и доживотно учење

- Додека бројот на дипломирани студенти продолжува да расте, постои општо прашање за тоа колку универзитетските квалификации се применливи на работа, при што сè поголем број работодавачи изразуваат резерви за подготвеноста за работа на дипломираните студенти и потенцијалот да додадат непосредна вредност на работното место.;
- Интердисциплинарност во студирањето.

Самите профили на работни места денес бараат интердисциплинарно знаење на студентите. Во многу сектори не може веќе да бидете конкурентен економист ако немате познавање за одредени технологии, автоматизација, обработка на дата и слично.

За таа цел ќе започнеме со промени во сите сфери на образовниот процес, надминувајќи ги недостатоците со конкретни решенија. Ќе предложиме мерки кои ќе ги опфатат сите чинители на наставниот процес од најраната фаза на воспитание и образование, па се до највисокиот степен на формално образование. Тука ќе вклучиме и мерки за промени во програмите за доживотно учење како нераскинлив дел од формалниот образовен процес.

Во создавањето на квалитетно образование многу ќе вложиме во човековиот капитал. Клучот на успехот е наставникот, а без професионални и мотивирани наставници нема квалитетно образование. Затоа ќе овозможиме континуиран професионален развој на наставниците преку бесплатни обуки од акредитирани провајдери, а стекнатите знаења од обуките ќе можат да бидат применети при реализацијата на наставните содржини. Наставниците кои континуирано ќе учат и ќе се надградуваат ќе добиваат и повисоки надоместоци, согласно изменет правилник за плати и надоместоци.

Во услови на современа настава, подобрувањето на квалитетот на образованието и создавањето ефикасно учење, во најголема мера зависи од тоа како ја применуваме новата технологија. Комуникациската технологија му овозможува на наставникот да биде во чекор со современите научни достигања и да понуди современ пристап во наставата. Со промените во Наставните планови и програми ќе овозможиме избор од поширок спектар на соодветна дополнителна литература за наставниот предмет што го предаваат наставниците. На наставниците кои имаат долго работно искуство во наставниот процес ќе им овозможиме тоа да го пренесат на ново вработените колеги во училиштата преку советодавна и менторска улога.

На нашето високо образование ќе ја олесниме соработката со странските институции и нивно учество во меѓународните програми за финансирање на проекти. Сакаме да се намали одливот на мозоци преку создавање на услови за стручно и научно напредување

на младите, за што предвидовме конкретни мерки во делот за поддршка на технолошката трансформација на нашата економија и младите. Квалитетното високо образование може само да помогне на пазарот на труд и да го забрза нашиот технолошки развој. Така науката и иновациите ќе бидат во функција на граѓаните за подобрување на економијата, животната средина и квалитетот на живеењето.

Младите се нашата иднина, иднината на нашата држава. Какви генерации ќе создаваме, таква ќе ни биде државата. Затоа посебен акцент ќе ставиме на унапредувањето на вештините и компетенциите на учениците со цел да создадеме квалификувани профили потребни во индустријата, стопанството, профили кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот. Поради тоа ќе направиме капитални инвестиции во училиштата со цел учениците да следат настава во современи услови. Преку наставните содржини ќе овозможиме развивање на логичкото размислување и донесување на веродостојни заклучоци засновани на факти. Ќе овозможиме поврзување на наставните содржини со практични ситуации со цел создавање на образование за вработување. Ќе создадеме услови за повеќе практична работа со употреба на современа технологија и модерни нагледни средства. Со развојот на дигиталните компетенции на младите ќе им овозможиме создавање личности кои ќе се справуваат со новините, промените и потребите на новото време. Ќе ја зајакнеме комуникацијата меѓу младите од сите заедници во основното и средното образование за да ја надминеме сегрегацијата во училиштата по сите основи. Со тоа ќе градиме генерации кои ги ценат, прифаќаат и почитуваат разликите, кои ќе ја преземат улогата на одговорни граѓани во демократско општество засновано на почитување на човековите и граѓански права, различноста и грижата за другите. Активно ќе се бориме и против насилството во училиштата и ќе го развиваме делот за педагошко- психолошките служби како важен сегмент во образовниот процес.

Во процесот на образование ќе водиме сметка за вклучување на родителите колку што е можно повеќе во реализацијата на активностите во училиштата. Родителите се најбитната алка од синџирот на создавање на квалитетно образование, создавањето на силни граѓани и квалитетно образовани кадри кои се неопходни за развојот надржавата.

## *Во овие три години решивме многу проблеми!*

- Го укинавме екстерното тестирање кое не придонесуваше кон квалитет, туку само создаваше стрес кај наставниците, учениците и нивните родители.
- Обезбедивме историско покачување на минималната и просечната плата за повеќе од 21% за вработените во образованието. Во овие две години во три наврати ги зголемивме платите во основното и средното образование: прво во 2018 и во 2019 година по 5%, а од јануари 2020 година за дополнителни 10%. Ниту еднаш во историјата на нашата независна држава не се случило за само две години платите во образованието да пораснат за 21%! Во високото образование во 2019 година платите на вработените во високообразовните институции се зголемени за 5%, а во научните институти за 25% и од октомври 2019 им се исплаќа минатиот труд, што досега не беше случај. Сите вработени заслужуваат висока и реална плата заради својата мотивација и достоинствен живот. Трендот на пораст на платите ќе продолжи и во иднина.
- Ја започнавме реформата во средното стручно образование. Донесовме нови наставни

програми во средното стручно образование како основа за дуалното образование, кои подразбираат учење преку работа и подготовка на учениците за вклучување на пазарот на труд. Поконкретно:

- Донесен е наставен план за експериментална настава за дуално образование во електротехничка струка за образовниот профил техничар за индустриска мехатроника во соработка со Делегацијата на германското стопанство во Македонија, преку соработка со Дрекселмаер, Костал, ОДВ Електрик и други. Донесен е рамковен наставен план за три профили од три струки, електротехничка, угостителско--туристичка и градежно-геодетска струка со реформирани програми и на општообразовните и на стручните предмети;
- Определени се две училишта (СОУ „Киро Спанџов-Брко", Кавадарци и СОУ „Св. Наум Охридски", Охрид) за реализација на експериментална програма со воведување на дуален систем за стручно образование за образовниот профил техничар за индустриска мехатроника;
- Доделени се грантови во 23 средни стручни училишта во рамки на програмата за доделување на училишни грантови за соработка со бизнис заедницата за учебната 2018/19 година;
- Воведен е нов профил за дуално стручно образование техничар за машинско производство, развиен е наставен план и донесени се наставни програми за техничар за машинско производство;
- Целосно е реализирана активноста за изготвување на нови модуларни наставни програми базирани на резултати од учење во четиригодишното средно стручно образование. Реформирани се 1 182 наставни програми. Спроведени се обуки на наставниот кадар;
- Набавена е опрема (стручна и информатичка) во средните стручни училишта во пет сектори: земјоделие, рибарство и ветеринарство, градежништво и геодезија, економија, право и трговија, графичарство и угостителство и туризам;
- Развиен е Концептот за учење преку работа;
- Започна со реализација проектот Образование за вработување E4E@mk, поддржан од Швајцарија, кој има за цел да стимулира вработување преку подобрување на стручните вештини во земјава.

- Изградивме нови и реконструиравме училишта и спортски сали според јасни приоритети:
    - ОУ „Вера Јоциќ" Маџари, Гази Баба – изградба на нов училишен објект;
    - ОУ „Кирил и Методиј", ПУ село Фалише, Тетово - доградба на училишен објект;
    - ОУ „Сали Лиси" Добри Дол, доградба на крило;
    - ОУ „Браќа Миладиновци", Добрушево, ПУ во село Ношпал, изградба на ново монтажно училиште;
    - ООУ во село Батинци, Студеничани, изградба на ново училиште (во тек);
    - ОУ „Лирија" во село Горно Јаболчиште, доградба и надградба на училишен објект;

- ОУ „Дитурија“ Љубин, Сарај, воведување на топловодно греење;
- ОУ „Реџеп Вока“ Бродец, Тетово, воведување на топловодно греење и санација на фасада;
- ОУ „Браќа Рибар“ Сопот, Куманово, замена на фасадна столарија;
- ОУ „Кирил и Методиј“ ПУ село Агино Село, Куманово, воведување на топловодно греење;
- ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, санација на котел и котлара;
- ОУ „Лирија“ Тетово, реконструкција на кров;
- ОУ „Братство-Единство“ ПУ село Џепиште, Дебар, реконструкција на објект;
- ОУ „Александар Урдаревски“ ПУ село Блаце, Чучер Сандево, комплетна реконструкција на објект;
- ОМУ „Лазо Мицев-Рале“ Кавадарци, изведба на топловодно греење;
- ОУ „Јоаким Крчовски“, Ѓорче Петров, делумна реконструкција;
- ОУ „Кирил и Методиј“ селоСтрачинци, Гази Баба, делумна реконструкција;
- ОУ „Васил Главинов“ Чаир, адаптација на простор и реконструкција на крило (прва фаза);
- ООУ „Единство“ село Октиси, Струга, реконструкција на котел;
- ПОУ„Јосип Броз Тито“ село Радожда, Струга, реконструкција на објект;
- ПОУ „Димка Ангелов-Габерот“ Прждево, Демир Капија, реконструкција на објект;
- ОУ „11 Октомври“ Ново Село, Боговиње, комплетна реконструкција на опожарен објект;
- ООУ „25 Мај“ Синѓелиќ, Гази Баба, реконструкција на котлара;
- СОУ „Нико Нестор“ Струга, доградба на ново крило;
- СОУ „Ацо Русковски“ Берово, реконструкција на објект;
- ДСУ за рехабилитација и образование “Св. Наум Охридски” Скопје, делумна реконструкција;
- СОУ„Гостивар“ Гостивар, делумна реконструкција;
- СОУ „Ѓошо Викентиев“ Кочани, замена на стара столарија со нова и парапети;
- ОУ „Јероним де Рада“ Черкезе, Куманово, санација на кров;
- ОУ „Браќа Миладиновци“, Пробиштип, санација на кров;
- ОУ „Бајрам Шабани“, Куманово, смена на прозорци;
- ОУ „Тошо Арсов“ Штип, смена на прозорци;
- ОУ „Перпарими“ Чегране, Гостивар, смена на прозорци;
- ОУ „Никола Карев“ Пробиштип, нови санитарии;
- ОУ „Крсте П. Мисирков“ Оризари, Кочани, нови санитарии;

- ОУ „Кузман Шапкарев" Драчево, Кисела Вода, нови санитарии;
- ОУ „Панајот Гиновски" Бутел, нови санитарии;
- ОУ „Васил Главинов" Чаир, санација на кров;
- ОУ „Лазо Ангеловски" Ново Лисиче, Аеродром, санација на кров;
- ОУ „Бајрам Шабани" Кондово, Сарај, санација на кров;
- ОУ „Н.Н. Борче" Маџари, Гази Баба, нови санитарии.

- Во тек е рехабилитација која ќе заврши до крајот на 2020 на: СОУ „Св. Наум Охридски" Охрид, ОУ „Бајрам Шабани" Куманово, ОУ „Бајрам Шабани" Кондово, Сарај, ОУ „Јосип Броз Тито" Струга, ОУ „Лирија" Житоше, Долнени, СОУ „Ѓупчо Сантов" Кочани, ОУ „Перпарими" Чегране, Гостивар и ОУ „Наим Фрашери" Куманово.
- Усвоивме сеопфатна Стратегија за образование 2018-2025 година како нов стратешки документ за образовни политики, за која спроведовме широки јавни консултации и која содржи голем број активности кои се релевантни за подобрување на квалитетот на образованието.
- Донесовме Закон за образование на возрасни со кој се овозможи признавање и сертифицирање (валидација и сертификација) на неформалното и информалното образование (стекнати способности преку работа).
- Донесовме нов Закон за основно образование со кој се воведе целосна инклузија и демократско организирање на учениците. Воедно, законот сериозно го намалува партиското влијание во управувањето со основните училишта, проблем што долги години го поткопува квалитетот и менаџментот на нашето образование.
- Донесовме Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, со кој се унапреди професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници.
- Воведовме тандем наставници по Физичко и здравствено образование од прво одделение.
- Обезбедивме над 900 трансформации на работен однос од определено на неопределено работно време за вработените во основните и средните училишта. Тие што ги учат нашите деца треба да имаат сигурност и предвидливост на работното место. Работиме на интегрирано образование: доделивме 179 грантови на основни училишта.
- Работиме на интегрирано образование: доделивме 179 грантови на основни училишта и 54 грантови на средни училишта за активности што придонесуваат за развој на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција, по широк јавен повик. Истиот повик се објави и на крајот од 2019 година и очекуваме дополнителни 70 грантови на основните и 25 грантови на средните училишта да бидат доделени во 2020 година.
- Обезбедивме околу 300 образовни и лични асистенти за децата со попреченост и за истите е направена обука во соработка со УНИЦЕФ.
- Започнавме со програмата „Училишта на 21 век", со поддршка на Британски совет. Целта е да се подобрат дигиталните вештини и перспективите за вработување на младите со подучување ученици на возраст од 10 до 15 години на вештини за критичко

размислување и решавање проблеми преку кодирање и примери за практична примена на компјутерите во секојдневниот живот.

- Донесовме нов Закон за високо образование со којшто се гарантира автономијата на универзитетите, нивна департизација и професионализација, а студентите веќе на непосредни и демократски студентски избори ги избраа своите претставници во органите на универзитетите.
- Ги подобривме условите за студирање и студентскиот стандард со реновирање на студентските домови:
    - Целосно ги реконструиравме Блок В и Блок Г во Студентски дом „Гоце Делчев" во Скопје со воведување на нови стандарди во студентското домување во нашата држава. Во завршна фаза е и санација на партер со инфраструктурна мрежа и пристапни патеки;
    - Почнавме со изградба на нов објект; за студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово во 2018 и изградбата е во тек;
    - Во тек е изработка на техничка документација за целосна реконструкција на два објекта од Студентскиот дом „Стив Наумов" во Скопје - зграда 1 и 2;
    - Во тек е исплата на 120 милиони денари за ЈСП, за обезбедените бесплатни студентски билети во Скопје.
- Отворивме 263 нови вработувања на млади соработници и наставници на државните универзитети и 41 вработување на научните институти. Тоа го правевме без политичка дискриминација и без мешање во автономијата на универзитетите.
- Врз основа на препораките од извештајот на ОЕЦД и врз основа на јавната расправа, утврдено е дека е нефункционално и финансиски неисплатливо да постои ново тело Академија за наставници, а наместо тоа треба да се зајакне улогата на факултетите кои образуваат наставници.
- Го подобривме и иновиравме Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта и изготвивме Упатство за негова правилна примена, со цел да го подобриме квалитетот на исхраната. Дополнително креиравме електронска алатка која овозможува проверка на квалитетот на оброците наменети за најмладите. Наведените прописи и е-алатката се наменети за менаџментите и одговорните лица во основните училишта, во насока на соодветно планирање на исхраната која има особено големо значење за правилниот психофизички раст и развој на децата и истите се достапни на веб-страната на Министерството за образование и наука.
- Ја подобривме инклузивноста во нашето образование. Организиравме серија дебати на оваа тема за да ја зголемиме свесноста кај родителите и наставниците. Бирото за развој на образованието со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ започна со обука на основните училишта за нивна трансформација во инклузивни средни за раст и развој на секое поединечно дете. Во пилот-фазата беа вклучени 20 училишта и сите наставници од избраните училишта беа обучени од страна на тимовите составени од советник во Бирото за развој на образование, специјален едукатор и практичар (наставник/педагог/психолог). Подготвен е и отпечатен Водич за работа на инклузивните тимови во основните училишта.

- Помагавме на родителите и преку кампањата за одговорно родителство „И родителството се учи", во партнерство со УНИЦЕФ. Целта беше да се даде поддршка на сите родители и старатели кои имаа потреба од стручна поддршка, совети и советодавни предавања во насока на подобрување на своето родителско однесување, а со крајна цел подобрување на однесувањето на нивното или нивните деца, кои во одредени периоди за време на училишниот престој покажувале или покажуваат извесни форми на несоодветно однесување за нивната возраст, драстично го намалиле просечниот успех во учењето или пак, неоправдано отсуствуваат од наставата.
- Во соработка со УНИЦЕФ и ОЕЦД изготвен е преглед на системот во Република Северна Македонија за обезбедување на контрола на квалитет. Извештајот дава и насоки/препораки за подобрување на системот за обезбедување контрола на квалитетот и тоа во неколку сегменти: повисоки образовни резултати преку оценување на ученици, оценување на наставниците како поддршка и поттик за добра настава, усогласување на евалуацијата на училиштата со основните цели за одговорност, подобрување и креирање поцврста рамка за следење и евалуација на националниот напредок во образованието.
- Во рамките на новиот повик од Еразмус+ за поддршка на високообразовните реформи, заедно со Хрватска и Црна Гора се пријавивме за учество на проектот BAQUAL - Подобри академски квалификации преку обезбедување на квалитетот во високото образование. На проектот ќе учествуваат и холандско-фламанското тело за квалитет во високото образование како и лица од Португалија, Шведска и Ирска. Веќе во март 2020 година во Скопје со поддршка од страна на ERI SEE ќе се одржи регионална конференција посветена на предизвиците со квалитетот во високото образование.
- Направивме широка промоција и поддршка на научноистражувачката заедница, индивидуалните истражувачи, бизнис- заедницата и локалната самоуправа за отворените можности во Рамковната програма „Хоризонт 2020". Одржавме единаесет информативни настани и седум експертски работилници, од кои две беа поддржани од TAIEX, и тоа работилница за успешна подготовка на предлог проекти за Хоризонт 2020 и работилница за подготовка на Стратегијата за паметна специјализација. Со поддршка на Стопанската комора на Република Северна Македонија, како и во соработка со Европската комисија, беа одржани уште две работилници за успешна подготовка на предлог-проекти за Хоризонт 2020, додека останатите работилници главно се однесуваа на зајакнување на капацитетите, особено на малите и средните претпријатија за пристап до ризичните фондови за поуспешно учество во програмата. Реализирани се и 36 индивидуални посети на високообразовните институции (факултети и институти) за сондирање на можностите и потребите за нивно поголемо учество во програмата. Дел од овие настани беа организирани во соработка со мрежата на бизнис можности во Македонија – ЕЕН-М и ЕУРАКСЕС, европската мрежа за мобилност на истражувачи од Република Северна Македонија. Целната група за сите настани беше академската заедница и/или бизнис-секторот.
- Напредокот во оваа област е видлив. Учеството во програмата Хоризонт 2020 бележи напредок: одобрени се 35 проекти со вклучени над 50 институции и вкупен буџет од 6,8 милиони евра. Предвидените активности за промоција на програмата се реализираа самостојно од страна на мрежата на национални контакт точки, но и во соработка со

Европската комисија, ЕЕН-М, ЕУРАКСЕС, Стопанската комора, Фондот за иновации и технолошки развој, невладини организации, универзитетите, МАНУ, истражувачките центри.

- Заради подобрување на научноистражувачката дејност преку системско решение, отпочнавме со изготвување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура чии цели се регионално интегрирање, градење и зајакнување на истражувачките капацитети, зајакнување на извонредноста во истражувањето, креирање на истражувачка мрежа како и нејзино поврзување со Европската истражувачка област.
- Активностите на ЕУРАКСЕС центарот во Македонската академија на науките и уметностите се имплементација на сервисен модел на Центарот за развој на кариера (ЦРК). Овој концепт во текот на 2018 година беше имплементиран од страна на ЕУРАКСЕС центарот во Академијата, а подоцна ќе бидат спроведени обуки со кои ќе им се помогне на другите институции да го спроведат концептот на ЦРК. Во тек е анализа за имплементација на 60 принципи и изработка на документ што во иднина ќе може да го користат сите институции за добивање на наградата за извонредност на човечките ресурси.
- Целосно ја поддржавме подготовката на Стратегијата за паметна специјализација (S3) за истражување и иновации. Уште во 2017 година, кабинетот на премиерот иницираше процес на консултации со обезбеден буџет од 300 000 евра од ИПА програмата за корисници на повеќе земји за 2018 година. На сајтот „конкурентност.мк" на Министерството за економија, отворена е нова коцка „Смарт специјализација", во која се поставени тековни документи: водичот за изработка на Смарт специјализација и видео-клип на ЕК за Смарт специјализација.
- Ја завршивме фазата на мапирање на економските, научните и иновативните потенцијали на државата за специјализација. Со квантитативната анализа базирана исклучиво на статистички податоци, најголем научен потенцијал се идентификува во следните научните области: хемија, енергија, инженерство, здравство и мултидисциплинарните науки. Во однос на мапираните индустрии/сектори, согласно научните приоритети се издвојуваат шест индустриски области: 1) Производи на преработувачката индустрија; 2) Услуги во трговијата на големо и трговијата на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; 3) Услуги за сместување и сервисни услуги со храна; 4) Услуги за информации и комуникации; 5) Стручни, научни и технички услуги и 6) Услуги за здравствена и социјална заштита.
- Република Северна Македонија стана дел од два големи европски истражувачки инфраструктурни конзорциуми, и тоа: Европски конзорциум за архиви за бази на податоци од општествените науки - CESSDA ERIC (Consortium of European Social Science Data Archives) и Европско општествено истражување - ESS (European Social Survey).
- Во рамки на Програмата за соработка во областа на науката и технологијата (COST) македонските истражувачи учествуваа во 180 активни акции во областа на биомедицина и молекуларни бионауки, храна и земјоделство, шумарство, материјали и нанонауки, хемија и молекуларни науки и технологии, информациски и комуникациски технологии, транспорт, мултидисциплинарни науки, општествени науки, култура, здравје.

- На последниот повик за COST беше одобрен предлог-проект на македонски претставници со што високообразовна установа стана носител на една COST акција во областа на социолошките науки.
- Го пуштивме во употреба реновираниот Оддел за хибридна конвенционална нуклеарно медицинска дијагностика при Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во Скопје (со нова SPECT/CT гама камера). Станува збор за инвестиција реализирана со поддршка на Меѓународната агенција за атомска енергија.
- Согласно потпишаната Спогодба за научна и технолошка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, во Министерството за образование и наука се реализираат 13 заеднички македонско-кинески научноистражувачки проекти во областите: биологија, ветеринарна медицина, рибарство, храна и вино, фармакогнозија, информатичка технологија и автоматика, компјутерска техника и информатика, енергетика, градежништво, менаџмент, контрола на квалитет, земјотресно инженерство, дигитална економија, животна средина и телекомуникации за двегодишниот период 2018-2019 година.
- Реализиравме и 15 заеднички македонско-австриски научноистражувачки проекти во рамки на проектниот циклус 2018-2020 година.
- Поддржавме средни училишта со франкофонски двојазични паралелки врз основа на меѓувладин договор со Република Франција и Меморандум за партнерство и соработка во образованието со Меѓународната организација за франкофонија.
- Спроведовме надворешна евалуација на шест универзитетите од страна на меѓународна независна агенција - Европската асоцијација на универзитети (ЕУА - Брисел), која резултираше со 6 извештаи за секој универзитет поединечно и еден системски извештај.
- Изработивме нов предлог-модел за финансирање на високото образование со вклученост на претставници од универзитетите, претставници од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии. Спроведена е анализа на механизмите за раководење и управување на универзитетите. Овој извештај за управувањето се фокусира на клучните аспекти на автономијата на организацијата и на управувањето со човечките ресурси предлагајќи мерки за зголемување на автономијата на установата и на отчетноста.
- Реконструираме голем број спортски сали во училиштата низ целата држава: ОУ „Кирил и Методиј“ Центар, Скопје (изградба на фискултурна сала), ОУ„Фаик Коница“ с. Дебреште, Гостивар (довршување на спортска сала), ОУ „Наим Фрашери“, Студеничани, ПСОУ „Перо Наков“ во Бедиње, Куманово, ОУ „Сабедин Бајрами“ во Камењане, Боговиње, ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ во Гостивар, ОУ „Тодор Хаџи Тефов“ во Кавадарци, ОУ „Страшо Пинџур“ во с. Јосифово, Валандово, ОУ „Реџеп Вока“ во Шипковица, Тетово, ОУ „Славчо Стојменски“ во Виница, ОУ „Јероним Де Рада“ во с. Черкези, Куманово, ОУ „Мурат Лабуништи“ во с. Лабуниште, Струга, ОУ „Тодор Јанев“ во Чашка, ОУ „Сами Фрашери“ во Глумово, ОУ „Кочо Рацин“ во Дојран, СУГС „Сарај“ во Сарај, СОУ „Св. Наум Охридски“ во Охрид, СОУ „Нико Нестор“ во Струга, СОУ „Наце Буѓони“ во Куманово, ОУ „Тодор Јанев“ во Чашка, ОУ „Сами Фрашери“ во Глумово, Сарај, ОУ „Андон Зако Чајупи“ во с. Отља, Липково, ОУ „Кочо Рацин“ во Дојран, ОУ „Фаик Коница“ во с. Грешница, Кичево, ОУ „Гоце

Делчев" во Конче, ОУ „Вера Јоциќ" во Гази Баба, ОУ „Фаик Коница" во с. Доброште, Теарце, ОУ „Вера Циривири Трена" во с. Дебреште, Долнени, ОУ „Култура" во с. Матејче, Липково, ОУ „Јоаким Крчоски" во с. Волково, Ѓорче Петров, ОУ „Никола Вапцаров" во Струмица, ОУ „Сали Лиси" во Добри Дол, Врапчиште, ОУ „Александар Здравкоски" во Јегуновце, ОУ „Конгреси и Манастирит" во Чаир.

## ОБРАЗОВАНИЕ 20-24

- Ќе продолжиме да учествуваме во меѓународните студии на мерење на постигањата на учениците, пред сè во ПИСА, ТИМСС и ПИРЛС. Учеството во овие меѓународни студии е особено важно за да утврдиме каде сме во меѓународни рамки, каков е образовниот процес кај нас во споредба со образовните процеси на државите што постигнуваат високи резултати, како и кои се други фактори влијаат на постигнувањата на учениците.
- За 3 месеци ќе завршиме со целосна анализа на резултатите од ПИСА тестирањето и конкретните препораки кои од тоа произлегуваат. Ќе ангажираме тројца странски експерти кои со наш тим на едукатори до септември 2020 година ќе изработат ПЛАН ВЕДНАШ: за вистински и брзи реформи во образованието. Цел ни е просечните постигнѕвања на ученици од нашата држава во ПИСА 2021 да се зголемат за минимум 10 поени во однос на средните постигнувања од ПИСА 2018.
- Ќе организираме тестирања слични на ПИСА во секое полугодие и секое училиште. Овие тестови ќе бидат анонимни и нема да влијаат на оценките за учениците ниту наставниците, но ќе помагаат на училиштето и на педагошката служба да изработат конкретни мерки за подобрување на образованието во секое училиште. Воедно, така ќе го намалиме стресот од тестирање кај учениците. Ќе ги поканиме сите општини да се вклучат во оваа задача и да ја поддржат. Заедно да бидеме подобри!
- Ќе продолжиме да инвестираме во мотивирани наставници. Платите ќе продолжат да растат, а ќе обезбедиме средства од државниот буџет за реализација на унапредувањето на наставниците. Платите ќе ја вреднуваат и надградбата на кадарот. Со новите правилници, наставниците ќе имаат повисоки плати доколку имале обуки и стекнале нови компетенции. При тоа, ќе можат да работат на својот кариерен развој без ограничување на бројот на наставници кои можат да се стекнат со звања наставник – ментор и наставник – советник.
- Дополнително ќе ја намалиме административната работа на наставниците, со цел тие потполно да се фокусираат на учениците и образовниот процес.
- Ќе продолжиме со фокусот на дуалното образование. Со инвестициите во програмите и опремувањето, тие веќе стануваат поатрактивни. Програмите ќе ги дебатираме со бизнис-заедницата и пред почеток на уписите ќе имаме консултации со нив во поглед на квотите за упис по определени профили.
- Наставата во прво одделение ќе биде растеретена од теоретизирање, ќе ја вратиме играта и практичната настава како доминантна активност на децата, а учебниците

нема да има потреба да ги носат дома, туку ќе им стојат во училиште. Така ќе го заштитиме детето од товарот на ученичката чанта, која станува причина за многу 'рбетни деформации уште од најмала возраст.

- Образовната реформа ќе значи фокус на логичкото размислување и решавање на логички задачи засновани на анализи кои ќе започнат уште во првиот циклус на деветгодишното основно образование. Со тоа ќе ги подготвиме учениците практично да навлегуваат во програмерската проблематика преку игри. Сакаме да создадеме генерации кои ќе бидат компетентни и оспособени за примена на дигиталната технологија во сите сфери и за различни цели. Учениците континуирано ќе изучуваат Информатика од трето до деветто одделение како задолжителен предмет, кој ќе се изучува во центри за работа со компјутери во училиштата.
- Ќе дадеме можност на програмерски компании во земјата да развиваат софтвер компатибилен на наставниот план и програма во нашиот образовен систем. Во соработка со информатичките факултети, студентите кои се во завршните години од студиите ќе имаат можност да креираат онлајн базирани решенија каде на едно место ќе бидат сублимирани: извори на информации, практични задачи и примери од добра пракса за иновативното користење на ИТ технолгијата. Исто така преку оваа платформа училиштата преку наставниците по информатика можат да се „збратимуваат" и да реализираат заеднички онлајн активности со училишта од државата, но и надвор од неа. За таа цел, студентите ќе имаат можност за добивање препорака за практично искуство за креирање на е-образовни платформи. Преку овие веб базирани решенија наставниците ќе имаат пристап до онлајн курсеви за унапредување на дигиталните вештини и компетенции.
- Ќе донесеме Национална стратегија за дигитализација на образованиот систем. Со тоа ќе ја дефинираме и озакониме наставата од далечина како можно алтернативно решение за учење со примена на средствата за електронска комуникација без физичко присуство на чинителите. Еден владин тим целосно ќе се посвети на развојот на дигитални форми и содржини во образованието. Со помош на домашните програмерски куќи и поддршка од информатичко-техничките факултети ќе креираме централна национална платформа со двонасочна комуникација, база со примери на добри пракси, наставни планови и програми, електронски учебници, електронски портфолија на наставниците, електронско досие на учениците и сл., педагошка евиденција и документација која ќе биде user friendly за примена од страна наставниците, учениците и родителите, но и од образовните институции. Така ќе ја подготвуваме следната генерација за новото време и технологии, а воедно ќе имаме зголемен капацитет за справување со кризи од типот на последната пандемија.
- Ќе се формираат тимови од наставници и стручни соработници уште од основно образование во однос на професионалната ориентација на учениците, со цел спроведување определени евалуациски методи преку кои ќе може да се направи извесна проценка на ученикот во насока на одредување на најдобрата и најприфатливата професија со која тој би се занимавал.
- Ќе ја засилиме соработката помеѓу наставниците и родителите – за да инвестираме на подобар начин во нашите деца, мора да го вратиме авторитетот на учителот.

- Во буџетот на Министерството за образование и наука и ФИТР ќе обезбедиме програма за поддршка на продукција на видео-клипови како училишни материјали со содржини и теми од предметите, за што ќе можат да конкурираат сите наставници од основно и средно образование. На тој начин може да ги стимулираме наставниците покреативно да пристапуваат на наставата, да користат искуства на други и повеќе да ги заинтересираат учениците дури и за содржини кои им се далечни. Воедно така ќе создадеме и подеднакви можности за учење во развиените и во неразвиените региони.
- Ќе воведеме наставник - волонтер во основното и средното образование.
- Ќе извршиме усогласување на студиските програми на наставничките факултети и усогласување на заедничка програма за педагошко-психолошка и дидактичко-методска подготовка на наставните кадри;
- Целосно ќе го промениме системот на издавање на учебници кој создаде монополи, високи цени и можности за корупција. Образовните институции ќе се фокусираат на наставните програми и содржините, а не на јавни набавки и печатење. Ќе ја осовремениме методологијата за пишување на учебници. Ќе се преиспитаат одредени учебници поради застареност на содржините, несоодветност на јазикот и стереотипи кои мора да ги надминуваме. Ќе воведеме електронски учебници на сите наставни јазици достапни за секој ученик.
- Ќе ја преиспитаме формулата за финансирање на основните и јавните средните училишта. За таа цел веќе работи експертска група, поддржана и од експерти од ЕУ.
- Ќе направиме функционална анализа на мрежата на средни училишта врз основа на потребите на пазарот на трудот и регионалниот економски развој
- Ќе формираме регионални „ВЕТ" центри. Во рамките на програмата „ЕУ за млади" – Секторски реформски договор – направена е измена во законот за средно стручно образование во однос на начинот и избрани се три средни стручни општински училишта да продолжат да работат како регионални „ВЕТ" центри. Селектирани се три училишта, и тоа Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ", Куманово, Средното општинско стручно училиште „Моша Пијаде", Тетово и Општинското угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески", Охрид. Подготвени се и извештаи од теренските посети на трите регионални центри за стручно образование и обука, подготвени од страна на консултантот, ангажиран во рамки на СКИЛС Проектот, според кои ќе се одредат следните чекори кои ќе бидат преземени од страна на МОН.
- Екипирање на стручните служби во училиштата за основно и средно образование со тимови од најмалку тројца соработници (педагог, психолог и дефектолог).
- Воведување на ново работно место во средните стручни училишта – наставник администратор за соработка на училиштето со стопанските субјекти, што ќе ја координира практичната настава и учењето преку работа на учениците.
- Ќе започне со работа новата математичко-информатичка гимназија.
- Спортската академија ќе се преструктуира и ќе се смести во новиот модерен спортски комплекс.

- Држава ќе ги финансира нашите најдобри ученици и студенти. Ќе обезбедиме финансиска поддршка на ученици и нивни ментори за учество на меѓународни олимпијади и натпревари, а со закон ќе обезбедиме и парични награди за првите три освоени места. Ова веќе го започнавме преку Фондот за иновации и технолошки развој ФИТР каде што направивме посебна програма за поддршка на учеството на младите на натпревари и научни саеми. Оваа програма ќе ја обезбедуваме секоја година и државата целосно ќе ги покрива сите трошоци за учество на олимпијади во математика, физика, хемија, информатика. Ќе направиме Центар за талентирани ученици.
- Ќе ја завршиме Стратегијата за паметна специјализација до крајот на 2020 година.
- Во соработка со ФИНКИ ќе направиме интернет база на податоци во која истражувачите ќе ги поднесуваат своите апликации и извештаи од нивното учество во програма COST со што ќе се подигне квалитетот и шансите за наши учесници во програмата.
- Ќе ги изградиме или реконструираме:
    - Довршување на изградба на нов училишен објект ОУ „Димитар Македонски" населба Лисиче, Аеродром;
    - Изградба на математичко-информатичка гимназија во Скопје;
    - Нов училишен објект во м.в. Љубош с. Батинци, Студеничани;
    - Изградба на нов училишен објект во населба Визбегово, Бутел;
    - Изградба на нов училишен објект во ОУ „Васил Главинов", ПУ во с. Клуковец, Велес;
    - Изградба на нов училишен објект за ООУ „Наим Фрашери" во КО Мала Речица, Тетово;
    - Изградба на нов училишен објект за ОУ „Рилиндија" с. Селце, Тетово;
    - Изградба на нов училишен објект ПУ во с. Долно Блаце, Чучер Сандево;
    - Изградба на нов училишен објект ПОУ „Иднина", Чаир;
    - Изградба на нов училишен објект ОУ „Климент Охридски", населба Драчево, Кисела Вода;
    - Реконструкција, санација и обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови;
    - Реконструкција и опремување на регионални центри за стручно образование и обука (VET центри) во Тетово, Куманово и Охрид со поддршка на ЕУ;
    - Изградба на средно училиште во с. Арачиново;
    - Изградба на нова гимназија во општина Аеродром;
    - Доградба на училници во ОУ „Христијан Тодоровски Карпош", Куманово.
- Ќе формираме оддел за научни истражувања во рамките на Фондот за иновации и технолошки развој. Од буџетот на одделот ќе се финансираат национални

научно- истражувачки проекти што ќе ги зајакнат капацитети на универзитетите и научните институти со ставање во функција на постојната научно-истражувачка опрема. Одделот ќе се формира во 2020 година, со цел во 2024 година вкупното издвојување за наука да биде до 1,5%.

- Ќе помогнеме на конкурентноста на универзитетите и овозможување нивна соработка со престижни странски универзитети за заедничко учество во меѓународните програми за финансирање на проекти со финансиска и техничка поддршка на проектните тимови при конкурирањето. Исто така ќе го промениме националното законодавство за финансиско работење кај меѓународните проекти со цел нивна поедноставна реализација.
- Поддршка на научните работници и научноистражувачките тимови за меѓународно пласирање на нивните научни резултати на конференции и објавување трудови со фактор на влијание.
- Освен стипендирање на студентите на додипломски студии, ќе воведеме и стипендирање на магистерски студии од дефицитарните струки, како и стипендирање на талентирани студенти што ќе овозможи задржување на младите да студираат во земјата.
- Ќе направиме систем со кој полесно ќе се задржуваат најдобрите дипломирани студенти да работат научноистражувачка и високообразовна дејност на универзитетите и научните институти преку побрзи процедури на одобрување на вработување (по пензионирање) и стипендирање на нивните докторски студии.
- Поставување на механизми за конкурентност и евалуација во високото образование согласно критериумите на Шангајската листа и рангирање на универзитетите со цел зголемување на квалитетот на високото образование.
- Поврзување на студиските програми што ги нудат високообразовните институции со стопанството и со пазарот на труд. Реформа на професионалните, пократки студиски програми кои треба да овозможат развивање на професионални вештини и на практични знаења кај дипломираните студенти, засновани на реалните потреби за работните места во економијата на даден регион и на бизнис-секторот, со што ќе се зголеми вработеноста. Овозможување на препознатливост на стекнатите дипломи со подобрување на основата на квалификации и воведување на стандард на квалификација во Национална рамка на квалификации, согласно европските стандарди.
- Ќе се реализираат 20 проекти како заеднички македонско–кинески научно-истражувачки проекти за периодот 2020 – 2021 година, во кои ќе учествуваат државните универзитети, научните институти, приватните високообразовни установи, самостојни истражувачи, МАНУ и научни центри на извонредност.

# 3.3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Спортот е важна алка која придонесува кон развој на прогресивно и инклузивно општеството, овозможува социјална интеракција и позитивно влијае во ширењето на основни етички принципи кај сите категории на граѓани, посебно кај младителуѓе.

Спортот има витална улога во подигнување на социјалната вклученост, во градење на отворени, толерантни општества, спортот ги учи вредностите на тимската работа, дисциплината и лидерството како и на наградата за напорната работа и за постигнатиот резултат.

Целта ни е да креираме систем во кој ќе напредува спортот и спортските резултати, систем кој воедно ќе го јакне квалитетот на живот, социјалната интеракција и ќе овозможува вистински развој на личноста и здрав начин на живот на што е можно поголем број граѓани.

## *Затоа, нашите индикатори за успех ќе се:*

1. зголемен број на граѓани и млади кои спортуваат,
2. зголемен број на стручни спортски кадри,
3. постигнување врвни резултати и афирмација на врвниот спорт,
4. зголемување на бројот на жени во спортот,
5. квалитетна спортска инфраструктура,
6. подобрување на статусот на спортистите и спортските работници,
7. афирмација на олимпизмот и
8. нулта партизација во спортот.

### *Инвестиравме во спортот:*

- За само една година вбризгавме дополнителни 10 милиони евра во поддршка и развој на спортот;
- За првпат воведовме посебна програма за поддршка на жените во спортот;
- Одвоивме 12 милиони денари во 2018 и 2019 година за поддршка на младите спортски надежи;
- Одвоивме 46 милиони денари за поддршка на најдобрите младински рангирани клубови кои учествуваат во системот на натпревари;
- Во 2015 и 2016 година беа вложени 60 милиони денари во спортот. Веќе во 2017 година беа обезбедени 174 милиони денари, а во 2018 и 2019 година обезбедивме 234 милиони и 244 милиони денари соодветно. Во споредба со последните две години на поранешната влада обезбедивме ЧЕТИРИ ПАТИ повеќе средства за спортот!

- Изградивме 10 спортски фитнес зони и реконструиравме 4.
- Ги реконструиравме:
    - Салата „Парк“ во Струмица;
    - Спортската сала „Зоран Стојановски “ во општина Ресен;
    - Спортската сала „Младост“ во Неготино;
    - Спортската сала „Гемиџии “ во Велес.
- Во постапка е реконструкција на салите во Прилеп и Куманово.
- Поставивме седум монтажни лизгалишта во зимскиот период (2019) во општините Центар, Тетово, Гостивар Охрид, Битола, Струмица и Куманово.
- Започнавме постапка за изградба на 6 училишни базени во општините Кичево, Тетово, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Штип и Битола.
- Започнавме реконструкција на четири фудбалски стадиони во општините Прилеп, Гостивар, Велес и Кавадарци.
- Реконструкција во фаза на куглананата во Битола
- Започнавме реконструкција на базенот во Струга и изградба на опожарениот објект на Едриличарски клуб „Снегар“ во Струга.

Во Буџетот за 2020 година обезбедивме 201.760.000 денари за изградба и реконструкција (санација) на спортски објекти: училишни базени, баскет игралишта, лизгалишта, изградба на Дом на спортови, сала и 2 стадиони.

## Продолжуваме:

- Со ваучер системот продолжуваме да обезбедуваме повеќе пари за спорт и истиот ќе го поедноставиме и унапредуваме со цел поголема поддршка на спортот, спортистите и спортските субјекти. Во 2020 година повторно планираме со ваучер системот да обезбедиме дополнителни 10 милиони евра во спортот, како и буџетски 6 милиони денари за системот на млади спортски надежи;
- Ќе донесеме законско решение со кое ќе се регулира стажот на спортистите;
- Воведуваме родова еднаквост во спортот – 30% жени во органи на управување (собрание, УО, ИО) почнувајќи од 2020 година, а 50% до 2024 година;
- Федерациите кои добиваатфинансиски средства од државниотбуџетмора да обезбедат функционирање на машки и женски спорт, односно машки и женски спортски клубови и/или репрезентации;
- Ги затоплуваме, ги правиме енергетско ефикасни, им даваме мултифункционална димензија и ги ставаме во функција сите постоечки спортски објекти за потребите на сите спортисти и граѓани;
- Ќе создадеме Спортски фонд за врвен спорт (репрезентативен, индивидуален и клупски спорт);

- Сите спортски објекти во сопственост на државата и општините кои се даваат на концесија или се под ЈПП ќе мора да обезбедат 15% од термините за деца и млади од социјално ранливи категории;
- Целта ни е да го зголемиме бројот на млади кои спортуваат за 30%. Ќе ги повикаме сите наставници по физичко образование и спорт од сите училишта секоја сабота на 2 часа организиран спорт на отворено: атлетика, планинарење, пешачење, фудбал, кошарка и спортски игри;
- Ќе соработуваме со фирмите за спортска опрема да помогнат со промоција и поддршка. Првиот семестар ќе вежбаат во рамките на училиштето, а во вториот семестар ќе се организира училишна олимпијада. Трите првопласирани училишта ќе добијат спортска опрема за училиштето за награда;
- Низ цела држава ќе организираме централни крос-фит натпревари со музика, дружење и славење на здравиот дух и тело;
- Ги завршуваме проектите за изградба и реконструкција (санација) на спортски објекти започнати во 2020:
    - „Изградба на пливачки базен во општина Охрид";
    - „Изградба на 6 затворени училишни базени";
    - „Изградба на 10 баскет игралишта";
    - „Реконструкција на спортска сала во општина Неготино";
    - „Реконструкција на фудбалски стадион во општина Велес";
    - „Реконструкција на базен во Струга";
    - „Реконструкција на фудбалски стадион во општина Кавадарци";
    - Реконструкција на спортска инфраструктура во општините: Кисела Вода, Битола, , Карпош, олнени.
- Ги вклучуваме лицата со посебни потреби во сите сегменти на спортот. Обезбедуваме еднакви услови за спортување за лицата со попреченост и инвалидитет во сите спортови (тимски и индивидуални);
- Воведуваме етички кодекс за навивачки групи и заеднички се бориме против недоличното однесување на спортски натпревари;
- Го развиваме и го надоградуваме Домот на спортови со нови содржини со кои ќе се збогати спортскиот живот;
- Развиваме Стратегија за развој на спортот со инклузивни процеси и истата ја правиме достапна до сите спортист(к)и и спортски субјекти да го дадат својот придонес и да го најдат своето место во спортот;
- Внесуваме „институт/механизам" наречен Спортски туризам со цел економско зајакнување на спортист(к)ите и спортските субјекти и рамномерен развој на спортот во државата;
- Промовираме добро владеење, борба против корупција, борба против местењето на натпревари и борба против допингот;

- Ги започнуваме сите процеси и активности за официјализирање на електронскиот спорт т.е. гејмингот како официјална категорија спорт;
- Ќе ги анализираме сите договори за концесија на спортските објекти и сали и ќе мониторираме дали се исполнуваат обврските кон заедницата.

# 3.4 ДЕМОКРАТИЈА КОЈА РАБОТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Демократијата значи слободни и информирани граѓани. Тие еднаш во четири години носат изборна, демократска одлука, но секој ден можат да добијат точни и навремени информации, секој ден можат да го кажат своето мислење, да се организираат, да иницираат промени и влијаат на одлуките кои се носат во нивно име. Само тогаш демократскиот изборен систем е целосно во полза на граѓаните, ги штити и јакне.

Слободата на изразување е основно човеково право кое е суштинско за едно општество да се нарекува демократско и да оди напред. Веруваме во слободата и плурализмот на медиумите бидејќи нашата држава ја гледаме како мозаик на култури, јазици, обичаи и мислења – тоа е нејзината посебност и оттаму доаѓа нејзината сила и големина. Убедени сме дека единствената улога на Владата во регулирањето на медиумскиот сектор, треба да биде сосредоточена на обезбедување на слободата на говорот, структурниот плурализам, македонскиот јазик и јазиците на заедниците и на заштитата на децата од штетни медиумски содржини.

Слободите зависат и од силата, знаењето и мобилизацијата на граѓанскиот сектор. Само тоа може да гарантира одржлив развој и демократски промени во државата.

Долги години граѓанското општество делуваше во неповолна општествена клима исполнета со страв, институционален и жесток медиумски прогон, што влијаеше на негово ослабување и поларизирање. Го вративме духот на соработка и дијалог со граѓанското општество и нивно вклучување во процесите на креирање политики.

## *Во изминатите три  години обезбедивме крупни промени:*

- Ја вративме слободата на медиумите и слободата на изразување. Според индексот на „Репортери без граници" на листата на слобода на печатот за 2019 година, нашата земја е рангирана на 95 место или 23 места повисоко споредено со 2016 година, кога беше рангирана на 118 место;
- Пораснаа сите демократски индекси – раст за 46% на оценката за демократија на „Nations in transit", раст од 95 место во 2016 година, на 77 место во 2019 година, на Индексот на демократија на „Економист", раст на индексот на „Фридом хаус", раст од 47 место во 2016 година, на 33 место во 2019 година, на Индексот на економски слободи на

фондацијата „Херитиџ“;

- Ја укинавме обврската за плаќање на радиодифузна такса и обезбедивме надоместок во износ од 0,8% до 1% од Буџетот, за стабилно финансирање на Националната радио и телевизија, Националната радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Го ограничивме рекламирањето на јавниот радиодифузен сервис;
- Ставивме крај на владиното рекламирање кое во минатото се злоупотреби за поткупување на медиумите и труење на јавноста со политичка пропаганда;
- Донесовме нов Закон за спречување и заштита од дискриминација кој за прв пат ги покрива сите основи за дискриминација, согласно европските стандарди;
- Создадовме обврска за радиодифузерите, за емитување на музика и програми што се изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците;
- За 30% ги намаливме надоместоците за дозвола за сите радиодифузери;
- За дополнителни 10% до 30% го намаливме надоместокот за дозвола за радијата, во зависност од процентот на емитувана музика на македонски јазик и јазик на етничките заедници;
- Од 0,9% на 0,1% од вкупниот промет го намаливме надоместокот на комерцијалните телевизии за финансирање на Агенцијата за филм;
- Во 2018 година, со цел спроведување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР за структурни и наменски политики за зајакнување на квалитетот на новинарството вклучително и кај локалните медиуми и зајакнување на медиумската и дигиталната писменост, издвоивме и распределивме 50 милиони денари, наменети за поддршка на сите национални и локални печатени медиуми;
- Донесовме Акциски план за борба против ширењето на дезинформации, со цел на граѓаните да им овозможиме да носат информирани одлуки и да го спречиме намалувањето на нивната доверба во институциите и медиумите;
- Усвоивме и серија други измени во законските прописи, со кои создадовме услови за професионализација на МРТ и за ефикасни регулаторни тела, ослободени од политичко влијание и со поголема учество на граѓанскиот сектор во работењето на овие институции. За жал, поради опструкциите на опозициската ДПМНЕ, голем дел од овие реформски решенија сè уште не се применети;
- Започнавме континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество, третирајќи го како рамноправен партнер и коректор на одлуките на Владата. Во партиципативен процес ја креиравме и донесовме Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020);
- Го формиравме Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со кој претседава претставник од граѓанските организации;
- Постепено го зајакнуваме системот на вклучување на граѓанските организации во Секторските работни групи и Секторските мониторинг комитети;
- Значително го подобривме консултативниот процес, односно го вклучивме граѓанското

општество во работните групи за креирање на законите и го зголемивме рокот за онлајн консултации;

- Ги вклучивме претставниците на граѓанскиот сектор во интервјуа и селекција на членови на важни тела избрани од Собранието, по примерот на ДКСК;
- Го олеснивме даночното работење на граѓанскиот сектор и спречивме можности за злоупотреба на овие инструменти против него;
- Ја унапредивме работата и составот на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот;
- Започнавме со анализа на состојбите за реформирање на системот за државното финансирање на граѓанското општество.

## *Во следните четири години фокусот ќе го ставиме на:*

- Вистински јавен радиодифузер!
    - Мора да е во тек со времето! Тоа значи присутност на Националната радио–телевизија на сите современи платформи и достапност до сите корисници.
    - Има мисија: Да информира навреме и точно, да ја штити јавноста од дезинформации, да гради професионално и квалитетно известување.
    - Има државни обврски! Тоа значи дека емитувањето спортски содржини од националните првенства и натпревари кои се од интерес на македонската публика, особено натпреварите на националните репрезентации не се прашање на избор, туку на обврска.
- НЕ за лажни вести!
    - Ќе креираме алатки за новинарите и граѓаните, за брзо откривање и спречување на ширењето на лажни вести.
    - Ќе работиме на медиумската писменост, особено кај најмладата публика, преку воведување на соодветни содржини во образовните предмети во основните и средните училишта, почнувајќи од учебната 2021/2022 година и нивно редовно ажурирање во период од 2-4 години.
    - Во првата година од новиот мандат ќе поддржиме создавање на истражувачка медиумска лабораторија, преку која студентите по новинарство од почетокот на студирањето ќе се вклучат проактивно во борбата со дезинформациите и лажните вести.
    - Ќе обезбедиме поголема заштита на малолетната публика од штетните влијанија на онлајн медиумите, преку усогласување на националното законодавство со новата директива на ЕУ за аудиовизуелни правила кои се однесуваат на video- sharing платформите.
    - Во Собранието ќе формираме повеќепартиска група за систематска борба со лажните вести која ќе ја следи работата на сите државни органи чија акција е неопходна во оваа борба.

- Ќе обезбедиме континуирана финансиска и нефинансиска поддршка за печатените медиуми и локалните телевизии.

- Дигитализација на радиостаниците!
    - Со дигитализацијата на радиостаниците се обезбедува висококвалитетен дигитален радиосигнал и емитување на програма со аудио и визуелни ефекти. Тоа нуди можност преку дигиталните радиоприемници да се добијат навремени и точни информации како и други дополнителни сервисни и корисни информации за граѓаните и за бизнис-секторот (на пр. за сообраќај, состојба во животна средина, најави за временската ситуација и за елементарни непогоди). Истовремено се намалува потрошувачката на електрична енергија и бројот на предавателни уреди, што резултира со намалување на нивото на нејонизирачкото зрачење.
- Ќе воведеме помал надоместок за телевизиско емитување, подобра регулатива за медиумска сопственост и концентрација, а ќе поддржиме и ефективна саморегулација.
- Силно граѓанско општество за силна граѓанска држава!
    - Се определивме за: (а) унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува во зајакнување на демократското управување и (б) воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија.

За да ја унапреди рамката за финансиска одржливост на граѓанското општество, , сеопфатно ќе го реформираме сегашниот систем на државно финансирање на граѓанското општество, кој во голема мера се заснова на правна регулатива и практика што е создадена пред неколку децении,не ги отсликува тековните потреби на граѓанското општество и не ги следи позитивните практики и трендови во ЕУ и во развиените земји.

Затоа:

- Ќе го зголемиме уделот на државното финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година;
- Ќе ја реформираме процедурата на планирањето на средствата (задолжителни консултации за приоритетите); одлучувањето (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓанските организации); доделувањето и известувањето за државното финансирање кон граѓанските организации, мониторингот од постигнатото и евалуација итн.;
- Ќе воведеме механизми за унифицирано планирање, односно ќе обезбедиме повеќегодишно планирање на средствата за граѓанските организации;
- Ќе ја подобриме програмската поддршка на граѓанските организации преку независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации, преку институционална поддршка, со административна,

управувачка, финансиска и програмска независност;

- Преку Фондот за поддршка и развој на граѓанското општество ќе се овозможи ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации кои се во согласност со стратешките приоритети на земјата, програмските цели на претпристапната помош и со структурните фондови на Европската Унија;
- За да воспостави структурен дијалог со граѓанското општество,, ќе го вклучиме граѓанското општество во консултациите систематски, односно ќе ги утврди динамиката на консултативните процеси и начините на влијанието од учеството на граѓанското општество во креирањето политики. Дополнително, ќе го поддржиме граѓанското општество да креира модел за учество на граѓанските организации во идната преговарачка ЕУ структура на земјата што ќе овозможи преку репрезентативен и инклузивен модел учество на граѓанските организации во Секторските работни групи и Секторските мониторинг комитети, ќе го задржи репрезентативниот и инклузивен модел за учество на граѓанските организации во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, ќе ја унапредува структурната соработка со граѓанското општество преку Советот за Отвореното владино партнерството;
- Консултации од почетокот, а не само на крајот. Ќе се заложиме за организирање консултации со граѓанското општество уште во раната фаза на анализата, за потребите и подготовката на политиките и законите. Дополнително, Владата ќе се обврзе и ќе гарантира повратна информација кон граѓанското општество и засегнатите страни од секој процес на консултации за политиките и законите. Ова значи дека на владините седници ќе се усвојуваат предлог закони кои го содржат извештајот со добиените мислења, предлози и коментари од процесот на консултации со засегнатите страни, а во кој ќе бидат наведени причините поради кои дадените предлози не се прифатени.

# 3.5 ЕВРОПСКА КУЛТУРА

Ја гледаме културата како клуч во трансформацијата на нашето општество, промената на свеста, на навиките, на потребите, на однесувањето на сите граѓани.

## *Принципите и вредностите на кои инсистираме во оваа програма се клучни европски вредности:*

- негата на индивидуалните и колективните идентитети,
- заштитата на културното наследство,
- мултикултурноста,
- грижата за различностите и ранливите граѓани,
- интеркултурниот дијалог,
- децентрализацијата,
- учеството и културната демократија.

Последните три години се справувавме со десетгодишните погрешни политики на ВМРО-ДПМНЕ кои доведоа до партизација и заробување на културата. Низа ретроградни активности поттикнаа конфузија во разбирањето на културниот идентитет, антагонизирање на општественото ткиво и девастација на културниот капитал. Работевме на нормализација на културниот систем од тешките последици на неодговорното владеење во претходниот период преку демократизација на културните процеси, враќање на професионалните стандарди во институциите и ослободување на креативните процеси за сите граѓани. Ги ослободивме институциите од раководната спрега којашто го генерираше системот на „заробена држава“ во делот на културата. Ги запревме штетните „капитални“ проекти во духот на „Скопје 2014“, во капиталните инвестиции, во заштитата на културното наследство, во издаваштвото, во музејската дејност. Таму каде што неповолните договори нè обврзуваа да привршиме одредени проекти, максимално домаќински и воздржано менаџиравме за да се избегнат дополнителни штети по буџетот, кој го полнат сите граѓани. Ги спречивме, односно ги нотиравме сите продолжени обиди кои културата и уметноста сè уште се обидуваа да ја злоупотребат како пропагандно средство за партиска и идеолошка манипулација на граѓаните, особено во филмот, како најмасовен и највлијателен уметнички медиум. Отпочнавме процес на трансформација и реформа на целокупниот културен сектор, согласно прогресивните трендови и политики. Донесовме Национална стратегија за развој. на културата за периодот од 2018 до 2022 година, во нагласено партиципативен процес, консултирајќи ги сите предлози на фелата, стручната јавност и граѓаните.

Наша цел е да ја развиеме културата во сите нејзини сегменти. Да ги зајакнеме институциите кадровски, инфраструктурно, технички и програмски. Да ги подобриме условите за работа во вонинституционалниот сектор и да создадеме практики на соработка и синергии меѓу нив. Да го унапредиме социјалниот статус на вработените и да го валоризираме авторскиот труд на сите ангажирани во културата. Да привлечеме повеќе публика и да им овозможиме на што повеќе граѓани да земат учество во културните активности. Истовремено, во согласност со европските трендови, предвидуваме мерки со кои ќе го искористиме потенцијалот на културата да придонесе во економскиот развој, особено на локално ниво. Ќе го засилиме присуството на креативните и критичките вештини во образовниот процес, но и во развојот на новите и иновативни бизниси.

Културното наследство игра клучна улога во формирањето на идентитетот на нашите граѓани. Тоа го засилува чувството на припадност, на споделување заеднички вредности и традиции. Ја застапуваме европската идеја дека културното наследство е заеднички ресурс кој ја подига свеста за нашата заедничка историја, која нè обединува како граѓани, но и нè легитимира пред европското семејство на држави, активно придонесувајќи во целокупниот европски идентитет.

- Ќе се воведе систем на задолжително финансирање на спомениците од Листата на споменици од национален интерес, по принципот на категорија по вредност и степен на загрозеност. Листата ќе биде отворена и во неа постојано ќе можат да се впишуваат нови споменици од недвижното, движното и нематеријалното наследство.
- Ќе го зголемиме бројот на стручниот кадар во конзерваторските центри.
- Ќе извршиме ревизија и бришење од регистарот на сите незаконски запишани споменици и објекти од т.н. проект „Скопје 2014“, кои по својата природа не можат да претставуваат културно наследство.

- Ќе поддржиме развој на културните и креативните индустрии врзани со производи на традиционалната култура со вклучување на аматерските фолклорни организации кои го негуваат традиционалното творештво.
- Ќе распишеме меѓународен конкурс за ревитализација на централното градско подрачје на главниот град по штетите предизвикани од „Скопје 2014". Како антипод, овој конкурс ќе биде дел од апликацијата на Град Скопје за најголемата културна програма при Европската Унија, Европска престолнина на културата.

## Охридскиот регион останува УНЕСКО Светско Наследство!

- Ставаме **крај на самоволието и импровизациите** во Охридско-струшкиот регион. Природното и културното наследство на Охридскиот регион останува Светско наследство, заштитено од УНЕСКО.
- **Го штитиме нашето духовно и материјално наследство** затоа што тоа е наш аманет кој треба да го предадеме и на идните генерации. Го штитиме охридско-струшкиот регион со цел да го подобриме квалитетот на живот на граѓаните и да го афирмираме владеењето на правото.
- Во изминатите три години **ја запревме деградацијата во регионот** и ги поставивме параметрите за заштита и развој на долг рок. **Ги укинавме штетните проекти** кои ќе значеа неповратно уништување на уникатните аспекти на регионот. За прв пат **донесовме сеопфатен План за управување со природното и културно наследство** кој го изработивме со значителен придонес од граѓанскиот сектор и експертиза од УНЕСКО. За прв пат воспоставивме платформа за соработка со Република Албанија која ќе гарантира дека сите мерки кои се преземаат за заштитата ќе бидат имплементирани на целата територија на Охридското Езеро и неговиот слив.
    - Во наредните четири години остануваме посветени на заштитата на културното наследството и реализација на проектите кои ќе гарантираат заштита на исклучителните универзални вредности на природата.
    - Продолжуваме со санацијата на колекторскиот систем, како и проширување на мрежата.
    - Реката Сатеска ќе биде пренасочена во коритото на Црн Дрим, со што драстично се намалува загадувањето на Охридското Езеро.
    - Ќе донесеме нов закон кој ќе го рационализира процесот на координација и следење на управувањето со регионот, со што ќе овозможиме и рана детекција на потенцијални закани.
    - Урбанизацијата во општините Дебрца, Охрид и Струга ќе биде контролирана, планска и во согласност со режимите на заштита соодветни за регион од светско значење.
    - Нелегалните градби кои претставуваат опасност за регионот и се во спротивност на режимите на заштита ќе бидат отстранети.
    - Во наредниот период, ќе ги зајакнеме капацитетите и ресурсите на стручните институции кои се клучни во заштита на регионот, односно Националниот Парк

Галичица, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид и Хидробиолошкиот Завод.

## Граѓаните остануваат во нашиот фокус

Развивањето на културните потреби, учеството во уметничките и културните активности, искусувањето култура води кон подобрување на квалитетот на живот и добросостојбата на секој поединец. Токму за време на корона кризата, дури граѓаните најголемиот дел од своето време го поминуваа во своите домови, почитувајќи ги мерките за социјално и за физичко дистанцирање се уверивме во важноста на уметноста и креативноста за секојдневниот живот. Граѓаните кои имаат културни навики, кои сакаат добар филм, музика, визуелни уметности, кои имаат чувство за креативност и уметнички вештини поквалитетно и поздраво се справуваа со предизвикот на нужната изолација.

- Ќе поддржиме создавање на мобилно кино. Центрите за култура, граѓанските здруженија, дистрибутерите, фестивалите, ќе создадат мобилна и разновидна кинопрограма, која ќе допре и до најдалечните урбани и рурални заедници. Ќе ги поттикнеме киноприкажувачите да развијат и кризни прикажувачки опции како на пример, т.н. драјв-ин кино.
- Двапати годишно ќе организираме „Музеј24/2„ – 24 часа во тек на викендот влезот во сите музеи ќе биде слободен (петок од 18 до 24 часот, сабота од 12 до 24 часот и недела од 10 до 16 часот).
- Библиотеките ќе ги преуредат своите простори за покомфорен престој на читателите, ќе организираат активности за читатели, како промоции, дебатни клубови, читачки работилници. Учениците, младите и новите корисници ќе добијат бесплатна прва година членство и други поволности на користење на капацитетите на установите.
- Ќе се зголемат финансиските дотации за програми и проекти кои придонесуваат за зајакнување на локалните заедници преку поддршка на локални фестивали, значајни настани, јубилеи, сè со цел да се зачува и да се промовира нематеријалното наследство на руралните и неразвиените подрачја.
- Ќе ги развиваме културните навики и потреби уште од најмала возраст преку имплементација на неформални образовни и развојни програми во градинките и училиштата развиени од педагози и професионалци од граѓанскиот сектор. Ќе организираме мобилни претстави за деца и млади во различни општини и региони.
- Ќе обезбедиме висок квалитет кај државните инвестиции во архитектурата, внатрешното уредување и дизајнот како пример за останатите учесници во оваа сфера. Во таа смисла, секоја година барем три институции кои планираат инвестиции во внатрешното уредување и дизајн ќе направат повик за предлози од млади архитекти (помлади од 35 години) во соработка со Асоцијацијата на архитекти и Архитектонскиот факултет.
- Ќе ја засилиме соработката меѓу музеите и галериите на целата територија на државата, со акцент на заеднички мобилни изложби.
- Ќе го поддржиме литературното творештво на млади автори преку востановување посебни стимулативни мерки. Ќе воведеме посебен конкурс за објавување на

најмалку 10 нови наслови за деца и тинејџери.

- Ќе дадеме поддршка на преводот и на преводната литература, со посебен акцент на квалитетот на преводот и соодветно финансиско вреднување на трудот на литературните преведувачи што преведуваат од оригиналниот јазик.
- Ќе овозможиме поголема соработка меѓу секторите за туризам, култура и екологија за промоција и поголема посетеност на културните предели.
- Ќе дадеме поддршка на активностите кои го прошируваат пристапот кон културните добра на лицата со посебни потреби.

## Финансирање во културата

- Користејќи ги европските практики и искуства ќе создадеме услови за поразновидно финансирање во културата. Преку системот на даночни олеснувања ќе го поттикнеме донаторството, спонзорирањето, меценството и други форми на финансирање.
- Ќе ги поттикнеме јавно-приватните и цивилните партнерства.
- Со измена во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, ќе обезбедиме правна рамка за доделување на „грант дотации“ за култура во сите општини, независно дали имаат или не локални установи. Средствата за ваквите грантови би се обезбедиле по законски утврдени критериуми, на пример: во зависност од бројот на жителите, бројот на установите, рурална или урбана општина и др.
- Ќе обезбедиме стабилни механизми на ко-финансирање на учесници во програми и проекти на ЕУ и други меѓународни и регионални соработки на национално и локално ниво.
- Ќе дадеме поддршка на иницијатива за развој на регионален фонд за соработка во полето на културата, по примерот на Вишеградскиот фонд или други веќе постоечки регионални фондови.

## Инвестиции во културната инфраструктура

Владата на ВМРО-ДПМНЕ преферираше скапи и кичерски, а како што утврдивме и фушерски, нови објекти за културните институции (театри, музеи, „скулптурални композиции“) на штета на финансирањето на програмските активности на дејностите во културата. Тие доживеаја континуиран пад во однос на вкупниот буџет за култура (од 51,05% во 2001 година на 18,29% во 2011 година, односно 22,99% во 2015 година и 22,62% во 2016 година).

Владата на СДСМ го запре тој тренд. Таа ги продолжи проектите што не беа спорни, како Филхармонијата во Скопје, театарот во Струмица, градењето нов театар и библиотека во Тетово, реконструкцијата на Албанскиот театар. Обезбедивме пари за изградба на нов објект на Универзална сала врз реални трошоци и издржан архитектонски концепт. Спорните објекти како т.н. скулптурална композиција ги запре. Во последните три години отпочнавме:

- реконструкција на Центарот за култура во Кочани,
- санација на покривот на Драмски театар, на Театарот во Прилеп и на НУ Центар за

култура „Марко Цепенков“,

- санација на покривна конструкција на објектот што го користи НУ Театар Комедија,
- реконструкција на гледалиштето и санација на фасадата на објектот на НУ Македонската опера и балет во Скопје,
- реконструкција и санација на надворешно и внатрешно осветлување на галерискиот простор Чифте амам, како и
- реконструкција и санација на Офицерски дом во Битола.

Преку Програмата за капитални дотации на ЕЛС се започнува со реконструкцијата на киното „Манаки“ во Битола, како и изградба на нови културни центри во Боговиње, Врапчиште и Матејче.

Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата во наредниот четиригодишен период ќе ги опфати следните проекти:

- Изградба на Универзална сала во Скопје;
- Санирање на состојбите во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје и тоа: реконструкција на покривната конструкција во стариот дел, реновирање на ентериерот, санација на магацинските простори и набавка на основен инвентар за сместување и чување на библиотечниот фонд, (подвижни системи за сместување и чување на библиотечниот фонд), набавка на системи за обезбедување соодветни микроклиматски услови, како и системи за заштита;
- Ревитализација и опремување на работните простории во Националната опера и балет со адаптација на простор за хорска сала;
- Во Куманово предвидуваме реконструкција и адаптација на Театарот и гасификација на Центарот за Култура, конзервација и реставрација на Спомен костурницата и Занаетчиски дом;
- Во Крушево конзервација и реставрација на старите куќи и на спомен обележјата на Општина Крушево (комплексот Илинден - Македониумот, Музејот на НОБ, битката на Слива, платото на месноста Гумење, Мечкин Камен);
- Во Тетово решавање на просторните услови на НУ „Уметничка Галерија“ и НУ „Музеј на тетовски крај“, како и реконструкција на Тетовското кале;
- Во Скопје целосна санација и реновирање на Музејот на Северна Македонија, Музеј на современата уметност и Природно-научниот музеј;
- Во Битола просторно проширување на Заводот и Музејот и реконструкција на спомен куќите на Стив Наумов и Гоце Делчев;
- Во Охрид целосна реконструкција на Охридската гимназија;
- Во Гевгелија изградба на нова музејска зграда;
- Во Виница изградба на музеј покрај локалитетот Виничко Кале и реставрација на куќата на Ќазим-бег;
- Во Кавадарци ревитализација на спомен куќата на Страшо Пинџур во Ваташа;

- Во Ресен пренамена на киносалата во мултинаменски објект и реновирање на спомен куќата на Мите Богоевски;
- Во Свети Николе пренамена на училиштето во с.Кнежје за чување, заштита, конзервација и реставрација на предмети од археолошкиот локалитет Била Зора;
- Во Делчево реставрација на Спомен дом на Разловечкото востание во с. Разловци;
- Во Струмица доделување на нов, постоечки објект за потребите на Музеј Струмица;
- Во општината Аеродром ќе создадеме нов Центар за култура и Библиотека;
- Во неколку градови ќе формираме Младински културни центри, како специјализирани институции кои ќе ги развиваат културните потребии на младите луѓе, со цел да го подобриме квалитетот на нивниот живот да ги задржиме во земјата. Зависно од потребите тоа ќе бидат мултимедијални центри со простори за повеќе намени: кино сала, театарска сцена, сцена за концерти, изложбен салон, куглана, бифе или бизнис-кафе простор итн. Во Струмица на локација кај старата касарна, во Охрид во објект на локалната самоуправа. Во Ресен во објектот кој порано припаѓаше на противпожарната служба. Во Гостивар и во Свети Никола при Центарот за култура. Во библиотеката во Штип и во Струмица (во приземјето на објектот), ќе создадеме читални: во Струмица за целиот град, а во Штип како студентска читална;
- Во Струга ќе создадеме Кварт на уметноста. Тој ќе се состои од следните објекти: НУ-Центар за култура „Браќа Миладиновци", пренаменетото Старо занаетчиско женско училиште (Радничка школа) во Библиотека, пренаменетото основно училиште „Браќа Миладиновци" во Музеј, нова мала сала со мултифункционален простор за одржување на културни настани и семинари, Парк на поезија со партерно уредување, поставување на информативни табли, осветлување, скулптури, клупи;
- Во Штип ќе се брендира дел од градот во Шарено маало. Досегашната населба во која живеат припадници на ромската заедница е дискриминирана и запоставена. Со промена на боите на фасадите и урбана регенерација населбата. би добил сосема нов лик и би станала пристојно место за живеење, а сограѓаните наместо заобиколување, би поминувале низ самата населба.

Се разбира, динамиката на оваа четиригодишна програма ќе зависи од севкупното економско заздравување по кризата со корона вирусот.

## Децентрализација на културата

Ја продолжуваме втората фаза на институционалната децентрализација која треба да им обезбеди најдобри услуги на граѓаните согласно Европската повелба за локална самоуправа. За да се надминат слабостите од првата фаза на децентрализацијата ќе извршиме:

- Зголемување на блок дотациите за да ги покриваат сите реални потреби на локалната установа, средствата за тековно и материјално одржување на установите, за нови инвестиции, а со цел подобрување на состојбата на објектите на локалните установи во културата и нивната функционалност;
- Редовно ќе се одобруваат барањата за пополнување на испразнети работни места, како и за нови неопходни вработувања во локалните установи од Министерството за финансии;
- Искористување на постоечките капацитети на локалните установи во развој на нови модели на локални културни институции преку системот на јавно-приватно (граѓанско) партнерство помеѓу општините и граѓанскиот сектор.

Живееме во нерамномерно развиена земја. Во културата ќе работиме на рамномерен културен развој, пред сè, преку политиките и инструментите на децентрализацијата и деметрополизацијата на култура. Ќе иницираме:

- Создавање на најмалку еден културен центар на заедницата во секоја општина, со што би се поттикнал идниот локален развој, особено на креативните индустрии;

Културната економија може да биде голем извор на приходи и да го намали или да го спречи одливот на луѓе од локалните заедници во главниот град и во странство. Таа е и голема движечка сила на одржливиот развој. Нашата културна разновидност претставува голем потенцијал за развојот на овој вид економија. Ние ќе преземеме серија мерки за да го заживееме овој приоритет на современите европски политики:

- Ќе го зголемиме бројот на креативни центри и инкубатори, каде што млади и стартап фирми, здруженија на граѓани и самостојни уметниици, фриленсери ќе ги имаат сите можности да работат заедно и да создаваат заеднички;
- Ќе поттикнеме создавање на интердисциплинарни модели во високото образование кои нудат поврзување на уметничките дисциплини со информатичката технологија, комуникациите, со студии по претприемаштво и бизнис;
- Ќе дадеме полна поддршка за максимално искористување на ИПА механизмот за развој на креативните и културните индустрии. Ќе овозможиме обуки и ќе создадеме линии за кофинансирање на проектите во оваа, како што направивме и за другите програми од ЕУ, како „Креативна Европа".

## Подобри услови за вработените во културата

Владата предводена од СДСМ ги надмина наталожените проблеми од последните десетина години: несоодветната класификација и бодување на работните места, нееднаквото вреднување на трудот меѓу различните дејности во културата, како и меѓу

различните установи во рамки на една дејност, потпросечното ниво на плати во одредени дејности.

- Извршивме нивелација по работни места по дејности во институциите од областа на културата кое опфати 2.899 од вкупно вработени 3.194 лица во културата.
- Ги покачивме платите по основ на законски стекнатите стручни звања.
- Се потпиша Колективен договор за вработените во културата. Меѓу другото, договорот го регулира надоместокот на трошоци за превоз од и до работното место во специфични услови, потоа надомест за терenски додаток, надомест на трошоци за одвоен живот од семејството, надомест на трошоци за користење сопствено возило за потребите на работодавачот, надомест на трошоци при селидба, отпремнина при одење во пензија и јубилејни награди**.**

Новите мерки во однос на подобрување на правата на вработените во културата се:

- Враќање на одредбите за бенефициран стаж за балетските уметници и соодветна процена на работните места со зголемен ризик по здравјето и животот на вработените, како и испитување на условите за стекнување бенефициран стаж и/или скратено работно време и кај други професии (оперски пејачи, музичари на дувачки инструменти, конзерватори, препаратори, фолклорни уметници);
- Изработка на Анекс на Колективниот договор за култура со кој ќе се реши прашањето за делот од плата за работна успешност на вработените во културата, како и надоместоците за годишен одмор (регрес) и за дополнителни работи надвор од Годишната програма за работа на установата;
- Ќе пристапиме кон либерализација на условите и на постапките и отстранување на бирократските ограничувања за да овозможиме што поголем број самостојни уметници во Република Северна Македонија како суштински придонес во поддршката на уметничкото творештво. Со регистрацијата и лиценцирањето на различните категории уметници и културните работници ќе ги извлечеме од сивите и прекарни зони на дејствување со што ќе можат полесно да ги користат посебните и општите стимулативни, развојни но и кризни мерки, како оние за време на пандемијата со вирусот КОВИД-19;
- Во Правилникот ќе вклучиме и критериуми и правила за користење на други типови на поволности како (парични надоместоци, доделување на простор за работа или за објавување дела без надомест, подарување или изнајмување на опрема и инструменти без надомест и средства за осигурување дела, инструменти).

**Дигиталната трансформација** денес во светот е основен императив. Со употребата на интернет услугите европските културни субјекти ја усвојуваат дигиталната технологија за промоција создавање на мрежа за комуникација. Потребно е континуирано вложување во информациско-комуникациска инфраструктура во институциите и установите од културата, за да се овозможи подобра работа, поголема безбедност и заштита на податоците, адекватен пристап кон младите генерации. Неопходно е граѓанинот да е запознаен со националното богатство, депоата на нашите музеи, центри за култура, заводи и сл. Важноста на дигиталните и дигитализирани уметнички производи и културни содржини особено дојде до израз за време на пандемијата со КОВИД-19. Националните институции како и индивидуалните актери

успешно реагираа на изолацискиот предизвик, пренасочувајќи ги своите активности кон создавање дигитални содржини. Оваа состојба налага поургентни мерки за дигитализација. За таа цел ние:

- Ќе воведеме нова линија за финансиска поддршка со која што ќе го поттикнеме дигитализирањето на уметничките производи, културното наследство, музејските збирки;
- Посебен акцент ќе ставиме на дигитализацијата на постарите книжни изданија, значајни научни трудови и друга периодика;
- Ќе го поттикнеме создавањето на дигитални музеи, галерии, списанија, дигитално издаваштво;
- Ќе ја следиме новата стратегија за дигитализација во културата на Европската Унија Digital4Culture.

Дополнително ќе ги поддржиме различните сектори во културата (кинотечен и киноприкажувачки, музејски, театарски, флимски, музичко-сценски, фолклорен и други), водејќи сметка за нивните специфики и проблеми.

- Во филмскиот сектор се фокусиравме на продукции со разумни буџети, со добри сценарија и солидна филмска екипа, кои ќе создаваат естетски вредни филмови, и кои кореспондираат со европската филмска публика. Со добар менаџмент и мониторинг процентот на завршени филмови е кренат на 67%, што е многу повеќе од минатите години. Агенцијата за филм е прогласена за една од најдобрите Филмски агенции за 2019 година од ЕФА (Европската филмска академија). За кратко време, добивме филмови со високи меѓународни награди и признанија.
- Ги вградуваме европските стандарди во филмската продукција за да обезбедиме развој на филмската дејност.
- Утврдуваме приоритетна листа на домашни филмски фестивали од јавен интерес.
- Ќе креираме центар за дигитализација во рамките на филмскиот архив на Кинотеката, што подразбира набавка на опрема, нови вработувања и обука на постојните вработени и на новвработените.
- Реконструкција и адаптација на постојната музејска поставка со што би се реновирало фоајето на Кинотеката и би се пренаменило во филмски музеј посветен на почетоците на кинематографијата кај нас;.
- Преиспитување на статусот (национален или локален) на музеите и децентрализација на постојната музејска мрежа земајќи ја предвид општествената и стручната оправданост на постоењето на одделни музеи, како и разработување предлог за неопходни трансформации и основање нови музеи.
- Организацијата/ експозицијата на постојана поставка да стане задолжителна законска обврска на музеите, без оглед на нивниот статус.
- Промоција на поактивни едукативни програми и примена на интерактивни, современи начини на интерпретација кои подразбираат партиципација на публиката.
- Надминување на проблемот со просторот во Уметничката галерија во Тетово преку

обезбедување на простор за административни функции, депоа, конзерваторска лабораторија и др.

- Опремување на соодветен простор за конзерваторско-препараторски лаборатории во оние специјализирани музеи каде таа функција е неопходна, особено во Националната галерија на Македонија во Скопје и Уметничката галерија во Тетово.
- Набавка на современа информатичка и комуникациска опрема, како и опрема за чување, изложување и користење на библиотечниот фонд. Тоа подразбира и перманентна дигитализација на библиотечните фондови со воведување на современи библиотечни стандарди на дигитализација и нивна имплементација во базите на светските дигитални библиографски центри и асоцијации.
- Поттикнување на установите да извршат ревизија на библиотечните материјали и збирки и усвојување на современи стандарди за нивно чување и користење.
- Поттикнување на професионалната мобилност на театарските режисери, актери, сценографи, драматурзи низ установите во земјата.
- Стратегиска поддршка на независната театарска сцена.
- Мерки за стимулирање на гостувањата на театарите во внатрешноста во интерес на деметрополизацијата на културните активности.
- Ревитализација и опремување на работните простории во Националната опера и балет со адаптација на простор за хорска сала.
- Анализа на потребите од возобновување на Ревискиот оркестар и радиохор на Националната радиотелевизија во насока на негување на мултимедијални проекти, поп, рок и филмска музика итн.
- Дигитализација на дел од аудио архивите, видео архивите и печатените архиви поврзани со македонската музичка култура.
- Пружање поддршка на културно-уметничкиот аматеризам.
- Примена на мерки на децентрализација со тенденција за осамостојување на градските и општинските средини со развиена технолошка основа и музичка традиција за обнова на музичката публика преку основање на камерни оркестри и хорови во рамки на домовите за култура, било преку деконцентрација и деметрополизација на кадарот, или преку поддршка на младински и аматерски групи.
- Стипендирање на младите таленти коишто покажале супериорни резултати во својата дејност.
- Фолклорот како дел од традицијата ужива посебен статус меѓу културните дејности. Фолклорот ни помага да ја чуваме и одржуваме традицијата, но тој е и средство за разбирање и почитување на различните културни идентитети и меѓусебна толеранција. Ќе воспоставиме јасни критериуми за финансирање во дејноста и воспоставување нови, втемелени на процена и јасни показатели.
- Ќе направиме категоризација според функција и начин на работа на културно-уметнички друштва и ансамбли по региони во склоп на националните и локални установи како приоритет, бидејќи истите работат и творат во самите институции.

- Фотографијата, новите медиуми и современите мултимедијални уметнички изрази речиси целосно отсуствуваат од програмите на институциите од областа на визуелните уметности. Затоа, ќе ја засилиме изворната мисија на Музејот на современата уметност и на Националната галерија на Македонија, ќе стимулираме заеднички и мобилни изложби и шанса за нови медиуми и изрази.
- Ќе го зајакнеме сегашниот Сектор за книга при Министерството за култура, за да може да ги спроведува стратегиите за развој на издаваштвото во насока на поттикнување на создавањето, но и пласманот на книгите во државава и надвор од неа, ќе ги обединува сите информации поврзани со книгата и издаваштвото и ќе ги афирмира книгата и читателската култура.
- Ќе го поддржиме литературно творештво на млади автори преку востановување посебни стимулативни мерки и издавање литературни списанија наменети за претставување на младите автори. Ќе го поддржиме и литературниот превод, со посебен акцент на квалитетот на преводот и соодветно финансиско вреднување на трудот на литературните преведувачи.

# 3.6 ЕДНАКВО ОПШТЕСТВО

## *Нема еднаквост во едно општество ако нема еднаквост на мажите и жените.*

Родовата еднаквост е вредност во која ние како социјалдемократи веруваме, затоа што општество каде сите се еднакви е општество во кое има просперитет. Затоа што државите во кои мажите и жените се еднакви, се држави кои имаат највисоки оценки на скалата на среќа. Државите во кои родовата еднаквост е вредност со висок приоритет, се економски поуспешни држави.

Веруваме во општество кое дава еднакви шанси на сите граѓани. Градиме општество во кое секој граѓанин, без разлика на полот, има еднаков пристап до ресурсите и нивната праведна распределба.

Веруваме дека за да имаме одржлив развој и да имаме добри предуслови за развој на нашата држава и демократијата, важно е да ги вклучиме подеднакво и жените и мажите во сите структури на општеството, да го искористиме нивниот капацитет подеднакво, никој да не биде заборавен или занемарен.

## *Наша заложба е општество еднакво за сите и праведно кон сите.*

Наша цел е да овозможиме постигнување родова еднаквост во нашата земја, сузбивање на родовите стереотипи и елиминирање на родово-базираното насилство, а родовата еднаквост да стане неизоставен принцип во креирањето на политиките во земјата.

## *Што постигнавме досега?*

- Во првите шест месеци ја ратификувавме Истанбулската конвенција и го донесовме Националниот план за нејзина имплементација (2018-2023).
- Донесовме нов закон за прекин на бременоста, усогласен со европските стандарди, со кој ѝ го вративме правото на жената да одлучува за сопственото тело и за сопственото здравје.
- Донесовме законски измени со кои правото на детски додаток и образовен додаток за децата им се исплаќа на мајките.
- Донесовме нов закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, целосно усогласен со одредбите од Истанбулската конвенција, во кој е предвидено формирање на национално координативно тело кое ќе ја следи состојбата со насилството врз жените и семејното насилство и, воедно, ќе ја следи реализацијата на Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција.
- Отворивме и поддржавме 16 нови сервиси за жртви на родово базирано насилство, рамномерно распоредени во сите плански региони во државата.
- Политиката за родова еднаквост ја поставивме како еднакво важна во сите ресорни министерства, а не како претходно, како прашање единствено важно во рамките на социјалната политика.
- Предложивме усогласување на Кривичниот законик со одредбите од Истанбулската конвенција преку кој сите форми на родово базирано насилство ќе бидат дефинирани како кривични дела.
- Ги ослободивме самохраните родители од партиципација во установите за предучилишно образование и воспитание (детските градинки).
- Со реформите во социјалната заштита и развојот на социјалните услуги, како и со отворање на детските градинки, креираме работни места во економијата за грижа, каде што доминантно се вработуваат жени.
- Ги поттикнавме жените за поголемо вклучување во искористувањето на мерките од Оперативниот план за програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Во 2018 година 54%, односно 3.456 лица од учесниците во активните програми и мерки за вработување беа жени, што за нас претставува посебен успех и голем придонес за поголема инклузивност на жената на пазарот на трудот.
- Отворивме ресурсен центар за креирање родово одговорни политики.
- Донесовме Национална стратегија за женско претприемништво со Акциски план.
- Како резултат на посветеноста на Владата кон прашањето на родовата еднаквост, во 2019 година, се промени мерката 115 (поддршка на активен женски член на земјоделско домаќинство), од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој, која ги дискриминираше жените, и донесовме мерка која го подобрува животот на жените од руралните средини.

- Министерството за одбрана го промовираше првото Упатство за справување со вознемирување на работното место, вклучително и сексуално вознемирување. Се воспоставија 35 родови советници во Министерството за одбрана кои ќе помагаат во следењето на состојбата.
- Донесовме нов европски закон за спречување и заштита од дискриминација, кој за жал беше укинат од страна на Уставниот суд. Овој закон ќе биде првиот предлог на нашата нова Влада до Собранието.
- Ја вклучивме родовата перспектива системски во процесот на стратешко планирање и буџетирање.

## АГЕНДА 20-24

Родовата еднаквост и во следниот период ќе биде наш висок приоритет. Продолжуваме со политики за градење праведно општество во кое сите граѓани, без разлика на полот, ќе ги уживаат подеднакво своите права и ќе имаат еднакви можности во сите области на општественото живеење.

- Жените ќе бидат на масите на кои се одлучува! Воведуваме целосна рамноправност (50%-50%) за жените и мажите на нашите листи за Советите на единиците на локалната самоуправа и за Собранието.
- 40% застапеност на жени на сите извршни функции кои се именуваат од страна на Владата.
- Ќе продолжиме да вложуваме заедно со единиците на локалната самоуправа во отворање на сервиси за заштита на жртвите од сите облици на родово базирано насилство во секоја општина на територијата на државата. На годишно ниво, по 10 нови сервиси ќе бидат воспоставени, рамномерно во сите плански региони.
- Целосно ќе ја усогласиме законската регулатива за исполнување на стандардите согласно Истанбулската конвенција.
- Ќе донесеме нов Закон за вознемирување на работното место (мобинг) кој ќе овозможи вистинска и ефикасна заштита на работниците од мобинг. Новото законско решение ќе ги земе најдобрите пракси во земјите од Европската Унија и ќе овозможи проширување на листата на посредници кои учествуваат во решавањето на спорниот однос меѓу страните. Со посредници кои се надвор од институцијата, ќе се овозможи во судската постапка да се земаат како докази поединечните акти донесени од работодавачот., Експлицитно ќе бидат уредени конкретните мерки кои работодавачот може да ги примени кога има основано сомнение дека работникот извршил вознемирување на работното место. Со цел ефикасна заштита, од Законот за работни односи ќе биде отстранета одредбата која предвидува одредено однесување да се смета за вознемирување доколку се повторува во период од 6 месеци. Ова не е содржано во Законот за вознемирување на работното место, со што се создава правна дилема во судската пракса.

- Ќе продолжиме да ги зголемуваме капацитетите на постојните и да отвораме нови градинки и центри за ран детски развој. Во 2020 ќе отвориме во Лозово, Василево, Боговиње, Студеничани, Делчево, Битола, Гевгелија, Куманово, Чаир, Струмица, Дебар, Гостивар, Свети Николе, Тетово, Теарце.
- Ќе ги ратификуваме Конвенцијата за насилство и вознемирување, препораките за насилство и вознемирување, на Меѓународната организација на трудот усвоена во 2019 година. Новиот меѓународен трудов стандард има за цел да ги заштити работниците и работодавачите, без разлика на нивниот статус по договор за вработување. Ги вклучува и приправниците, работниците што добиле отказ, волонтерите, барателите на работа и апликантите за работа. Во Конвенцијата се истакнува дека и работодавачите можат да бидат подложни на насилство и вознемирување.
- Ќе ги ревидираме законите за да се потврди правото на наследство на жените и мажите во вонбрачна заедница.
- Ќе се бориме против родовиот јаз во платите преку креирање на политики и мерки за вработување кои ќе влијаат врз намалување на неактивноста на жените на пазарот на трудот, политики кои го уредуваат родителското отсуство, заштитата на работното место, флексибилното работно време, скратеното работно време и работните места што се приспособени за мајките, зголемување на достапноста на градинките (особено во руралните области) и зголемување на бројот на домови за стари лица во сите плански региони.
- Нулта толеранција кон сите форми на дискриминација врз жените! Ќе донесеме програма за реинтеграција на жени жртви на насилство во која ќе се вклучени модели за привремено домување, психичко советување со менторство, различни видови финансиска помош, специфично наменети за жени жртви на насилство, можности за образование и обуки во различни области, како и мерки за вработување утврдени во постојната законска регулатива. Мерките за вработување и другите мерки за помош и поддршка ќе бидат приспособени согласно специфичните потреби на жените жртви на насилство.
- Ќе воспоставиме систем за следење и спроведување на привремените мерки за заштита на жени и деца жртви на насилство.
- Ќе ја усогласиме останатата законска регулатива со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.
- Ќе воведеме задолжителни часови на едукација за вработените во здравствените установи, социјалните установи и полицијата, на теми од областа на родовата еднаквост и родово базираното насилство. Ова нема да бидат обуки само за почетниците, туку пред с за раководителите и оние кои носат одлуки.
- Ќе ги повикаме сите невладини организации и активисти да укажат на постојните форми на дискриминација и создавање стереотипи во основното и средното образование.
- Зголемување на пристапот до квалитетни услуги за планирањето на семејството и изборот на современи контрацептивни методи и средства (на позитивна листа на лекови).

- Истражувањата на граѓанскиот сектор за менструалната хигиена на жените и девојчињата покажуваат дека дури 15% од нив не можат да ги користат потребните хигиенски средства при менструација. Менструалните производи не се луксузна стока и треба да бидат достапни до сите девојчиња и жени. За да обезбедиме поголема достапност на овие производи до секоја жена и девојка, ќе го намалиме данокот на додадена вредност на производите за менструална хигиена (влошки и тампони) од 18% на 5%.
- Ќе ја намалиме старосната граница за скрининг за репродуктивното здравје.
- Ќе воведеме мобилни гинеколошки клиники во руралните средини и помалите општини во кои нема гинеколози.
- Вклучување мобилни, поливалентни тимови во склоп на патронажните служби за едукација и превенција на здравјето на жените. Ќе обезбедиме пристап до лабораториски анализи, ПАП тестови, проверка на крвен притисок и ЕКГ во склоп на мобилните тимови; ќе вршиме обуки на жените во руралните средини за превенција од заболувања на репродуктивните органи и за самопреглед на дојка. Ќе организираме кампања за подигнување на свеста за ризиците по женското здравје преку обуки и информативен материјал.
- Задолжителен бесплатен здравствен пакет (ЗЗП) за жени над 35 години кој вклучува гинеколошки преглед и мамографија. Ќе ги зголемиме буџетските средства за спроведување информативна кампања за запознавање на жените со оваа мерка, со цел што поголем број на жени да ја искористат.
- Ќе воведеме задолжително основно образование за жените затворенички кои го немаат завршено до извршувањето на казната. Воедно, ќе воведеме образовни програми за жените затворенички за вештини барани на пазарот на трудот: курсеви по странски јазици; ИТ технологија и основни компјутерски вештини; сметководство и книговодство и сл.
- Продолжуваме со унапредување на трудовото законодавство и воспоставување нови мерки за усогласување на семејниот и професионалниот живот. Ќе донесеме нов закон за работните односи во кој ќе се дефинира и ќе се уреди мајчинско отсуство, татковско отсуство и ќе овозможиме заедничко флексибилно родителско отсуство за двајцата родители, работа од дома ако го прекине еден од родителите отсуството и се врати на сопствена иницијатива порано на работа и доколку работните задачи тоа го дозволуваат. Ќе овозможиме ослободување од ноќен труд на самохраните родители.
- Ќе формираме Секретаријат за родова еднаквост во Владата на Република Северна Македонија, како централна точка за водење политики и градење институционални механизми за родова еднаквост.

# Изборна програма

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ
2020 ГОДИНА**

3

ГРИЖА
ЗА СИТЕ

4

РЕД,
ДИСЦИПЛИНА,
ПРАВДА

# РЕД, ДИСЦИПЛИНА, ПРАВДА

“

СУДИТЕ КОИ З

ПРЕДМЕТИ ЌЕ Б

РАЗРЕШЕНИ ПО

”

**АСТАРУВААТ**
**БИДАТ**
**О АВТОМАТИЗАМ.**

# 4.1 ДА ВЛАДЕЕ РЕД

Само способна држава може да обезбеди спокоен живот на своите граѓани и да им даде шанса да ги развијат своите потенцијали, да се грижат за своето семејство и да водат исполнет живот согласно своите одлуки. Само способна држава може да ги привлече и задржи странските и домашните инвеститори, да создаде услови за пристојна работа и да гарантира еднакви права за граѓаните и еднаков аршин за сите.

Способноста на државата се тестира постојано и на секој чекор. Таа зависи од тоа како се носат и како се спроведуваат сите закони, како се однесуваат сите институции, колку се брзи и соодветни нејзините реакции, колку се предвидливи и оправдани нејзините постапки,дали се конзистентни и непристрасни нејзините казни и прекршоци.

Наследивме ситуација во која сите одлуки беа политизирани и дискрециони, во која Министерството за внатрешни работи ги кршеше наместо да ги штити основните човекови права и во кој секоја инспекција или државна контрола имаше партиски, а не законски предзнак.

Реформата на безбедносниот систем не беше прашање на избор туку прашање на опстанок, силно изразена волја на сета јавност, конечно да се воспостават норми и концепт којшто ќе бидат и гаранција за заштита на човековите права и слободи, но истовремено силна брана против корумпирање на безбедноста и ставање во функција на злоупотребата и незаконското работење. Тој чекор го направивме без ни малку колебливост, цврсто одлучни да ги етаблираме принципите на владеење на правото во сферата на безбедноста.

## *Од самиот почеток на нашиот мандат:*

- Министерството за внатрешни работи го реформиравме како дел од севкупната реформа на безбедносните служби. Издвојувањето на поранешната ДБК вопосебна институција, Агенција за национална безбедност, ја ослободи МВР од активностите кои во минатото доминираа во нејзината работа и фокус. На тој начин, МВР можеше да се посвети на клучните задачи на безбедност, ред и заштита награѓаните;
- Вложивме во концептот на „Маалски полицаец". Вработивме повеќе од 1 500 млади луѓе како униформирани полицајци. Со тоа почнавме да го решаваме проблемот на недоволна пополнетост на униформираниот дел од полицијата. Секој од новопримените ја има обврската најмалку 5 години да помине токму во униформираниот дел од полицијата за да се зголеми безбедноста на граѓаните и редот во нашите градови. Секаде каде веќе создадовме услови за пополнетост на униформираниот дел од полицијата, започнавме со имплементација на концептот „Маалски полицаец" (Куманово, Штип и Тетово);
- Ги опремивме полициските единици со неопходната опрема и униформи. Инвестиравме над 100 милиони денари во целосно обезбедување науниформираните полициски службеници со нова опрема која после повеќе години сега беше целосно обновена. Со завршувањето на постапките за набавка на уште 24.000 пара зимски, летни и полувисоки обувки, потоа на чизми како и

СДСМ

теренски униформи и посебна опрема за Единицата за брзо распоредување и Посебните единици за поддршка, практично целосно го заокружуваме тој наш проект давајќи јасно до знаење дека на секој полициски службеник треба и мора да му се обезбедат елементарни предуслови за нормално работење. Интегритетот, опременоста, статусот на полицискиот службеник е услов за спроведување на вистинска системска реформа;

- Од 2019 година обезбедивме дополнителни 80 милиони денари на годишно ниво за исплата зголемена плата за 4 821 униформирани вработени. При тоа, овозможивме издвојување на работните позиции помлад полицаец, полицаец и виш полицаец од останатите вработени, што е значајно за Министерството имајќи предвид дека вакво зголемување за основната компонента полицаец се остварува за првпат;
- Со склучениот меморандум за деловна соработка меѓу Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и МВР, од 2018 година овозможивме на сите вработени во МВР да имаат увид во електронската база на податоци на ФПИОМ за целиот свој стаж на осигурување, остварени плати, основици и парични надоместоци од работен однос;
- Саниравме, односно делумно или целосно реконструиравме 43 објекти на Министерството во сите сектори за внатрешни работи за што беа издвоени речиси 140 милиони денари. Во тек се градежни работи за реконструкција на ПО Арачиново, просториите на Интервентна единица и на Хеликоптерската единица;
- Го изградивме Центарот за санирање од катастрофи и обезбедување на континуитет во работењето во Прилеп со буџетски и средства од ЕУ;
- Ја започнавме градбата на новите современи форензички лаборатории;
- Ги намаливме за 35% старите наследени долгови по разни основи: од 23 милиони евра во 2017 година на сегашни 15 милиони евра и притоа не создадовме нови задолжувања;
- Формиравме посебна Единица за финанансиски истраги во рамки на Секторот за криминалистички истраги и посебен Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, како и борба против новите закани. Со првата обезбедивме финансиската истрага да започне во истиот момент кога се започнува истрага од областа организираниот криминал. Ова е исклучително важно, затоа што се следат финансиските текови на осомничените и поврзаноста со кривичните дела за кои се сомничат;
- Формиравме Национална единица за борба против Криумчарење мигранти и трговија со луѓе која е дел од Western Balkans Task Force;

Способната држава обезбедува ред и владеење на законите. Откако во овие три години ги ослободивме институциите од партиските стеги и вложивме во поинакви закони и одговорен систем, имаме многу амбициозен план за следните 4 години.

- Нов приод за сигурност во сообраќајот „Сигурни градови" (Safe Cities)

Ќе го реализираме новиот концепт за сигурност во сообраќајот, особено во урбаните центри. Тоа подразбира јасна и ригорозна регулација на брзини во населени места, поставување систем од камери за контрола на почитувањето на правилата и брзините, целосна автоматизација на процесот на казни и врзување на казните на регистрацијата на автомобилот. Safe City ќе започне од главните крстосници и булевари и фазно ќе се шири во сите урбани центри. Со автоматизацијата ќе се избегнат врските и ситната корупција која го руши системот, но и ги зголемува ризиците во сообраќајот. Само вака ќе се справиме со дивеењето по градските улици, моторите и брзите автомобили кои сеат опасност низ цела држава и високите стапки на жртви и повреди.

На патиштата ќе поставиме мобилни радари и камери бидејќи големиот број на жртви од сообраќајни несреќи е многу често резултат на неприлагодена брзина и непочитување на ограничувањата.

- Јасни рокови за казнената политика

Најчесто оние кои не ги почитуваат правилата на безбедност играат на картата на бавни постапки, познанства и „завршување работа" во полицијата или во судот. Тоа мора да биде минато. Во новите закони ќе предвидиме кратки рокови за наплата на казните кои нема да зависат од „човечки фактор". Сите податоци, снимки, фотографии ќе бидат заштитени, но ќе можат да се искористат и за определување на евентуална одговорност на оние кои го штитат таквото однесување.

- Казни според примањата

Еден дел од возачите кои безобразно и систематски ги кршат основните правила на безбедност, го прават тоа бидејќи казните не ги чувствуваат како голем удар по џебот, поради своето богатство или примања. Таа неодговорност води кон жртви. Затоа, казните за пречекорување на брзините ќе бидат скалести и врзани за примањата и имотот на починителот.

Ќе воведеме и дополнителни казни: 1) за возење мотор без кацига и брзо возење над 30% од дозволената брзина – времено одземање на моторот; 2) за трикратно повторување на делото – целосна заплена; 3) при запирање поради пречекорување на дозволената брзина над 50% - задржување на возачот од 3 часа (по примерот на Естонија, каде ова се покажало за многу ефикасно).

- Маалски полицајци

Ќе го финализираме концептот „Маалски полицаец" со пополнување на сите места за униформирани полицајци и користејќи го искуството од пилот проектите во неколку општини. Поголемото присуство на униформирани полицајци низ нашите маала ќе ги обесхрабри криминалците, а успокои граѓаните. Воедно, ќе создава поблиска соработка помеѓу граѓаните

и полицијата.

## Инспекции за ред, а не за корупција

Редот во државата не зависи само од полицијата и судството. Тој се огледа и во почитување на правилата на секој чекор: во дуќан и аптека, во комуналните работи и во бизнисот, во бучавата и чистотата. Клучни институции во тој домен се инспекциите.

Големата недовербата кај граѓаните и бизнисот во ефикасноста и непристрасноста на државните и локалните инспекции, полека но сигурно се намалува. Инспекциските служби, во периодот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, покажаа дека имаат капацитет и знаење и дека можат да одговорат на предизвиците.

Затоа ќе го интензивираме реформирањето на на системот и правилата во инспецискиот надзор.

- Еден вицепремиер/министер без ресор ќе ги координира сите инспекции.
- За една година ќе го преполовиме број наинспекциски служби, а во наредните четири години, пополнетоста на работните места за инспектори од сегашните 60%, ќе ја подигнеме на најмалку 80%, подобрувајќи ја на тој начин и неповолната старосна структура на инспекторите, а бројот на пазарни и инспектори за животна средина ќе го дуплираме.
- Секој инспектор кој ставил предмет во фиока – ќе изгуби работа. Правилата мора да важат за сите, особено за оние кои се платени да ги спроведуваат и контролираат.
- Платформата „е-инспектор" ќе ја спроведеме во сите инспекциски служби, со цел да се елиминира дискрецијата и субјективноста во вршењето на инспекцискиот надзор. Со единственото дигитално софтверско решение, овозможуваме лесно и квалитетно вршење на инспекцискиот надзор, почнувајќи од планирањето на инспекциските надзори врз основа на проценка на ризик, преку функционирање врз основа на листи за проверка (check листи), затворањето и документирањето на целата инспекциска постапка. Со информацискиот систем обезбедуваме делумна или целосна автоматизација на составувањето на записникот од инспекциски надзор, подготвувањето на решение за изрекување на соодветна инспекциска мерка, издавањето на платни налози, поднесувањето на прекршочни и/или кривични пријави, итн.
- Секој инспекторат ќе ги објавува шест месечните извештаи за работа со точни податоци кога, каде и со каков резултат се спроведени инспекциите. Еднаш месечно ќе имаат средба со ЗЕЛС и заинтересирани НВО за резултатите и проблемите со кои се соочуваат.

## Комунална полиција

Ќе воведеме комунална полиција под ингеренции на локалната власт која ќе има законски овластувања да обезбеди ред во нашите општини и градот Скопје. Впечатокот за непочитување на правилата започнува од наједноставните работи: хигиена, паркирање, бучава, зеленило, основен ред... Комуналната полиција ќе биде поедноставен и поефтин метод за обезбедување ред надвор од домовите и ќе ја ослободи полицијата да се занимава со покомплексните прашања на безбедност и криминал. Во комуналната

полиција ќе можат да се ангажираат и пензионери (особено од полиција и армија), кои ќе продолжат да ја примаат пензијата, а ќе примаат и надоместок за ангажман.

- Delivery unit кај премиерот за „Јасни и недвосмислени закони"

Ред во државата не се воспоставува само со менување закони, но многу често „сивите зони" кај нив и особено нивната меѓусебна неусогласеност остава простот за различни толкувања и различни аршини. Тоа пак ја храни корупцијата и недовербата во системот. Затоа, еден посебен Delivery unit ќе започне да функционира директно под капата на премиерот со цел да се прегледа легислативата и да се обезбедат јасни и недвосмислени законски решенија. Тимот ќе содржи експерти од науката и праксата, а ќе ги повикаме невладините организации, здруженијата, коморите и синдикатите да даваат континуирано предлози за прашања кои треба да се дефинираат подобро. Таа шанса ќе ја отвориме и за граѓаните и ќе обезбедиме и награди за најкреативните предлози.

## 4.2 ПРАВДАТА МОРА ДА ПОБЕДИ

Правдата и довербата во неа се 'рбетот на една нација. На секое општество му е потребна правда што гарантира слобода. ПРАВДАТА МОРА ДА БИДЕ КВАЛИТЕТНА, ЕФИКАСНА И НЕПРИСТРАСНА.

Демократијата се заснова врз владеењето на правото и судската независност, а спроведувањето на законите мора да ѝ служи на потребата за правда и правичност. На сите ни треба систем на правда кој ќе ги штити нашите слободи и права и заедничкиот систем на вредности.

Лошите законски решенија, одлуките засновани врз нарачани вештачења и проценки, одолговлекувањето на судските постапки и високите трошоци за такси ја попречуваат правдата.

Промените во правосудството продолжуваат со спроведување на длабоки реформи.

Со јакнење на капацитетите на институциите, преку процесот на избор на судии и обвинители заснован на закон и Устав овозможуваме доследна борба со криминалот во државата.

Знаевме дека ова е областа во која граѓаните очекуваат драматичен пресврт. Знаевме дека тука се и најсилните отпори кон промените. Знаевме дека ќе искористат сѐ што можат: ветото на Иванов на неколку закони со цел да се одолговлече нивното донесување, бесконечните преговори околу Законот за Јавно обвинителство за да се попречат судењата и застарат делата поврзани со бомбите, постојаните изговори и напади кои доаѓаа токму од оние кои треба да носат одговорност. Знаевме и дека ова се реформи во кои главните „резови" бараат двотретинско парламентарно мнозинство кое го немавме.

СДСМ

***Но, не се откажавме бидејќи знаевме дека длабоките промени во правосудството немаат алтернатива. Почнавме со измена на сите закони за кои Венецијанската комисија и Извештајот на Прибе сигнализираа дека се дел од проблемот.***

- Донесовме важни измени на Законот за судовите. Согласно меѓународните стандарди и препораките на Венецијанската комисија се прецизираа основите за одговорност на судиите. Така, се предвиде можност за разрешување на судиите ако ги одолговлекуваат постапките, ако дојде до застареност на кривично гонење, ако не ги земаат предметите преку АКМИС и слично. Се утврди единствена влезна точка во судството да биде Академијата за судии и јавни обвинители за да нема влез на луѓе безден обука. Воедно, се предвиде и еден вид на „мек ветинг" во судството со надлежност на ДКСК да ја испитува имотната состојба на судиите и јавните обвинители. Доколку судијата даде неточни податоци, тоа е основ за одговорност на судијата.
- Донесовме нов Закон за судскиот совет. Постапката за именување и разрешување на судии е потранспарентна и поефикасна, и ги содржи сите гаранции предвидени со европските и меѓународните стандарди. Оценувањето на судиите ќе биде на секои 4 години и при унапредување. Квалитетот и ефикасноста на судиите ќе се мерат објективно, според бројот на решени предмети, бројот на обжалени пресуди, бројот на потврдени пресуди, причините за укинување на пресудите и времетраењето на судските постапки. Предвидовме и постапка за одговорност на член на Судскиот совет. Претседателот на Врховниот суд нема веќе право на глас во Судскиот совет.
- Донесовме нов Закон за јавното обвинителство со кој се обезбеди сериозна реформа во обвинителството и правна разрешница на случаите на злоупотреба и корупција експонирани во „бомбите". Предвидовме поголем степен на автономија на јавното обвинителство, гарантирани буџетски средства за јавно-обвинителскиот систем со цел јавното обвинителство да „застане на силни нозе" заради ефикасна борба против криминалот.
- Го укинавме Законот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија кој беше критикуван и од Венецијанската комисија и во Извештајот на Прибе.
- Донесовме нов Закон за бесплатна правна помош со кој се прошири опсегот на корисници и областите за овозможена БПП и се оптимизираа адвокатските трошоци. Се создадоа основи за надзор врз квалитетот на адвокатите и на здруженијата кои овозможуваат БПП. Буџетот за БПП за 2020 година е зголемен за 50% споредено со 2016 година.
- Донесовме нов Закон за управните спорови кој ќе стапи на сила во мај/јуни 2020 година. Судот ќе мора да го реши спорот и не смее да го враќа на повторно одлучување на управните органи. Така, граѓаните ќе бидат заштитени од „пинг-понг" правдата на управните судови која се практикуваше долги години. Предвидени се кратки рокови, одржување на јавни расправи и слично, со што Управниот суд ќе работи како вистински суд.

- Донесовме нов Закон за прекршоците со кој паричните казни (глобите) се намалени со цел да одговараат на општествената реалност и економската моќ на граѓаните и стопанството. Максималниот износ на глобите за физичките лице се намали од 1 000 на 250 евра, а за одговорното или службеното лице лице во правно лице, од 2 000 на 500 евра. Се направи разграничување помеѓу помалите - административни прекршоци и посериозните - судски прекршоци. При изрекување на глобите, се прави градација помеѓу малите, средните и големите претпријатија. При одмерување на казната за правни лица се земаат предвид повеќе критериуми: вкупен приход во претходната година, број на вработени, претходно поведение на сторителот.
- Го изменивме Законот за извршување, го доуредивме постапувањето на извршителите и сериозно ја намаливме тарифата на извршителите. Така, за извршување на платните налози за комунални дејности, трошоците се намалени најмалку петпати. Единаесет ставки од Тарифата на извршителите со новите измени се сведени на нула, односно за нив извршителите немаат право да наплаќаат трошоци.
- Го изменивме Законот за нотаријатот заради намалување на нотарските трошоци во сферата на комуналните и останатите сродни услуги. Се изврши ослободување од судски такси и се намали нотарската тарифа. Па така, кај издавањето на нотарски платен налог, трошоците се намалени најмалку седумпати, а за некои побарувања и до десетпати. Се воведе единствен софтверски систем за евиденција и водење на предметите кај нотарите со што значително се намалува можноста за злоупотреби и се зголемува контролата на работењето на нотарите.
- Го намаливме процентот на присилно извршување врз плати и пензии од 1/3 на 1/5, за граѓаните приматели на плата до висина на просечната како и на просечните, на згрижувачките семејства, децата корисници на семејна пензија. Сето ова со цел да се одговори на реалните финансиски состојби на граѓаните, соочени со проблемите настанати одлошо креираниоттрансфер на старите судски предмети кај извршителите и нотарите во 2009 година, а чии последици граѓаните ги чувствуваат до денешен ден. За таа цел го изменивме Законот за извршување.
- Воведовме редовни надзори на функционирањето на АКМИС системот во судовите. За секој надзор изготвен е извештај и објавен на веб-страницата на Министерството за правда. Од надзорите произлегоа повеќе препораки до сите релевантни чинители во државата: Судскиот совет, Врховниот суд, Владата. Работиме на подобрување на севкупното работење на судовите.
- Обезбедивме буџетски средства за реконструкција на дванаесет јавни обвинителства низ земјата. Соодветни простории и услови за работа се неопходен предуслов за јавните обвинителства да ги извршуваат своите надлежности.
- Се напушти системот на електронско полагање на правосудниот, извршителскиот и нотарскиот испит. Се врати систем на писмено и усно полагање на испитот пред соодветни испитни комисии, заради враќање на квалитетот на правниците и подигнување на професионалните капацитети налицата кои вршатјавни овластувања во нашата држава.
- Изготвивме Анализа на судската мрежа. Заедно со анализата на јавнообвинителската мрежа, двете анализи се основа за изготвување и донесување на Стратегии за човечки

ресурси во судството и во јавното обвинителство. Човечкиот капитал е највредниот ресурс за кој мора да покажеме соодветна грижа.

- Изготвивме нов Закон за меѓународна соработка во кривичната материја со цел надминување на вооченитe различни толкувања и практики во неговата примена, заради попрецизно разграничување на надлежностите на судијата и јавниот обвинител и допрецизирање на скратената постапка за екстрадиција.
- Изготвивме нов Законот за вештачење со што се прецизираат нормите за влез во професијата вештак, вршење на дејноста и продолжување на лиценците.
- Го изменивме Законот за судска служба со што се изедначи статусот на судските службеници со јавно-обвинителските службеници во поглед на додатоците.

Сите овие чекори го подготвија системот за функционирање на правната држава без упади, партиски нарачки и заборавена одговорност. Новиот мандат е потребен за да сите овие закони ги дадат посакуваните резултати: обвинители кои ја штитат правната држава, судии кои судат според законите и начелото на правда, судство кое покажува дека правдата е достижна, а неказнивоста поразена. Еден дел од овие важни чекори мора самостојно да ги преземат обвинителствата и судовите, но еден дел зависи од политичките принципи и одлуки на извршната власт.

## Ова ќе бидат нашите следни чекори:

### Само чесен судија е добар судија. Ефикасно и објективно „прочистување“ на судиите и обвинителите!

Првиот чекор за ветинг е веќе направен со надлежноста на ДКСК да ја испитува имотната состојба на судиите и јавните обвинители.

Комисијата веќе најави проценка на имотната состојба и започна со проверките со врвотод хиерархиската пирамида: претседателите на судовите.

Судскиот совет од своја страна, согласно новите закони, најави детална проверка на работата на судиите, особено во врска со одредени постапувања по предмети кои беа доведени до застареност со одлагање, ретки рочишта и слично. Проверка може да го опфати личното и професионално минато, стручноста и отпорноста на влијание на интересните групи (бизнис заедница, банки, адвокати).

Овие проверки од страна на веќе постоејните институции и веќе вградени законски основи најавуваат дека резултатите можат да бидат брзи и ефикасни и да обезбедат функционирање на владеењето на правото и решавање на системските проблеми кои долговреме се провлекуваат во домашното судство.

### Ќе обезбедиме ЕУ мониторинг на судските предмети на висока корупција

Бевме прва држава во регионот кои од ЕУ побаравме веднаш да ја стартува иницијативата за мониторинг на судските предмети врзани со висока корупција. Европската комисија тоа го поддржа и најави брз старт за овој инструмент. Сметаме дека овој чекор ќе ја зголеми одговорноста на обвинителите и судиите, ќе ја зајакне борбата против корупција, но и ќе ја зголеми довербата на граѓаните во својата држава и нејзините институции.

**Отвореноста како сојузник на правдата**

Ќе воведеме законска обврска за објавување и јавен пристап до аудио снимките од сите судења за висока корупција и организиран криминал.Јавноста ни е најсилниот сојузник во борбата против криминалот и корупцијата. Затоа, ќе создадеме законска обврска за објава на аудио снимки од сите судења за кои постои поширок јавен интерес, како дополнителна брана за волунтаризам, необјективност и неправилности во спроведувањето на судската постапка.

**Поголема транспарентност на Јавното обвинителство**

Ќе предложиме законски обврски со кои ЈО ќе мора редовно и континуирано да ја информира јавноста за својата работа и напредокот во предмети кои ги следат граѓаните. Само со транспарентна работа ќе се справиме со криминалот и корупцијата, но и со недовербата кон правната држава која ја имаат граѓаните.

**Поддршка за посилна судска и јавно-обвинителска служба**

Ќе обезбедиме финансиска поддршка за обезбедување стручни соработници за секој судија и јавен обвинител и ефикасна и ефективна судска и јавнообвинителска администрација. Дополнително, ќе го подобриме статусот на судските службеници со цел нивните плати да го следат трендот на платите на судиите, но и да им се овозможи кариерно напредување.

**Ќе ја намалиме судската такса за да ја направиме правдата достапна за граѓаните**

Граѓаните во Република Северна Македонија честопати се откажуваат од судска заштита на своите права заради високите судски такси. Ќе ги намалиме судските такси, бидејќи високите судски такси ја прават правдата недостапна за граѓаните. Во судските постапки во кои се тужи државата за прекршување на правата на граѓаните, судските такси ќе се плаќаат единствено по завршување на процесот, ако судот утврди дека немало нивно прекршување.

**Вистински АКМИС за ефикасно, а не политички диригирано судство**

АКМИС системот мора да биде централизиран, а судовите да бидат поврзани вертикално и хоризонтално. Нивната меѓусебна комуникација мора да биде непречено електронска, а информатичкиот центар во Врховниот суд мора да биде кадровско и технички силно зајакнат за да обезбеди сигурност на податоците. Така, ќе воведеме електронска комуникација со јавните обвинителства, задолжителна електронска комуникација со адвокатите, извршители, нотарите, медијатори, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар, Државното правобранителство и други субјекти.

Очекуваме злоупотребите на АКМИС-от во минатото да завршат со јасна одговорност на починителите. Тоа ќе биде вистинска порака дека никој не е над законот и дека највисоките инстанции носат и најголема одговорност. Во тој случај, АКМИС системот навистина ќе донесе до поголема чесност, независност и правда.

**Ќе донесеме Закон за управување со движењето на предметите во ЈО**

Граѓаните ја губат вербата во системот кога постојано слушаат за кривични пријави и истраги за одредени кривични поведенија, а потоа не гледаат никаква акција ниту резултат.

Имаат чувство дека во јавнообвинителскиот лавиринт најлесно се губи вистината.

Од друга страна, ЈО се соочува со многу слаба и застарена информатичка технологија и обработката на податоци во јавните обвинителства. Во моментов постојат компјутери и програма за работа во јавните обвинителства (Case Management System), но мора да биде прецизиран правниот основ за да се утврди задолжително работење по тој систем, да биде утврдена одговорноста и да се отстрани можноста за злоупотреба.

Така, со своевидниот АКМИС во јавните обвинителства, ќе биде јасно каде завршува секоја кривична пријава, што било преземено, кој бил одговорен по конкретни предмети и сл.

- **Стоп за злоупотребите на системот на судии-поротници**

Последните судски случаи укажаа на веќе подолга пракса на злоупотреби на системот на судии-поротници. Невладините организации алармираа на повеќе предмети во кои поради поротниците (некогаш и без нивна вина) се предизвикани одлагања и застарувања на предмети, се носеле спорни пресуди, а имало и случаи на семејна блискост со странките во спорот. Ова покажува дека системот мора да се менува. Дополнително, јасно е дека од една страна, поротниците се еднакви со професионалните судии во одлучувањето, а од друга страна, критериумите за избор не се на потребно ниво, слабо се платени и немаат никаква одговорност.

Ќе воведеме нов модел со кој ќе се спречат злоупотребите преку промена на начинот на избор, одредби за конфликт на интереси, зајакнување на одговорноста на поротниците и посебни процедури за гласање при донесување на одлуки.

- **Ќе ги затвориме сите „дупки“**

Ревизија на законите низ призмата на досегашните злоупотреби: возраста на поротникот да е критериум само при избор, а не во тек на мандатот; мандатот да не се прекинува додека трае судење; казни за судии кои 6 месеци немале  рочиште. Дополнително, ќе ги вградиме во законите и препораките од Извештајот на ОБСЕ за следење на предметите на поранешното СЈО. Во него се дефинирани неколку конкретни препораки со кои може да се спречи одоговлекувањето на судските предмети и да се обезбеди правичност.

- **Сигурен систем на Електронски алки за лица во куќен притвор и оние со изречена казна куќен затвор**

Системот за извршување на алтернативни мерки, воспоставен со Кривичниот законик се покажа како нефункционален во пракса. Тоа ќе го промениме во првите 3 месеци. Со ова ќе се обезбеди ефикасен надзор на лицата кои се условно отпуштени или на кои им е изречена условна осуда со заштитен надзор, успешно извршување на куќниот затвор и мерката куќен притвор (електронско следење на лицата на кои им се изречени), како и спречување на нивно бегство од државата.

- **Со закон ќе ги укинеме правните последици на жртвите на незаконската лустрација, политичките судења и незаконски разрешувања на судии.**

Ќе воведеме законска основа за преиспитување на судските одлуки кои беа донесени врз основа на политички диктат и обесштетување на жртвите на незаконската лустрација, политичките судења и незаконските разрешувања на судиите.

- **Ќе ги зголемиме средствата за судската власт врзанi со јасни индикатори утврдени од страна на судската власт. Ќе обезбедиме поголема координација и фокус во приоритетите за средствата од ИПА 3 за правда и внатрешни работи, но и средствата од другите донатори во областа.**
- **Ќе го донесеме Законот за Академија за судии и јавни обвинители со кој ќе се ревидира начинот на селекција и полагање на приемниот и завршниот испит пред стручна комисија, врз основа на мерливи и објективни, повисоки критериуми за проценка на знаењето на кандидатите.**

# 4.3 СТОП ЗА ЗЛОУПОТРЕБИ

Корупцијата и политичките злоупотреби се најголеми непријатели на граѓаните и институциите. Го оштетуваат буџетот, ја рушат правната држава, ги слабеат институциите и ја загрозуваат демократијата, создавајќи недоверба меѓу граѓаните. Правдата, еднаквоста и слободата се првите жртви на политичките злоупотреби и корупцијата. Тие се наш заеднички непријател и потребна ни е и заедничка борба против нив.

## *Борбата против овие зла ја водиме на неколку фронта:*

1. широка и обврзувачка транспарентност,
2. слободни медиуми,
3. посилно Собрание,
4. јака и независна ДКСК и
5. нулта толеранција при откриени злоупотреби.

Целта ни е да градиме систем кој одвраќа од злоупотреби и јасно ја лоцира одговорноста. Ќе ги јакнеме граѓаните и институциите, а ќе ги намалуваме дискреционите права и моќта на политичарите и носителите на јавни овластувања.

- Според Регионалниот индекс за отвореност на владите - ActionSEE, претходната Влада во 2016 година беше рангирана последна, односно шеста. Веќе при следното рангирање за 2017 година, само после шест месеци власт предводена од СДСМ, нашата Влада беше рангирана прва по отвореност во регионот. Транспарентноста и отвореноста во владеењето е главниот предуслов за добро владеење.
- Целосно ги отворивме сите податоци кои се однесуваат на парите на граѓаните. Алатката за буџетска конкурентност „Отворен буџет" ја покажа нашата подготвеност да ја прекинеме деценискaта политика на криење на најсуштинскиот податок – каде одат парите на граѓаните. Секој новинар и граѓанин може „на еден клик" да ги добие сите податоци за буџетот, да открие злоупотреби, да анализира и покаже на корупција.
- Ја вративме слободата на медиумите и слободата на изразување. Според индексот

за слобода на печатот на „Репортери без граници", во 2019 година бевме 23 места повисоко споредено со 2016 година.

- Пораснаа и другите демократски индекси – подобрување од 10 места на Индексот на демократија на Економист, раст на индексот на Фридом хаус и на Индексот на економски слободи на Фондацијата Херитиџ.
- Ги објавивме службените трошоци на сите министри, заменици министри и државни секретари и тоа го правиме во континуитет, на секои 3 месеци. Тоа влијаеше секој да работи подомаќински, трошоците се преполовија, а јавноста може во секој момент секого да исконтролира.
- Собранието се отвори за надзорни расправи и зголемено учество на експерти и невладини организации. Се воведе независна собраниска служба и се спроведоа препораките за засилување на улогата на Собранието.
- Донесовме нов Закон за спречување на корупцијата кој е посочен како најдобар закон донесен во регионот. Предвидовме и направивме целосно транспарентна постапка и објективен процес на избор на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) со силно зголемени надлежности. Наспроти големата недоверба на граѓаните и невладините организации дека ниту една власт не посакува независна и силна Комисија за борба против корупцијата, покажавме дека не се сите исти. Членовите на ДКСК се избраа во извонредно компетитивна, меритократска и отворена процедура која сега се смета за репер во следните избори на регулаторни тела кај нас, но и во регионот. Изборот но и досегашната работа на ДКСК јасно ги покажува нашите искрени заложби за борба против корупцијата и создавање вистински независни тела.
- Јавноста веќе не се плаши да говори и покаже на можните злоупотреби. На критиките нашата влада не одговараше со контраобвинувања, закани и кампања против „гласникот" туку со објавување на сите информации и промена на функционерите кои ја злоупотребиле својата функција.

Ваквата политика на отвореност, контрола и одговорност за секој ќе ја засилиме. Во држава во која секој граѓанин може да укаже на неправилности, функционерите ќе знаат дека се под постојана контрола и надзор на јавноста, што ги намалува шансите за корупција и ја зголемува одговорноста. Воедно, ќе водиме политики на јакнење на органите кои ја контролираат извршната власт и ја држат отчетна.

### За носителите на функции: поголема одговорност и помали привилегии

Граѓаните се особено чувствителни на злоупотребите на носителите на функции и тоа со право. Никој не смее да е над законот, а носителите на функции со свој пример тоа мора да го докажуваат. Ќе донесеме измени во Кривичниот законик со кои ќе се заостри казнената политика за дела типично врзани за носители на функции.

Дополнително, ќе ги намалиме привилегиите на јавните функционери, а со цел да се спречи злоупотреба на функцијата за лични цели, намалување на буџетските трошоци и зголемување на ефикасноста во вршењето на функцијата.

### Објава на сите службени трошоци на секој функционер

Воведуваме законска обврска за јавна објава на сите службени трошоци на сите

функционери во извршна, локална и судска власт. За што се трошат парите на граѓаните – никој нема право да крие.

- **Корупцијата е наш заеднички непријател**

Ќе поддржиме воведување на систем на електронско следење на предмети кои произлегуваат од претставки за корупција. Воедно, ќе воведеме награди за граѓаните чии пријави ќе резултираат со наоди и судска пресуда.

- **Сторители на кривични дела нема да се на листите на СДСМ**

На лицата – сторители на кривични дела кои се осудени со правосилна судска одлука на казна затвор не им е место во политичкиот систем. За нив нема да има место ниту на листите за именувани и избрани. За другите политички субјекти - ова прашање го оставаме на нивна совест.

- **Елиминирање на дискреционите права на функционерите**

Секој функционер има право во рамките на законот да донесе определена одлука по слободна оценка. Но, истовремено ова право може и да се злоупотребува. Од тие причини преку одлуки на Владата и Собранието ќе се грижиме одлуките по сопствена оценка да бидат само во границите на неопходното и непреченото функционирање на органот на чие чело е функционерот.

- **Ќе ги укинеме патните трошоци за пратениците во Собранието**

Системот на патни трошоци покажа можност за злоупотреби и сериозно ја намали довербата на граѓаните во своите претставници. Тоа мора да го промениме и очигледно на оваа тема политиката на постепени промени не го даде посакуваниот резултат. Затоа, системот ќе го промениме од корен. Ниту еден пратеник нема да добива патни трошоци за патување од Скопје до дома. Собранието ќе обезбеди станови од околу 50 м2 за секој пратеник да може да остане во главниот град во текот на неделата.

Злоупотребите граѓаните ги гледаа и кај претставници од извршната и судската власт. Затоа, за сите ќе важи правилото дека сами ќе доаѓаат и ќе се враќаат од работа, без користење на службени автомобили. Мерката нема да значи многу големи заштеди, но ќе помогне во градење на доверба во избраните лица и свест дека политиката не може да биде над граѓаните.

- **Одговорност од првите луѓе**

Ја зголемивме транспарентноста и отчетноста на првите луѓе и сега тоа го подигнуваме на повисоко ниво – отчетност пред јавноста за реализирање на програмата за работа и финансиски отчет за потрошениот буџет на институцијата. До крајот на 2020 година концептот на отчетност ќе стане законска обврска: секој функционер од извршната власт/Владата ќе мора јавно да реферира и да понуди одговор за сите прашања од домен на политики, резултати и буџет. По локалните избори, истиот систем ќе го вградиме и за локалната власт.

- **Отворени институции**

Институциите и раководителите кои се транспарентни, покажуваат дека немаат што

да кријат. Веруваме дека транспарентноста на јавниот сектор е главниот инструмент за оптимални политики, добро владеење и борба против злоупотребите. Затоа ги „отворивме“ податоците на државните институции. Сакаме да создадеме динамичен екосистем на отворени податоци, во кој податоците се произведуваат, отвораат, збогатуваат и повторно се користат од различни чинители од јавниот, приватниот, академскиот и граѓанскиот сектор. Со тоа придонесуваме за подобрување на услугите и ефикасноста на јавниот сектор, зголемување на учеството на граѓаните, како и поддржување на напорите за борба против корупцијата. Целта е овој позитивен развој да продолжи и затоа уште во првата година од новиот мандат донесуваме нова Стратегија за отворени податоци, која ќе постави јасни и повисоки таргети за транспарентност за сите институции и за нивните први луѓе. Нивно исполнување ќе биде услов за секој раководител (министер или директор) да ја задржи својата позиција.

**Единствен стандард за отворени податоци за сите**

Отворени податоци значат и едноставен начин за пристап до нив. Јавниот сектор ги има обете задачи: да ги отвори податоците за јавноста, но и да ги направи едноставни и униформирани за пристап. До 2024 година ќе обезбедиме единствен стандард за прикажување и пристапување до информациите на интернет страниците на институциите од јавниот сектор, вклучувајќи и стандарден начин за пребарување и нивна достапност за лицата со попреченост. Во првите шест месеци, ќе ги модернизираме веб-страниците на министерствата и Владата и ќе го зголемиме бројот и квалитетот на податоци. Пристапот ќе биде понатамошно развивање на т.н. активна транспарентност.

**Отворени и отчетни општини**

Сите ЕЛС кои ќе добијатсредства од буџетот, ќе мораатда ги прифататправилата на отвореност и отчетност доколку сакаат да ги искористат парите на граѓаните преку централниот буџет.

**Најпосле ќе успееме да воведеме отворени листи за избор на пратеници во Собранието и советници во Советите на ЕЛС**

Овие измени во Изборниот законик ги предложивме на сите партии и добивме силна поддршка од партиите во нашата коалиција, но и од невладините организации и граѓаните. Сите се согласуваат дека директниот избор ќе значи поголема врска на избраните со нивните сограѓани, наместо силна врска и зависност само од политичките партии. За жал, на оваа тема не успеавме да постигнеме консензус со опозицијата на време за овие избори, но убедени сме дека веќе локалните избори во 2021 година ќе бидат организирани под овие услови и принципи.

**Пратенички прашања два пати месечно**

Веќе постигнавме согласност за измени во оваа насока на Деловникот на Собранието, но поради распуштањето на Собранието тие се одложени за по изборите. Како Влада покажавме дека отчетноста и отвореноста кон граѓаните и Собранието ни се избор и обврска од која никогаш не бегаме.

**Зголемена контрола на приходите на нотарите и извршителите**

Сведоци сме на нереално високи приходи на мали групи нотари и извршители кои

произлегуваат од незаконито поврзување на истите со делови од власта, банки и раководители во јавните претпријатија. Со ваквите дејствија се создава монополска положба која овозможува енормни приходи.

Затоа ќе воведеме зајакната анализа од страна на УЈП на приходите и расходите на нотарите/ извршителите која ќе биде основ за детални контроли, измени и дополнувања на нивните тарифници и длабинска контрола на незаконитите поврзувања во оваа, за граѓаните, исклучително осетлива дејност.

**Полесно и побрзо до директна демократија**

Ќе се овозможи доследно почитување на правото на граѓаните да ја практикуваат директната демократија. За таа цел, ќе биде изменет Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните. Измената ќе предвиди намалување на цензусот за успешен референдум, како и прецизни рокови за сите дејствија на државните органи кои имаат надлежност во остварувањето на ова право на граѓаните, како и прецизирање на одредени одредби кои предизвикаа проблеми во праксата.

Воедно, ќе воведеме електронска петиција која ќе ги обврза институциите да мора да постапуваат и да ја преиспитаат својата политика кога ќе се здружи граѓанскиот глас.

**Драстично намалување на рок за застареност за присилно извршување**

Ќе ги намалиме драстично овие рокови за застареност за започнување на постапка за присилно извршување на извршните исправи (пресуди, нотарски платни налози и сл.) од 10 на 2 години. Каматите на долговите од комуналните и сродни дејности нема да можат да го надминат двојниот износ на главното побарување. Ќе се предвиди важење на одредбите за каматите на старите долгови утврдени со извршна исправа до 2006 (2009) година со оглед на лошо креираниот трансфер на старите предмети и неажурното постапување на судовите по однос на предметите од комуналните и сродни дејности, на штета на граѓаните.

# 4.4 ДРЖАВА ЗА ГРАЃАНИТЕ: ПОВЕЌЕ СИСТЕМ, ПОМАЛКУ БИРОКРАТИЈА

Социјалдемократскиотсојуз на Македонија верува дека сите граѓани и сите деловни компании, заслужуваат брзо и ефикасно задоволување на нивните потреби и барања, без непотребни процедури, документи и даватели. Истовремено, јавната администрација заслужува добра организација, професионални, мотивирани и соодветно платени службеници. Затоа, целта ни е да создадеме ефикасна професионална јавна администрација, базирана на интензивна

дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники. Така ќе постигнеме: побрза услуга, подобар квалитет и еднаквост во пристапот за сите граѓани и деловни субјекти.

## ЌЕ СЕ ФОКУСИРАМЕ НА ТРИ ПРАВЦИ ЗА ПРОМЕНИ:

1. **интензивна дигитализација,**
2. **поефикасна администрација**
3. **повисоки стандарди и работна етика.**

Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 покажа дека дигиталните услуги и дигитализацијата на јавната администрација, не само што се можни, туку се и корисни, особено во услови на криза, кога и со преполовени капацитети се испорачуваат сите услуги.

Креиравме апликации со кои се намали опасноста од ширење на епидемијата, но и се зголеми ефикасноста и транспарентноста на административните постапки и услугите за граѓаните и компаниите. За неколку недели од почетокот на кризата, започнавме со употреба на неколку комплетно дигитални постапки:

Креиравме и посебен coronavirus.mk веб сајт со придружни апликации за информирање на населението и за спречување на ширењето на вирусот преку мапирање на контактите на заболените. Воведовме посебен коронавирусМК Вајбер канал за редовно дневно информирање на граѓаните.

Дигитализацијата и иновациите се главната реформа на современата, европска јавна администрација, помагајќи им на граѓаните и на деловната заедница да добијат најмногу од дигиталните технологии. Ефективна е-Влада обезбедува широк спектар на придобивки, вклучувајќи поголема ефикасност и заштеди во буџетот, зголемена транспарентност и поголемо учество на граѓаните и деловната заедница во креирањето на политиките. Во овој контекст ние веруваме дека јавната администрација:

- мора да обезбедува дигитални услуги, како задолжителна опција,
- не смее да бара од граѓаните и деловната заедница никаква информација или податок, кој веќе е обезбеден,
- мора да дизајнира јавни услуги кои по дефиниција се инклузивни и ги исполнуваат потребите на ранливите групи, како што се возрасните и луѓето со пречки.

Затоа, нашата политика во наредниот четиригодишен период ќе се сосредоточи на употребата на нови технологии за поддршка на иновациите, одлучување кое е водено од податоци, креирање на политики врз основа на докази, услуги кои се фокусирани на клиенти, транспарентност, ефикасност и продуктивност на јавната администрација.

Преку поврзување на сите институции, дефинирање на правила за дигитализирање и отворање на патот за нивно комплетно автоматизирање, ќе создадеме дополнителни вредности за граѓаните и деловната заедница.

Дигитализацијата не е доволна. Таа не е ни возможна ако не го промениме пристапот и поимањето на администрацијата за нивната важност, улога и одговорност во државата.

Јавната администрација може и мора да биде професионална, иновативна, одржлива, транспарентна и меѓусебно да соработува и да се надополнува заради спроведување на успешни реформи и исполнување на зголемените очекувања за подобри јавни услуги за граѓаните и деловната заедница. Администрацијата треба да биде силна, но не за да ги кочи туку да ги забрзува демократските, економските и развојните процеси.

Во нашата администрација работат одлични професионалци, но има и многумина кои сметаат дека немаат обврски ниту одговорност кон граѓаните и државата. Структурата на институции и нивната поставеност е далеку од оптимална и создава бесконечни лавиринти, кои наместо да ги штитат правата на граѓаните и да ја помагаат економијата, стануваат нивни кочничари.

Фокусот ќе ни биде ова да го промениме, со промени во структурата, квалитетот и големината на администрацијата. Ќе креираме стратегии и политики за планирање на човечките ресурси во функција на дигитализацијата и иновацијата. Вниманието ќе го насочиме кон вработување на таленти и нивно задржување во државната служба, развој на нивната кариера и обука, наградување и плати, мотивација.

Реформите имаат потреба од вистински лидери. Ќе утврдиме современи критериуми за поставување, избор или именување на високи функционери со цел воспоставување на изедначени услови за избрани и именувани лица. Веруваме дека јавната администрација мора да биде водена од лидери и раководители кои поседуваат вредности и кои ќе го промовираат јавното добро, довербата во јавната администрација и во креаторите на политиките. Доброто управување мора да биде сосредоточено на граѓаните и на нивното учество во креирањето на политики и донесувањето на одлуки.

Ќе воведеме ред во структурата на институциите и ќе продолжиме да ја јакнеме отчетноста. Ќе работиме на реорганизација на институциите, каде секој вработен е поставен на вистинско место, врз основа на начелата на заслуги, еднакви можности и соодветна правична застапеност. Веруваме дека професионализацијата и деполитизацијата на јавната администрацијата мора да почне од врвот и затоа создаваме висока раководна служба.

Со оваа реформа добиваме унапредување на јавните услуги, подобар придонес кон модернизација на администрацијата и зајакнување на доброто владеење.

## *Многу работи променивме во овие три години!*

- Воведовме флексибилно работно време во институциите од јавниот сектор.
- Во неколку институции, вклучувајќи ги Управата за водење на матичните книги, Управата за јавни приходи и Агенцијата за катастар на недвижности, воведовме работа во две смени (до 19.30 часот, односно до 21.30 часот), со што обезбедивме реализирање на клучни права и услуги за сите граѓани.
- За првпат ги објавивме целосните информации за бројот на вработените во јавниот сектор, вклучувајќи ги и дотогаш тајните бројки за вработените преку агенциите за привремени вработувања и во јавните претпријатија и акционерски друштва. Започнавме и со целосна модернизација и ажурирање на Регистарот на вработени во јавниот сектор, со цел тој да ги содржи сите релевантни податоци за вработените.
- 5% пораст на платите на административните службеници, давателите на услуги во секторите здравство, социјална и детска заштита, образование, полицијата, одбраната

и правосудството, со што е подобрен животниот стандард на граѓаните.

- 10% пораст на платите на инспекторите и на наставниците, заради поголема мотивација подобрување на условите за работа.
- Го укинавме нереалниот психолошки тест на личност при прием во администрацијата, кој создаваше непотребни трошоци за Буџетот, и беше простор за корупција и манипулација од страна на претходната власт.
- Воспоставивме вистински партнерски однос со деловниот сектор работејќи на отстранување на правната несигурност и дискреционите одлуки на институциите кои влијаат на деловната клима, вклучувајќи:
    - Донесовме нов Закон за инспекциски надзор, со кој се воспоставуваат нови правила за вршењето на инспекцискиот надзор, вклучувајќи најава на редовен инспекциски надзор, подготвување, објавување и доставување на листи за проверка до субјектите за надзор, објавување на инспекциските акти и целокупната законска регулатива, на веб-страниците на инспекциските служби;
    - Во Државниот управен инспекторат воспоставивме телефонска линија, со цел граѓаните и компаниите да можат да пријават сомнеж за сторен прекршок или друга неправилност во работењето на јавната администрација;
    - Донесовме нов Закон за управните спорови, со кој обезбедивме мериторно одлучување од Вишиот управен суд по повторна тужба за ист акт, со што го отстранивме бесконечното повторување на постапките пред институциите и ја зголемивме транспарентноста на управните судови преку задолжително одлучување на главна јавна расправа;
    - Во рамките на платформата за Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), го продолживме периодот за консултација со јавноста за сите нови прописи од 10 на 20 дена;
    - Го формиравме Дигиталниот форум во кој се претставени сите стопански комори, интра-универзитетската конференција и невладините организации кои работат во ИКТ областа, со цел поддршка за работењето на ИКТ секторот;
    - Го ставивме во употреба порталот за Е-услуги (https://uslugi.gov.mk/) како единствена точка за контакт со државните органи во согласност со принципот на едношалтерски систем, со цел да се обезбедат побрзи и поедноставни услуги за граѓаните, а работиме и на развивање на потребните функционалности за потребите на бизнис секторот;
    - Во 2019 година, организиравме обуки за развој на дигиталните вештини на 1253 невработени млади лица, со што обезбедивме поддршка за нивна преквалификација за поефикасно вклучување на пазарот на трудот, односно вработување во домашните ИТ компании со повисоки плати и подобри услови за работа.
- Интензивно работевме на воведувањето на ИКТ технологиите во јавниот сектор.
- Од 1 јули 2019 година, обезбедивме до 99% пониски цени во роаминг, во земјите од регионот, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора, за услугите за користење на интернет, СМС пораки, како и дојдовни и појдовни повици. Цените кои

важат за сите земји и за било кој оператор за нашите граѓани сега изнесуваат:

- 5,05 денари по минута за појдовни повици, а претходната цена во просек беше 75,4 денари,
- 2,9 денари по минута за дојдовни повици, а претходната цена во просек беше 30,2 денари,
- 2,6 денари за испраќање на СМС пораки, а претходната цена во просек беше 16,1 денар и 1,9 денари/МБ за користење на интернет.

- Од 1 јули 2021 година, обезбедивме роаминг услугите во шесте земји на Западен Балкан воопшто да не се наплаќаат, односно во сила ќе стапи „Роаминг како дома", со што ја олеснуваме комуникацијата на деловните луѓе и на граѓаните, особено туристите.
- Започна со работа салата „Една точка на услуги", со што овозможивме граѓаните на едно место да добијат повеќе од 40 услуги и информации, од 10 институции.
- По речиси три децении независност, направивме Централен регистар на население, со што за првпат на едно место овозможивме податоци за сите физички лица и нивно користење од страна на надлежните институции за потребите на управните постапки.
- Обезбедивме услови за безбедно чување на податоците на секундарна, високо безбедна локација, која може да ги чува податоците од сите институции во јавниот сектор.
- Ја подготвивме управата за новите предизвици и можности: ја донесовме Стратегијата за отворени податоци 2018–2020 со Акциски план, го пуштивме во употреба порталот за отворени податоци data.gov.mk, ја донесовме Националната стратегија со АП за сајбер безбедност, која е заснована на принципите на ЕУ (Cybersecurity Strategy of the European Union) и НАТО (NATO Cyber Defence Pledge) и други меѓународни организации, го донесовме Националниот оперативен бродбенд план (за широкопојасен интернет), изработивме Студија за инвестирање на мобилниот телекомуникациски пазар, го завршивме мапирањето на постојните мрежи изградени со јавни средства и формиравме база на податоци на целокупната комуникациска инфраструктура, изградена со јавни средства, која е достапна на веб - страницата на Единствената точка на информации (ЕТИ) https://eagencija.aek.mk/JavniEKM, извршивме целосно мапирање на постоечката и планираната бродбенд покриеност на целата територија на земјата, вклучувајќи ги брзите NGA мрежи (брзина помеѓу 30 и 100 Mbps) и ултра брзите NGA мрежи (брзина над 100 Mbps).

## *Нашиот фокус во следните 4 години е системско подобрување на нашата јавна управа.*

### ХРАБРИ ПРОМЕНИ ВО АДМИНИСТРАЦИЈАТА

- Целосна реорганизација на јавната управа, која ќе започне веќе во 2020. Ќе елиминираме

секакво преклопување на надлежностите меѓу институциите и ќе воведеме јасна хиерархиска подреденост согласно улогата на институцијата (креатор на политики, спроведувач на политики, спроведувач на инспекциски надзор). Ќе имаме јасен план за спојување на постоечки институции, укинување на постоечки институции или основање на нови институции.

- Целта е оптимизирање и очекувано намалување на бројот на институциите, намалување на трошоците за работа, подобрување на управувањето и конечно зголемување на ефикасноста во работењето и испорачувањето на услуги кон граѓаните и деловната заедница.
- Намалување на бројот на вработени во администрацијата за 20% до крајот на 2024. Поефикасна, дигитализирана администрација не може да продолжи со бројки кои биле преголеми и без дигиталната поддршка. Ќе ги искористиме моделите на поволно пензионирање, како и трансфер во приватниот сектор.
- Министерот/директорот не е господ. Јасно и значително дефинирање на надлежности на сите нивоа во администрацијата. Ова значително ќе ја намали неодрживата централизација во администрацијата која ги забавува сите процеси, но и создава атмосфера на неодговорност и навики сѐ „да се чека од горе". Ако сите одлуки ги носи еден човек, таа институција ниту е функционална ниту одржлива. Ќе биде јасно дефинирано што спаѓа во надлежности на министер, државен секретар, раководители на сектор и одделение. Така ќе се гради култура на придонес и одговорност кај секој вработен.
- Нов концепт во средниот менаџмент: нема повеќе раководители до пензија! Со новиот предлог Закон за висока раководна служба, утврдивме јасни правила и критериуми за назначување и разрешување на високите раководители во органите на управата односно, за секретарите и директорите во органите на управата, нивниот статус, права и обврски од работен однос, обуката и резултати. Сегашниот концепт на постојани раководители во средниот менаџмент во јавната администрација, требаше да придонесе кон нејзината професионализација и деполитизација, но наспроти тоа видливо е дека еднаш избран раководител во средниот менаџмент, останува раководител, сѐ до пензионирање. Ваквата поставеност по одреден период на таква позиција предизвикува кај средните раководители инертност, немотивираност, отсуство на амбиција, со краен ефект непродуктивност и неефикасност во работењето. Целта е да воспоставиме нов систем за раководителите од среден ранг, заснован на темелни анализи и најдобрите европски практики, кој ќе обезбеди поголема мобилност и посилна мотивација за постигнување на подобри резултати.
- Повисоки плати - награда за резултат. Сите вработени во институцијата ќе можат да добијат додатоци од 5% на плата доколку ги постигнат целите кои на почеток на година Владата ќе ги утврди како нивна задача. На овој начин ќе се стимулира администрацијата да го даде својот максимум, а од друга страна и јавноста и бизнисот нема да имаат впечаток дека даваат повеќе пари за одржување на скап и бавен апарат. Овој принцип ќе започне со примена на исплати од 2022 (за целите дефинирани за 2021).
- Индивидуална одговорност, но тимска оценка. Сегашниот систем на 360° оценување на вработените во административната служба не го постигнува ефектот за подобрување

на работата, ниту пак во однос на одговорноста на службениците. Граѓаните и бизнисите не ги интересира колку институциите формално спровеле од своите стратешки и акциски планови, туку какви услуги нудат. Не им значи ниту колку е добар или успешен раководителот, туку како функционира неговиот/нејзиниот тим. Значи, ни треба систем кој ги оценува институциите наспроти формално пополнување табели и спроведување на стратешките планови и оценка на тимовите односно одделенијата наспроти спроведувањето на акциските планови.

- Иста плата за иста работа. Веруваме дека сите вработени во јавниот сектор заслужуваат еднаква плата за еднаква работа и еднакво вложен труд и одговорност за својата работа. Освен системот на плати за административните службеници, практично не постои ниту еден друг систем на плати во јавниот сектор, кој е така сеопфатен, а сегашните разлики во платите за иста работа во различни институци и делуваат демотивирачки кон вработените, но создаваат и притисок за вработување во институции чии вработени се високо платени. Целта е тоа да го запреме уште во првата година од новиот мандат, преку донесување на целосно нов закон за платите на сите вработени во јавниот сектор. Заради ублажување на евентуалните фискални и социјални ефекти, воведувањето на новиот систем може да се одвива етапно, во период од најмалку две години.
- Премиерот ќе формира мали групи (академска заедница, бизнис-сектор, администрација) т.н System Innovation units за нудење нови, иновативни решенија за системски проблеми во државата кои се провлекуваат со години. Системот дал одлични резултати во Естонија.
- Систем на контролни екипи (secret shopper), на ротирачка основа, чија улога ќе биде да ги остваруваат своите права преку регуларно поднесување на потребна документација во институциите и известување за односот, брзината и ефикасноста на услугата од институцијата.
- Нови начини на работа во јавниот сектор. Кризната состојба предизвикана од вирусот КОВИД-19, покажа дека јавната администрација може да работи и на поинаков начин од класичното работење во канцеларија. Во соработка со коморите, синдикатите и невладините организации сериозно ќе ги разгледаме предлозите за неколку часа неделно „Работа од дома", кои имаат еколошки и финансиски предности. Дополнително, ќе го воведеме и моделот на т.н„Функционална флексибилност" односно ротација на работните задачи и работните места во рамките или помеѓу различни институции. Таа ќе биде временски ограничена од неколку дена до неколку месеци, но може да биде и задолжителна ротација, на пр. промена на работното место после одреден број години. На тој начин ќе градиме системски врски помеѓу институциите и ќе стимулираме поинаков пристап: да не гледаат низ призмата на навиките на институцијата, туку со желба и план да го решат конкретниот проблем.

**ДИГИТАЛНА КУЛТУРА**

- Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 покажа дека електронската комуникација меѓу институциите е можна и многу ефикасна. Затоа, за две години, целокупната комуникација помеѓу институциите и во рамки на секоја институција ќе се води електронски. Ќе се решат сите административни и правни резерви во врска со

ова. Сите вработени во администрација ќе добијат јасни и обврзувачки инструкции во оваа смисла. Со ова ќе се забрзаат постапките (само во дописите од сектор до сектор сега поминуваат по седум дена за една комуникација), ќе се намалат трошоците, но и ќе се зголеми одговорноста и борбата против корупција.

- Еден Центар за услуги (ЕЦУ) во секој град! Граѓаните мора да добиваат подобри, поевтини и поефикасни услуги. Затоа во 2019 година го воспоставивме Центарот за услуги во Скопје во кој граѓаните добиваат полесна и побрза услуга, без да се шетаат низ институции или по различни шалтери. Во следните четири години ќе формираме Центри во секој град во земјата.
- Нови услуги достапни на „клик". На крајот на 2019 година веќе обезбедивме 125 електронски услуги. Сега фокус ќе ни се десетте најбарани услуги од страна на граѓаните, од кои еден дел ќе финишираат со целосно електронски продукт (на пр. уверенијата од матичните книги):
    1. Издавање на пасош (редовна замена);
    2. Замена на лична карта поради истечен рок на важење (редовна замена);
    3. Издавање извод од матична книга на родени;
    4. Замена на возачка дозвола (поради измината важност);
    5. Издавање на историјат на работни односи;
    6. Издавање на потврда за користење на пензија;
    7. Потврда за користење на право на посебен додаток;
    8. Издавање на уверение за регистрираните податоци во матична евиденција за стажот на осигурување, остварените плати и надоместоци;
    9. Потврда за користење на право на родителски додаток за дете (за трето дете);
    10. Надоместок на плата поради отсуство од работа за родителство на таткото/посвоителот на детето.
- Сè станува поедноставно!

    Со потпишаниот договор со светски релевантниот Мастеркард (прв од ваков тип), станавме вистински глобален лидер во развојот и имплементацијата на иновативни дигитални сертификати за потврда на идентитетот. Договорот ќе значи брзи постапки и малку потрошено време за граѓаните да добијат документи од страна на институциите, но исто така и брзо потпишување и одобрување на барања во комуникацијата со приватните компании и банките. Се со помош исклучиво на еден мобилен телефон. Мастеркард го препозна иновативниот дух на македонската влада, како и технолошкиот и законски напредок кој го постигнавме. Мастеркард за потребите на овој проект ќе инвестира 3 милиони евра во Северна Македонија. Мастеркард ја избра нашата држава за да ја доразвие технологијата која ќе ја направи пластиката непотребна. Она за што порано беа потребни картички и документи (кои можеа да се злоупотребат и изгубат) сега ќе се прави преку мобилен телефон.
- Електронски систем за автоматизација на административни постапки БПМС.

    Ваквите системи се широко користени во приватниотсектор. Нема причина

добрите модели да не ги прифати администрација која сака да работи за граѓаните и економијата. Досегашната практика на конзервативно доделување на задачи преку усни неформални наредби кои често се „забораваат" или видоизменуваат, што доведува до т.н. „тивок бојкот" и намалување на продуктивноста и ефикасноста на јавната администрацијата. Вака, секоја работна задача кон вработените ќе се задава јасно и прецизно со можност во реално време да се следи нејзиното извршување, со што ќе се зголеми ефективноста и отчетноста за работата, а унапредувањето и наградувањето ќе се базира на реални показатели и придонес. Во овој дел имаме многу прецизни цели:

- до крајот на 2021 година да воведеме БПМС систем, во најмалку 30% од органите на државната управа,
- до крајот на 2024 година системот ќе биде воведен во сите органи на државната управа.

- Решавање на проблеми врз основа на податоци.

  Податоците постојат и се отворени, но нивното сеопфатно користење на ниво на институции, зависи од капацитетите и аналитичките способности на вработените. Целта е до крајот на 2021 година, во секоја институција да обезбедиме дека најмалку двајца вработени се обучени за препознавање и користење на податоците/статистиките, со цел идентификување на проблемите и понудување на соодветни решенија.

- „Мрежен менаџер" во институциите.

  Една од причините за ниското ниво на дигитализација во јавниот сектор е недостатокот на „сопственик" врз процесот. Тоа оневозможува меѓуинституционална координација на административните постапки, доведува до недостаток на одговорност и забавување на процесите, односногонамалува квалитетот на услугите. Целта е во рок од една година да воспоставиме работни позиции за „мрежни менаџери" во институциите, кои ќе го водат процесот на дигитализација на регистрите и процесите, вклучувајќи и мапирање на меѓуинституционалните постапки.

- Дигитална агенција.

  Во првата година од новиот мандат ќе воспоставиме централна институција која ќе биде одговорна за координација и спроведување на процесот на дигитализацијата во општеството, но и целосна ИТ поддршка за институциите на државната управа. Со основањето на ваква агенција, создаваме можност за постојано напредување и надградување на знаењата на ИТ професионалците и нивно соодветно наградување.

- „Зелен" коридор за висококвалитетен и евтин широкопојасен (broadband) интернет. Сегашната состојба со националните прописи ја прави постапката за поставување и изградба на оптичките телекомуникациски мрежи, премногу сложена и обременета со административни бариери. До крајот на 2020 година ќе подготвиме Студија за изводливост за изградба на национална транспортна оптичка мрежа, за да се идентификуваат административните бариери и да се утврдат предлозите за соодветни

изменувања во законските прописи.

- Воведување на 5G технологија.

  До крајот на 2023 година ќе обезбедиме целосна покриеност на најмалку еден град со 5G сигнал, а до крајот на мандатот, покриеност од 70% на главните коридори и патната мрежа во државата. При тоа, ќе предвидиме контрола и регулатива која ќе гарантира безбедност на граѓаните, критичната инфраструктура и државата.

# 4.5 ВЛАСТ НАЈБЛИСКУ ДО ГРАЃАНИТЕ

Локалната самоуправа има важна улога за политичката стабилност и демократијата во општеството. Таа ги обезбедува и организира клучните услуги кои граѓаните секојдневно ги користат. Воедно, локалната власт е шанса одлуките, политиките и промените да се случуваат најблиску до граѓаните.

Значењето на локалната самоуправа се покажа и во справување со најголемиот предизвик со кој што се соочи светот, борбата против пандемијата со КОВИД-19. Општинските кризни штабови и јавните претпријатија за цело време се во првите редови на борбата, обезбедувајќи ги неопходните услуги и спроведувајќи ги мерките и препораките на Владата, здравствените власти и препораките на СЗО за максимална заштита на здравјето на граѓаните. Но, во исто време превземаа и сопствени иницијативи, како помош и поддршка на најранливите категории на граѓани преку мобилни тимови за достава на намирници.

Затоа не ја гледаме локалната власт како продолжена рака на државното раководство, туку како одговорен претставник на интересите на граѓаните во секоја општина и градот Скопје. Не наметнувавме политики ниту партиски приоритети, туку уште во првите 6 месеци се посветивме на поддршка на СИТЕ единици на локалната самоуправа во справување со напластените проблеми и долгови.

## *Вложувавме во децентрализацијата:*

- Со финансиска поддршка на Владата во износ од 50 милиони евра, задолжените општини целосно се раздолжија, а презадолжените општини во голема мера ги намалија нивните големи долгови. Се подобри ефективноста, ефикасноста, транспарентноста и отчетноста во работењето. Приходите на општините значително се зголемија;
- Средствата за рамномерен регионален развој беа значајно зголемени и за само три години се подржаа проекти во вредност од 20 милиони евра во споредба со 14-те милиони евра реализирани во претходните 11 години. За само три години се реализираат над 400 капитални проекти за подобрување на комуналната инфраструктура, со што значително се подобруваат условите за живеење на граѓаните во многу населени места на целата територија на државата;

- Преку Програмата за прекугранична соработка на ЕУ се финансираат проекти за општините во вредност од 22 милиони евра за зачувување на животната средина, унапредување на земјоделското производство, заштита на културното богатство и негова промоција, развој на туристичката понуда, подобрување на конкурентноста и отворање на нови работни места.
- Изградивме партнерски однос со општините и заедно со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), ги креираме сите мерки и политики и ги спроведуваме проектите поддржани од нашите меѓународни партнери. Заедничката работна група на Владата и на ЗЕЛС изготви насоки за продолжување на децентрализацијата и пренесување на нови надлежности од централно на локално ниво и истата ќе продолжи со реализација веднаш по изборите;
- Со поддршка на Светската Банка изработивме насоки за подобрување на системот на финансирање на локалната самоуправа кој ќе гарантира функционална децентрализација за сите општини, а не само за некои општини;
- Преку ИПА инструментот на ЕУ започнавме со реализација на проектот за поддршка на иновативни проекти за развој на општините во вредност од 7 милиони Евра со кој ќе бидат поддржани, развиени и реализирани најдобрите идеи на најзаинтересираните 12 општини;
- Заедно со УНДП се имплементираа три проекти финансирани од ЕУ, швајцарската Влада и Шведската влада во вредност од 8,5 милиони евра за подобрување на општинското управување, за зајакнување на општинските совети, за поголема вклученост на граѓаните, за изработка на интегрирани стратешки планови за локален развој на 45 општини, за изработка на проектни документации на 40 општини;
- Преку проектот за Инклузивен и одржлив рамномерен регионален развој поддржан од Швајцарската амбасада во вредност од 2,5 милиони швајцарски Франци, воспоставуваме систем за следење на севкупните инвестиции на државата за регионалниот развој, подготвуваме нова Стратегија за рамномерен регионален развој, финансираме по еден развоен и еден иновативен проект на годишно ниво во секој плански регион во вкупна вредност од над 1 милион евра и ја поттикнуваме вклученоста на граѓаните и на академската и бизнис заедница во дефинирање на регионалните приоритети и проекти кои треба да се финансираат и реализираат;
- Со УСАИД дизајниравме проект со кој во наредните три години ќе се работи на подобрување на фискалните капацитети на општините и подобро управување со нивните приходи и расходи;

Во новиот мандат ќе го продолжиме процесот на децентрализација. Во него гледаме дополнителна демократизација на општеството, поефикасно и поекономично обезбедување и испорачување на услугите, но и засилен локален развој. Смислата е надлежностите да се пренесат на нивото на управување (власт) коешто е најблиско до граѓаните, кое што може најефективно да ги извршува, со соодветни финансиски средства и загарантирана вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките.

Услугите ќе бидат прилагодени на потребите на сите граѓани со нивно вклучување во планирањето на локалните политики и во определувањето на приоритетните проекти во општината. На тој начин ќе се обезбедат услуги коишто им се потребни на аните,

коишто ќе ги подобрат условите за живеење и ќе бидат поефтини, затоа што граѓаните ќе ја имаат контролата на трошењето на јавните финансии. Ќе се стават во функција сите механизми за транспарентно и отчетно работење на локалните власти. Ќе се подобри функционалноста на советодавните и контролните тела коишто ќе бидат отворени за сите граѓани коишто можат да дадат свој квалитетен придонес во одредена област. Ќе продолжиме со градење на довербата меѓу власта и граѓаните и обезбедување на еднакви можности за сите граѓани.

## Нашето мото е:

### „Децентрализација не заради општините, туку заради граѓаните“.

За да може да се подобрат условите за живеење за сите граѓани, ќе продолжиме да работиме на намалување на развојните разлики меѓу главниот град и другите делови од државата, но и меѓу урбаните и руралните населени места. Не може да зборуваме за развиени и одрживи општини доколку не се води соодветна грижа за рамномерниот развој на државата. Политиката за обезбедување на рамномерен регионален развој ќе ги следи трендовите на Европската Унија: зајакнување на економијата, обезбедување на повеќе и подобри работни места и подобрување на квалитетот на живеење во сите региони на целата територија на државата. Сите граѓани во сите плански региони треба да имаат пристап до квалитетни јавни услуги, како и можности за обезбедување на подобар стандард на живеење во својата општина.

Затоа, пристапот за решавање на наталожените проблеми и големите разлики во развиеноста помеѓу главниот град и другите делови од државата, помеѓу општините и помеѓу урбаните и руралните подрачја ќе биде сосема различен од начинот на којшто тие се создаваа во минатото, следејќи ја праксата на повеќе европски држави.

Планирањето и координацијата се клуч и предуслов за развојот и затоа е неопходно структурно и секторско преорганизирање, со интегрирање на политиките за регионален и локален развој и планирањето на просторот во еден систем.

Наша цел е постојано да го подобруваме квалитетот на живот на граѓанките и граѓаните во сите локални заедници, без разлика на степенот на развиеност на општините, преку: обезбедување квалитетна, чиста и здрава вода за пиење, асфалтни патишта до населените места, квалитетни детски градинки и центри за ран детски развој, добри услови за одвивање на воспитно образовниот процес во училиштата, здрава животна средина со организирано собирање на цврстиот комунален отпад и третман на фекалните и индустриските отпадни води, што повеќе паркови и зеленило, подобрување на енергетската ефикасност, квалитетна здравствена и социјална заштита и грижа за лицата со посебни потреби, добро организиран јавен превоз, добри услови за спорт и рекреација, квалитетна културна понуда, одржлив локален економски развој.

- Ова значи дека:
  - До целосното справување со пандемијата на КОВИД-19, општините и Градот

Скопје останываат да бидат важен чинител во обезбедување на „новото нормално" функционирање на граѓаните преку одржување на високо ниво на чистота и хигиена и обезбедување на потребната дезинфекција на јавните површини, простори и јавните објекти, почитување на мерките за дистанца на јавен простор, во градинките, училиштата, на пазарите, во јавниот превоз и регулирање на користење на јавен простор за угостителска дејност. Услугите на единиците на локална самоуправа ќе бидат дигитализирани заради избегнување на непотребно движење и контакти на граѓаните. Особено во централните подрачја ќе бидат обезбедени пешачки коридори, а на улиците ќе се обезбедат посебни ленти за безбедно и непречено движење на велосипедите и тротинетите. Локалната самоуправа ќе ја зајакне својата улога во грижата за ранливите групи на граѓани и во операцијата на здравствените власти во следење на контакти на евентуал заболени лица со КОВИД-19, со цел одржување на ниско ниво на пренос на вирусот.

- Подобрувањето на системот на локалната самоуправа ќе го правиме заради остварување на потребите на граѓаните, не на институциите. Институциите постојат за граѓаните, а не обратно. Децентрализацијата мора да се однесува на сите општини, за да бидат опфатени сите граѓани. Затоа, ќе бидат поддржувани активности од областа на културата во сите општини, без разлика дали има или не дом на културата, а во системот на противпожарна заштита ќе бидат вклучени сите општини за да истиот биде одржлив и ефикасен. Овој принцип на функционална децентрализација ќе се преслика и на сите други пренесени надлежности на општините.
- Ќе пренесеме нови надлежности на општините во областа на културата, социјалната и здравствената заштита, во управувањето со земјоделското земјиште, пасишта, шуми и води, во управување со експлоатација на минералните суровини (песок и чакал) и термоминерални води, издавање на лиценци за угостителски објекти, управување со стамбениот и деловен простор во сопственост на државата и домувањето.
- Ќе воведеме нови, поефикасни инструменти за поддршка на општините, со цел да ги подобрат своите перформанси. Тоа ќе го направиме со дополнителните два гранта: Грант за еквилизација и Грант за перформанси. Грантот за еквилизација ќе значи помагање на оние општини коишто имаат помал приход по глава на жител од просечниот во државата, а кои ќе покажат желба и напор да бидат подобри во своето работење. Грантот за перформанси ќе се доделува на оние општини кои ќе покажат најдобри перформанси во своето работење. Со ова се воведува еден систем на стимулација и компетитивност на општините, што ќе доведе до систем на локална самоуправа којшто обезбедува услови за ефективно и ефикасно извршување на надлежностите и се грижи граѓаните да добијат квалитетни и навремени услуги.
- Зголемена транспарентност во работата на општините. Секоја единица на локалната самоуправа која ќе користи средства од државниот буџет ќе мора да прифати јасни правила за транспарентност во своето работење и ставање на увид на јавноста на сите финансиски трошоци, преку системот на Отворени финансии.
- Подобри и посилни инспекциски служби на општините заради соодветно справување со предизвиците во делот на комуналните работи, градежништвото, заштитата на животната средина и здравјето на граѓаните и регулирање на сообраќајот. Ќе ги зголемиме нивните овластувања и ќе овозможиме да се организираат во заедничка

акции на регионално и државно ниво. Нема веќе формални, бирократски аргументи да бидат причина за непостапување и отсуство на заштита на граѓаните.

- Реално учество на граѓаните и заедниците во работата на општината. Граѓаните и здруженијата ќе имаат можност да предлагаат точки на дневен ред и да учествуваат во работата на Советот. Граѓаните, здруженијата и месните заедници задолжително ќе учествуваат во донесувањето на развојните програми и на буџетот на општината. Обврската за консултации со граѓаните ќе ја прошириме и на програмите на општините.
- Ќе го поддржиме процесот на реформи на комуналниот сектор со грантови и со евтини кредити за модернизирање на машините и опремата на локалните јавни претпријатија. Квалитетот на живот на граѓаните во голема мерка зависи од ефикасноста во нивното работење. За таа цел ќе бидат инвестирани најмалку 40 милиони евра во првите две години од формирањето на новата влада. Истовремено јавните комунални претпријатија ќе имаат обврска да ги изградат човечките и институционалните капацитети, кои заедно со инфраструктурата и опремата се основен предуслов за давање на подобри и поквалитетни услуги кон граѓаните.
- Социјална грижа за ранливите групи на граѓани преку ослободување од плаќање на пакети на јавни комунални услуги и можност за ангажирање во општествено-корисна работа за подмирување на долговите. Во секоја општина ќе бидат отворени дневни центри за нега и соодветен превоз на лицата со посебни потреби. Во сите амбуланти, поликлиники и болници и останати јавни установи задолжително ќе се постават пристапни рампи за лицата со попреченост да можат непречено да се движат и да ги остваруваат своите потреби.
- Ќе продолжиме со приоритетот „Македонија без кал". За таа цел обезбедивме средства во износ од 70 милиони евра од Светска банка кои ги насочивме токму за обезбедување на асфалтиран пат до секое населено место. Ќе го поддржуваме безбедниот превоз и зголемената мобилност преку зголемување на опфатот на јавниот превоз во градовите и помеѓу населените места, обезбедување на тротоари за безбедно движење на пешаците, јавно осветлување, како и велосипедски патеки во и помеѓу населените места.
- Сите капитални инвестиции за општините на едно место! Денес општините мора да „чукнат на вратата" на околу 10 различни државни органи и да следат различни правила и процедури. При тоа, државата нема целосна слика на поддршката која ја дава на различните општини ниту за нејзиниот вкупен износ. Тоа ќе го промениме. Средствата кои произлегуваат од програмите на министерствата и агенциите и се наменети за општински и регионални проекти ќе ги обединиме, при што системот на координација за распределба на средствата согласно утврдени критериуми ќе го врши Советот за рамномерен регионален развој. Заради поголема извесност во планирањето и реализацијата на овие капитални инвестиции ќе воспоставиме тригодишно буџетирање.
- Воспоставување на Еден центар за услуги (ЕЦУ) во сите општини користејќи ја ИКТ технологијата. Центрите за услуги ќе бидат воспоставени во административните згради на општините заради постоењето на култура и навики кај граѓаните за сите прашања да се обраќаат во општината. Со дигитализација на услугите кои ги дава

општината на граѓаните и деловната заедница, со поврзување со базите на податоци и услуги на институциите на централно ниво и со воведување на мобилни апликации ќе се овозможи брза реализација на барањата и издавање на потребните документи веднаш или најдоцна за три дена доколку е потребна одредена управна постапка. Со тоа, ќе се намали времето на чекање, а ќе се намалат трошоците и за граѓаните и за општината. Исто така ќе се избегне било каков дополнителен контакт на граѓаните со администрацијата, а со тоа се стеснува и просторот за корупција.

- Иновативни решенија за подобри услуги на граѓаните ќе бидат стимулирани и поддржувани преку организирање на настани за натпревар на ученици, студенти, млади иноватори и стартап компании за идејни решенија за предизвиците со кои се соочуваат општините. Со тоа интересот особено на младите за иновативност и барање на решенија за работите од јавен интерес ќе се зголеми со што би добиле проактивни граѓани, што е предуслов за развој на општините и на општеството.
- Здрава и чиста животна средина е наш приоритет. Ќе се воспостави систем на собирање на комунален отпад во сите населени места и ќе се исчистат сите диви депонии. Ќе се стимулира селектирање на отпадот и изградба на мали компостери. Ќе обезбедиме санитарни услови за сите граѓани во градовите. Ќе се изградат мини пречистителни станици и канализациони системи за секое поголемо населено место кои ќе имаат сопствен систем на снабдување со електрична енергија преку фотоволтаици за да се намалат трошоците за користење и одржување на истите.
- Планирање на просторот и урбанизација на сите населени места заради обезбедување на одржлив развој и хуманизација на просторот. Просторниот план на државата и на планските региони и урбанистичките планови ќе бидат основа на идниот развој и ќе се носат низ инклузивен процес секогаш следејќи ги потребите на граѓаните, бизнис заедницата и штитејќи го јавниот интерес и особено правото на здрава животна средина. Поедноставувањето и скратувањето на постапките за донесување на планските документи и на урбанистичките планови за сите населени места ќе придонесат за целосна урбанизација и хуманизација на просторот.
- Транспарентноста и отчетноста секогаш го поттикнуваат развојот и затоа општините на системски начин ќе ги информираат и ќе ги едуцираат граѓаните за политиките што ги планираат, за услугите, за проектите, за финансиското работење и за сите други прашања од надлежност на општината што им се важни на граѓаните. Согласно практиките во поголем број западноевропски држави, податоците од општинска надлежност кои се од јавен интерес ќе бидат отворени, широко достапни и бесплатни, вклучително и слободен пристап и користење на податоците за метеоролошката состојба, дигиталните висински модели, орто-фото снимките и други податоци од значење за локалниот и регионалниот развој.
- Зајакнување и проширување на улогата на Советите на регионите заради координирано планирање на развојот во регионот од секој можен аспект, а особено во делот на образованието, општествената вклученост, поттикнување на конкурентноста на пазарот и создавање на услови за нови и подобри работни места. Важна партнерска улога во работата на Советите на регионите ќе има академската и бизнис заедницата,

како и граѓанскиот сектор. Центрите за развој на регионите ќе имаат зголемен капацитет за да можат да го планираат и спроведуваат регионалниот развој, но и да го поддржуваат локалниот развој, особено на помалите општини, користејќи домашни, европски и останати меѓународни фондови и поволни кредити.

- Фонд за поддршка за изработка и за спроведување на проекти е неопходен за да се помогне особено на помалите општини кои немаат доволен капацитет одеднаш да се справат со реализација на големи проекти. На тој начин ќе го стимулира локалниот и регионалниот развој, особено преку максимална искористеност на претпристапните и новите структурни и кохезиони фондови на Европската Унија.
- Ревитализација на селата заради задржување на населението во нив, особено на младите, но и заради создавање на услови за враќање на оние кои би сакале својот живот повремено или постојано да го продолжат во овие средини. Секое село ќе има асфалтиран пристапен пат, улично осветлување, водоснабдителен систем со чиста вода за пиење, а во поголемите села со над 500 жители ќе има центри за ран детски развој, младински центар и амбуланта.

# 4.6 МК30 - ГЛЕДАМЕ ПОНАПРЕД

***ЕДНО ОПШТЕСТВО Е НАШИОТ ИЗБОР!***Едно општество за сите граѓани не е само политички израз, туку и цивилизациски избор. Горди сме што СДСМ беше првата политичка партија која ја имаше храброста и визијата да ја постави оваа цел и да придобие мнозинство околу неа. Први го започнавме процесот на развој на овој концепт и силно продолжуваме по овој пат кој гарантира позитивни достигнувања.

## *Ние сме креатори и носители на концептот „Едно општество“!*

Веруваме во вредностите на едно општество за сите граѓани, во толеранцијата, правичноста, еднаквите можности, признавање на различностите, во мултикултурализмот и интеркултурната комуникација! Веруваме во социјална правда, еднакви можности на жените и мажите, вклученост и учество на граѓаните во одлучувањето и постигнување општествена кохезија.

Европската Унија се темели на различни народи, различни култури и јазици, но говори и работи на принципот на ЗАЕДНИШТВО НИЗ РАЗЛИКИТЕ.

Ние сме вистински пример дека оваа политика и овие вредности можат да функционираат и на Балканот. Тоа беше возможно бидејќи не ги прифативме вредностите како дел од европското acquis или како нивен услов, туку како наша верба и определба дека нашиот мозаик на култури, јазици и обичаи не прави побогати и подобри. Тоа беше НАШ заеднички избор и затоа е НАШ заеднички успех. Нема да дозволиме да се враќаме назад.

## *За само три години :*

- Донесовме нов Закон за заштита и спречување на дискриминација, кој целосно одговара на елиминација на сите форми на дискриминација, и е голем исчекор за градење едно општество за сите. За жал, Уставниот суд го укина законот, но нашата определба за европски стандарди во оваа област е јасна и недвосмислена: ова ќе биде првиот закон кој нашата нова Влада ќе го предложи на Собранието по изборите;
- Законот за употреба на јазиците овозможи поширока употреба на албанскиот јазик за сите припадници на албанската заедница без разлика каде живеат, а воедно се покажа дека не значи загуба за ниту една од останатите заедници. Ќе ги анализираме мислењата на Венецијанската комисија и низ опширна дебата во Собранието и пошироката заедница, ќе направиме негови подобрувања;
- Донесовме нов Закон за остварување на правата на заедниците под 20% со што ги направивме пофункционални и поприменливи потребите на помалку бројните заедници во Република Северна Македонија;
- Со новиот Закон за основно образование, ги вклучивме сите деца од нашата држава во образовниот систем, без да остане ниту едно дете надвор од него, со што создадовме услови за воспитно-образовен амбиент во кој ќе се негуваат интеркултурните односи, различностите и меѓусебната почит и толеранција;
- Градиме интегрирано образование, преку стратегијата за интегрирана настава на македонски и албански јазик во одредени, средни училишта во Скопје, која веќе опфаќа 450 ученици;
- За целосната примена на социјалната заштита, повеќе од 120 000 граѓани ги користат придобивките од социјалната реформа и зголемувањето на паричните надоместоци за 300% во просек, а 27 000 семејства примаат гарантиран минимален приход.
- Владата не ги подгрева или злоупотребува меѓуетничките односи за да создава тензии и владее во нивна сенка, туку гради мостови за зближување на заедниците, кои ги поврзуваат;
- Во Скопје веќе започна проектот „Зборувам на јазикот на мојот другар" со која во 11 средни училишта над 1 100 ученици ќе посетуваат курсеви за македонски, албански и турски јазик, како дел од Стратегијата за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

# АГЕНДА 20-24

- Во мултиетничките општини ќе ги зголемиме содржините во областа на образованието и културата кои придонесуваат за зближување на граѓаните. Училиштата и културните институции, кои ќе имаат ваква содржина ќе добиваат дополнителни финансиски средства за функционирање и развој.
- Државата ќе ги финансира сите деца и млади до 25 години кои сакаат да научат македонски, албански, турски, влашки, српски или ромски.
- Владата ќе воведе годишна награда за најдобра идеја/проект со кој се развива и промовира концептот на „Едно општество за сите". Истата ќе биде наменета за млади до 30 години и ќе стимулира заедничка работа и креативност.
- Ќе стимулираме филмска продукција за деца и млади на повеќе јазици.
- Ќе се спротивставиме на верската индоктринација, религиозната и етничката нетрпеливост, која се продуцира во делови на медиумскиот простор и социјалните мрежи.
- Ќе формираме Национални совети на заедниците који се помали од 20% од вкупното население на државата. Со тоа ќе ги вклучиме сите заедници во процесот на креирање на овие политики и ќе обезбедиме поголема репрезентативност. Ќе предвидиме отворена и широка процедура за нивно конституирање.

# Изборна програма

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА**

# 5

СИТЕ ЗА ЕКОДРЖАВА

# 6

ВЛЕГОВМЕ ВО НАТО, МОЖЕМЕ И ВО ЕУ

# СИТЕ ЗА ЕКОДРЖАВА

“

**ТРОЈНО ПОВИС**
**ЗА ФАБРИКИТ**
**ИСПОЛНУВААТ**
**СТАНДАРДИ.**

”

**СОКИ КАЗНИ**
**Е КОИ НЕ ГИ**
**Т ЕКОЛОШКИТЕ**

# 5.1 ЕКОДРЖАВА

Правото на здрава животна средина е фундаментално граѓанско право. Она што ни покажа и нè научи здравствената криза поради пандемијата со вирусот КОВИД-19 е дека треба да го смениме начинот и навиките на кој ги планираме и спроведуваме нашите активности. На глобално ниво, се погласни се препораките дека здравствената и економската криза не треба да значи одлагање на еколошките политики. Ќе ги следиме новите стратегија и план за обновување на економската, социјалната и еколошката компонента на Европската Унија во борбата против климатските промени и загубата на биолошката разновидност, особено преку имплементација на Зелениот договор и Целите за одржлив развој на Обединетите Нации.

Дополнително, оваа криза ги засили аргументите во полза на алтернативните форми на мобилност кои носат позитивни придобивки, како за поединците кои ги користат, така и за општеството во целост. Потенцираме дека тоа се економски, енергетски и еколошки неодржливи и ефикасни форми на мобилност и наша обврска е како поединци, институции но и како општество да ги поддржуваме и стимулираме.

Нема економија без одржливост и нема здравје без чиста животна средина. Ова ќе ни биде најголемиот предизвик на новиот мандат: чиста, здрава и добро зачувана животна средина како поддршка на одржлива економија и општество, во кое живеат задоволни граѓани. Неопходен ни е социјален, еколошки и економски напредок кој носи благосостојба и правда за сите граѓани, но воедно ги зачувува вредностите за идните генерации. Тоа подразбира паметно планирање и водење грижа за јавниот интерес.

Затоа:

- Го планираме просторот како основа за одржливо управување на државата;
- Дизајнираме и испорачуваме услуги кои се во интерес на граѓаните - водиме грижа за јавниот интерес;
- Носиме објективни одлуки врз основа на практики и достапни научни сознанија и информации;
- Управуваме ефикасно со нашите ресурси за да испорачаме вистински вредности на јавноста, на фер и транспарентен начин, во соработка со сите партнери;
- Ние сме иновативни, прилагодливи и отворени за нови идеи и начини на работа.

## *Политиката за животна средина се темели на неколку клучни принципи:*

- **борбата против климатските промени на глобално ниво** како составен дел на сите секторски политики,
- **превентивно дејствување** (пред да настане штетата, односно загадувањето),
- **загадувачот плаќа** (трошоците за заштита на животната средина треба да ги сноси правното или физичкото лице кое ја загрозува животната средина),

СДСМ

- борба против нарушување на животната средина **на самиот извор на загадувањето.** (каде е поедноставно и поекономично да се отстранат последиците од загадувањето),
- **интегрирање на заштитата на животната средина во другите политики** (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.).

Ова се постигнува преку планирање и водење процеси кои подразбираат, од една страна заштита на природата и природните ресурси од загадување и намалување на климатските промени, а од друга страна развој на државата преку постојано вложување во зелена економија и креирање на зелени работни места.

Визијата за развој на државата може да се оствари со квалитетно долгорочно планирање коешто дава приоритет на јавниот интерес, ги усогласува потребите на сите сектори и нуди оптимални рамки за економски развој кој ќе има најмало негативно влијание врз животната средина. Се залагаме за долгорочен одржлив развој што се темели на грижливо користење на природните ресурси. Контролата и намалувањето на загадувањето останува една од основните цели. Ова вклучува употреба на еколошки горива и користење на обновливи извори на енергија, промовирање на одржливо управување со отпад, правилно и правично управување со водите и зелен транспорт. Ја поддржуваме циркуларната економија преку која ќе се намалат количините на отпад поради повторна употреба и рециклирање на материјалите и производите.

Република Северна Македонија создава можности за вложување во обновливи извори на енергија, остварување на ефикасна контрола и спречување на загадувањето, намалување на количината на отпадот и сите видови еколошки ризици, интеграција на еколошки одржливи практики во клучните економски сектори со цел промена на неодржливото производство и потрошувачка, со посебен акцент на борбата против климатските промени.

Високите еколошки стандарди претставуваат поттик за еко-иновации, кои пак, од своја страна, отвораат нови работни места (вклучително и зелени работни места). Компаниите што ќе ги исполнат овие стандарди значително ќе ја зголемат својата конкурентност на европскиот, но и на другите пазари!

Долгорочно, Република Северна Македонија како дел од Европската Унија ќе стане ресурсно-ефикасна, зелена и конкурентна економија со ниски емисии на јаглерод диоксид.

Голем дел од инвестициите за остварување на европските стандарди и норми во оваа област Република Северна Македонија ќе ги финансира од буџетски средства, донации, европските фондови и други поволни извори на финансирање. Домашните средства за животна средина континуирано ќе се зголемуваат и ќе се реализираат преку соодветни програми. Дел од собраните надоместоци, согласно законите од областа животна средина, постепено ќе се пренасочуваат и ќе се користат преку програмите директно за заштита и унапредување на животната средина.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ДОСЕГА?

## ПЛАН ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ

Во 2019 го воспоставивме Планот за чист воздух, а борбата против аерозагадувањето влезе во стратешките приоритети на Владата. За првпат во 2019 година се издвоија посебни средства за намалување на аерозагадувањето во висина од околу 15 милиони евра. Планот се спроведе преку реализација на мерки од Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година и други технички мерки, со цел намалување на загадувањето од домашно затоплување, транспортот, индустријата, градежништвото и отпадот.

Истиот чекор беше препознаен од страна на повеќе меѓународни институции: Европската комисија го нотира во својот извештај за напредокот на нашата држава, а доби и отворена поддршка и верификација од страна на Светска банка и Светската здравствена организација.

Изработена е посебна веб-страна www.planzacistvozduh.mk, каде што на едноставен начин се прикажани сите мерки кои треба да се спроведат од државните институции во врска со Планот за чист воздух.

### Постигнавме:

1. Во 45 објекти од 19 општини заменета е опрема (нееколошки системи за греење во градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти) со средства од 64 милиони денари за:
    - 12 градинки,
    - 29 училишта,
    - 4 административни објекти.
2. Со средства од 26 милиони денари, во 28 објекти од 16 општини ја зголемивме енергетската ефикасност преку замена на столарија и обнова на фасади во јавни објекти:
    - 9 градинки,
    - 12 училишта,
    - 7 административни објекти.
3. Со средства од 11,5 милиони денари, во 11 објекти од 8 општини и Градот Скопје, обновивме дел од урбаното зеленило преку спроведување на програмата „Зелен лист - воздух чист" за уредување на урбани зелени површини во градинки, основни и средни училишта на територија на Градот Скопје:
    - 1 градинка,
    - 10 училишта.
4. Со одлука на Владата се изврши замена на системите за греење на:
    - Студентскиот дом „Кузман ЈосифовскиПиту" во Скопје во висина од 9 милиони денари;

- ЈЗУ Општа болница во Струмица со приклучување на градскиот гасовод во висина од 5 милиони денари (преку ЈП „Струмица – гас“);
- КПУ Затвор Скопје со приклучување на градскиот гасовод во висина од 3 милиони денари.

5. Обезбедивме средства во вредност од 10 милиони евра за мерката за целосна замена на нееколошките енергенси во домаќинствата со високоефикасни инвертер клима-уреди. Средствата ги префрливме на буџетските сметки на Градот Скопје, општините Тетово, Битола и Кичево за:
   - Град Скопје – 5 200 високоефикасни инвертер клима-уреди;
   - Општина Битола – 2 500 високоефикасни инвертер клима-уреди;
   - Општина Тетово – 1 500 високоефикасни инвертер клима-уреди;
   - Општина Кичево – 800 високоефикасни инвертер клима-уреди.
6. Во 2018 и 2019 година Министерството за животна средина и просторно планирање набави прочистувачи за јавни објекти во општините во РСМ во вредност од 20 милиони денари. Во 12 општини во 38 јавни објекти набавени се прочистувачи за воздух во внатрешни простории, во вредност од 2,5 милиони денари.
7. МЕПСО, како одговорна државна компанија, реализираше замена на затоплувањето во градинката Кочо Рацин, клон Панорама во општина Центар од нафта на електрична енергија.

## Дополнителни мерки што ги презедовме на државно ниво:

- Го намаливме ДДВ од 18% на 5% за испорака на топлинска енергија/парно, а Регулаторната комисија донесе одлука корисниците што беа исклучени од парното да не плаќаат за повторно приклучување. Со ова стимулиравме користење на топловодната мрежа и поврзување на нови објекти на неа.
- Со новиот протокол при надминување на прагот на алармирање на загадувачки честички во воздухот, се преземаат мерки за намалување на аерозагадувањето по два континуирано загадени дена, наместо досегашните 5, односно 10 дена. Исто така, секоја година го намалуваме прагот на алармирање.
- Град Скопје основа ЈП „Градски енергетски системи“ кој ќе ја преземе дистрибутивната мрежа за централно греење и тќе биде одговорна за гасификација на градот.
- Го дополнивме Законот за возила во врска со заштита на животната средина гледано од агол на штетни состојки на издувните гасови од моторите на возилата. Воведовме:
  - Програми за субвенционирање на дел од трошоците за: купување на возила на електричен погон или хибридни возила, за вградување на уреди за погон на ТНГ или друг вид на алтернативно гориво и за купување на ново возило со одјавување на старото возило;
  - Еколошка категоризација на возилата и во зависност од годината на производство и европските еуроемисиони стандарди на нивните мотори добиваат еколошка налепница во три бои (зелена, жолта и црвена).

- Донесовме Закон за данок на возила кој ја замени поранешната акциза за возила. Со овој закон се воведе данок кој се пресметува според количината на CO2 од возилата, со што обезбедивме поволни услови при увоз на повисоки Еуро категории на возила, хибридни и електрични.
- Со цел точно и транспарентно информирање на граѓаните континуирано се одржува и калибрира Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентален воздух.
- Донесени се измени на два подзаконски акти со кои се дефинирани гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи за инсталации со капацитет под 1 MW, се воспоставени построги услови за акредитираните лабoратории за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори.
- Започна проектот за прекугранична соработка од ИПА програмата со Република Грција во рамките на кои ќе се набави нова станица во Гевгелија и ќе се заменат инструментите во станицата Битола 1.
- Со финансиска помош од Шведската агенција за животна средина (SIDA) обезбедена е помош за поправка и замена на инструменти во 5 стратешките мониторинг станици и надградување на системот за управување со податоци за квалитет на воздух, како и активности за справување со загадувањето на воздухот во градот Скопје, со воспоставување на зона на ниски емисии, замена на изворите на затоплување во цела зона и мониторирање на имплементацијата преку посебен мониторинг систем.
    - Започна воспоставување на процес за Зелени градови и зелени површини, технички поддржан од ЕБРД, во рамките на кој е направен Акционен план за зелен град за град Скопје, а се подготвува и за Куманово.
    - Донесовме измени на Законот за квалитет на амбиентен воздух, со цел олеснување на процесот на имплементација на краткорочните мерки.

## *Дополнителни мерки кои преземавме на локално ниво:*

- Обезбедена е набавка и поставување на 572 прочистувачи на воздух во сите 23 средни училишта во Град Скопје и субвенции за набавка на велосипеди и електрични тротинети.
- Континуирано се зголемува бројот на бесплатни паркинг-места за електрични автомобили и се проширува мрежата на велосипедски патеки во Град Скопје. Доделени се субвенции за набавка на 5.745 велосипеди и 109 електрични скутери, со вкупни средства од 40 милиони денари за 2018 и 2019 година.
- Во 2018 и 2019 година се исчистија 300.000 тони отпад од дивите депонии и се обнови 50% од зеленилото во градот Скопје или 116.000 м2 зелена површина.
- Град Скопје со 15 милиони денари субвенционираше 1.600 домаќинства за набавка на посовремени уреди за затоплување во 2019 година - инвертер клима. Дополнително, Град Скопје со пренамена обезбеди средства за 2019 година во износ од 20 милиони денари за истата намена.

СДСМ

- Градот Скопје во 2019 година додели субвенции на домаќинствата и на други субјекти за чистење оџаци и за промена на стари фасади на 13 средни училишта.
- Скопје продолжи да ја спроведува мерката за доделување субвенции за набавка на печки на пелети, а досега се субвенционирани 812 семејства (2016 година со 5.900.000 денари, 2017 година со 10 милиони денари и 2018 година со 25 милиони денари). На повикот за 2019 година пристигнати се 550 барања.
- Градот Скопје спроведе обука за чистачи на оџаци, а 100 оџаци се исчистија бесплатно. Исто така, се доделија субвенции за чистење на оџаците на 2 000 домаќинства и административни субјекти со вкупен буџет од 2 милиони денари за 2018 година и 3 милиони денари за 2019 година.
- Изработена е термална мапа за Град Скопје со која се утврдени топлотните острови во градот и мерките за нивно ублажување.
- ЈСП Скопје набавува нови нископодни CNG автобуси со кои се подновува возниот парк со 30 до 40 единечни и зглобни автобуси за потребите на јавниот превоз во главниот град. Вредноста на набавката е 12 милиони евра, од кои 10 милиони евра се заем од ЕБРД, а 2 милиони евра се средства на ЈСП Скопје.
- Голем дел од општините воведоа практика на субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертери за домаќинствата, велосипеди, електрични мопеди, енергетска ефикасност и слично. Воедно, дел од општините започнаа со подготовки за изградба на секундарната гасоводна мрежа.
- Општина Битола во 2019 год спроведе акција за субвенционирање на набавка на печки на пелети за 260 домаќинства со финансиски средства во висина од 500.000 денари, како и два јавни повика во вкупна висина од 5 милиони денари за субвенција при набавка на инвертери.
- Во 2019 Општина Велес ги замени котлите за јаглен со котли што користат пелети или компримиран природен гас во три административни субјекти (градинка, училиште и општинска зграда).
- Во општините Струмица и во Кочани, греењето на нафта се замени со гас, со помош на термални пумпи, подарок од МВР .
- Општина Кичево субвенционира 800 домаќинства за замена на нееколошки системи за затоплување со инвертери.

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Изготвивме Национален план за управување со отпад за период 2019 - 2025 и првиот Национален план за спречување на создавање отпад за периодот 2020 - 2026.**

Во 2019 година подготвивме нов Закон за управување со отпад и нов пакет закони од областа на управувањето со посебните текови на отпад:

- Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори;
- Закон за управување со електрична и електронска опрема, отпадна електрична и електронска опрема;
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад во системот за проширена одговорност на производителот.

Започна управувањето со цврст отпад во **Источниот и Северо-Источниот регион преку расчистување на дивите депонии, набавка на опрема, изградба на депонија во висина од 40 милиони евра** (ЕУ - ИПА).

Во **Југоисточниот, Вардарскиот, Југозападниот и Пелагонискиот регион** со техничка помош на ЕБРД се утврди модел за финансирање и управување со комуналниот отпад.

Започна имплементацијата на проект за одржлив систем за управување со комунален отпад во **Полошкиот регион**, финансиран од Швајцарската влада во висина од 8 милиони CHF.

Во периодот 2017-2019 се спроведоа бројни активности за расчистување на дивите депонии во општините во висина од 50 милиони денари.

Во 2019 во соработка со УНЕП започна постапка за решавање на проблемот со линданот во хемискиот комбинат ОХИС, Скопје. По реализација на овој проект ќе се пристапи кон изнаоѓање на законско решение за решавање на проблемот со останатиот наталожен отпад во кругот на ОХИС.

## УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ

За три години се изгради потребната инфраструктура и се пуштија во работа пречистителните станици во општините:

- Гевгелија (9.603.000 евра),
- Прилеп (9.667.773 евра),
- Струмица (6.910.876 евра),
- Радовиш (6.027.246 евра) и
- Кичево (8.254.353 евра).

- Ја изградивме и пречистителната станица во Кочани, продолжуваме со поврзување

на општина Виница (25.704.000 CHF), со што покриеноста на државата со оваа инфраструктура во однос на еквивалент жители достигна повеќе од 35 проценти. Земајќи во предвид дека е воспоставена рамка и се подготвени Договори за заем со ЕБРД и ЕИБ за изградба на пречистителна станица во Град Скопје во вредност од 136 мил евра, се очекува процентот на покриеност во наредните четири години двојно да се зголеми.

- Се спроведуваат капитални инвестиции за водоснабдување на Делчево (7.304.000 CHF), продолжи имплементацијата на кредитна линија од KfW, втора фаза „Водовод и канализација на општините фаза 1" за општините Кавадарци, Радовиш и Гостивар (5 милиони евра), кои успешно ја завршија првата фаза. Продолжи имплементацијата на „Водоснабдување и одведување на отпадни води", Договор за заем од ЕИБ (50 милиони евра), проект за рехабилитација и продолжување на канализациона мрежа во Прилеп 23,1 км, фаза 1, (6.263.363 евра) и фаза 2 (7.684.060 евра), Проект за рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Куманово (4.323.224 евра), проект за рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Берово и поврзување на Пехчево на пречистителната станица во Берово (3.863.186 евра), проект за изградба на колекторски систем за Град Скопје (9.680.140 евра)
- Во рамките на ИПА се подготвија комплетни технички документации со основен проект за пречистителните станици во Битола, Тетово, Велес и Штип, за канализациони мрежи во Битола, Тетово и Кичево, како и идеен проект за пречистителната станица во Скопје (помош од француската влада).
- Во 2019 година се формираше ЈП Колекторски систем Скопје и започна санацијата и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охрид - Струга (5 милиони евра).
- За три години се спроведоа проекти за подготовка на техничка документација и инвестиции од помал обем за системи за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води во сите општини и региони во вредност од преку една милијарда денари.
- Воспоставување на управување со речен слив се одвива континуирано. Со помош на Швајцарската конфедерација и УНДП, во 2019 изготвен е План за интегрирано управување со речните сливови и прелиминарна проценка на ризикот од поплави за сливот на реката Струмица.
- Започнати се и активности за подготовка на Национален регистар на подземни води.
- Во декември 2018 година заврши проектот за имплементација на планот за управување со Преспанското Езеро, со спроведување на сеопфатен сет на мерки во неколку сектори со цел подобрување на еколошката состојба на Преспанското Езеро.
- Со финансиски средства од ГЕФ во 2018 година се подготви Планот за управување со сливот на Црн Дрим.
- Како резултат на реформите во секторот води во изминатите две години Регулаторната Комисија донесе тарифи за водните услуги за околу 70% од општините.
- Во 2018 година заврши ГИЗ проектот за зачувување и одржливо користење на биодиверзитетот на Охридското, Преспанското и Скадарското Езеро.

- Во 2019 година се продолжи со активности за прилагодување кон климатските промени во прекуграничното управување со ризиците од поплави во Западен Балкан.

## ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ

- **Донесовме национална Стратегија за заштита на природата 2017-2027, како и Национална Стратегија за биолошка разновидност со акциски план 2018-2023.** Го подготвивме и шестиот Национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност.
- Го донесовме Законот за урбано зеленило со кој, меѓу другото, се предвидува најмалку 20% зелена површина на секоја градежна парцела, како и правилото 25 м$^2$ зелена површина по жител на ниво на град.
- Изработен е зелен катастар на зеленилото по број и вид во Град Скопје.
- Започнаа постапки за:
    - прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел, врз основа на изготвена Студија за валоризација;
    - прогласување на Шар Планина за национален парк и изготвивме Студија за валоризација на природните вредности;
    - повторно прогласување на парк шумата Водно и споменикот на природата Кањон Матка за заштитени подрачја.
- Донесовме План за управување за споменикот на природата Вевчански Извори.
- Ја изготвивме **Првата национална црвена листа** на херпетофауна (водоземци и влекачи), како и проценка на 14 растителни видови, кои имаат меѓународен и национален статус на заштита и изготвена е Приоритетна листа на таксони на флората на национално ниво.
- Се разгледуваше иницијативата за прогласување на Јабланица за заштитено подрачје во катеоријата национален парк, на барање на општините Струга и Вевчани.

## КЛИМАТСКА АКЦИЈА

Во 2019 година ја започнавме подготовката на Долгорочна стратегија и закон за климатска акција. Новиот закон ја зема предвид долгорочната стратегија на ЕУ со низок јаглерод до 2050 година. Овие документи даваат основа за одржлива економија, односно индустрија која ќе има ниски емисии на јаглерод, како би пристапиле во друштвото на земји кои превземаат мерки да бидат поотпорни на климатските промени.

Голем дел од мерките кои ги дефинираавме за да се ублажат климатските промени во државата ќе ги спроведеме преку Зелениот климатски фонд во рамките на кој ќе се подготвува и Национален акционен план за прилагодување кон климатските промени.

Во Националните планови за климатски промени направивме проценки за тоа колку се ранливи и загрозени секторите земјоделство, шумарство, вода, здравство, биодиверзитет,

управување со кризи, туризам и заштита на културното наследство. Овие планови даваат насоки како да се адаптираме и прилагодиме кон климатските промени во во најзагрозените сектори. За соодветни решенија во однос на климатските промени потребна е и изработка на националниот план за адаптација со интегриран меѓусекторски пристап и соодветни мерки.

За да покажеме дека сме сериозен партнер во борбата против климатските промени, во Националната стратегија за развој на енергијата до 2040 година ги вградивме 5-те столба на интегрирана енергија и климатски пристап, согласно насоките на Енергетската заедница. Овој документ дава насоки како да постигнеме баланс помеѓу енергетските потреби наспроти климатските промени и заштитата на животната средина. Во таа смисла Стратегијата до 2040 година препознава намалување на вредностите на емисијата на јаглерод диоксид за 24%, односно за 60% до 2040 година во однос на нивото на емисија од 1990 година, а тоа ќе се постигне со зголемената употреба на обновливи извори на енергија и намалената употреба на лигнит.

Во 2018-2019 изготвен е извештај за Инвентарот на стакленички гасови (за периодот 2015-2016 година) за секторите енергија, отпад и индустриски процеси и нивна употреба.

## ***ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ***

Во 2020 обезбедивме средства во висина од 31 милиони денари за изработка на Просторен план на Република Северна Македонија, со што значително се зголемија средствата за оваа намена во однос на претходните години, како сериозен, сеопфатен и плански пристап кон решавањето на проблемите во оваа област.

Во склоп на Просторниот план на Источниот плански регион за прв пат се изработени Еколошка мапа на сензитивност и ГАП анализа кои помагаат во решавањето на конфликтните прашања меѓу барањата за експлоатација на минерални суровини и потребата за заштита на просторот (животната средина).

# АГЕНДА 20-24

Загадувањето на воздухот во земјава предизвикува сериозна загриженост поради тоа што граничните вредности, особено оние за концентрациите на суспендирани честички кои се утврдени со цел да се заштити здравјето на луѓето, се надминуваат во голема мера. Ситуацијата е најсериозна во најголемите урбани средини. Идентификувани се неколку извори и причини за големите проблеми со квалитетот на воздухот: користењето дрва или јаглен за загревање на домаќинствата, патниот сообраќај (поради големиот интензитет и делумно стариот возен парк и несоодветното одржување на возилата како и мал процент на алтернативни начини на транспорт), како и производството на енергија и индустријата. Несоодветното управување со отпадот, но и развојот на густо изградени урбани области и намалувањето на зелените површини дополнително влијаат врз загадувањето на воздухот .

Ќе обезбедиме поголеми инвестиции за подобрувањата на заштитата на животната средина за да им помогнеме на граѓаните да ги реновираат своите домови со што би трошеле помалку

енергија, за да донесеме гас како енергенс до што повеќе домаќинства и деловни субјекти, за да ја поддржиме индустријата да биде лидер во зелената економија, да имаме поефтини и поздрави форми на јавен превоз и алтернативен транспорт, да произведуваме енергија која нема да влијае на климатските промени....за да обезбедиме почист воздух, вода и почва, помалку отпад преку реупотреба и рециклирање, реновирани домови, училишта и болници, помала употреба на пестициди и ѓубрива, поздрава храна....поактивна заштита на природата и биолошката разновидност...подобрено здравје и благосостојба на граѓаните, особено на децата.

## *Овде е нашиот фокус:*

- зголемена контрола на загадувачите,
- употреба на еколошки горива,
- користење на обновливи извори на енергија и енергетски ефикасни објекти,
- промовирање на одржливо управување со отпад,
- заштита и зачувување на природата и биолошката разновидност,
- правилно и правично управување со водите,
- климатско неутрално општество,
- едукација и подигнување на јавна свест за животна срединаи
- зелен транспорт.

- До 2024 ниту една државна институција нема да се грее со стари и нееколошки системи за греење. Сите јавни институции се мапирани и ќе се донесат одлуки за најсоодветните решенија: (1) поврзување на централно парно греење, (2) на гас, (3) користење на високоефикасни инвертер клима уреди или (4) топлотни пумпи.
- До крај на 2020 воведуваме постојана 24/7 контрола на Државниот инспекторат за животна средина и локалните инспекторати, ги вмрежуваме државниот и локалните капацитети и ќе ги зголемиме нивните ингеренции. По акредитација на методи на нив ќе им биде ставена целосно на располагање Централната лабораторија за животна средина, а Државниот инспекторат секоја година ќе потпишува договори за соработка со акредитирани лаборатории од за суперконтрола.
- Граѓаните ќе можат да пристапат на Апликација за пријавување и следење на еколошки прекршок, а секој поединец го охрабруваме да помогне во пријавување на загадувачите преку граѓански зелени еколошки патроли.
- Ќе ги заостриме казните само во областа на заштита на животната средина поради лошото искуство од неажурност на институциите и бирократско водење на постапките. За оние кои незаконски ја загадуваат животната средина и го загрозуваат здравјето поради профит неопходна ќе има и кривична одговорност. Секој кој ќе биде констатирано дека ги прекршил правилата и процедурите ќе ја изгуби лиценцата и дозволите поради неодговорно однесување и неисполнување на законските обврски.

- Првите две години од мандатот ќе бидат посветени на планско, но интензивно зазеленување на државата, а особено најзагадените градови. Согласно планот, ќе направиме:
  - Поставување на зелени коридори и бариери/ѕидови на критични точки. Започнуваме со зелен ѕид на Клиничкиот центар Мајка Тереза (85 модули со 383 м2 зелена ограда);
  - Во сите градови кои трпат последици од аерозагадувањето, во првата година ќе се реализира по еден проект кој припаѓа на Nature based solution for urban cities, односно поголема запуштена површина ќе биде заменета со урбано зеленило и соодветна урбана опрема;
  - Пошумување на Водно и Скопска Црна Гора со изградба на патеки, поставување на видиковци, санација на земјиштето од ерозија;
  - Пошумување околу јавните објекти и касарните во Република Северна Македонија;
  - Ќе воведеме обврска за поставување на зелени зони околу индустриските капацитети.
- Започнуваме промена во политиките за јавен транспорт. Во Скопје започнува изградба на систем Bus Rapid Transport - брз транспорт со трамвај (со кредитна линија од ЕБРД). Дополнително, Градот веќе ги доби првите 13 (од вкупно набавените 33) нови автобуси со повисоки ЕУРО стандарди.
- Ќе воведеме покомплексен систем на субвенции и даночни олеснувања за набавка на „еколошки" возила (на електричен и хибриден погон), замена на нееколошко гориво со гас кај транспортни средства (особено за транспортери на стоки, такси возила и сл.) и набавка на велосипеди.
- Во соработка со градовите и граѓаните ќе воспоставиме законски и институционален модел за унапредување на велосипедскиот сообраќај преку изградба и проширување на нова велосипедска инфраструктура, локална финансиска поддршка на иницијативите, како и промоција на велолинии како придонес за здрава, безбедна, зелена и климатски отпорна иднина.
- Воведување на зони со ниска емисија или зона со забрана на сообраќај за тешки товарни возила, временски распоред за достава на стоки, локална политика на паркирање (особено во близина на јавни објекти, пред се градинки, училишта и здравствени објекти).
- Ќе го поттикнеме и поддржиме „Park&Ride" системот во урбаните центри.
- Податоците за нашето здравје мора да се достапни! Ќе поставиме дополнителни мерни станици низ државата и ќе финансираме (преку ФИТР) посебна софтверска апликација која ќе овозможи полесен и потранспарентен приказ на состојбата со ПМ честичките, како по датум, така и по локација, со соодветни прегледи и извештаи.
- Дополнително, ќе поддржиме софтверска алатка за 5 дневна прогноза на аерозагадувањето. Се изработува математички модел кој користи податоци од

државниот мониторинг систем и податоци од хидрометеролошки бази на податоци со кој се нуди предвидување какво ќе биде загадувањето во следните 5 дена, а со тоа можат да се дефинираат и преземат политики. Во 2021 година ќе воведеме систем во четири нивоа на опасност за рана најава на поволна временска прогноза за појава на зголемено загадување на воздухот кој ќе биде дел од постојниот систем за рана најава во УХМР.

- Податоците за емисиите од големите загадувачки капацитети ќе им бидат достапни на граѓаните во реално време, како и Катастарот за животна средина, регистрите за испуштање и пренесување на загадувачки материи, регистрите на издадените еколошки дозволи и одобрени елаборати.
- Ќе дадеме поддршка на иницијативите за поставување мерни станици, со пропишување на различни категории мерни инструменти, според нивната прецизност на мерењата со цел детектирање на локалните доминантни извори на загадување на воздухот.
- Преку проектот „Развој на национален информативен и мониторинг систем за животна средина – IPA 2 програма" (2 милиони евра) ќе се изработи програма за мониторинг на воздух и Информативен систем за животна средина – Пристап до податоци за емисии и квалитет во воздух и креирање на модули за известување.
- Ќе ги искористиме и резултатите од проектот „Поддршка на Македонија во пристапувањето кон ЕУ во областа на животната средина (2019-2021)" од SIDA Шведска, 750.000 евра од кој ќе добиеме Извештај за состојбата на мониторингот на квалитетот на воздухот во Македонија со вклучени препораки за подобрување на системот, инвестиции во нови инструменти за мониторинг на квалитетот на воздухот и/ или поправка на инструменти, зголемен капацитет на експертите за квалитет на воздухот во Македонија за управување со податоците за квалитет на воздухот, надграден систем за управување со податоци и известување.
- Ќе ги намалиме законски дефинираните гранични вредности на загадувачките супстанции во воздухот (на پониско ниво) и ќе ги зголемиме стандардите за квалитет на горива во насока на контрола на повеќе параметри. Ќе донесеме законско решение за дефинирање на стандард за квалитет на пелети. Во 2021 ќе воведеме мерење на зацрнетоста на чадот по соодветни стандарди.
- Во 2020 ќе го донесеме Законот за индустриски емисии и од 2021 ќе обезбедиме меки кредитни линии за набавка на опрема и нови технологии за намалување на загадувањето на животната средина за малите, средни и големи капацитети. За истата ќе обезбедиме и даночни олеснувања при увоз.
- Ќе обезбедиме засилена контрола над работата на станиците за технички преглед на возила, заради задолжително контролирање на издувните гасови од возилата што се регистрираат. При регистрирање на возило во сообраќајот кое ги надминува пропишаните мерки, веднаш ќе се активира контрола и одговорност за станицата која истото го одобрила, а возилото времено ќе биде отстрането од сообраќајот.
- Ќе помогнеме на малите и средните претпријатија да се приспособат на новите еколошки стандарди. Ќе ги мапираме малите и средните компании кои користат дел од својот отпад за затоплување на просториите, а со тоа го загадуваат воздухот и ќе

ги повикаме да учествуваат во повикот за субвенционирање на еко опрема за мали и средни компании.

- Ќе формираме комунална полиција на локално ниво, со која ќе можат досегашните комунални инспектори и Еко патроли заеднички да преземаат мерки за сторителите на штетните активности: одлагање на отпад на места кои не се предвидени за тоа, создавање на диви депонии од градежен и мешан комунален отпад, палење на гуми и останати високоштетни материи, палење и уништување на контејнери и сл. со мандатни казни. Комуналната полиција ќе почна да функционира во 2021 година.
- Во првите две години ќе вложиме 5 милиони евра за енергетска ефикасност на јавните објекти за да ја намалиме потрошувачката и загадувањето.
- Во градежништвото, ќе вршиме засилена контрола на градилиштата и почитување и контрола на енергетските и други критериуми при градба и реконструкција на објекти.
- Преку проектот "Зајакнување на капацитетите на централно ниво за намалување на цврсти честички во воздух преку користење на нуклеарни технологии„ од IAEA (Меѓународна агенција за атомска енергија) со 235.990 евра ќе се набави инструмент кој користи нуклеарни технологии за анализа на составот на PM честичките, набавка на семплери за земање на примероци на воздух, спроведување на мерна кампања и подготовка на национална студија за одредување на главните извори на PM во поголемите градови во Македонија.
- Преку Шведската агенција за животна средина (SIDA) и проектот за Справување со загадувањето на воздухот во градот Скопје ќе направиме лоцирање на зона на ниски емисии, замена на изворите на затоплување во цела зона и мониторирање на имплементацијата преку посебен мониторинг систем базиран на IoT.
- Наша цел е до крајот на 2025 година минимум 60% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден на територијата на Република Северна Македонија да се преработи со операции за преработка или да се употреби за добивање енергија, а до крајот на 2025 година минимум 55%, а максимум 80% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден и собран на територијата на Република Северна Македонија да се рециклира.
- Во 2020 ќе го донесеме Националниот план за превенција на отпад како национална цел и политика за создавање, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот (2020-2026).
- Континуирано ќе спроведуваме активности за поставување на системи согласно новите 5 закони за посебните текови на отпад, заради унапредување на примарната селекција на посебните текови на отпад (отпадна пластика и хартија, отпадна опрема од домаќинствата, отпадните гуми и масла и отпадот од текстил).
- Ќе работиме на интегрирана регионална инфраструктура за собирање и третман на отпадот, со акцент на одделно собирање, на местото каде се создава отпадот, на материјали кои може да се рециклираат, како и на третман на биоразградливиот отпад. Вкупното намалување за периодот 2020-2026 на биоразградливиот отпад ќе биде 25%.
- Воведуваме засилена контрола на увоз и извоз на отпад, собирање, складирање и третман на сите видови на отпад, како и вонредна контрола на сите издадените дозволи

за управување со отпад. Ќе ги повикаме невладините организации да ни се приклучат заради транспарентност и зголемена доверба кај граѓаните.

- Ќе спроведуваме зајакната инспекциска контрола на правните лица кои поседуваат дозволи за собирање, транспорт и третман на отпад (особено медицински и останати видови опасен отпад), како и кај создавачите на истиот.
- Во Скопскиот регион ќе поддржиме поефикасен систем на собирање на отпад преку зголемување на бројот на контејнери и режимот на собирање на отпад, самоодржливо управување со градската депонија Дрисла и воведување на соодветно решение за уништување на медицинскиот отпад. Воедно, ќе помогнеме за итна ремидијација на поголем дел од дивите депонии, со приоритет на депонијата во Вардариште како и расчистување и рекултивација на локации со несоодветно отстранет отпад во урбаните и руралните подрачја. Ќе ги спроведеме активностите за интегриран и финансиски одржлив систем за регионално управување со цврст отпад во Источниот и Северо-источниот регион (ИПА) преку спроведување на мерки за:
    - поставување на систем за управување со отпад - набавка на возила за собирање отпад,
    - набавка на опрема за собирање отпад,
    - затворање на депониите,
    - изградба на Централниот центар за управување со отпад - погон за сортирање, фабрика за механичко - биолошки третман, депонија, композитори, зелени точки за Источен и Северо-Источен регион со постројки за компостирање, изградба на шест локални објекти за управување со отпад - преносни станици.

  Проектот е со финансиско портфолио од 42 милиони евра.
- Ќе обезбедиме услови за воспоставување на систем за управување и финансирање во секторот на комунален отпад во Југоисточниот, Вардарскиот, Југозападниот и Пелагонискиот регион, за управување и изградба на депонии, набавка на опрема, трансфер станици, затворање на диви депонии (техничка помош на ЕБРД). Ќе се разгледаат можностите за домашно и ЕУ финансирање, како и можноста за концесија или модел на Јавно приватно партнерство.
- Продолжуваме со осовременување на депонијата во с.Русино во Полошкиот регион со помош на средства обезбедени преку билатерална соработка меѓу Владата и Швајцарија до 2022 година (8 милони CHF).
- Како поддршка на локалните власти во борбата за чиста околина, ќе обезбедиме директна поддршка за набавка на 10.000 канти и контејнери на годишно ниво.
- До 2024, постепено ќе ја забраниме употребата на пластични кеси во малопродажба.
- Ќе донесеме Методологија за изработка на просторни планови која ќе одговара на современите предизвици, ќе го штити јавниот интерес и услови и потреби за користење на просторот.

- Ќе го зголемуваме квалитетот на урбаното живеење. Во урбанизмот, при изработка на новиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, ќе предвидиме:
    - Земјиштето кое е планирано или на кое има изведено парковско или заштитно зеленило или пак простор за рекреација, нема да може да се пренамени во друга намена (домување, комерцијални објекти, јавни објекти или пак објекти за производство...);
    - Одредбата која во актуелниот правилник дозволува „Површина изведена со класа на намена парковско зеленило ... да може да се пренамени во друга класа на намена само со генерален урбанистички план“ ќе се дополни со обврска да се обезбеди претходно планираната површина на друга локација, односно да не се дозволи намалување на планираните површини со намена Д1;
    - Зајакнати одредби за минимален процент на зеленило по жител на ниво на генерален урбанистички план, кој секако треба да е усогласен со Законот за урбано зеленило, но зајакнат во насока да се обезбеди минимален процент на јавно зеленило (парковско, заштитно, рекреативни простори), за разлика од Законот за урбано зеленило во кој во минималниот процент се опфатени и површините кои претставуваат најмалку 20% зеленило на градежните парцели со други класи на намена;
- Ќе иницираме измена на законот за минерални суровини за да се осигура дека по завршување на експлоатацијата, навистина се реализира санација и рехабилитација на теренот. Ќе се зафатиме со решавање и на останатите критични жаришта! Ќе направиме санација на индустриско жариште - ревитализација на депонија за индустриски отпад од рудник во Радуша. Редовно ќе се одржува системот СКАДА и пумпна станица во депонија Јегуновце и ќе се санира таложник во пречистителна станица Јегуновце.
- Ќе се спроведе санацијата на индустриското жариште, односно ќе се реши проблемот со линданот во хемискиот комбинат ОХИС, Скопје (отстранување од една од двете локации со соодветна технологија и ревитализација на локација) со обезбедени 15,5 милиони долари. Ќе се направат испитувања на третата депониска локација во ОХИС.
- Постапките на доделување концесии за користење на вода, за вадење на песок, чакал и камен од коритата на реките ќе се доделуваат еднаш годишно, со јавни расправи и учество на засегнатата јавност.
- Воведуваме забрана за изградба на нови малихидроелектани во заштитени подрачја и национални паркови.
- Ќе ја изградиме пречистителна станица за Град Скопје (136 милиони евра со вклучени 10 милиони евра грант компонента).
- До 2022 ќе ги завршиме:
    - Рехабилитацијата на канализационата мрежа во општина Кичево, реконструкција на стара канализациона мрежа - 8.24 km; Изградба на нова секундарна мрежа - 69 km; 7 пумпни станици, нови куќни приклучоци – 4.630,

- Изградба на пречистителна станица во општина Битола и рехабилитација на канализациона мрежа, 14.6 км колектор, 2 пумпни станици и 13 км канализација, (2020 –2022);
- Изградба на пречистителна станица во општина Тетово;
- Рехабилитација на канализационата мрежа во општина Тетово, изградба на колектор во должина од 19 км , надградба на секундарна канализациона мрежа во должина од 32.4 км;
- Поврзување на општина Виница на пречистителната станица во Кочани.

- До 2021 ќе ги завршиме:
  - Мерки за санација и реконструкција на колекторот и пречистителна станица во Дојран (60 милиони денари);
  - Мерки за санација на колекторот и пречистителната станица во Враниште, Охрид, (5 милиони евра).
- Ќе донесеме Стратегија за поплави и ќе изработиме Национален регистар на подземни води (2021).
- Ќе обезбедиме достоинствена санитација во руралните и средини без пристап до вода. Ќе обезбедиме суви тоалети во руралните училишта каде овој проблем не е решен и каде што нема пристап до вода. Тоа не е само замена за традиционалните, туку се еколошки, одржливи и безбедни за корисниците и за животната средина.
- Преку проектот „Развој и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот" финансиран од INTERREG IPA CBC (483.965 евра) ќе се обезбедат:
  - Една мониторинг станица за квалитет на амбиентен воздух во пограничната област Гевгелија;
  - Мерни инструменти за постоечката станица во Битола, локален инвентар на емисии во воздух за Југоисточен регион;
  - Индикативни мерења на составот на PM честичките;
  - Нов план за квалитет на воздух во Битола;
  - Оценка на здравствените ефекти од загадувањето;
  - Организација на кампањи за подигнување на јавна свест;
  - Организација на обуки за управување со квалитет на воздух.
- Ќе го зголемиме процентот на заштитени подрачја преку валоризација на подрачја за заштита и ревалоризација на заштитени подрачја (Шар Планина, Осоговски Планини, Ченгино Кале, Охридско Езеро, Студенчишко Блато, Водно, Кањон Матка и др.). Ќе се продолжи со идентификација на предлог подрачја во рамки на процесот за воспоставување на Европската кохерентна еколошка мрежа Натура 2000.

- Ќе се изготват нови Планови за управување со НП Пелистер, НП Галичица и НП Маврово. Ќе помогнеме одржливо да се користат природните ресурси преку брендирање на локални подрачја и производи.
- Ќе донесеме Планови за управување со заштитените подрачја (Шар Планина, Осоговски Планини, Преспанско Езеро, Маркови Кули и др.) и ќе изработиме Студија за валоризација на природните вредности на Јабланица. Ќе донесеме Просторни планови за Националните паркови Пелистер, Галичица и Маврово, а ќе подготвиме План за управување со повеќенаменското подрачје Јасен.
- Ќе продолжиме со изработка на Црвени листи и Црвени книги за одделни таксономски групи и нивно публицирање.
- Приоритет ни е спроведување на Договорот од Париз преку изработка на сеопфатна Стратегија и Закон за климатска акција, во согласност со Рамката на ЕУ 2030 и со перспектива до 2050 и подготовка на Национален план за енергија и клима (2021), во согласност со обврската од Енергетска заедница.
- Ќе работиме на севкупна стратегија за присопобување на најранливите сектори кон климатските промени, со приоритетни мерки анализирани низ повеќе критериуми (како број на афектирани луѓе, степен на затвореност на финасиска конструкција, постоење на одредени изработени студии итн). Со помош на Зелениот климатски фонд ќе подготвиме Национален акционен план за прилагодување кон климатските промени, како основа за подготовка на предлог проекти (2021).
- Развиваме национална Стратегија за намалување на ризикот од катастрофи, во согласност со Рамката на Сендаи за намалување на ризикот од катастрофи.
- Ќе ги забраниме и ограничиме производите кои содржат хемикалии кои се предмет на детална проценка за ризикот врз здравјето на луѓето и животната средина. Ќе обезбедиме објекти/лаборатории што ќе го оценат биоцидниот производ односно ќе го ценат ризикот и ќе ги утврдат здравствените ефекти на луѓето, животните и животната средина и целните организми, неговата ефикасност и ризици кога се користат. Ќе ги зголемиме инспекциите/капацитетите со контрола за хемиски небезбедни производи (играчки, облека). Ќе обезбедиме транспарентно информирање за содржината на секој производ преку онлајн апликација.

# 5.2 ЕНЕРГЕТИКА

Македонската економија започнавме да ја трансформираме и на ЕНЕРГЕТСКИ план. Нашиот план е фундаментално да го промениме енергетскиот профил на државата и да ја подготвиме за идните предизвици и години. Сакаме македонската енергетика да биде одржлива, диверзифицирана, евтина, со стабилни извори на понуда и домашното производство МАСОВНО да се зголеми и многу повеќе од минатото да ги задоволи домашните потреби за енергија.

## *Потврда дека ќе успееме претставуваат нашите досегашните резултати!*

- Ја вративме евтината тарифа за електрична енергија, со која кај граѓаните враќаме преку 15 милиони евра на годишно ниво.
- Ја намаливме цената на топлинската енергија во градот Скопје, (исклучените веќе не плаќаат никаков паушал) и ја вративме сопственоста над дистрибутивната мрежа на градот, т.е. таму каде што припаѓа.
- Го зголемивме домашното производство на електрична енергија,
- Ја зголемивме инсталираната моќност на електраните со погон на обновливи извори на енергија.
- Ја намаливме цената за приклучок на електродистрибутивната мрежа за 26% и сега изнесува 370евра, за разлика од претходно кога беше дури 500 евра.
- Целосно ја усогласивме домашната законска и подзаконска легислатива со европското законодавство од областа на енергетиката.
- Ги намаливме трошоците во РЕК Битола за 40 милиони евра, поради што цената на електричната енергија од АД ЕСМ, во 2019 година е намалена за 16% споредено со 2016 година. Со оваа и со другите мерки, успеавме цената на електричната енергија за нашите домаќинствата да остане стабилна, да НЕ СЕ ЗГОЛЕМИ и да биде НАЈНИСКА во цела Европа.
- Ја намаливме цената за пренос на електрична енергија за 24% во 2019 година, споредено со 2016 година.
- Приходите од продажба на вишоците на електрична енергија во 2018 година изнесуваа 22 милиони евра, споредено со оние во 2016 година кога изнесуваа десетпати помалку или само 2,7 милиони евра.
- Ја намаливме цената за пренос на природен гас за 20% во 2019 година, споредено со 2016 година.
- Во тек е реализацијата на интерконективен гасовод со нашиот сосед Грција, преку кој ќе може да се користи гас од гасоводот ТАП, но и LNG од терминалите во регионот, со што правиме диверзификација на рутите за снабдување со овој витален енергенс,

- АД ГА-МА веќе не е приватна компанија и проблем, туку решение кое работи на развојот на гасоводната мрежа во нашата држава.
- Во завршна фаза е изградбата на новите магистрални гасоводи до: Неготино, Кавадарци, Прилеп, Битола, Тетово и Гостивар.

НАШИОТ ПЛАН е трансформацијата на економијата и развојот на нашата држава да ги засноваме на чиста енергија, со постепено намалување на учеството на фосилните горива во вкупната потрошувачка на енергија. Со почетокот на изградбата на новите електрани од обновливи извори на енергија, ја започнавме енергетската транзиција и го трасиравме патот за развој на енергетиката во следните години. Од енергетски изолирана и зависна држава, ќе ја претвориме нашата држава во енергетски поврзана со сите наши соседи. Повеќе нема да бидеме краен корисник на природен гас од само еден извор, туку нашата држава ќе биде битна транзитна рута за природниот гас во цела Југоисточна Европа преку нови гасоводни интерконекции со нашите соседи. Енергетската ефикасност и примената на иновативни технологии во енергетиката ќе го намалат увозот на енергија, а нашето сонце, симболот на нашата земја, ќе биде значаен извор на енергија.

# НАШИТЕ ЦЕЛИ ЗА 20-24:

- До **2024 година над 50%** од вкупната инсталирана електрична моќност во нашата држава ќе биде од обновливи извори на енергија.
- Македонското сонце ќе биде значаен извор на енергија во нашата држава.
- Ќе ја зацврстиме нашата **енергетска независност и стабилност** со нови производни капацитети на електрична енергија и нови енергетски интерконекции со нашите соседи.
- Енергетиката повеќе нема да биде еден од главните загадувачи во нашата држава, ќе ги **намалиме емисиите на штетни гасови од енергетските извори за преку 20%.**

## *Со планот за енергетска трансформација во 20-24 предвидуваме:*

### 1. ТЕЦ НЕГОТИНО НОВА ЕЛЕКТРАНА НА ПРИРОДЕН ГАС

Во текот на 2020 година ќе биде објавен тендер за модернизација и трансформација на ТЕЦ Неготино, во постројка која ќе користи природен гас и ќе обезбеди можности за зголемено земјоделско производство.

### 2. ИЗГРАДБА НА ХЕЦ ЧЕБРЕН

По објавениот тендер за изградба на ХЕЦ Чебрен по пат на јавно приватно партнерство, регистриравме зголемен интерес и со право очекуваме почеток на изградбата на овој проект кој се заговара веќе неколку децении.

### 3. НОВИ 400 MW ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ

Со новите 400 MW фотоволтаични електрани, во домашниот електроенергетски систем, ќе се произведе чиста електрична енергија на ниво од околу 560 GWh (или околу 10% од вкупното домашно производство), при што ќе се намали испуштањето на CO2 во животната околина за

околу 750.000 тони на годишно ниво, а вкупната очекувана инвестиција би била на ниво од околу 250 милиони евра. Со ова ќе влијаеме и на отворање нови работни места за стручните кадри во нашата држава.

Сонцето, симболот на нашата земја ќе биде наш значаен извор на електрична енергија. Вкупниот инсталиран капацитет на крајот од 2017 година беше само 16,7 MW. За само три години успеавме да го зголемиме инсталираниот капацитет од фотоволтаични електрани во нашата земја, но да стимулираме изградба и на дополнителни над 75 MW нови фотоволтаични електрани, што е за скоро 5,5 пати повеќе од она што беше изградено до 2017 година. Но нема да застанеме тука, нашата цел е до 2024 година инсталираната моќност од фотоволтаичните електрани, од нашето сонце, да биде над 500 MW, од кои дури 160 MW за домаќинствата во нашата земја.

## 4. НОВИ 160 MW ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ

Во изминатите три години преку АД ЕСМ ја започнавме втората фаза на ВЕЦ Богданци, со инсталација на нови 14 MW, за да го достигнеме вкупниот капацитет од 50 MW инсталирана моќност и инвестиција вредна 21 милион евра. Градбата на оваа електрана е планирано да заврши во 2021 година.

Исто така, започнавме проект за нова ветерна електрана со инсталирана моќност од 14 MW на ВЕЦ Миравци 1, со вкупна вредност од 21 милион евра. Градбата на оваа електрана е планирана да биде во периодот од 2021 до 2023 година.

Но не застануваме тука, во следниот период планираме градба на нови 160 MW ветерени електрани и тоа:

- нова 60 MW ветерна електрана Миравци 2 во рамките на АД ЕСМ, инвестиција во вредност од околу 90 милиони евра со сопствени средства, која би се градела во периодот од 2023 до 2025 година,
- како и нови 100 MW ветерни електрани на државно земјиште со приватни инвеститори, нвестиција од преку 150 милиони евра.

Со ветерните електрани што се во тек на реализација и со новите 160 MW ветерни електрани, во домашниот електроенергетски систем ќе се произведе чиста електрична енергија од околу 520 GWh годишно (или околу 10% од вкупното домашно производство), а притоа ќе се намали испуштањето на CO2 во животната средина за околу 530.000 тони годишно. Вкупната очекувана инвестиција во наредните години за реализација на овие проекти би била околу 282 милиони евра.

## 5. НОВИ 30 MW ЕЛЕКТРАНИ НА БИОГАС

Ќе ја зголемиме квотата за градба на нови 30 MW биогасни електрани, на оние инвеститори кои при тоа ќе отворат сточарски комбинати или ќе се организираат во задруги. Висината на инсталираната моќност за градба на биогасна електрана ќе зависи од големината на сточарската фарма или задруга. Очекуваното годишно производство на електрична енергија од овие електрани би било на ниво од околу 150 GWh, а вкупната инвестиција, само во биогасните електрани, без сточарските фарми и земјоделството, би била на ниво од околу 90 милиони евра.

## 6. АД ЕСМ СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТИКА

Независноста на нашата држава, во најголем дел се темели на нашата електроенергетска независност во 90 години од минатиот век, но за жал во периодот до 2017 година нашата земја стануваше сè повеќе и повеќе зависна од увоз на електрична енергија. За само две години успеавме да го намалиме увозот на електрична енергија во нашата земја и чекор по чекор да го зголемуваме домашното производство на електрична енергија, но и да поставиме пат по кој АД ЕСМ, нашата најголема енергетска компанија, ќе се раззвива во иднина. Нашата цел во наредните години е да ги реализираме следните проекти во рамките на АД ЕСМ:

- Ревитализација и модернизација на сите три блока во РЕК Битола, со редукција на прашина и десулфуризација. Проектот е во тек, а планираната инвестиција е во вредност од 139 милиони евра (период на реализација 2019-2025).
- Ревитализација и модернизација на Блок 1 во РЕК Битола за намалување на емисии на азотни оксиди и отворање на можност за употреба на различни типови на гориво, а планираната инвестиција е во вредност од 60 милиони евра (период на реализација 2020-2023).
- Модернизација и санација на разладните кули во РЕК Битола, заради зголемување на нивната ефикасност и замена на азбест цементните материјали со еколошки прифатливи материјали, а планираната инвестиција е во вредност од 21 милиони евра (период на реализација 2020-2023).
- Набавка на помошна механизација за рудниците во РЕК Битола и опрема за дисконтинуиран систем за експлоатација (дел набавката е во тек), а планираната инвестиција е во вредност од 42 милиони евра (период на реализација 2019-2022).
- Подготовки за отворање на рудникот Живојно за континуирано снабдување со гориво на сите три блока на РЕК Битола, а планираната инвестиција е во вредност од 5 милиони евра (период на реализација 2019-2023).
- Набавка на 12 (6+6) автобуси на еколошко гориво за безбеден, евтин и чист транспорт на вработените во АД ЕСМ, со планирана инвестиција во вредност од 2,5 милиони евра (период на реализација 2020-2021).
- По воведувањето ладен оброк, ќе се воведе редовен топол оброк за сите вработени во РЕК Битола.
- Ревитализација на постојните големи хидроелектрани, со планирана инвестиција во вредност од 20 милиони евра (период на реализација 2020-2022).

## 7. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ЦЕНТАР НА БАЛКАНОТ

Во новиот четиригодишен мандат целосно ќе ја реконструираме преносната електроенерегетска мрежа, но и ќе изградиме нови далеководи, со што ќе го направиме МЕПСО регионален преносен електроенергетски центар. Планот е да ги реализираме следните проекти:

- Нов 400 kV интерконективен далекувод Битола (МК) – Елбасан (AL) и 400kV трансформаторска станица во Охрид;

- Нов 400 kV далекувод кој ќе се гради до идната електрана Чебрен заедно со 400kV трансформаторска станица во близина на електраната;
- Зајакнување на електроенергетската мрежа во целата држава со нови далеководи и трансформаторски станици, со целда се овозможатновите инвестиции во фотоволтаични и ветерни електрани во целата држава.

Во новиот мандат ќе имплементираме ново системско решение со користење на DWDM, MPLS- TP и IP/MPLS технологии, со што АД МЕПСО ќе добие конзистентен начин за обезбедување на безбедност, решавање проблеми и управување со својата мрежа.

Со раздвојување на телекомуникациските активности од основните функции на АД МЕПСО, преку посебна организациска единица која ќе обезбеди поголема флексибилност и транспарентност во работењето, ќе ја споделиме широкопојасната инфраструктура и таа ќе биде на располагање на сите оператори кои ќе сакаат да го користат т.н. Balkan Digital Highway.

Во првата година од новиот мандат ќе го реализираме тргувањето на првиот MWh електрична енергија на берзата на електрична енергија во сопственост на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО.

Ќе ги реализираме започнатите активности за спојување на нашиот пазар на електрична енергија со Бугарија, кое ќе се случи на почетокот на 2021 година, што е во правец на воспоставување на еден единствен пан-европски пазар на електрична енергија.

Следејќи ја истата цел, ќе се приклучиме кон спојувањето на сите пазари од регионот и тоа:

- До 2023 година спојување во регионот Романија – Бугарија - Северна Македонија – Грција;
- До 2025 година, меѓусебно спојување на пазарите од целиот регион на Југоисточна Европа (Грција - Северна Македонија – Бугарија – Косово-Албанија - Црна Гора – Србија – Босна – Хрватска – Словенија - Романија).

Со сите овие активности ќе овозможиме поголема конкурентност на пазарот на електрична енергија, поголема ценовна транспарентност, но и ќе влијаеме кон постигнување пониски цени на пазарот на електрична енергија во нашата земја.

## 8. ГАСНИ КОРИДОРИ

Во изминатите три години, со неуморна и постојана работа, го проектиравме и започнуваме со реализацијана интерконективниот гасовод со нашиот сосед Грција, од каде ќе може да се користи гас од ТАП, но и LNG од терминалите во регионот, со што ќе направиме диверзификација на рутите за снабдување и ќе ја засилиме нашата енергетска независност преку:

- Завршување на магистралните гасоводи низ републиката и брз развој надистрибутивни мрежи за домаќинства, административни, комерцијални и индустриски објекти;
- Покрај главниот интерконектор со Грција, главен предизвик на владата на СДСМ во 2020 година ќе биде обезбедување на републиката со сопствен, сигурен и независен извор на природен гас, заедно со своите стратешки партнери.

Во ЕНЕРГЕТСКАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА 20-24 сакаме секој граѓанин да добие можност да биде енергетски производител и, секако, корисник на еколошки чиста и поефтина енергија. За таа цел, предвидуваме посебни, иновативни и високоефективни проекти за:

## Соларни термални колектори на секој дом

Со оглед на фактот дека голем дел од електричната енергија се троши за санитарна топла вода во нашите домови, а со цел намалување на потрошувачката на електрична енергија и зголемување на енергетската ефикасност, сите домаќинства, кои ќе инсталираат на своите домови соларни термални колектори за производство на санитарна топла вода, од домашни производители, ќе се субвенционираат со средства во висина од 300 евра. Очекуваме со оваа мерка да бидат опфатени околу **100.000 домаќинства** во период од четири години, за што од домашниот буџет би биле одвоени околу **30 милиони евра**.

Вкупната заштеда на електрична енергија со оваа мерка би била на ниво од околу 150 GWh годишно или околу 1 500 kWh по домаќинство, што значи 25% помали трошоци за електрична енергија за домаќинствата. Оваа мерка ќе придонесе за намалување на емисиите на CO2 во атмосферата за околу 200.000 тони годишно, а вкупната очекувана инвестиција би била на ниво од околу **45 милиони евра.**

## Топлинска енергија

Ќе воспоставиме иста цена за топлинска енергија и ангажирана моќност во градот Скопје за сите потрошувачи по категории приклучени на топлификациската мрежа, независно во која општина и населба во градот Скопје живеат или ја остваруваат својата дејност.

Исто така, во следниот период ќе ја намалиме цената на топлинската енергија преку изменет пристап кон корисниците во кој приоритети ќе бидат зголемување на бројот на приклучени корисници, развој на оптимален концепт на дистрибутивната мрежа заради оптимизација на изворите и намалување на загубите при преносот, проширување на мрежата и рационализирањето на трошоците и инвестициите, наспроти максимизирањето на профитот.

Ќе го субвенционираме приклучувањето на топлификациониот систем, но и државата ќе даде помош за проширување на дистрибутивната мрежа.

Преку АД ЕСМ ќе го изградиме топлификациоцки систем за Битола, Могила и Новаци за јавните објекти во градот, што значајно ќе го намали загадувањето, а корисниците ќе добијат чист и евтин начин на затоплување.

Ќе го прошириме снабдувањето со топлинска енергија на населбите Чаир, Бутел, Скопје Север, Маџари 2 и Лисиче со проширување на топловодна мрежа. Со приклучување на комбинираната електрана КОГЕЛ од 30 MW, се отвораат можности за флексибилно производство на електрична и топлинска енергија, балансни услуги и испорака на енергија.

Дрвата, мазутот, нафтата за домаќинства, повеќе нема да бидат извор за загревање на јавните установи. Во следниот период во сите јавни установи во државата (болници, училишта, градинки, касарни...) ќе бидат инсталирани еколошки извори за загревање. Таму каде што веќе има топлификациски или гасоводна мрежа, јавните установи ќе се греат на топлинска енергија од дистрибутивната мрежа или на гас, а на местата каде што тоа не е доспатно, ќе се инсталираат топлиснки пумпи.

## Стимулации за нови мали когенеративни постројки

Ќе ги стимулираме индивидуалните домаќинства и зградите за колективно домување, како и јавните објекти (болници, школи, градинки...) да инвестираат во когенеративни уреди за производство на електрична топлинска енергија. Целта е топлинската енергија да се користи за домашна употреба, додека произведената електрична енергија да се продава на снабдувачи на електрична енергија, која при тоа ќе има однапред определена цена од страна на РКЕ и ќе биде откупена согласно таа цена определена од РКЕ од страна на МЕМО – операторот на пазарот на електрична енергија. На овој начин, ќе помогнеме во решавањето на еколошките проблеми, бидејќи тоа решение е најатрактивно за корисниците кои се греат на дрва, електрична енергија или нафта. Исто така, во сите болници и јавни здравствени установи, во соработка со Министерството за здравство, ќе се инсталираат когенеративни постројки за производство на електрична и топлинска енергија.

Преку АД ЕСМ во период од 2022 до 2024 година планирана е градба на нова когенеративна постројка од 50 MW во склоп на постојниот објект ЕНЕРГЕТИКА во Железара, со што ќе се овозможи дополнително производство на електрична енергија, а ќе се задоволат потребите за топлинска енергија на поевтин начин. Предвидено е инвестицијата да биде на ниво од 35 милиони евра.

## Комуналниот отпад ќе стане извор на енергија

Во рамките на регионалните депонии ќе поттикнеме изградба на станици за селекција на комуналниот отпад и користење на отпадот за производство на електрична енергија со повластена цена и со гарантиран откуп на произведената енергија. Со ова ќе ја исчистиме целата држава од комунален отпад, а при тоа тој ќе биде рационално искористен. Исто така, новата Влада предводена од СДСМ ќе набави МОБИЛНА ИНСЕЛЕРАТОРСКА СТРАНИЦА со која ќе може да се пристапи до постојните локации на кои неовластено се депонира комунален отпад и согласно со највисоките европски стандарди, ќе се врши согорување на овој отпад, а при тоа ќе се произведува електрична енергија во рамките на инселераторот.

## Формирање модел на Енергетски задруги

Во рамките на локалната самоуправа, ќе ги поттикнеме општините да обезбедат земјиште, со сите потребни дозволи и градежна документација, на кое ќе може граѓаните од таа општина здружено (секој согласно своите желби и можности) да инвестираат во нови производни капацитети за електрична енергија од обновливи извори на енергија со повластена цена на проеизведената електрична енергија, определна од страна на РКЕ (фотоволтаични електрани, ветерни електрани, мали хидроелектрани или електрани на биомаса). За сето ова ќе се донесе нова подзаконска регулатива што ќе ги овозможи новите енергетски задруги.

# Изборна програма

**ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА**

5

СИТЕ ЗА ЕКОДРЖАВА

6

ВЛЕГОВМЕ ВО НАТО, МОЖЕМЕ И ВО ЕУ

# ВЛЕГОВМЕ ВО НАТО, МОЖЕМЕ И ВО ЕУ

“

ОД ЕВРОПСКИ С
ОБЕЗБЕДУВАМ
ЕВРА ЗА СЕВЕР

”

ФОНДОВИ
Е 2,5 МИЛИЈАРДИ
НА МАКЕДОНИЈА.

# 6.1 #МКВОСВЕТОТ

## *СТАНАВМЕ ЧЛЕНКА НА НАТО, ПРЕГОВАРАМЕ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ*

За да ги заштитиме и унапредиме државните интереси и да го одржиме присуството, влијанието и улогата на Република Северна Македонија во меѓународните процеси ќе продолжиме да развиваме и водиме активна, храбра, модерна и респектабилна надворешна политика.

### *ОД ИЗОЛАЦИЈА ДО ИНТЕГРАЦИЈА!*

За три години државата, од меѓународно изолирана, успеавме да ја вратиме на правиот пат. Од држава раскарана со соседите, со закочени евроатлантски процеси, со неизвесна и бесперспективна иднина, денес сме препознаени како држава-пример која носи храбри одлуки за иднината. Држава-фактор на стабилност и просперитет на регионот. Угледот на државата е повторно вратен!

Преспанскиот договор со Грција и Договорот за добрососедство со Република Бугарија ги отвори широко вратите за нашето членство во НАТО и Европската Унија.

Ја оствривме повеќедецениската стратешка цел, членство во НАТО! Тоа значи мир, стабилност, сигурна иднина. Со НАТО ја обезбедивме целовитоста на државата.

Патот на европските интеграции е отворен. Членството во Европската Унија нема алтернатива.

### *РАМО-ДО-РАМО ВО НАТО*

Република Северна Македонија, иако мала земја, во НАТО е рамноправен партнер и контрибутор кон светскиот мир и безбедност.

Членството во најмоќниот сојуз ќе го искористиме мудро и стратешки. Сојузот е извонредна шанса за мала држава со ограничени ресурси да ја зголеми својата специфична моќ и да ја искористи за свое влијание. За таа цел, ќе обезбедиме активна и способна Мисија во НАТО која на дело ќе покаже дека државата има знаење, искуство и нов модерен дух на работа и соработка.

- Ќе воведеме редовни ротации на вработените во МНР, МО, ДБКИ и АНБ за да инвестираме во мултисекторско знаење и поголема меѓуресорска комуникација.
- Овој кадар ќе биде неопходен и за пополнување на нашите државни позиции/ соодветната застапеност во структурите на НАТО. Ќе идентификуваме и цивилен персонал кој поседува специфични знаења и вештини од особен интерес на Алијансата кој директно ќе биде вработен од организацијата и соодветно ќе придонесе кон безбедноста во северноатлантската област.
- Ќе се специјализираме, во духот на концептот на „паметна одбрана". Информациите и лажните вести, како и стратешките комуникации и односите со јавноста стануваат безбедносни прашања од највисок приоритет. Имаме искуство и знаење кое може да го

понудиме и да го надградиме: Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ), во рамки на Министерството за одбрана, како акредитиран НАТО Центар за обука и едукација, ќе го развиеме како Регионален центар за борба против дезинформации и лажни вести за потребите на јужното крило на НАТО, во тесна соработка со Центарот за извонредност за стратегиски комуникации во Рига. Во согласност со потребите и насоките од НАТО, како долгорочна цел истиот би прераснал во Центар за извонредност за односи со јавноста.

- НАТО е шанса и за нашата бизнис заедница. Со полноправното членство, за нашите компании се отвори и големиот ланец на набавки/снабдување со производи за потребите на НАТО Алијансата. Ги обезбедивме првите информации и контакти со соодветните НАТО агенции, а во новиот мандат стратешки ќе помогнеме на сите наши заинтересирани фирми поорганизирано да ја искористат оваа шанса за развој и поголем извоз.

## ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НЕМА АЛТЕРНАТИВА!

Република Северна Македонија ги исполни сите услови за почеток на пристапните преговори за полноправно членство.

Самитот на Европската унија тоа го потврди во март 2020 година, носејќи одлука да ги отвори преговорите со Република Северна Македонија, без никакви условувања.

Новата методологија која ЕУ ја усвои за преговарање е во согласност со тоа што ни е и нам најважно. Преговорите да бидат суштински, предвидливи и ефикасни, со единствена и неоспорна крајна цел: полноправно членство во ЕУ. Ги почнавме преговорите со ЕУ – знаеме како успешно да ги спроведеме!

## СОСЕДИ-ПРИЈАТЕЛИ

Предводник во регионот - тоа денес е Република Северна Македонија, која под водство на СДСМ заедно со граѓаните ја врати позитивната клима на соработка, доверба и почитување меѓу државите во регионот.

Република Северна Македонија иако мала земја, проактивна е во градењето на мостови и пријателства со сите држави со кои споделува заеднички вредности и интереси.

Ќе отвориме 6 нови гранични премини со соседите со цел да овозможиме полесна комуникација на пограничните места и тоа Стрезимир-Рестелица (со Косово), Мајден- Промахи и Маркова Нога (со Грција), Клепало (со Бугарија), Лојане-Миратовац и Голеш- Босилиград (со Србија), и Џепиште-Требиште (со Албанија).

## НОВИ ИНЦИЈАТИВИ: ПРЕСПА – СИМБОЛ НА ИДНИНАТА!

Преспа како географски регион обединува три држави, три нации, различни етнички групи, јазици, традиции, култури. Нејзиното богатство од различности ги обединуваат исклучителните природни богатства и културно историското наследство.

Затоа, ќе ја покренеме иницијативата за Регионален центар за дијалог – Преспа форум. Регионален форум за добрососедство и решавање на билатералните прашања, но и форум од каде ќе произлезат нови инцијативи за регионална соработка.

Овој регионален центар ќе ја развива прекуграничната соработка, дијалогот, меѓусебното разбирање и надградба на пријателските односи меѓу трите држави, поврзувајќи го граѓанскиот сектор и државните институции, особено локалните власти. Ќе биде лоцирана блиску до нашата граница со Грција и ќе се финансира преку Европската Унија, преку програмата ЕУ ИПА 2021, чија што реализиција ќе почне во втората половина на 2022 година.

Секоја година ќе ги каниме регионалните лидери на 17 јуни да се обратат на младите од регионот токму од Преспа, местото кое што стана симбол на добрососедство и соработка.

Во рамките на форумот ќе го поддржиме процесот на формирање наканцеларии за младинска соработка МК-ГР, како и сите активности и проекти на канцелариите кои ќе овозможат размена на искуства и поврзување на младите од двете земји.

Оваа иницијатива и проект поддржан од ЕУ, во вредност од 18 милиони евра, во себе ќе има и две клучни компоненти кои имаат за цел – да ги подобрат условите за живот на жителите во Преспанскиот регион, преку новата прекугранична димензија, и втората цел е одржлив економски развој преку туризмот и земјоделието.

## ПРОАКТИВЕН МУЛТИЛАТЕРАЛИЗАМ

Водејќи препознатлива политика, активно ќе учествуваме во работата на Совет на Европа, ООН, ОБСЕ, СТО, УНЕСКО како и во сите останати меѓународни организации во кои членуваме, ќе настојуваме да го промовираме успешниот модел на меѓуетничките односи во земјата и добрососедска политика.

Република Северна Македонија е кредибилен партнер во борбата против тероризам и членка на Глобалната коалиција за победа над ИСИС. Во таа насока силно ја поддржува улогата на НАТО во борбата на меѓународната заедница против тероризмот.

## МЕЃУНАРОДНА СОЛИДАРНОСТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОВИД-19

Глобалната здравствена криза и борбата против корона вирусот, како никогаш во послединиве 50 години, ја засили потребата  од меѓународната солидарност меѓу државите и народите.  Соработката и синхронизираните активности под чадорот на НАТО, ЕУ и ООН, и други меѓунардони организации станаа важен дел во борбата против КОВИД-19.

### Спремни го дочекавме ударот

Република Северна Македонија, многу порано, од повеќето други земји, ги започна подготовките за борбата со корона вирусот, и здравствениот систем спремно го дочека тој бран. Институциите на државата, здравствениот систем и граѓаните, заеднички ја добија првата битка со корона вирусот.

Пакетот економските мерки преземени од владата предоводена од СДСМ,  за зачувување на економијата и работните места истотака ги дадоа своите резултати. Тоа го потврдија и анализите и проекциите на Светска банка за влијанието на кризата врз економијата, според која Република Северна Македонија, токму поради членството во НАТО и преговорите со ЕУ, како и економските политики од изминативе три години, најдобро и најбрзо ќе се справи со кризата споредбено со другите земји од Западен Балкан.

### И во добро, и во лошо - ЕУ и НАТО се силни сојузници

Светската КОВИД криза покажа колку се важни сојузништвата. Членството во НАТО и отворените преговори за членство во ЕУ ја потврдија важноста да се биде рампНОравен член на овие големи семејства и во време на развој и во време на криза. Финансиската поддршка од 160 милиони евра од ЕУ како и поддршката во медицински материјали за полесно справување со кризата не изостанаа. Солидарноста помеѓу НАТО членките беше на највиско можно ниво.

Во рамките на ЕУ и НАТО се повеќе се говори за нов „Маршалов план" за поддршка и зајакнување на економијата, план во кој несомнено и Република Северна Македонија како земја членка на НАТО и земја која преговара за членство во ЕУ ќе биде дел.

## ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА

Успехот на јавната дипломатија е во директна корелација со политичката стабилност на државата, подигањето на нивото на демократијата, човековите права, владеење на правото, слободата на изразувањето, односно примената на сите современи демократски стандарди што ја одредуваатпрвичната слика за една држава во меѓународната заедница.

За таа цел ќе ја поттикнеме дебатата и дијалогот помеѓу властите, бизнис секторот, академската заедница, невладиниот сектор и другите актери, за тоа како и во кои области можеме да развиеме организирана стратегија на јавна дипломатија.

Ќе направиме Стратегија за јавна дипломатија која внимателно ќе ги одреди целите и насоките, како и задолженијата на сите засегнати и надлежни институции, и ќе ги усогласи надворешно-политичките цели и националната културна политика. Во изготвување на оваа стратегија покрај претставници од владините институции ќе бидат вклучени и невладините и меѓународните организации. Во рамки на зајакнатата јавна дипломатија ќе направиме повеќегодишен план со јасна динамика за отворање Културни центри во Загреб, Париз, Брисел, Берлин, Лондон и Копенхаген, ќе започнеме нови програми за меѓународна размена и стипендии, ќе ги поттикнеме универзитетите за поизразена меѓународна соработка и ќе склучиме 10 стратешки партнерства помеѓу градовите во Северна Македонија и градови од земји во регионот и Европа.

Културната дипломатија како „мека моќ" (soft power) има долготраен ефект и влијание. Таа е алатка за меѓусебно разбирање, и служи како основа за градење на попозитивни односи, главно меѓу луѓето и заедниците, а подоцна и меѓу државите со нивниот институционален капацитет.

Во рамките на развивањето на јавната дипломатија, ќе формираме Мрежа на наши успешни државјани во странство и ќе ги повикаме да помогнат во нашите напори за промоција на државата. Ќе направиме и Таргетирана промоција на економските, културни и туристички потенцијали: „Земја на можности" (со акцент на новите успеси во културата: Оскари, Евровизија).

## КВАЛИТЕТНА ДИПЛОМАТСКА МРЕЖА

Ќе инвестираме во квалитетна дипломатска мрежа, со оптимизација на дипломатските претставништва и зајакнати човечки и технички капацитети во нив. Во Секторот за јавна дипломатија ќе се врши конкретна и темелна подготовка на дипломатскиот кадар со елементи

за нивното дипломатско делување во насока на јавната, културната и економската дипломатија.

Ќе ги отвориме нашите амбасади за млади кои студираат или живеат во странство за стажирање или работа на определено време.

Квалитетна дипломатска мрежа значи ефикасни амабсади и конзулати. Пандемијата со КОВИД-19 тоа го потврди. Македонските ДКП-а за краток период успеаа да вратат во државата 3.870 македонски граѓани кои заради затворени граници и аердроми останаа низ многу држави низ светот. Брзата и ефикасна реакција на Владата и Минстерството за надворешни работи успешно ја завршија операцијата за репатриација на македонските граѓани.

Ќе фаворизираме е-Амбасади. Ќе ги дигиталитизираме услугите на нашите сограѓани кои патуваат надвор од земјата, или се на привремен и постојан престој надвор до Република Северна Македонија преку вовдедување на апликација „е-Амбасада" со цел нашите ДКП-а навремено да излезат во пресрет на потребите, барањата на нашите сограѓани.

Апликацијата „е-Амбасада" ќе овозможи граѓаните да:

- закажуваат термин во Амбасадата/конзулатот за издавање на документ/патен-лист,
- во случај на несреќа/смртен случај/или друга потреба да ја алармира Амбасадата/Конзулатот.

## ГРИЖА ЗА НАШАТА ДИЈАСПОРА

Ја донесовме првата Национална стратегија за соработка со дијаспората. Со тоа поставивме силен мост кој ќе резултира со квалитетна и конструктивна соработка помеѓу државата и дијаспората во повеќе области, како: политичко-правни и конзуларни прашања, економија, образование, наука, млади и култура. Веќе три години по ред обезбедуваме финансиска поддршка за проекти од дијаспората и поддржавме преку 50 проекти од дијаспората. Ова ќе го продолжиме.

Согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите овозможивме финансиска поддршка и за инвеститорите од дијаспората. Притоа, за почетни инвестициски вложувања, споредбено со домашните и странските инвеститори, за инвеститорите од дијаспората финансиската поддршка од државата е поголема за 10%.

Во периодот што следи предвидуваме:

- Континуирано унапредување на човечките капацитети и на техничката опременост на македонските ДКП;
- Континуирано продлабочување на соработката на ДКП со македонските организации и организациите на другите етнички заедници во дијаспората, регистрирани во земјите на престој;
- Формирање на Национален совет за дијаспора;
- Побрзо и полесно добивање патни исправи, лични документи и друга документација за дијаспората;
- Зголемување на бројот на наставници по мајчин јазик за реализација на наставата за децата во дијаспората;

- Воспоставување на Годишна програма за култура за дијаспората во Министерството за култура.

За нас, дијаспората е составен дел од нашата држава. Само заедно можеме да одиме напред, само заедно можеме да ја трасираме оваа држава на правиот пат.

## ЕКОНОМСКИ ПОВРЗАНИ

Со интегративна економска дипломатија ќе ги развиваме и промовираме капацитети и можностите на македонската економија. Тоа ќе го направиме со функционално интегрирање на сите економски и државни субјекти (ресорните министерства кои покриваат економски прашања, Државниот завод за ревизија, општините, стопанските комори, индустриските кластери, универзитетите, Фондот за иновации, дипломатско конзуларните преставништва, технолошко-индустриските зони како и останатите бизнис заедници) кое ќе се приспособи на странските пазарни специфичности и ќе биде отворено кон странските директни инвестиции.

Министерството за надворешни работи ќе ја има улогата на координатор во спроведувањето на интегрираната економска дипломатија. Дипломатската служба ќе ја зајакнеме со капацитети на финансиско-економска експертиза која стручно ќе помага во изработувањето на длабински анализи заради препознавање на можностите на странските пазари, а се со цел зголемување на извозот на македонските производи и услуги, промоција на туризмот како и корпоративно ширење на македонските претпријатијата надвор од домашниот пазар. Во нашите дипломатско-конзуларни претставништва ќе дадеме шанса на македонските стартапи да организираат средби со потенцијални инвеститори или партнери.

Со ваков интегриран пристап, дипломатската служба:

- ќе помага во изработување на анализи за конкретни состојби на индустриите на странските пазари и пронаоѓање на компатибилни деловни партнери за соработка,
- ќе помага во изработување на анализи за потребите на домашните компании за влегување и освојување на странските пазари,
- ќе помага во обезбедување на информации на заинтересирани странски компани кои имаат намера да вложуваат во Северна Македонија,
- на барање на домашни претпријатија ќе помага во изработување на длабинско правни и финансиски анализи за потенцијални хоризонтални и вертикални деловни активности (спојувања и преземања),
- ќе помага во обезбедување на деловни контакти, ќе ги организира и координира сите потребни активности за посети на деловни делегации,
- ќе укажува на можноста за учество на меѓународни тендери,
- ќе помага во правни спорови настанати како резултат на прекршување на трговски/ деловни договори,
- ќе води проактивно учество во Светската трговска организација,
- посебно ќе води сметка за привлекување на инвестиции во социјално одговорни еколошки компании кои ќе го редуцираат и намалат загадувањето на животната средина.

# 6.2 БЕЗ БЕЗБЕДНОСТ НЕМА РАЗВОЈ

Членството во НАТО е нашиот најголем државен успех. Го оствaривме сонот на основачите на македонската независна држава. Станавме дел на најмоќната воено-политичка алијанса која светот ја видел, како една меѓу еднаквите.

Ова не го гледаме како крај туку како почеток на едно ново поглавје во историјата на нашата земја: безбедноста ни дава шанса и сила да бидеме поамбициозни и посилни во сферите на економија, добро владеење и правна држава.

Со членството во Северноатлантската договорна организација како и идното членство во Европската Унија, продолжува изградбата на способностите за колективна одбрана, кооперативна безбедност и управување со кризи. Прашањето на опстанокот е затворена тема, а стабилноста, развојот и иднината на државата остануваат приоритет.

Важноста на одбраната и членството во НАТО се покажа и во текот на вонредната состојба предизвикана од пандемијата со коронавирусот КОВИД-19. Во тешки и животнозагрозувачки услови, Армијата повторно го положи тестот со зголемена улога и одговорност во поддршка на полицијата, здравствениот систем, државните и локалните институции. Нашето успешно справување со последиците на пандемијата на КОВИД-19 беше возможно само со мобилизирана и подготвена Армија за што придонесоа бројните НАТО обуки и вежби. Дополнително, првата помош во поглед на заштитен материјал и опрема пристигна преку НАТО механизмот - Центар за одговор на непогоди (Euro-Atlantic Disaster Response Coordination Centre).

Одбраната е важен дел од безбедносната политика на нашата држава. Ефективната одбрана е обезбедена како од воените, така и од цивилните способности, активности и ресурси, од јавниот и приватниот сектор, како и од граѓанското општество.

Нашата земја ја смета сопствената безбедност и безбедноста на нејзините сојузници како неделива и обратно, факторите кои влијаат врз безбедноста на сојузниците, исто така, влијаат и на нашата држава.

Во нашето секојдневие се соочуваме со комплексни безбедносни предизвици и закани - глобален тероризам, хибридни и сајбер закани, бегалски кризи, климатски промени, недостаток на храна, лажни вести и медиумски манипулации, пандемии од заразни болести и други безбедносни предизвици кои имаат големо влијание на геополитиката и регионот. За справување со овие безбедносни предизвици неопходна ни е силна, применлива и одржлива безбедносна и одбранбена политика насочена кон развивање на способности и капацитети за справување со истите како и зајакнување на цивилните капацитети и способности за обезбедување соодветна превенција, рано предупредување, намалување и управување со ризици преку зајакнување на отпорноста на заедницата.

Целта на нашата одбранбена и безбедносна политика е да обезбеди мирен развој, независност и суверенитет на државата, територијален интегритет, уставен поредок и безбедност на граѓаните. Новата Влада на СДСМ ќе подготви нова Национална безбедносна стратегија во согласност со новиот безбедносен статус-полноправна членка на НАТО и соодветно на принципите и обврските кои произлегуваат од членството во Алијансата.

Преку принципите на транспарентност, одговорност и отчетност од една страна, и одржливост

и спроводливост на политиките базирани на продуктивноста и досегашните резултати од друга страна, ќе ги продолжиме успешните реформи во одбранбениот сектор.

За воспоставување на одржлив систем на одбраната ќе продолжиме со стабилно финансирање на одбраната и достигнување на 2% од БДП за одбранбениот буџет до 2024 преку пораст за 0,2% од БДП секоја година. Стабилно финансирање значи стабилна и силна Армија и вистински придонес во Алијансата.

Силна Армија значи и силна поддршка на државата во услови на кризи и акции за заштита и спасување на национално ниво. Силна Армија ќе биде и силна поддршка на цивилното општество.

## 2 ГОДИНИ = НАТО+

Во овие три години, успеавме во мисијата која за многумина изгледаше невозможна – полноправно членство во НАТО, најмоќниот военополитички сојуз во историјата на човештвото.

Храбрите политички одлуки и крупните одбранбени реформи беа клучот на овој државен успех. За само една година, во соработка со стратешките партнери и НАТО ги дефиниравме сите реформски чекори: го донесовме Стратегискиот Одбранбен Преглед – СОП-2018 (2018-2028) и Долгорочниот план за развој на одбранбените способности (ДПРОС) 2019-2028, поддржани со консензус.

Реформите не останаа на хартија. За нив обезбедивме пари и покажавме дека промените можат да бидат видливи на секој чекор. Реформите значеа поголема безбедност, историски успех, но и посилна и поценета Армија. Владата предводена од СДСМ донесе одлука и секоја година го зголемуваше одбранбениот буџет за 0,2 процентни поени од БДП на годишно ниво, со цел до 2024. година тој износ да достигне 2% од БДП.

### *Со вистински план, зголемени средства и видлива политичка волја:*

- Ја подмладивме Армијата. Во само три години, примивме 625 нови млади професионални војници и 90 млади офицери, од кои и 30 со завршен „цивилен“ факултет, за потребите на специфичните служби во Армијата.
- Значително го подобривме стандардот на сите припадниците на Армијата, но и на административните службеници во Министерството:
    - Ги зголемивме платите на целиот воен персонал во Армијата за 16%;
    - Ги зголемивме платите на цивилните лица на служба во Армијата (чија плата со години стагнирала) за 28%;
    - Покрај порастот на плата за административните службеници во одбраната од година за 5%, го исплативме и додатокот за кариера;
    - За сите вработени во Армијата и Министерството за одбрана ги исплативме

јубилејните награди согласно Колективниот договор во висина од една нето просечна плата во Републиката.

- Дополнително, за секој во Армијата обезбедивме Додаток за станбено обезбедување т.н станарина, во висина од околу 8.000 денари месечно.
- Со измените на Законот за служба во Армијата, обезбедивме по прв пат пензионирање под поповолни услови за припадниците на Армијата кое досега се користеше само кај МВР: 10 најдобри години од работниот стаж и полна пензија од 80%, бенефициран стаж за сите припадници на Армијата.
- Никој професионален војник над 45 години не го оставивме на цедило! Обезбедивме отпочнување на втора кариера за првата група од 97 професионални војници со навршени 45 години возраст, кои својот работен статус го продолжија во Управата за извршување на санкции како затворска полиција.
- Физички подготвена Армија бара инвестиции. Започнавме со програмата за обезбедување на спортска облека и спортска опрема за сите воени лица и во сите поголеми објекти. Веќе се набавија спортски комплети за над 1 200 припадници и спортска опрема за 3 касарни.
- После деценија од срамни вести за состојбите во обезбедувањето основна опрема за Армијата (чизми, униформи, основни средства), покажавме дека ако се сака, се може. Во половина мандат обезбедивме нови чизми и нови униформи за сите припадници на Армијата.
- Ги зголемивме надоместоците за сите припадници во Армијата кои заминуваат во мисии надвор од земјата со што им овозможивме дополнителни примања од 3.000 до 4.500 евра за една ротација во зависност од чинот.
- Обезбедивме повисоки надоместоци за воздухопловците, медицинскиот кадар и припадниците на Лесната пешадиска борбена група.
- Обезбедивме исплата на финансиски надоместок во висина од 25.000 денари за времетраење на доколувањето на лица со цивилни факултети за офицери за потребите на Армијата.
- Обезбедивме законска можност за дополнителен ангажман на специјалистичкиот воено-медицински персонал во јавното здравство.
- После 16 години, набавивме нови инженериски машини за потребите на Армијата, но и за поддршка на цивилните структури во општеството.
- Ги обезбедивме првите 33 оклопни возила на тркала како дел од првиот проект за модернизација на Армијата, преку Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на САД.
- Министерството за одбрана стана институција која секоја година е во првите три најдобро оценети државни органи по прашањето на транспарентност и интегритет. За само две години видливо го зголемивме бројот на фирми кои учествуваат во јавните набавки, а со тоа ја зголемивме конкуренцијата.
- Овозможивме донесување нов Закон за јавни набавки во одбраната и безбедноста

што ќе овозможи ефикасна реализација на Планот за опремување и модернизација на Армијата која што е веќе отпочната со набавка на неборбените моторни возила како и специјални транспортери за потребите на декларираните сили;Обезбедивме заштита на воздушниот простор на нашата земја како членка на НАТО со потпишување на билатералниот договор со Република Грција за воздушно патролирање – AIR POLICING.

- Во врска со обуката, образованието и вежбовните активности, во 2019година на армискиот полигон Криволак се одржа најголемата воена вежба во нашата земја – „Одлучен удар", со учество на околу 3.000 припадници на армиите на повеќе земји. Во текот на 2019 година одржани се 32 планирани меѓународни вежби, што е за 7 повеќе од 2018 година. Дополнително, одржани се и 5 вежби во Симулацискиот центар на Армијата. Формиравме и работна група со претставници од министерството и Армијата, за реализација на сите активности поврзани со модернизација и опремување на АП Криволак.
- Потпишавме нов Колективен договор со репрезентативниот синдикат во одбраната.
- Согласно Законот за еднакви можности, одредивме координаторка и заменик-координаторка за еднакви можности на жените и мажите, како и членка на Интер-ресорска работна и советодавна група.
- Активно работиме на родовата перспектива преку зголемување на бројот на жените во одбраната.
- Изработивме и Упатство и Водич за справување со вознемирување на работно место, вклучително и сексуално вознемирување. Ја создадовме и првата група од 35 родови советници кои ќе ни помагаат во оваа мисија.
- Го зајакнавме нашето присуство во одбранбено-дипломатската мрежа и Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО и продолжуваме да работиме на понатамошна пополна на позициите во насока на зајакнато национално присуство и рамноправно учество во донесување на одлуките во Алијансата.
- Интензивирајќи ја соработката со ЕУ во контекст на заедничката безбедносна и одбранбена политика, го подигнавме реномето на Република Северна Македонија во контекст на европската одбрана. Ја разработуваме соработката во доменот на справување со хибридни закани, ја развиваме идејата за Регионална одбранбена Академија под покровителство на ЕУ, започнавме подготовки за учество во ЕУ мисијата во Централноафриканската Република, продолжуваме со зајакнати контакти со Воениот комитет на ЕУ и континуирано вршиме едукација на експерти.
- Центарот за обука на пилоти продолжи да функционира во насока на обезбедување и произведување на што поголем број пилоти за потребите на Армијата, но и со модернизација на симулаторите. За првпат обезбедивме исплата на финансиски надоместок за кандидатите за пилоти за време на нивното школување.
- Го потпишавме и договорот со НАТО за DEEP програмата – Defense Education Enhancement Program – со што преку оваа програма НАТО се обврзува да помогне во јакнење на способностите и капацитетите на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски".
- Преку зголемена улога со дополнителни законски обврски и одговорности во услови на вонредна состојба, Армијата беше еден од главните столбови во државата во

ефикасното справување со пандемијата од заразната болест – коронавирусот. За кратко време ги ставивме во функција сите потребни ресурси, успеавме да набавиме потребна количина соодветна заштитна медицинска опрема за припадниците на Армијата за справување со овој здравствен предизвик. Како земја-членка на НАТО, го искористивме механизмот за помош преку НАТО Центарот за одговор на непогоди – Euro-Atlantic Disaster Response Coordination Center.

## ПРОДОЛЖУВАМЕ СО ИСТАТА АМБИЦИЈА

Членството во НАТО е нашиот најголем државен успех. Продолжуваме со уште повеќе знаење, посветеност и изразена амбиција да ја градиме државата како рамноправна членка на најмоќниот воено-политички сојуз која има што да понуди и знае кои и се нејзините клучни интереси.

Ќе продолжиме да обезбедуваме стабилно и проектирано буџетирање во одбраната до исполнување на 2% од БДП до 2024 година;

- Платите ќе продолжат да растат! Секој припадник на Армијата треба да биде високо мотивиран и професионален. Затоа, ќе продолжиме со грижата за сите припадници на Армијата, нивна надградба, образование и обука.
- Воената професија е повторно атрактивна! На последниот конкурс за професионални војници за секое место имаше пријавено повеќе од 10 кандидати. Тоа покажува дека ја вративме вербата во Армијата како добар работодавец и дека членството во НАТО прво се чувствува токму во одбранбениот сектор. Ќе продолжиме со градење на посилни врски со младите (летни кампови за средношколци, практична настава и стажирање во единиците на Армијата, веб апликации, социјални мрежи, посета на средните училишта), општините („Граѓански саат" - организирање средби на претставниците на Министерството за одбрана со граѓаните во општините, тактичко-технички зборови на опремата низ градовите), соработка со невладините организации и високообразовните институции.
- Ниту еден професионален војник кој ќе наполни 45 години, не треба да се грижи за својата егзистенција: како што најдовме решение за сите 97 војници изминатиот период (главно во затворската полиција, со одлични услови за работа и финансиски примања), така ќе  обезбедиме работа во различни државни и локални институции и во наредниот период. Заедно со општините и градот Скопје, ќе понудиме решение за вработување на поранешни професионални војници како постојана служба за безбедност во училиштата.
- На професионалните војници законски ќе им понудиме и нова опција: финансиски пакет со определен износ, ако по 45 години не сакаат да преминат во друга институција.
- Во првата година од мандатот на новата Влада, во договор со банките, ќе им овозможиме на професионалните војници поволни услови за добивање станбен кредит.
- Повеќе грижа за физичката подготвеност на припадниците на Армијата преку инвестиции во објекти и во спортска опрема. Во 2020 година ќе обезбедиме спортска

опрема за сите припадници на Армијата и заедно со МВР, ќе ја обновиме салата во касарната Илинден.

- Во 2020 година продолжуваме со подобрување на интегритетот и транспарентноста во поглед на јавните набавки преку користење на можноста за соработка Влада со Влада (G2G) и набавки преку НАТО Агенцијата. На овој начин ќе го засилиме и процесот на планирање.
- Армијата и граѓаните заедно! Ќе започнеме со заеднички годишни програми на Гардата, Воениот оркестар и другите единици, со единиците на локалната самоуправа - ЕЛС, за промоција и градење на пиетет кон Армијата и одбраната на татковината.
- Како гарант на заложбата за демократска контрола во одбранбениот сектор и за почитувањето на владеење на правото, за подобрување во остварување на правата на припадниците на вооружените сили, во првата година од мандатот ќе ја воведеме функцијата Воен правобранител - ОМБУДСМАН, со широки ингеренции и стручна поддршка од надлежните служби.
- Продолжуваме со Планот за опремување и модернизација на Армијата согласно приоритетите за опремување на декларираните сили преку повеќегодишни проекти:
    - Развој на проект за Лесната пешадиска баталјонска група лоцирана во гарнизонот во Штип со фокус на обуката и опремувањето;
    - Продолжување на отпочнатиот проект за набавка на оклопни транспортери на тркала;
    - Проект за сајбер одбрана;
    - Проект за воведување на воено воздухопловство од западно производство;
    - Проект за набавка на лична заштитна опрема за припадниците на Армијата;
    - Проект за набавка на системи за против-воздушна одбрана.
- Ќе го модернизираме Армискиот полигон „Криволак“ (инфраструктурно поврзување, развој на нови содржини, решавање на проблем со водоснабдување), кој ќе стане домашен и НАТО ресурс, но ќе придонесе и кон зајакнување на локалните и националната економија. Експертите од НАТО и САД високо ги оценуваат капацитетите на АП „Криволак“, со можноста за прераснување во НАТО полигон за обуки и вежбовни активности. Воедно, ќе обезбедиме постојана мерна станица за да покажеме придржување до сите стандарди за зачувување на животната средина.
- Ќе продолжиме со праксата од 2019 година – по секоја поголема воена вежба во национален и НАТО контекст да вложуваме во локалната заедница со поддршка на изградба и реконструкција на патна и друга инфраструктура.
- За нашата Армија мора да обезбедуваме подобри услови! Секоја година, ќе го дебатираме Планот за јавни набавки со претставници на синдикатите и ќе ги поканиме да учествуваат во сите набавки кои влијаат на условите за живот и работа на припадниците на Армијата (исхрана, превоз, лична опрема, реконструкции и сл). Правилниците кои се однесуваат на исхрана, спорт, превоз и други потреби, ќе се анализираат и подобруваат заедно со синдикатот еднаш на две години.

- Во првата година од мандатот, СДСМ ќе се фокусира и ќе понуди структурна реформа на системите за управување со кризи и заштита и спасување преку реорганизација, опремување и обука на оперативните тимови за брза интервенција. Овие сегменти претставуваат фундамент во изградбата на отпорно општество од кризи и катастрофи. Тоа се покажа и во текот на кризната и вонредната состојба предизвикани од пандемијата на коронавирусот. За таа цел, имаме нов концепт на организирање, управување и функционирање на овие сегменти. Тоа ќе претставува функционална целина каде што ќе биде јасно определена организациона структура, управувачко и оперативно ниво. Во овој сегмент ќе биде опфатен и системот на територијалните противпожарни единици како составен дел во справување со непогоди, несреќи и инциденти. Ќе продолжиме да работиме на зајакнување на системските решенија и капацитетите за превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности по здравјето и животот на луѓето и животните, природните и материјалните добра и безбедноста на државата. Во првата половина од мандатот ќе го реализираме системот за повици „112".
- Зајакнувањето на националните системи за управување со кризи и заштита и спасување преку воведување на НАТО и ЕУ стандарди. Системот за заштита и спасување и за управување со кризи ќе ги следи приоритетите од Сендаи и Акцискиот план на ЕУ за негова имплементација во согласност со одлуките на Европскиот парламент и Советот за механизмот за цивилна заштита на Унијата.
- Ќе воспоставиме Центар за стратегиски истражувања со вклучување на високообразовните институции. Овој Центар ќе работи на стратегиски анализи и проекции за безбедноста и одбраната, а во функција на носење релевантни одлуки во институциите на одбранбениот сектор. Ќе ги вклучиме невладиниот сектор, бизнисот и граѓаните како активен партнер и коректив, а во насока на зајакната синергија и соработка во делот на безбедноста и одбраната. Во контекст на изградба на Отпорно општество, ќе продолжиме да ги градиме и зајакнуваме капацитетите за поддршка на цивилното општество во услови на целиот спектар на безбедносни ризици и закани.
- НАТО е поддршка и за македонската наука! Во соработка со домашните универзитети, ќе воведеме буџетска линија во буџетот на Министерството за одбрана за поддршка на научни проекти од интерес на одбраната. Ќе се земат предвид и научените лекции и искуството при учество во Science for Peace проектите. Министерството за одбрана ќе го поддржи секој научен проект кој ќе обезбеди финансиска поддршка од одбранбените научни фондови на земји членки на НАТО или од Алијансата.
- Ќе ги засилиме обуките и вежбовните активности. Тежиштето во иднина и во овој сегмент ќе биде на декларираните сили, поточно Лесната пешадиска баталјонска група.
- Во првите 12 месеци ќе донесеме измени во Законот за јавни набавки со кои се овозможува директно управување со финансиски средства во износ од околу 500 евра од страна на командите и касарните – децентрализација на буџетот.
- Ќе го зголемиме бројот на активности во НАТО сертифицираниот регионален Центар за односи со јавност – PARC, со што ќе ја интензивираме неговата промоција како наш НАТО капацитет.
- Ќе започнеме со изградба на Активната резерва, согласно стратешките документи. Нејзините припадници ќе добиваат месечен надоместок.

- Во Министерството за одбрана ќе формираме Центар за поддршка на домашните компании при настап на НАТО тендери. Целта ќе ни биде во првата година на нашето членство во НАТО да обезбедиме целосна комуникација помеѓу нашите комори и релевантните НАТО агенции.
- Продолжуваме и со придонес кон надворешната политика со зајакнување на одбранбената дипломатија. При тоа, нашата држава ја потенцира важноста и улогата на превентивна дипломатија, превенција на конфликти и хуманитарни активности. И во 2020 година, го продолжуваме фокусот на нашето учество во меѓународните мировни операции и цивилни мисии во иднина. Тоа е можност, но и обврска да се помогне во одржување на безбедноста и стабилноста во регионот и пошироко.
- Ќе го отпочнеме процесот на воспоставување интегрирана структура помеѓу Министерството за одбрана и Армијата, со акцент на персоналот и логистиката.
- Имајќи ги предвид научените лекции од справувањето со пандемијата на коронавирусот, се фокусираме на соодветни и навремени подготовки за евентуална ваква појава во иднина. Тоа подразбира планирање и репрограмирање на сите потребни ресурси - материјални, технички, човечки, финансиски и инфраструктурни. Посебен акцент посветуваме на медицинската компонента во Армијата. Развивање на оперативни планови, сценарија и координативни тимови, се со цел потполна подготвеност за вакви предизвици. При тоа, сите активности се одвиваат во координација и соработка со нашите сојузници од Алијансата.
- Соочени со предизвиците - пандемии од заразни болести како што е коронавирусот, ќе учествуваме и во НАТО Фондот за справување со вакви кризи кој што е во фаза на воспоставување. Овие средства ќе се реализираат преку постоечката НАТО Агенција за снабдување и набавки – NSPA - NATO Supply Procurement Agency.
- Во делот на стратешките документи, продолжуваме во континуитет со реализација и ажурирање на Динамичкиот план за развој на одбранбените способности, Среднорочниот План за развој на одбранбените капацитети, Стратешкиот одбранбен преглед. Ажурирањето на овие документи ќе биде во согласност со тековните предизвици и закани. Еден од главните документи е и Планот на одбранбените цели кој што ги дефинира нашите развојни планови и активности во согласност со процесот на НАТО одбранбеното планирање – NDPP - NATO defence planning process. Во првата година ќе го донесеме Концептот за стратегиски комуникации и ќе поднесеме иницијатива за донесување Закон и Стратегија за критична инфраструктура.
- Продолжуваме со реализација на Планот за дивестирање на несуштинските објекти на Армијата низ државата. До сега имаме неколку успешни проекти заедно со локалните самоуправи како што се: изградба на модерна станбена населба во Струмица на локација на поранешната касарна, проект за развој на локален туризам во општина Берово, отстапување на одреден број напуштени караули на локалните самоуправи.

*„Најубавите мозаици се тие што имаат многу бои.“*

**Папата Франциск**
во Скопје, мај 2019

*„Напорите на вашата земја во последните неколку години беа извонредни. Издржавме една од најтешките миграциски кризи. Ова беше тежок тест и период за дејствување, вашата земја го помина подобро од многу други. За политичката криза, пак, најдовте решенија засновани на демократски принципи. Со договорите со Бугарија и Грција вие станавте шампиони. Она што го направивте е меѓународно признаено и не треба да биде залудно сфатено од страна на ЕУ.“*

Поранешниот претседател на
Европскиот совет **Доналд Туск**
во Скопје, септември 2019

*„Северна Македонија продолжува со напредокот на реформите и претставува сјаен пример за сите земји во регионот и на моќта на привлечноста на европската Европската унија.“*

Поранешниот еврокомесар за
проширување **Јоханес Хан**
во Брисел, мај 2019

## 6.3 ДРЖАВА ВО КОЈА ЕУ Е ДОМА

За три години, радикално го променивме имиџот на Северна Македонија во регионот и светот. Земјата од заробена држава стана „блескав пример" во регионот, а преку трансформацискиот процес низ кој помина и потсетување за моќта на привлечноста на Европската Унија. Државата излезе од изолација. Се реализираа над 200 посети на високи странски делегации, со што МК се вкотви како регионален политичко-дипломатски центар.

Станавме и најголем промотор на регионалната соработка како рамка за пријателство, добрососедство, развој и приближување кој ЕУ. Северна Македонија денес е единствената држава на Западниот Балкан која нема отворени прашања со ниеден од своите соседи. Ги решивме тешките долготрајни спорови со Република Бугарија и Република Грција преку потпишување на Договорот за пријателство и добрососедство со Бугарија и Договорот од Преспа со Грција. Овие крупни одлуки беа и се клучна инвестиција во иднината на нашата земја, одлучни чекори кои ни донесоа членство во НАТО и отворен пат за одлука за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Паралелно, се носеа одлуки и спроведуваа мерки кои директно влијаеја на квалитетот на живот на граѓаните – се донесоа одлуки за отварање нови гранични премини кон Грција (Маркова нога и Пуљевац), кон Бугарија (Клепало), кон Србија (Лојане-Миратовац) и кон Косово (Белановце-Станчиќ), се отворија one stop shop премини на граничниот премин кон Србија кај Табановце и Албанија кај Ќафасан; целосно се заврши патниот Коридор 10 со пуштање во употреба на последната делница меѓу Демир Капија и Смоквица; се реконструираа 10 железнички станици (Велес-Богомила-Чашка-Неготино-Гевгелија-Демир Капија-Градско-Прилеп- Битола) и се заврши железничкото поврзување со Грција со комплетирање на трасата Битола-Кременица; започна нова иницијатива за унапредена регионална соработка со Србија и Албанија која што ќе овозможи проток на стоки, услуги, финансиски и човечки капитал; започна проект за прекугранична развојна зона во Преспа, финансиски поддржана од ЕУ со 30 милиони евра.

Паралелно со решавањето на билатералните прашања и продлабочувањето на регионалната соработка, се зафативме со длабоки внатрешни реформи во најкритичните области на владеењето на правото и изградбата на функционална демократска држава – реформа во правосудството, реформа на јавна администрација, реформи во безбедносните служби и борба против организиран криминал и корупција. По две замрзнати препораки од Европската комисија за почеток на преговорите со ЕУ во 2015 и 2016 година, ги добивме двата досега најпозитивни извештаи за напредокот на нашата држава (2018 и 2019 година). Според оценките на овие извештаи на ЕК, МК е со најголем напредок во регионот во политичките критериуми и степен на усогласеност на националното законодавство со правото на ЕУ. Истовремено, растеа сите демократски индекси – според индексот за слобода на печатот на „Репортери без граници", во 2019 година бевме 23 места повисоко споредено со 2016 година, подобрување од 10 места на Индексот на демократија на Економист, раст на индексот на Фридом хаус и на Индексот на економски слободи на Фондацијата Херитиџ.

Успесите во спроведувањето на внатрешните реформи и надминувањето на долгогодишните отворени спорови резултираа почеток на технички подготвителен скрининг за 33 поглавја од законодавството на ЕУ, подигање на блокадата за пристапување на МК кон втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, покана за полноправно членство во Јадранско-јонската иницијатива на ЕУ и одлука Северна Македонија да ко-претседава

со Бугарија со Берлинскиот процес, што е прв случај една држава од Западен Балкан да претседава со БП. Воедно, МК доби дополнителна финансиска помош од инструментот за претпристапна помош (ИПА) во износ од 8 милиони евра во 2018 година и 50 милиони во 2019 година.

Веќе ја воспоставивме државната преговарачка структура за преговори со Европската Унија.

## *Нашата визија:*

- Сакаме држава во која ЕУ е дома, а дома е ЕУ. Европските интеграции и сите реформски чекори и одлуки ги правиме заради нас. Суштината на сите реформски процеси е Северна Македонија да стане современа, развиена, демократска, уредена и отворена држава. Целта на нашите политики е да ги донесеме европските стандарди и вредности во МК и да им овожиме на граѓаните европски начин на живот. Затоа во текот на преговорите со ЕУ по која било методологија сакаме да ги ангажираме сите делови на општеството и сите капацитетите во и вон државата.
- Ние сме дел од НАТО, одиме кон ЕУ. Европската Унија е систем на вредности кои за нас претставуваат правна држава во која сите сме еднакви пред законот, во која редот, поредокот и организираноста се предвидливи и се дел од нашето секојдневие. Напредокот кој го оствaривме изминативе 3 години значат повеќе отворени фондови за нашите граѓани, преку кои се поддржува солидарноста, едно општество за сите, квалитетна инфраструктура, продуктивно и одржливо земјоделие, како и здрава животна средина. За сите млади ова можеме да го достигнеме низ отворени граници, отворени универзитети со примена на нови технологии кои гарантираат квалитет, одржливост и иднина.
- Северна Македонија има концепт кој може да биде модел корисен за Европската Унија. Нашето поведение, зрелост и заедништвото што го градиме, како и односот кон соседите и предизвиците дома можат да бидат додадена вредност за Европа. Фактот што од нашите длабоки политички општествени и економски кризи излеговме позрели, посилни и помудри може да бидат пример за решавање на некои отворени прашања во регионот и во ЕУ.

# АГЕНДА 20-24

## *Четири елементи на ЕУ интеграциите*

### *1. ПРЕГОВОРИ ЗА ЕУ ЧЛЕНСТВО: ЕУ ДА НИ БИДЕ ДОМА, ДОМА ДА НИ БИДЕ ЕУ!*

На 26 март 2020 година Европскиот совет донесе одлука за почеток на преговорите со нашата земја за членство во ЕУ. Оваа одлука ја чекавме 15 години и заслужено ја добивме.

Со почетокот на преговорите за ЕУ членство ние почнуваме со најдлабока трансформација

на општеството и постепено, но темелно и одржливо прифаќање на европските правила, принципи и вредности. Сакаме трансформацијата да е ефикасна и успешна, а воедно во неа да го заштитиме нашиот интерес како држава, интересот на нашата економија и нашите граѓани.

Почетокот на преговорите е навистина Ден Е за нас: во исто време е шанса и тест – шанса за наша промена на подобро и тест за нашата волја, знаење и умеење. Знаеме како оваа шанса да ја искористиме и како овој тест да го претвориме во нов успех на нашата земја.

Во тој тежок но суштински процес мора да обезбедиме еднаков третман на сите и за сите, да го мобилизираме и ангажираме цело општество, да го извлечеме најдоброто од сите нас и со тоа да го подобриме нашиот општествен систем на вредности. Промената мора да ја почувствуваат сите, а најмногу оние кои произведуваат и даваат услуги, но и оние кои се корисници на нашите производи и услуги.

Европеизацијата е наш внатрешен порив којшто треба да проткајува во сите области и јавни политики. ЕУ е дома, а дома е ЕУ!

Сакаме предвидливост, сакаме ефикасен систем и сигурност! За нас ЕУ е систем на вредности, којшто сакаме да го примениме во секојдневниот живот. Моделот на европска држава за нас претставува модел на модерно, стабилно и развојно општество во кое преовладуваат: чиста животна средина, силни институции, владеење на право, квалитетно здравство, современо образование, сигурен и брз транспорт, развиена инфраструктура, поголеми плати и поквалитетен живот.

Прифаќајќи ги европските вредности ние работиме на себе за да се подобриме. Тргнуваме од себе и веруваме во себе како модерна европска нација! Обединети сме во различноста на нашето општество, инсистираме на кохезија, заедништво и толеранција. Тоа ја прави Северна Македонија единствена, вредна, зрела и успешна приказна.

Имајќи предвид колку нашата држава задоцни со почетокот на преговорите заради 11 годишниот застој за време на режимот на ВМРО-ДПМНЕ, мораме да бидеме крајно креативни, ефикасни и ефективни во изнаоѓање на решенија и пристапи преку кои ќе созрееме брзо и ќе извлечеме максимум креативност, способност и иновативност. Таквиот пристап ќе ги направи преговорите ефикасни успешни и не предолги. Тоа ќе ја премести Северна Македонија бргу од групата држави кои чекаат да почнат преговори со ЕУ во групата на држави кои чекаат членство во ЕУ. Секогаш е подобро да сме на масата отколку на менито, а членството во НАТО најдобро го покажува тоа.

Режимот на ВМРО-ДПМНЕ ја оддалечи државата од сите современи процеси на соработка и развој предизвикувајќи застој и назадување од цела една декада. Владата предводена од СДСМ за три години покажа сериозен капацитет, неисцрпна енергија, голема способност и висок степен на политичка волја за водење на процесите на евроинтеграции на инклузивен, одговорен и ефективен начин. Ги почнавме преговорите со ЕУ – знаеме како успешно да ги спроведеме!

Преземаме обврска: МК да ги заокружи преговорите што поскоро и што поуспешно и да стане држава членка на ЕУ при првиот нареден бран на проширување.

Новата методологија која ЕУ ја усвои за преговарање е во согласност со тоа што ни е и нам е најважно. Преговорите да бидат суштински, предвидливи и ефикасни, со единствена и неоспорна крајна цел: полноправно членство во ЕУ.

Во 2020 година ги започнуваме преговорите за членство и убедени сме дека нашата држава има капацитет, способност и волја до 2024 година во мандатот на нашата Влада да отвори 80% од поглавијата и да биде најмалку на исто ниво на интеграција со државите од Западен Балкан кои во моментот преговараат за членство со ЕУ.

Потпирањето на нашите вештини и капацитети засновани на европските вредности и стандарди ќе ни овозможи развој на нови и конкурентни производи, услуги и цели гранки кои денес се недоволно развиени. Тоа ќе значат нови можности за младите, енергични и квалификувани наши луѓе кои можат, сакаат и знаат како да градат европска иднина во својата татковина.

Затоа:

- Воспоставуваме мотивирана, ефикасна и професионална преговарачка структура;
- Веќе развиваме база на податоци на сите домашни експерти и стручни лица од дијаспората кои активно ќе бидат вклучени во работните групи за преговори;
- Ќе создадеме услови за подобро инфраструктурното поврзување со Брисел. Ќе ја разгледаме можноста за потпишување стратешко партнерство со европски авиопревозник за воспоставување на директна, редовна линија со Брисел;
- Ќе направиме посебна буџетска програма за преговори со ЕУ во буџетите на министерствата и други надлежни институции;
- Во консултации со универзитетите ќе поддржиме нови образовни програми кои ќе градат кадри за потребите на државата во европските институции;
- Ќе имаме проактивна соработка со сите институции, политички партии, бизнис заедницата, граѓанскиот сектор и медиумите со цел да се доближи преговарачкиот процес до граѓаните;
- Преговараме во име на целата држава. Затоа, преговорите ќе ги опфатат сите: Владата, администрацијата, Собранието, регулаторите, граѓанскиот сектор, академската заедница, деловниот свет;
- „ЕУ за граѓаните": ќе развиеме сеопфатна комуникациска стратегија која ќе таргетира различни интересни групи – млади, бизнисмени, земјоделци;
- „ЕУ инфо мрежа": постојните ЕУ инфо точки ќе ги трансформираме во регионални центри за Европа во кои ќе се вршат дневни презентации на можностите за граѓаните и бизнис секторот за искористување на европските пари и постојана едукација за максимална апсорпција и искористување на инструментите кои ни ги нуди претпристапниот процес.

## 2. ЕВРОПСКИ ПАРИ ЗА ЕУ ДОМА

Во време на пандемијата на вирусот КОВИД-19 Европската унија ја покажа европската солидарност кон Западен Балкан и Северна Македонија на дело. ЕУ предвиде 3,3 милијарди евра за макро-финансиско закрепнување на Западен Балкан и соседството по пандемијата, од кои за нас се предвидени 160 милиони евра. Дополнително на оваа помош ЕУ обезбеди преку 66 милиони евра неповратни средства кои можат да се користат за помош на малите и средни претпријатија и гарантирање на буџетската ликвидност на државата. Четири милиони

евра помош во медицинска опрема за зајакнување на капацитетите на здравствениот систем беа одобрени и во еден дел испорачани од почеток на пандемијата. Европската унија ги вклучи нашите држави во Европскиот солидарен фонд, во заедничката набавка на неопходни дефицитарни производи, како и во државите каде може без дозвола да се извезува медицинска опрема од ЕУ.

Грижата на ЕУ за Западен Балкан во време на криза ни даде посебно чувство на блискост, сигурност и заедништво во најтешките моменти кога тоа ни е најпотребно. На овој начин, барем во еден сегмент, можеме да почувствуваме како е да се биде дел од европското семејство на дело. До крајот на 2020 година ЕУ ќе подготви робустен економски и инвестициски план за Западен Балкан за закрепнување на економиите и подобрување на конкурентноста. Очекуваме солидарноста да се задржи како врвна европска вредност, а плановите за помош да се базираат на директно вложување во развој и поддршка на компаниите и евтини заеми наместо скапи кредити, неразумно штедење и долгорочна презадолженост.

Користењето на европските претпристапни фондови (ИПА) е начинот како европските политики да ги донесеме дома и правилно да ги употребиме за вистинска трансформација на нашето општество кон подобро. Овие пари се инвестиција во нашите реформи, но и во нашето навикнување на европскиот систем на финансирање и решавање на крупни државни и општествени проблеми со помош на европските пари, но и на други извори на странска помош.

Европските пари кои ги добива МК во моментот се само вежба за воспоставување и развивање на капацитетите за користење на Структурните и Кохезионите фондови кои ги развија патиштата и инфраструктурата на нашите соседни држави, но и пошироко. Кога се воодушевуваме на патната инфраструктура на Хрватска, Грција, Бугарија, Словенија, Полска и други држави, треба да сме свесни дека сите овие држави ја поминаа вежбата на претпристапните фондови и со членството во ЕУ дојдоа до фондовите кои брзо и незапирливо ја развиваат инфраструктурата за развој на транспортот, трговијата, услугите, образовната размена, туризмот и многу други области.

Претпристапните и пристапните фондови на ЕУ се неповратни средства од ЕУ кон нашата земја кои претставуваат влог во нашиот развој и приближување до европскиот животен стандард. Тие средства се многу покорисни од кои било кредити и затоа правевме с за да се зголеми искористеноста на европските фондови, а да ја намали зависноста од непотребни кредити и заеми на товар на Буџетот и граѓаните.

**Европските пари ги носат европските политики дома – Европски пари за ЕУ дома!**

Сите фондови без разлика на областа во која се насочуваат ќе бидат искористени за зајакнување и реформа на институциите и политиките, за унапредување на дијалогот со сите чинители и ќе се мери нивното влијание врз социјалната инклузија, родова еднаквост, заштита на човекови права и заштита на животна средина.

Целта е фондовите да ги приближиме до граѓаните – да им бидат подостапни, повидливи. Тоа значи дека покрај државните институции, новите средства од ИПА 3 ќе ги обезбедиме и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции, па дури и за неформалните групи на граѓани.

Свесни за предизвиците во апсорпционата моќ, инвестираме во човечкиот капитал во институциите и надвор од нив за подготовка на зрели проекти кои ќе се финансираат преку

ИПА 3 и подготовка на земјата за што поуспешно искористување на големите европски структурни и кохезиони фондови.

Преку ИПА 3 ќе се спремаме за запазување на ЕУ правилата и процедури и рамноправна конкурентна борба на регионалниот и европскиот пазар на идеи и проекти. ИПА 3 ја зајакнува регионалната димензија и во таа насока посветуваме особено внимание на размена на искуства и практики.

Проектите ги развиваме во неколку клучни столбови:

1. Владеење на право, темелни права и демократија;
2. Добро управување, усогласеност со европските стандарди, стратешка комуникација и добрососедски односи;
3. Зелена агенда и одржлива поврзаност - животна средина и климатски промени/ транспорт/ дигитални промени/ енергија/ циркуларна економија;
4. Конкурентност и инклузивен раст - структурни реформи/ капитални инвестиции/ изградба на административни капацитети;
5. Територијална и прекугранична соработка- INTERREG/CBC.

За оваа цел, ќе создадеме:

- Национален стратегиски документ за билатерална помош. Како што постои Национален стратегиски документ за европската помош, така ќе создадеме и таков документ за помошта од други држави (билатерална помош). Потребата за развивање на ваков документ произлегува од нужноста за обезбедување на стратешка рамка на приоритети за финансирање, координација меѓу институциите и избегнување на дуплирање или судир помеѓу различните форми на билатерална помош и проекти;
- Буџетска линија за преговори и развој на политики. Потребата за обезбедување на ваков флексибилен финансиски пакет произлегува од ad hoc потребите кои се јавуваат при фазата на усогласување и хармонизација со законодавството на ЕУ, а кои не можеле да бидат предвидени во фазата на програмирање на ИПА средства;
- Гарантен фонд за кофинасирање на проекти и помош при развивање на квалитетни и зрели ЕУ проекти, поддршка преку ваучер-шеми и рамковни консултанти: Изработката на проекти е комерцијална дејност, заради што ќе поттикнеме поединци и претпријатија да почнат да се занимаваат со овој бизнис и развој на таканаречениот ваучер-систем. Овој систем е особено погоден за микро, малите и средни претпријатија при искористувањето на средствата од програмите на Унијата, особено во развој на иновативни и дигитализирани решенија. Имено, наместо да очекуваме фирмите сами да пишуваат проекти, владата ќе обезбеди средства за консултантите кои треба да ѝ помогнат на оваа целна група. По примерот на многу земји членки на Европската Унија, тие ќе добијат ваучер со којшто ќе го платат консултантот, а тој/таа ќе мора да му биде на располагање 24/7, сè до заокружувањето на проектот. Ваучер-системот ќе биде достапен и за други целни групи, како земјоделците при развојот на проекти од ИПАРД програмата, образовните институции за Програмата Еразмус+ и др. Системот на консултанти ќе биде строго регулиран по примерот на ЕУ рамковните консултанти при што ќе добијат и дополнителни бенефиции, главно даночни олеснувања.

- Гарантен фонд за кофинасирање на проекти и поврзување со статус од јавен интерес. Секоја организација која ќе привлече европски средства и за тоа ќе добие средства за кофинансирање, ќе се стекне со статусот „организација од јавен интерес“ при што ќе добие и дополнителни бенефиции, главно даночни олеснувања.

## 3. СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ, БРЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ!

Нема успешни ЕУинтеграции без квалитетни луѓе во институциите: мотивирани, компетентни, добро обучени, луѓе со интегритет кои ќе бидат носечки столб на процесот на позитивна промена. Ќе воспоставиме брза, модерна и ефикасна администрација која ќе биде подготвена да одговори на барањата на граѓаните и европските институции.

Дигитализацијата е еден од најбитните аспекти на динамична и успешна администрација подготвена за преговори со ЕУ. Воведување на принципите на вреднување на службениците според учинок и воведување на механизми за дополнителна финансиска мотивација се неодминливи аспекти за јакнење на институциите, како и за задржување (и привлекување) на најдобрите кадри во нив.

За таа цел:

- Ќе развиеме сеопфатна, паметна политика на задржување на кадарот, преку:
    - Воведување на мерки/бонуси карактеристични за приватниот сектор за наградување по учинок за лица вработени во структурите на ИПА и преговори со ЕУ;
    - Воведување на пофлексибилна можност за кариерен развој и унапредување на лица вработени во структурите на ИПА и преговори со ЕУ;
    - Континуирани обуки во и надвор од земјата за лица вработени во структурите на ИПА и преговори со ЕУ;
    - Можност за остварување на работна пракса во ЕУ институции и институции на држави членки на ЕУ за лица вработени во структурите на ИПА и преговори со ЕУ;
    - Дизајнирање на специјална програма за градење на мрежа на практичари (редовни состаноци и работилници, издавање на стручно списание за ЕУ интеграции, награди);
- Други мерки за стимулација обезбедени врз основа на индикатори за учинок флексибилно работно време во согласност со работно време на европските институции, флексибилен синдикален пакет согласно индивидуалните потреби на вработените;
- Ревидирање на правилникот за службени патувања за лица вработени во структурите на ИПА и преговори со ЕУ.
- Постојано обучување и унапредување на квалитетите на сите чинители коишто ќе бидат вклучени во новите динамични процеси за целото наше општество кои ги побарува процесот на интеграција во ЕУ.
- Време е да ги напуштиме старите бирократски практики и да пристапиме кон дигитална комуникација помеѓу институциите и помеѓу граѓаните и институциите. Документ без хартија, со еден клик!

## 4. ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ – ТОА ВАЖИ И ВО РЕГИОНОТ.

Станавме пример во регионот за пријателство и соработка. Решавањето на споровите со соседите доведе до создавање на нови позитивни економски и финансиски текови и внесе свежа енергија во регионалната соработка на Западен Балкан.

Нашиот успех го потврди и Европската Унија. За првпат државите од Берлинскиот процес се согласија оваа година да претседаваат две држави, една држава од Западен Балкан - Република Северна Македонија и една држава членка на ЕУ - Република Бугарија. Претседавањето со Берлинскиот процес е можност за наше поголемо влијание на процесите и политиките во регионот, но и за промоција на нашите успеси и посилна економска соработка.

Примарен интерес на МК во регионалната соработка е да се развиваат практични мерки коишто го олеснуваат секојдневниот живот на граѓаните и ги отстрануваат бариерите за полесна трговија, повеќе инвестиции, поголема мобилност на човечкиот капитал и побрза дигитализација и модернизација на Западен Балкан. Преку таква регионална соработка, ние државите од Западен Балкан покажуваме зрелост дека и самите можеме да направиме нешто за регионот и за своите граѓани.

Бевме предводник во регионалната соработка, иницијатор на бројни регионални проекти и активности. Ние силно веруваме во потенцијалот во регионалната соработка за надминување на разликите од минатото и градење на мостови кон иднината. Оваа соработка не ја разбираме само како економска и политичка соработка, туку и како можност за проектирање на нов имиџ и вредности во регионот. Западен Балкан да биде на добар глас и да се испраќаат добри вести од Западен Балкан.

Регионалната соработка не е замена за членство во ЕУ туку е во негова функција. Преку зајакната економска соработка, конкурентност и пласман на македонските производи на поголем пазар, отстранување на трговските бариери, намалување на времето за чекање на границите, зголемување на мобилноста на стручните кадри на пазарот на трудот во регионот, програми за заеднички инвестиции на регионално ниво и заеднички инфраструктурни и енергетски проекти на државите од регионот. На овој начин МК се подготвува за членството во ЕУ и поврзување со своето непосредно соседство во европска рамка.

Во регионалната соработка, ќе работиме на:

- MAP REA 2.0 (Повеќегодишен акциски план за Регионална економска област 2.0). Овој план предвидува серија мерки во четири клучни области: трговија, инвестиции, дигитализација, мобилност на стручни кадри низ регионот;
- Формирање на заеднички реогионални центри –заеднички додипломски/мастер програми;
- Формирање на регионални истражувачки центри за напредни технологии кои ќе бидат во постојана комуникација со дијаспората;
- Формирање на регионален управен центар за имплементирање на регионалните процеси;
- Воспоставување на регионален пазар на труд за одредени дефицитарни професии;
- Подобрување на воздухопловната структура со поврзување на главните градови на дневна основа од регионот.Подобрување на воздухопловната структура со поврзување на главните градови на дневна основа од регионот.

СДСМ